МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ЗА АРЕАЛНА ЛИНГВИСТИКА

АРЕАЛНА ЛИНГВИСТИКА
- ТЕОРИИ И МЕТОДИ -

Материјали од научната конференција
по повод петгодишнината
од смртта на Божидар Видоески

СКОПЈЕ
2005

ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР:

акад. Зузана Тополињска, претседател
акад. Петар Хр. Илиевски
акад. Милан Ѓурчинов
проф. д-р Коста Пеев
д-р Олга Иванова
м-р Убавка Гајдова, секретар

ЛЕКТУРА И КОРЕКТУРА
д-р Марјан Марковиќ

ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ
д-р Марјан Марковиќ

СIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811. 16 ' 286 (062)
811. 163 . 3 ' 286 (062)

АРЕАЛНА лингвистика : теории и методи : материјали од научната конференција по повод петогодишнината од смртта на Божидар Видоески.
- Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2005. - 385 стр. : слика на Б. Видоески ; 24 см

Трудови на повеќе јазици

ISBN 9989-101-53-1

а) Словенски јазици - Ареална лингвистика - Собири
б) Македонски јазик - Ареална лингвистика - Собири
COBISS.MK-ID 62060298

Божидар Видоески

Во деновите 2-4 јуни 2003 г., во организација на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ, се одржа научна конференција посветена на проблеми од подрачјето на ареалната лингвистика. Покрај рефератите одржани на конференцијата, Зборникот ги содржи и текстовите на колегите коишто беа спречени лично да учествуваат.

СОДРЖИНА

ПОЗДРАВНИ ГОВОРИ

Поздравно обраќање на Матеја Матевски, претседател на Македонската академија на науките и уметностите 9
Воведен збор на Зузана Тополињска, претседател на Организациониот одбор на научната конференција 11

ТЕОРИИ И МЕТОДИ ВО АРЕАЛНАТА ЛИНГВИСТИКА
1. *Јазик, човек, простор* 13

Dalibor Brozović, *Sociolingvistički i genetskolingvistički status makedonskoga jezika u Slaviji i Europi* 15
Петар Атанасов, *Источна и западна Романија во светлината на ареалната лингвистика* 23
Драгољуб Петровић, *Божидар Видоески и истраживање српско,македонских дијалекатских контакта* 35
Галина П. Клепикова, *Типы ареалов, репрезентирующих-севернославянские параллели* 51
Мато Пижурица, *Општокарпатски дијалектолошки атлас из перспективе српског језика* 69
Коста Пеев, *Кон разграничувањето на македонските говори во Солунско* 77

2. *Граматика* 91

Петар Илиевски, *Позајмување и адаптација на лексички форманси во балканските јазици (со посебен осврт кон суфиксите со гласот [tz])* 93
Karel Fic, *K jazykovězeměpisným aspektům české morfologie* 103
Марјан Марковиќ, *За упростувањето на именскиот систем во говорот на Аромaнците Фаршероти од охридско-струшкиот регион* 109
Убавка Гајдова, *Од проблематиката на условниот период во македонските дијалекти* 119
Веселинка Лаброска, *Од глаголскиот систем во кичевскиот говор (аористот и категоријата вид)* 129
Дејан Геговски, *Околу комплементарните дел-реченици во говорите во Разлошко* 139
Гоце Цветановски, *Конститутивниот елемент на именската синтагма во каршијачкиот говор* 153

Mijo Lončarić, *O akcenatskim tipološkim sličnostima između hrvatskih i makedonskih govora* 165
Максим Каранфиловски, *Консонантските групи во еницевардарскиот говор* 177

3. *Лексикологија* 187

Татьяна И. Вендина, *О некоторых принципах лингвогеографического изучения лексики (из истории лингвогеографии)* 189
Андрей Н. Соболев, *Общебалканская лексика в ареальном освещении* 207
Јануш Шјатковски, *Грчки лингвистички влијанија во „Општо словенскиот лингвистички атлас"* 229
Barbara Falińska, *Macedońskie substantiva na mapach II tomu OLA* 245
Adriana Ferenčíkova, *Macedónsko-slovenské paralely v oblasti lexiky z tematického okruhu poľnohospodárstvo* 263
Vera Smole, *Leksika, nanašajoča se na perutnino* 269
Васил Дрвошанов, *Изразување на семемите ўустаў и ўуснаў во македонските говори* 285
Еленка Стоевска - Денчова, *Од роднинската терминологија во македонскиот дијалектен јазик* 297
Светлана Давкова - Ѓоргиева, *Од македонската дијалектна лексика: црепна и вршник* 307
Љубица Станковска, *Од ојконимијата* 319

ПРИДОНЕСОТ НА БОЖИДАР ВИДОЕСКИ ВО РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА И СЛОВЕНСКАТА ЛИНГВИСТИКА 335

Слободан Реметић, *Статус пограничних говора у делу Божидара Видоеског* 337
Зузана Тополињска, *Божидар Видоески и македонската наука за јазикот* 351
Олга Иванова, *Божидар Видоески , креатор и афирматор на ономастичките проучувања во Македонија* 359
Маринко Митков, *Синонимиски гнезда во „Географската терминологија" на Бопжидар Видоески* 375

СУМИРАЊЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА 379

Реч на Зузана Тополињска, претседател на Организациониот одбор 381

ПОЗДРАВНИ ГОВОРИ

ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ НА МАТЕЈА МАТЕВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Почитувани колеги,
дами и господа,

Иницијативата на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика на Македонската академија на науките и уметностите да се организира оваа меѓународна научна конференција беше поттикната од потребата, - оддавајќи му ја нашата почит на споменот на академик Божидар Видоески по повод петте години од неговата смрт, таа да им се посвети на прашања од неговата научна област – на македонската и словенската лингвистика, толку многу значајни и актуелни за современата наука за јазикот. Во тоа име чест ми е и задоволство да ве поздравам во Македонската академија и да ви се заблагодарам за вашето ценето присуство и за учеството на овој угледен собир, толку многу значаен за сите нас.

Македонската академија на науките и уметностите преку својот Истражувачки центар што го раководи ценетата наша колешка академик Зузана Тополињска, им посветува посебно и нужно внимание и им е посветена на прашањата на историскиот развиток и на својствата, карактеристичноста и состојбите на македонскиот јазик во минатото и денес како фундаментален фактор и исказ на нашиот идентитет во семејството на словенските, балканските и европските јазици и народи.

Поаѓајќи од модерните теории и методи во ареалната лингвистика, преку работата на соодветни научни проекти – националните и наднационалните лингвистички атласи (словенски, балкански), со свеста за тоа дека јазичните граници се линии на контакти а не на поделба, оваа наша конференција ќе ѝ даде модерно и актуелно осветлување на оваа материја.

Почитувани, современиот свет доживува динамичен развој и промени во сите области на животот, катадневни, чии учесници и сведоци сме сите ние. Тие големи и сеопфатни збиднувања се одразуваат и во јазикот. При тие големи социолингвистички проме-

ни, при сè позабележливата и присутна доминација на стандардните јазици во потесниот или поширок ареал над месните дијалекти, кога тие се стеснуваат, потиснуваат и бришат, станува уште позначајна и актуелна должност на дијалектологијата да изврши документација на сè уште живите дијалекти како основа на проучувањето и запознавањето на развитокот на секој јазик и на меѓујазичните контакти и влијанија. Оваа задача е посебно значајна и итна за македонската лингвистика и на нашиот Истражувачки центар за ареална лингвистика му претстои засилена работа. Во таа цел и за Центарот и за сите што се занимаваат со овие прашања, Конференцијата, како место за размена на мислења и искуства, е од посебно значење.

Токму на оваа лингвистичка проблематика академик Божидар Видоески, како најблизок соработник и колега на Блаже Конески ѝ го посвети сиот овој творечки век. Централна личност на македонската дијалектологија, тој, како страстен и неуморен истражувач и педагог го даде својот длабок и траен придонес за развитокот на македонската и словенската лингвистика и нам ни е драго што еден дел од научните прилози на овој собир му се нему посветени. Тоа е убаво и заслужно признание и за академик Божидар Видоески и за македонската наука за јазикот.

Драги колеги,

Македонската академија на науките и уметностите е среќна што може денес да ве пречека и поздрави под овој свој покрив во вашата благородна работа на научници и граѓани на овој наш современ свет, и тревожен и надежен, што токму преку јазикот, преку богатството на јазиците и нивните дијалекти, преку нивните допири, меѓусебните влијанија и збогатувања, најмногу го искажува својот човечки и културен лик и карактер и се искажува себеси во потврдувањето на своите надежи и идеали и во градењето на својата иднина.

ВОВЕДЕН ЗБОР НА ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР НА НАУЧНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА

Почитуван претседателе на Македонската академија на науките и уметностите,
Почитувани учесници на нашата конференција,
Почитувани гости,

Како што сите знаете, овој собир со помош на властите на МАНУ го организира Истражувачкиот центар за ареална лингвистика, но веројатно не сите знаете какви беа почетоците на тој Центар. Имено, веќе во далечната 1986 година во МАНУ се појави една мала лингвистичка ќелија чиј основач беше акад. Б. Видоески. Академик Видоески беше македонски претставник во мултилатерален проект којшто во МАНУ се води под криптонимот *Меѓународни лингвистички атласи,* а тоа значи Општословенски лингвистички атлас, Карпатски дијалектен атлас, Атлас на јазиците на Европа и Мал балкански атлас. Дојде време кога собирањето, редењето, интерпретацијата и препраќањето на материјали во другите центри-соработници ги надмина силите на еден човек и акад. Видоески мораше да си прибере млади помошници. Прво тоа беше м-р Нина Димитрова, денеска Шмигер, потоа денешниот доцент д-р Марјан Марковиќ, а потоа и м-р Дејан Геговски, еден од учесниците на нашата конференција. Токму таа група по смртта на акад. Видоески овозможи во МАНУ да објавиме 4 тома негови трудови и токму таа група претставуваше никулец на денешниот Центар. Во 2001 година, благодарение на помошта и разбирањето на властите на МАНУ лингвистичката ќелија при

МАНУ се озваничи како Истражувачки центар за ареална лингвистика и го сосредоточи својот интерес врз механизмите на контактите меѓу одделните јазични кодови и последиците на тие контакти – централна лингвистичка проблематика на Балканот, а посебно во Македонија – срце на Балканот. Меѓутоа, колку и да се гордееме ние со таа историја на нашиот Центар, не може да се сокрие дека е таа многу кратка, мораме уште многу да учиме, ни треба помош. Затоа, по одлука на организациониот одбор на овој собир им се обративме лично на најблиски долгогодишни соработници и пријатели на акад. Видоески од *Меѓународните лингвистички атласи* со молба да дојдат во Македонија и да ги споделат со нас своите понови теоретски и методолошки искуства. Драго ни е што тие одговорија на нашата покана. Драго ни е што со овој мал собир можеме да ја одбележиме петтата годишнина од смртта на акад. Видоески во друштво на оние што му беа драги и на кои тој им беше драг. За жал, некои од поканетите учесници се спречени да дојдат, како што е случајот со академиците Брозовиќ и Цихун, со професорката Фалињска, но сите тие ни ги ветија своите, веќе подготвени, реферати за зборникот.

Со неколку збора сакам да појаснам како ги средивме рефератите. На прв план ги сместивме тие кои – според насловот - се концентрираат врз ареалниот фактор, потоа другите ги наредивме според нивоата на јазичната структура: фонологија, прозодија, морфосинтакса, лексика, а на крај во последната сесија ги собравме оние што се однесуваат непосредно на делото на акад. Видоески.

Чувствуваме потреба да објасниме дека поради неуедначеноста на фонтовите употребувани во разни средини за одделни типови лингвистичка траннскрипција, а со желба да не ја деформираме скриената зад нив информација, не е усогласена оригиналната авторска транскрипција на дискутираниот јазичен материјал. Исто така не е усогласен начинот на предавање на користената литература.

ТЕОРИИ И МЕТОДИ ВО АРЕАЛНАТА ЛИНГВИСТИКА

1. Јазик, човек, просто̄р

Dalibor Brozović (Zagreb)

Sociolingvistički i genetskolingvistički status makedonskoga jezika u Slaviji i Europi

Uzet ću na početku dvije posve banalne, svakodnevne rečenice koje bi se mogle pojaviti bilo gdje u životu. Prva bi bila "Ta pjevačica pjeva na romskome jeziku, a uopće ne zna toga jezika", i druga "Raspisan je natječaj za mjesto tajnika, a uvjet je znanje engleskoga jezika". U objema se rečenicama nalazi riječ 'jezik'. Prosječan bi građanin smatrao to posve normalnim. No kada bismo ga pitali da li se u prvoj rečenici misli na jezik romske administracije, romskih znanstvenih ustanova, romskoga školstva i novinstva i slično, ili se misli na kakav romski dijalekt, naš bi se građanin nasmiješio i rekao da se, naravno, misli na nekakav romski dijalekt. A kad bismo toga ili kojeg drugoga građanina pitali misli li se u drugoj rečenici na znanje engleskoga dijalekta kentske ili koje druge grofovije, ili na znanje engleskoga administrativnoga, školskog, novinskog i znanstvenost jezika, upitani bi se građanin i opet nasmiješio i kazao da nije riječ ni o kakvu engleskome dijalektu. Ako bismo tražili podrobnije objašnjenje, upitani bi nam građanin važnim glasom objasnio da romskoga knježvneg jezika nema, a da se u natječajima uvijek misli na engleski književni jezik, što je posve razumljivo.

Nije problem u tome što prosječan građanin bez posebnog upozorenja ne primjećuje dvoznačnost riječi 'jezik'. Veća je nevolja što se ni prosječan jezikoslovac u praksi ne vlada drugačije. To jest, zapravo smatra da pod j e z i k o m misli u prvom redu na 'književni jezik', a tek će gotovo nevoljko priznati da primjerice u subsaharskoj Africi ipak ima niz jezika u koje se svrstavaju postojeći dijalekti, iako samih 'književnih jezika' nema ni desetak (ne računajući jezike bivših kolonizatora).

Tu je potrebna još jedna primjedba – valja objasniti zašto sam naziv 'književni jezik' stavljamo u navodnike. Znanost je pedantna, ne podnosi dvoznačnosti ni nejasnoća. Uz tradicionalni atribut <u>književni</u> moguća je rečenica "Provansalski jezik nije književni zato što je samo kniževni jezik". Tako besmislene rečenice znanost ne podnosi. A besmislenost je očita: s jedne strane nema sumnje da provansalski (okcitanski) jezik ne funkcionira

kao normalan "književni jezik" (administracija, školstvo, novinstvo, nefilološke znanosti i slično), s druge je pak isto tako nesumnjivo da je provansalsko trubadursko pjesništvo prva europska umjetnička poezija na jeziku koji nije ni grčki ni latinski i da je 1904. Nobelova nagrada za književnost dodijeljena Frédéricu Mistralu za poemu Miréio na provansalskom jeziku. Zato se u modernoj lingvistici nejednoznačni termin 'književni jezik' zamjenjuje jednoznačnim terminom 'standardni jezik'.

Naša ja zadaća odrediti položaj makedonskoga standardnog jezika medu standardnim jezicima, slavenskima i uopće. Takvim se pitanjima, uz neke druge probleme, bavi sociolingvistika, točnije makrosociolingvistika. Druga bi zadaća bila odrediti položaj makedonskoga jezika medu slavenskim jezicima shvaćenima kao zajednice blisko srodnih dijalekata. Tu problematiku obraduje genetska lingvistika, kraće geneolingvistika, a same jezike kao zajednice dijalekata zovemo jezicima dijasistemima (to jest, dijasistemima blisko srodnih dijalekata) .

Raspravljanje o spomenutim dvjema zadaćama nije moguće ako ne prihvatimo da je razlika izmedu dvaju značenjskih sadržaja opisanih kao standardni jezik i jezik dijasistem nepremostiva, a argumenti i kriteriji sociolingvistike nemaju nikakva značenja u geneolingvistici kao što argumenti i kriteriji geneolingvistike nemaju nikakve vrijednosti u sociolingvistici. Može se slobodno reći da je najveći broj svih mogućih nesporazuma i sporova u jezikoslovlju uzrokovan upravo nesnalaženjem u toj problematici ili, zbog raznih interesa, svjesnom uporabom pojmova iz jedne od navedenih lingvistika u drugoj. Primjera ima bezbroj, u slavenskome jezičnom svijetu takoder.

Ako se prvo zadržimo na geneolingvističkim temama, onda ćemo se prije svega zadržati na poznatome, a prečesto i opravdano i neopravdano posve pristrano eksploatiranome 'rodoslovnom stablu', ovaj put primijenjenome na slavensku granu indoeuropskih jezika. Samo je slavensko rodoslovno stablo razdijeljeno na tri stupnja: I. praslavenski jezik, II. skupine slavenskih jezika, III. podskupine u okviru pojedinih skupina. To izgleda ovako:

Podrobniji komentari izloženoga "stabla" nisu potrebni – nema sumnje da se, više-manje, slavisti u osnovi slažu s iznesenom slikom, izrično ili prešutno. Mislim da je također jasno i zašto isti sastav istočnoslavenskih jezika funkcionira i na drugoj (skupine) i na trećoj razini (podskupine). No ipak je u okviru iznesene slike sadržana povjest svih slavističkih jezikoslovnih sporova jedne vrste, a toj vrsti zapravo pripada većina slavenskih jezičnih sporova u XIX. i XX. stoljeću. Razumije se da je riječ o sukobima na trećoj razini, jer nikada nije bilo ozbiljnih rasprava pripada li koji dijalekt poljskomu odnosno slovačkomu dijasistemu s jedne strane ili bjeloruskomu odnosno ukrainskomu s druge (ni u odnosu slavenskoga sjevera i juga takvih jezičnih problema, naravno, nije bilo – već više od tisućljeća nema teritorijalnoga dodira između sjevernih i južnih Slavena).

Svi sporovi, nesporazumi, razne pretenzije i slično koje pamti povijest slavističke znanosti odnose se na treću razinu. Neki sporovi koji su u prošlosti bili veoma oštri, bučni i borbeni danas više nisu aktualni. Još je

najblaži i najkraći bio spor u zapadnoj podskupini južne skupine i danas više nitko ne postavlja ozbiljno u sumnju opstojnost slovenskoga i srednjojužnoslovenskoga dijasistema (iako se danas ponekad nadu tvrdnje da su dijalekti kajkavskoga narječja tobože bliži slovenskomu nego sre lovenskomu dijasistemu). Daleko trajniji, glasniji i razrađeniji bili su sporovi o češko-slovačkoj podskupini (koncepcije o čehoslovačkom jeziku) i o istočnoslavenskoj zajednici, no danas više nisu aktualne ni velikočeške ni velikoruske pretenzije.

Barem u nekim dijelovima slavistike (prvenstevno odgovarajuće "domaće") i danas su razmjerno živi sporovi o lužičkosrpskoj i lehitskoj podskupini zapadnoslavenske skupine. Što se lužičkosrpskih dijasistema tiče, argumenti za njihovo genetsko jedinstvo, to jest za jedan lužičkosrpski jezik dijasistem, nemaju baš ososbite težine. Jedni jezikoslovci smatraju da je odlučivala opstojnost dvaju lužičkosrpskih standardnih jezika, inače da se nebi govorilo o dvama dijasistemima. To je slab argument – poznato je da postoje dva armenska standardna jezika, istočnoarmenski i zapadnoarmenski, a ipak se ni u armenistici, ni u indoeuropeistici ne govori o dvama armenskim dijasistemima (iako se dijalekti duboko razlikuju u konsonantizmu i glagolskoj morfologiji). Isto tako, još su prije nekoliko destljeća postojala i funkcionirala dva albanska standardna jezika, gegijski i toskijski, a ipak se nije sumnjalo u jedan albanski jezik dijasistem. Drugi je argument banalan – to jest da je riječ o dvama veoma malim slavenskim jezicima pa da se ne "isplati" dijeliti ih. Slično bi diletantsko razmišljanje dovelo do anarhije i sloma komparatistike primjerice na Kavkazu i u Amazoniji. Treći je argument zaista problematičan: polazi se naime od toga da između gornjolužičkih i donjolužičkih dijalekata postoje i takozvani prijelazni dijalekti. Naravno da postoje, ali postoje i izmedu dvaju ili triju dijasistema u svim zajednicama na trećoj razini, a ipak je moguće pažljivim, sustavnim i svestranim razmatranjem povući odgovarajuće granice. To nije samo slavenski problem – nije lako, primjerice, ni povući granicu izmedu švedskoga i danskoga ili katalonskoga i okcitanskoga dijasistema i još mnogih drugih u Europi i u širokome svijetu.

O lužičkosrpskoj bi se problematici moglo još govoriti, ali izneseno je ono što je dovoljno za naše osnovne teme. Preostala nam je, uz istočnu južnoslavensku podskupinu, još samo lehitska podskupina, inače veoma zanimljiva. Pogledamo li naime raznu udžbeničku i priručničku literaturu, naći ćemo zbrku i neujednačenost veću nego igdje u slavenskome jezičnom svijetu.

Jednima se lehitsaka podskupina ispunjava poljskim dijasistemom, jer postoji samo poljski standardni jezik, no taj argument nema nikakve vrijednosti u geneolingvistici. Uzmimo za primjer romansku granu. I tu se nai-

me u literaturi često izostavljaju oni jezici dijasistemi koji nisu dali građu za standardni oblik. Ali kad bismo romanske dijasisteme p e d a n t n o geneolingvistički raspoređivali, išli bi svi, i zapadni i istočni, na jednu stranu, a na drugu samo sardski iako je jasno da nema sardskog standardnog jezika. Zato je i za lehitsku podskupinu beznačajan argument da postoji samo poljski standardni jezik. Uostalom da je Lorentz uspio s pokušajem kašupskoga standardnog jezika, morali bi ga svi priznavati. Neozbiljno je dakle reći da bi pomoranski dijasistem postojao da je Lorentz uspio, a ne postoji jer Lorentzu nije pošlo za rukom. Osim toga, s pomoranskim se događaju i druge nepodopštine. Niz autora navodi u sastavu lehitske podskupine odvojeno živi kašupski i izumrli slovinjski, a neki još dodaju i uzmrli pomoranski, iako se tu očito radi samo o trima germanizacijom odvojenim područjima istoga dijasistema, koji je najzgodnije nazivati pomoranskim. Polapski je bio nešto drugo, samostalan dijasistem, no i njega često zaboravljaju navesti u literaturi. Prema svemu tomu teško je naći u udžbeničkoj i priručničkoj slavističkoj literaturi dva primjera u kojima je lehitski geneolingvistički sastav jednako predstavljen (ako se ne radi o prepisivanju).

Preostaje još samo južnoslavenska istočna podskupina. Već smo zaboravili kako se nekada u inače ozbiljnim studijama pisalo da su dijalekti do makedonsko-grčke granice srpski, a južno od te granice staro(crkveno)slavenski. (?!) . Danas je još aktualno pitanje jesu li makedonski i bugarski jedan ili dva dijasistema. Jedni autori smatraju da se do nastanka makedonskoga standardnog jezika radilo o jednome dijasistemu, praktički bugarskome, a danas da su pitanju dva dijasistema. Iz svega što je ovde izneseno o problematici raznih drugih područja, jasno je da je takva argumentacija neodrživa. Drugi pak neki jezikoslovci drže da se radi o jednome dijasistemu i dvama standardnim jezicima (poput ovdje već iznesenih primjera armenskoga i nekadašnjeg albanskoga). Ni to nije prihvatljivo, jer se u k u p n o s t i bugarskih i makedonskih dijalekata ne razlikuju manje nego ukupnosti dijalekata u trima zapanoslavenskim podskupinama i nego u cijeloj istočnoslavenskoj zajednici. Pojavljuje se i još jedan argument za zajednički makedonsko-bugarski dijasistem – postoje najime prijelazni dijalekti. To je istina, ali o tome je ovdje bilo već dosta riječi – ako bi taj razlog bio dovoljan da u geneolingvistici prihvatimo zajednički bugarsko-makedonski dijasistem, onda bi to mijenjalo cijelu sliku slavenske jezične grane, imali bismo na trećoj razini ne podskupine (izuzev, možda, zapadnojužnoslavensku podskupinu), nego samo tri zapadnoslavenska i jedan istočnoslavenski jezik dijasistem.

U jednome sam razgovoru čuo još jedno obrazloženje za zajednički istočnojužnoslavenski dijasistem. Rečeno mi je da su dijalektne razlike od albansko-makedonske granice do Crnoga mora manje nego od hrvatsko-slovenske granice do srpsko-makedonske i srpsko-bugarske granice. To je zap-

ravo istina. Ali srednjojužnoslavenski dijasistem postoji, strogo uzevši, samo zbog štokavskoga narječja, koje je prostranije nego kajkavsko, čakavsko i torlačko narječje zajedno. No štokavsko se narječje ne može uvjerljivo dijeliti ni samo ni njegovi zapadniji dijalekti od čakavsko-kajkavskoga kompleksa ni istočniji od torlačkoga narječja . Treba shavatiti da je srednjojužnoslavenski dijasistem po svojem postanku i sadržaju unikum ne samo na slavenskoj i europskoj geneolingvističkoj slici i nikakve srednjojužnolingvističke činjenice ne mogu služiti kao argumenti u drugim geneolingvističkim raspravama.

Time se iscrpljuje genelingvistička problematika. Što se tiče makedonskoga standardnog jezika, danas je njegovo mjesto u slavenskom i europskom okviru uglavnom stabilno – nijekati njegovo postojanje kao i status danas bi očito bilo pravim promašajem, jer nije moguće ratovati s nedvojbenim činjenicama. Pa ipak se čuju i neka odvojena shvaćanja. Neki smatraju da je makedonski standardni jezik, prema bugarskome, u velikome razmjeru ono što su u malome razmjeru gradišćanski hrvatski i osobito banatski bugarski prema svojim domovinskim standardnim idiomama. To je shvaćnje posve neprihvatljivo, jer su i gradišćanski hrvatski i osobito banatski bugarski funkcionalno veoma ograničeni, jer im norma nije stabilna i jer, prije svega, dijalektna osnovica gradišćanskog hrvatskoga, iako nije novoštokavska, ipak je hrvatska (dakle srednjojužnoslovenska), i dijalektna osnovica banatskog bugarskoga, iako ne ista kao standardnog bugarskoga, ipak je bugarska. Iz svega što je iznešeno očito je da standardni makedonski pojava posve drugačijega karaktera. I još, čuje se ponekad i shvaćanje da su makedonski i bugarski varijante istoga standardnog jezika. To je već potpun promašaj. Varijante uvijek imaju istu ili gotovo istu dijalektnu osnovicu, a u procesu standardizacije razvile su se odredene razlike prvenstveno u civilizacijskoj jezičnoj nadgradnji. Pri tome su se u jednim slučajevima standardizacijski procesi naknadno razdvajali (njemačke, nizozemske, engleske, francuske, španjolske i portugalske varijante), u drugima su uvijek bili višemanje razdvojeni (standardnonovoštokavske varijante). U makedonsko-bugarskom slučaju ne može biti ni govora o varijantskim odnosima već zato što su dijalektne osnovice bugarskoga i makedonskog standardnog jezika očito i nesumnjivo različite.

Time bi se iscrpila i sociolingvistička problematika bar što se tiče prirode i statusa makedonskoga standardnog jezika. No nešto bi drugo u ovome kontekstu valjalo možda razmotriti. Standardni makedonski jezik izgrađivao je svoju specifičnu standardizacisku fizionomiju sve do posljednjega desetljeća XX. stoljeća u prilično jednostranoj orijentaciji na srpski standardni jezik (to jest na srpsku varijantu standardne novoštokavštine). To se možda može i razumjeti s obzirom na nekadašnje uvjete. No ostali slavenski

standardni jezici orijenrirali su se u tom pogledu ili na ruski ili na češki standardni jezik, koji su oba u civilizacijskom i posebno standardizacijskom smislu na znatno višoj razini. Čini se da se navedena orijentacija (valjda po navici i komoditetu) nastavila u Makedoniji i u posljednjem desetljeću, a toj je bez sumnje osjetna šteta za kvalitetu samoga makedonskog standardnoga jezika.

[1]. Naziv srednjojužnoslavenski zamjenjuje nazive srpskohrvatski ili hrvatskosrpski i slično u raznim kombinacijama, koji su u jugoslavenskom razdoblju beznadno i nepovratno kompromitirani. Danas se novi naziv rabi u Hrvatskoj, ali ga sve češće nalazimo i drugdje. On je točan – radi se u južnoslavenskome dijasistemu koji je srednji, to jest jedini graniči i sa slovenskim i s makedonskim i s bugarskim dijasistemom.

Далибор Брозовиќ

Социолингвистичкиот и генетсколингвистичкиот статус на македонскиот јазик во Славија и во Европа

(Резиме)

Авторот инсистира врз многузначноста на лексемата *јазик* и, во врска со тоа, врз потребата чисто и еднозначно да се спроведува дистинкција меѓу социолинвистичкиот пристап кон евалуацијата на статусот на еден јазик од една страна, и генетсколингвистичкиот пристап од друга страна. Имено, треба да се тргне од непремостивоста на разликата на поимите 'стандарден јазик' и 'јазик-дијасистем'.

Тој ја претставува и ја образложува својата визија на словенското родословно стебло и местото на македонскиот јазик на тоа стебло, па поминува на социолингвистичка проблематика и го констатира рамноправниот статус на македонскиот стандарден јазик меѓу другите словенски стандардни јазици.

Петар Атанасов

Источна и западна Романија во светлината на ареалната лингвистика

Младограматичарската школа се појавува во 1878 година чија суштина е изложена од Карл Бругман и Херман Остхоф[1] а се состои во тоа дека јазикот се развива според строги фонетски закони. Оваа школа се здобила со бројни приврзаници и следбеници но имала и свои противници. Овие последниве особено се на мислење дека јазикот е доста сложена појава и дека неговиот развој не може да биде резултат исклучително на дејството на фонетските закони.

Еден од приврзаниците на младограматичарите, германскиот лингвист Георг Венкер (Georg Wenker, 1852 - 1911)[2], раководејќи се според принципот дека фонетските закони делуваат врз развојот и промените во јазикот без никаков исклучок си поставил за задача да ги определи границите на германските дијалекти верувајќи, дека тие ќе бидат строго прецизни. За таа цел, тој изготвил прашалник од 40 кратки реченици и го поделил на голем број луѓе, главно учители, низ цела Германија. По добиените одговори Венкер останал вчудовиден и разочаран. Резултатите биле сосема спротивни од очекуваните, т.е. дека не можело да се повлече строга линија меѓу дијалектите и дека изоглосите се протегале

---

[1] Karl Brugmann & Hermann Osthoff, *Morphologische Untersuchungen,* I. Teil, Leipzig, 1878. Нивните мислења се изложени поточно во предговорот на оваа книга.

[2] Во 1926 започнува да се објавува *Deutscher Sprachatlas auf Grund des von Georg Wenker begründeten Sprachatlas des Deutschen Reiches und mit Einschluss von Luxemburg in vereinlachter Form bearbeitet bei der Zentralstelle für den Sprachatlas des Deutschen Reiches und deutscher Mundartenforschung unter Leitung von Ferdinand Wrede,* Marburg. До 1939 излегле 10 фасцикли. (цит. според I. Iordan, *Lingvistica romanică,* 151).

во вид на снопови. Со други зборови дијалектите не се чисти, не можат да се разграничат и дека постои мешање меѓу нив. Овие се првите почетоци на лингвистичката или дијалектната географија но Венкер не можеме да го сметаме за основоположник на оваа дисциплина зашто во својот живот објавил само 6 карти.

Она што не му пројде од рака на Венкер, брилијантно го реализира францускиот дијалектолог од швајцарско потекло, Жил Жилиерон (Jules Gilliéron, 1854 - 1926)[3]. Потребата од систематско и синхроно прибирање на дијалектен материјал во Франција била многу поголема одошто во другите романски земји поради фактот што француските дијалекти со векови биле потискувани, со разни мерки што ги преземал кралскиот двор, за сметка на националниот јазик и постоело ризик од нивно исчезнување. Објавувањето на *Лингвистичкиот атлас на Франција (Atlas linguistique de la France)* траело од 1902 - 1910 година. Материјалот што Жилиерон го објавил во овој атлас бил подложен и на интерпретација од самиот автор така што дошол до интересни сознанија за народните говори. Тој констатирал дека зборовите, исто како и луѓето, се селат од едно место на друго, од еден крај во друг, дури и на подалечни простори. На нивниот пат тие влегуваат во конкуренција со други зборови и така некои од нив исчезнуваат. Исто така, за разлика од младограматичарите, многу промени во јазикот Жилиерон ги објаснува како резултат на хомонимијата, контаминацијата, народната етимологија итн.

Лингвистичката географија беше поттик за да се појават некои нови методи и теории во лингвистиката. Методата *зборови и нешта (Wörter und Sachen)* во извесна смисла е резултат токму на неа, чии главни претставници беа Рудолф Мерингер (Rudolf Meringer), Хуго Шукарт (Hugo Schuchardt), Готфрид Баист (Gottfried Baist), Макс Леополд Вагнер (Max Leopold Wagner), Георге Цуглеа (Gheorghe Giuglea) и др. Но без никакво сомнение, најзначајната школа што произлезе од лингвистичката географија е точно **ареалната** или **спацијалната лингвистика.**

Принципите и методите на ареалната лингвистика се презентирани во *Breviario di neolinguistica* што содржи два дела: I. *Principi generali* од Цулио Бертони (Giulio Bertoni) и II. *Criteri tecnici*

[3] J.Gilliéron et E. Edmont, *Atlas linguistique de la France,* Paris, 1902 – 1910.

од Матео Бартоли (Matteo Bartoli)[4], Модена, 1925, како и во *Introduzione alla neolinguistica,* Женева, 1925 од Matteo Bartoli. Сепак, вистинскиот претставник на неолингвистиката е само М. Бартоли поради фактот што тој претходно објавил труд под наслов *Alle fonti del neolatino,* во кој веќе се содржани основите на неолингвистиката а, од друга страна, тој е и креаторот на самиот термин **неолингвистика.**

Во основата на неолингвистиката се наоѓа лингвистичката географија, но Бартоли презел и некои идеи од основоположникот на италијанската и (општо)романска дијалектологија, Асколи (Graziadio Iasaia Ascoli)[5] како на пример теоријата за супстратот, т.е. влијанието на автохтоните јазици врз латинскиот народен јазик што се зборувал во освоените римски провинции и кој претрпел значителни промени. Треба да се прецизира и тоа дека од лингвистичката географија, т.е. од Жилиерон, италијанскиот лингвист го презел распространувањето на јазичните факти на помали или поголеми територии како и определувањето на појдовната точка на иновациите.

Истражувањето на ареалот на една иновација и определувањето на центарот од каде почнало нејзиното ширење овозможуваат да се дојде и до некои заклучоци што се однесуваат на компаративната лингвистика. Така, се констатирало дека областа во Италија во која настанале трансформациите како што се преминот на консонантските групи *mb* > *m* и *nd* > *n* одговара на територијата на која во античкиот период живееле Умбријците, Самнитите и Сабелите, што нè води кон заклучокот дека станува збор за влијание на супстратот[6].

Врз основа на ареалните норми, Бартоли се обидел да ги постави принципите за релативна хронологија на јазичните обли-

---

[4] G.Bertoni, *Programma di filologia romanza come scienza idealistica,* Ginevra, 1923. Во овој труд јасно се гледа дека тој се инспирирал од трудовите на B. Croce што го доближува до иделистичката доктрина. Но кај него среќаваме и елементи од доктрината на J. Gilliéron и на Schuchardt. Иако, подоцна, тој и пристапува на неолингвистиката, сепак не може да се смета за нејзин вистински претставник бидејќи не постојат суштински разлики меѓу она што е содржано во *Programma...*и она во *Breviario di neolinguistica,* поточно во I. *Principi generali,* со што всушност не се оддалечил многу од "идеализмот".

[5] I.Iordan, *Lingvistica romanică. Evoluţie. Curente. Metod,* Bucureşti, 1962, стр. 279.

[6] E.Coseriu, *La geografía linguistica,* ed. IV., Montevideo, 1956, стр. 10.

ци. Во тоа, геолошката стратификација може да послужи како пример за да се извлечат заклучоци за периодот на распространувањето на јазичната појава. Имајќи го пред себе фактот дека во ареалната дистрибуција на јазичните форми се рефлектира нивната релативна хронологија, проучувањето на ареалната дифузија може да биде разрешница и за некои проблеми од историска природа.

Во трудот што веќе го спомнавме, Бартоли бил преокупиран со проблемот на јазичните иновации односно со разликите што со времето се јавуваат во развојот на еден јазик или на една група на јазици од гледна точка на: а) утврдувањето на староста на јазичната фаза особено онаа што треба да се смета како понова, б) каде се наоѓа извориштето на јазичната појава и в) причините што ја предизвикале таа појава. Одговорите на овие прашања тој ги бара потпирајќи се врз текстови со цел да ја утврди хронологијата но и врз географската распространетост и етно-јазичното мешање во утврдувањето на извориштето и причините на самата појава. Резултатите до кои дошол тој ги групирал во еден систем на ареални "норми" како што се : нормата на *изолираниот ареал,* нормата на *бочните / латералните ареали* (наспроти *централниот ареал*), нормата на *поголемиот ареал* (наспроти *помалиот*), нормата на *поновиот ареал* (наспроти *постариот ареал*).

Поаѓајќи од разни критериуми (структурален, географски, првобитен степен на романизација, и сл.), романистите извршиле разни класификации на романските јазици. Но од гледна точка на ареалната лингвистика Романија, што се протега од Атлантскиот Океан до Црно Море, е поделена на источна, централна и западна Романија. Во источна Романија спаѓа романскиот јазик со јужнодунавските романски дијалекти), во централна спаѓаат италијанскиот, сардскиот, францускиот и ретороманскиот јазик и во западна (шпанскиот и португалскиот). Источна и западна Романија воедно претставуваат бочни ареали а централна Романија претставува централен ареал за романските јазици.

Во она што следи подолу ќе се обидеме, применувајќи ги нормите што ги утврдил Бартоли, да ја разгледаме состојбата во денешните романски јазици од фонетска, лексичка, морфолошка и синтаксичка гледна точка.

1. нормата на ***изолираниот ареал***

Станува збор за ареал што е помалку изложен на контакт со други идиоми. Таквиот изолиран ареал, според Бартоли, задржал една постара фаза од јазикот. Како пример за изолиран ареал би можело да ја земеме Сардинија, со нестандардизиран јазик и недоволно проучен во нејзиниот централен дел. Во сардскиот јазик се задржале зборови од класичниот латински јазик што не ги среќаваме во централна Италија, како на пример:

lat. cras > sard. *kras* "утре", lat. domus >sard. *domo* "куќа", lat. equa > sard. *ebba* "кобила", lat. *onus* >sard. log. *onus* "товар" ; lat. vitulus > sard. *vricu* "теле". На овие зборови, како што веќе забележавме, во централна Италија им одговараат термини од доцнешниот латински јазик : lat. demane > it. *domani,* lat. casa >it. *casa ;* lat. caballa > it. *cavalla* ; lat. carrica > *carico.* Терминот *vitulus* уште од времето на Плаут почнал да биде заменуван со диминутивот *vitellus* така што во италијанскиот се задржал под формата *vitello,* додека пак во балканороманскиот како *vătui* односно *vitul'* но со значење на "едногодишно јаре".

Други такви изолирани ареали се сметаат териториите на коишто се зборуваат ретороманските дијалекти, островите, лингвистичките енклави какви што се мегленороманскиот и истророманскиот, потоа ароманските говори расфрлени насекаде низ Балканот, но во многу случаи и романскиот кој претставува латинско острово во словенско море. На пример, во мегленороманскиот и во ароманскиот среќаваме зборови од латинско потекло што не се среќаваат во други романски идиоми : lat. tĕro, tĕrĕre > megl. *tărări* "толчи" (Apic. *teres piper, mentam siccam, suffundis liquamen, adicies miel, passum, vinum et acetum* "истолчи пипер, суво нане, додај пресол, додај мед, слатко вино, вино и оцет)[7] ; lat. *inruncāre > megl. *ănruncári* "ретчи", "прави да биде поредок", "плеви" ; се среќава, но многу ретко, и во италијанскиот, *roncare* ; lat. caprina > arom. *căprină* "козина" ; lat. depilare > megl., arom. *dipirari, dipirare* "кубе", "искубува" ; зборот е задржан само во провансалскиот додека пак во францускиот, италијанскиот, шпанскиот не е наследен туку подоцна позајмен од латинскиот јазик ; lat. despicare > rom. *a despica* megl. *dispicari,* arom. *disicari* "цепи", "расцепува", итн. На ова

[7] Caelius Apicius, *De re coquinaria,* Leipzig, 1992 ; *De re coquinaria Apicii,* Zagreb, 1989, стр. 78.

да додадеме уште неколку збора што ги среќаваме само во сардскиот и романскиот јазик како на пример : lat. scire > rom. *ştire*, ar., megl. *ştiri,* sard. log. *iskire* (во преостанатиот дел на Романија се среќава *sapere*) ; lat. *pertundĕre* > rom. *pătrunde*
ши, пробушува" ; lat. *vītrĭcus* "очув" > rom. *(tată) vitreg,* sard. log. *bídrigu,* gallur. *bítriku*, *sasar. bídriggu.*

Кога зборуваме за овие две изолирани зони на Романија, треба да споменеме и тоа дека во еволуцијата на латинскиот кон романскиот вокализам со згаснување на опозицијата на вокалскиот квантитет единствено во романскиот, сардскиот и јужноиталијанските гововори немаме премин на *ŭ* (кратко) во затворено *o* што очигледно зборува за една стара фаза во нивниот вокализам : lat. gŭla > rom. *gură* (но it. *gola*, fr. *gueule*) ; lat. bŭcca > sard. *bukka*, megl. *bucă* (но it. *bocca*, sp., ptg. *boca*, fr. *bouche*). За одбележување е и истиот третман на латинските *qu, gu* во сардскиот и романскиот што дале *p* односно *b* : lat. equa > sard. ***ebba***, rom. ***ДapĂ*** ; lat. aqua > sard. a***bb***a, rom. apă; lat. lingua > sard. log. *limba,* rom. *limbă.*

2. нормата на ***бочните / латералните ареали***

Според Бартоли, до колку бочните / латералните ареали имаат јазични совпаѓања меѓу нив, со што се спротивставуваат на средишните / централните ареали, тогаш тие ја претставуваат постарата јазична фаза. Така, на пример, Романија и Иберија се бочни ареали а Италија и Франција централни ареали кога станува збор за романските јазици. Во однос на лексиката на овие јазици можеме да кажеме дека во нив среќаваме околу 500 панромански зборови но исто така дека секој романски јазик наследил и околу 1500 зборови од основната латинска лексика[8]. Една друга констатација е што секој од романските јазици сочувал одреден број латински термини што се среќаваат само во соодветниот јазик. Најголем број од овој тип зборови задржал романскиот јазик што изнесуваат околу 200. Во овој јазик, вклучувајќи ги и романските идиоми јужно од Дунав, среќаваме бројни јазични совпаѓања со шпанскиот и португалскиот јазик со што овие зони се спротивставуваат на централната зона во која влегуваат францускиот и италијанскиот јазик, како на пример:

[8] M. Sala, *L'unité des langues romanes,* série Romania I, Bucarest, 1996, p. 16.

	Иберија	*Галија*	*Италија*	*Дакија*
	шпански португалски	француски	италијански	романски, ар., мегл.
lat. *afflare*	*hallar* *achar*	*trouver*	*trovare*	dr., ar., megl. *aflu*
lat. *formosus*	*hermoso* *formoso*	*beau, bel*	*bello*	*frumos*
lat. *mensa*	*mesa*	*table*	*tavola*	*masă*
lat. *die*	*día*	*jour*	*giorno*	*zi*
lat. *fervere*	*hervir*	*bouillir*	*bollire*	*fierbe*
lat. *magis, plus*	*más, maiss*	*plus*	*più*	*mai*
lat. **battanea*	*batán*	*moulin à foulon*	*follone, gualchiera*	megl. *bătáńă* ar. *bătáńe*
lat. *pollicaris*	esp. *pulgar* ptg. *polegar*	*pouce*	*pollice*	megl. *pulicar* ar. *pălicar*
lat. *quaerere*	*querer*	*vouloir*	*volere*	megl. *ţireari*
lat. *tunc*	esp. *entonces* pt. *então*	*alors*	*alora*	megl. *tunţea* ar. *atumţea*
lat. *agrum*	*agro*	*champ*	*campo*	megl., ar. *ágru*
lat. *captare*	*catar*	*regarder*	*guardare*	megl. *cătári* istr. *cavtá*
lat. *blandum*	esp. *blando* pt. *brando*	*mou, indulgent*	*molle, indulgente*	rom. *blând*
lat. *capere*	*caber*	*être contenu* *entrer, y avoir*	*entrare, c'è,*	*a încăpea*
lat. *largum*	*largo*	*long*	*lungo*	ar. *largu*
lat. *rogare*	*rogar*	*prier*	*pregare*	rom. *a ruga*
lat. *veneris* *veneris dies*	*viernes*	*vendredi*	*venerdì*	megl. *rugári* *vineri*
lat. *vitulus*			sard. *vricu*	ar.,megl. *vitul'*

И на морфолошки план се забележуваат одредени совпаѓаења меѓу бочните ареали од една страна и централните ареали од друга страна. Така, на пример, компаративот и релативниот суперлатив во португалскиот, шпанскиот, каталонскиот и романскиот јазик се прави со помош на lat. прилог *magis* додека пак во францускиот и италијанскиот јазик се користи прилогот *plus* :

fr. *Jean est* ***plus*** *intelligent que Georges*
it. *Giovani è* ***più*** *intelligente di Giorgio* (централен ареал)

esp. *Juan es* ***más*** *inteligente que Jorge*
ptg. *João é* ***mais*** *esperto que Jorge*
cat. **més** gran que... (поголем од...) (бочен ареал)
rom. *Ion este* ***mai*** *inteligent decât George*

Во шпанскиот и романскиот јазик се забележува и една заедничка синтаксичка особеност која се чини дека е резултат на независен паралелен развој во двата јазика што им припаѓаат на два бочни ареала во рамките на Романија. Се работи за феноменот на директниот додаток пред кој стои предлог што претставува литературна норма што треба стриктно да се почитува:
esp. *Veo* ***a*** *Juan* "го гледам Јован" (буквално : "го гледам на Јован) ; *Busco* ***a*** *Elena* "ја барам Елена" ; rom. *Il văd* ***pe*** *Ion ; O caut* ***pe*** *Elena.*
На фонетски план забележуваме дека во шпанскиот јазик имаме премин на иницијалното латинско *f* > *h* (кој останал само како графички знак без да се изговара) ; *f* останал непроменет само пред дифтонгот *ue* и пред вибрантот *r* : lat. filius > *hijo* "син" ; lat. ferrum > sp. *hierro* "железо" ; lat. formosus > *hermoso* "убав" ; lat. farina > *harina* "брашно". Оваа појава шпанските лингвисти ја објаснуваат како влијание на ибериско-баскискиот супстрат[9] врз шпанскиот јазик. Меѓутоа истата појава ја среќаваме и во ароманскиот и мегленороманскиот ; во мегленороманскиот *h* дури престанало да се изговара : lat. filius > ar. *hiĺ*, megl. *iĺ* "син"; lat. ferrum > ar., megl. *ĥer* "железо". Во ароманскиот и мегленороманскиот станува збор за палатализација на лабиоденталот *f*. Шпанскиот и романскиот имаат и една друга заедничка особина а тоа е што дифтонгизацијата на акцентираните вокали не е обусловена од карактерот на слогот и таа е присутна и во отворен и во затворен слог додека

[9] R. Lapesa, *Historia de la lengua española,* ed. Gredos, Madrid, 1980, p. 40.

пак во италијанскиот и францускиот таа е присутна само во отворен слог : lat. ferrum > fr. *fer*, it. *ferro*, сп. *hierro*, rom. *fier*.
Причините за овие совпаѓања често остануваат необјаснети но со помош на ареалната лингвистика доаѓаме барем до откривање на овие јазични факти што секако се придонес во историското и компаративното проучување на одредена фамилија на јазици какви што се романските. Тоа е возможно благодарение на богати дијалектни лексички инвентари за сите идиоми како и нивното картографско прикажување.

3. нормата на ***поголемиот ареал***

Во поголемиот ареал обично се задржани постари форми. За романските јазици може да се земе како поголем ареал територијата на која денес се зборуваат западните романски јазици (француски, италијански, шпански, португалски) во споредба со помалиот ареал (романски) со оглед на фактот дека далматскиот јазик исчезнал кон крајот на 19 век.

Иберија	Галија	Италија	Дакија
abrir	*ouvrir*	*aprire*	*deschide*
cosa	*chose*	*cosa*	*lucru*
y	*et*	*e*	*şi*
pie	*pied*	*piede*	*picior*

4. нормата на ***понов / подоцнежшен ареал***

Ареалот освоен подоцна се јавува како територија на која се сочувани постари фази од јазикот. Станува збор за сите територии што ги освоил Рим од Атлантикот до Црно Море за разлика од Италија која се смета за постар ареал :

	Провинции (понов ареал)	Италија (постар ареал)
романски	*duce* *lingură*	*condurre* *cucchiaio*

	bătrân	зборот не е сочуван (*veterano* е позајмен подоцна од латинскиот)
шпански	*miedo* *nieto*	*paura* *nipote*
француски	*oncle*	*zio*

Ареалната теорија беше прифатена од низа дијалектолози и истата доразвиена. Така, на пример Карл Јаберг (Karl Jaberg)[10] сметаше дека ареалите треба да се проучуваат од повеќе аспекти (структурален, просторен итн.). Тој ги вовел и поимите *ареал на исклучување, контактен ареал, чисти ареали, флуктуачки ареали, стационарни ареали, маргинални ареали.*

Иако ареалната теорија на Бартоли може да послужи во истражувањето на еден јазик или на една јазична фамилија да се дојде до некои сознанија и решенија, сепак во нејзината примена треба да се постапува попретпазливо. Самиот Бартоли повикува на таква претпазливост свесен дека нормите што тој ги поставил немаат некаква апсолутна вредност туку се релативни и придружени со исклучоци. Не ретко форми што хронолошки се разликуваат постојат едни покрај други како факултативни или стилистички варијанти.

Општопознато е денес дека методата на лингвистичката географија претставува едно од големите постигања на лингвистиката во тукушто изминатиот како и на овој век. Таа им стави на располагање на истражувачите богат материјал и ги усовврши начините на директното истражување на народните говори. Според Кошериу[11] (Eugen Coşeriu) толкувањето на лингвистичките карти отстрани догми, потврди хипотези и истакна нови факти. Благодарејќи на нив се докажаа како неточни тезите на младограматичарите по однос на чисти дијалектни граници како и апсолутниот карактер на фонетските закони. Лингвистичката географија што како метода на проучување на народните говори и дијалектите, бележи голем напредок во романските земји, каде покрај општите во голем дел сработени се и регионални лингвистички атласи, ги откри психолошките причини на јазичните промени, улогата на индивидуалниот говорител, изразните особености според класите, оп-

[10] K. Jaberg, Aspects géographiques du langage, Paris, 1936.
[11] E. Coseriu, *La geografía linguistica,* Montevideo, 1956, p.44.

штествените групи, полот, возраста, докажувајќи дека историјата на јазикот не е историја на една непроменлива целина туку една постојана игра меѓу иновациските процеси и процесите на зачувување на првобитната состојба.

Лингвистичката географија има посебно значење во утврдувањето на еволуцијата на една јазична појава, времето кога таа се појавила, како и територијата на која се проширила. Толкувајќи ги картите можеме да го утврдиме и патувањето на зборовите од една област во друга, борбата со нивните ривали, нивното исчезнување и причините за тоа (најчесто хомонимијата), влијанијата од соседните јазици, и слично. Развојот на дијалектологијата и особено ареалната лингвистика се покажа корисна и при реконструкцијата на одредени јазични фази. Сепак, лингвистичката географија не може сама да ги разреши сите аспекти на јазичниот феномен. Материјалот со која таа располага е сепак ограничен зашто лингвистичките карти не можат да ги опфатат сите јазични реалности. Тие се надополнуваат со дијалектните монографии и речници. Јазиците што се зборуваат на просторите на поранешна Југославија заостануваат цел еден век по однос на методата на лингвистичката географија. Колку што мене ми е познато на овие простори единствено проф. Горан Филипи од универзитетот во Пула објавил два лингвистички атласа кои сепак се однесуваат на романски идиоми : едниот на истророманскиот а вториот на истарските италијански говори. Македонскиот јазик тоа заостанување го бележи не само во доменот на лингвистичката географија туку и во оној на монолингвалната лексикографија, во непостоечките енциклопедиски изданија итн. Сепак, од огромно значење во овој домен претставуваат монографиите на поголем број македонисти во кои се опишани македонските народни говори и дијалекти и особено *Речникот на македонските говори во југоисточниот егејски дел* на Коста Пеев што претставува солидна основа за ареални проучувања не само за македонските туку и за пошироките словенски простори.

Резултатите од односниве истражувања беа објавени посмртно од Виенската академија на науките под редакција на В. Јагиќ ("Macedonische Studien", 1896). Оваа книга на В. Облак несомнено има голем придонес за дефинитивната победа на "Македонската теорија" на Јагиќ во врска со татковината на старословенскиот јазик.

4.2. За време на Балканските војни (1912/13 г.) Ј. Иванов како војник имал можност да ги посети селата Зарово, Сухо и Висока во Лагадинско и при тоа успеал да забележи важен дијалектолошки материјал што го обработил и го објавил во угледното париско славистичко списание "Revue des ètudes Slaves"[9]. Во споменатава студија освен што дава историски податоци за Богданско, Ј. Иванов на јазичен план ги разгледува остатоците од назалните гласови во сушко-височкиот и заровскиот говор (дава список на зборови и изрази во кои се содржат овие старословенски гласови) и завршува со текстови и обрасци .

Новина кај него е дека укажува на постоењето на "зачуван **краен ер**" во Богданско во зборо форми (најчесто придавки) што завршуваат на 2 или 3 согласки. Односново тврдење на Ј. Иванов беше прифатено од повеќе истражувачи на југоисточните македонски говори, во не така дамнешно време и од угледниот американски славист со полско потекло Зб. Голомб, иако во меѓувреме се јавија нови објаснувања, пр. од Ст. Романски во статијата "Лаж-

[9] **Ј. Иванов,** *"Un parler bulgare archaique"* во сп. "Revue des ètudes Slaves", t. II, Paris, 1922, 86-103.

ни остатоци од краесловниот ер ..."[10], тој појавата ја објаснува како остатоци од сложената придавска промена, т.е. го оспорува тврдењето дека се работи за "зачуван краен ер". Последно објаснување за односнава појава, што се разликува од претходните, е од авторот на овој реферат, имено низ богатство од примери се укажува дека се работи за резултат, последица од друга појава (морфолошка): мешање, односно рушење на категоријата род што има зафатено големи размери во односниве говори[11].

4.3. Полскиот славист Мјечислав Малецки во триесеттите години од XX век доаѓа во Солунско и во селата Сухо и Висока врши дијалектни истражувања. Резултатите од таа работа планирал да ги презентира преку една комплетна студија за односниов говор, од која за жал поради прераната смрт објавил само 2 дела: Текстови и Речник[12], а третиот дел - Граматика, дополнително во поново време го објави неговиот студент З. Голомб[13]. "Во одзивите и оцената на двете книги на Малецки со право се истакнува неговата способност да ги улови и најсуптилните нијанси во артикулацијата на гласовите. Неговите записи се апсолутно комплетни и само како такви можеле на Голомба да му послужат за неговиот извонреден опис на дијалектот"[14].

---

[10] **Ст. Романски,** *Мними остатъци от краесловен ер в един български говор в Македония*, сп. Македонски преглед, III, София 1927, кн. 1, с. 23-32.

[11] **К. Пеев,** *Повторно за "лажните остатоци" од* ***крајниот ер*** *во југоисточните говори,* Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел, Скопје, 2002 г., с. 397-404.

[12] M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Solińskiem),* część I, Teksty, Kraków, 1934; część II, Słownik, Kraków, 1936.

[13] **Зб. Голомб,** *Два македонски говори (на Сухо и Висока во Солунско),* МЈ, г. XI-XII, Скопје 1960, с. 113-182; МЈ, г. XIII-XIV, 173-275.

[14] **Б. Видоески,** *Мјечислав Малецки како славист и испитувач на македонските дијалекти,* МАНУ, Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки, Скопје 1977, с. 14.

Меѓу работите со кои се служевме во обработката на темата за споредби и разграничувања на говорите во Солунско ќе го споменеме и "Кулакиското евангелие"[15] "искарано" (= приготвено) како што пишува на првата стр.: "на *штувашно збор на Вардариа*" - станува збор за еден од најјужните македонски дијалекти, селото Кулакија се наоѓа малку југозападно од Солун , на самата утока на р. Вардар. Делото е настанато во почетокот на седмата деценија од 19 век, го има "*искарано*" Евстатиј Кипријади, а транскрибирано и објавено од француските слависти А. Вајан и А. Мазон. Се работи за евангелски текст пишуван на солунски дијалект со грчко писмо. А. Вајан во предговорот, разгледувајќи го јазикот на Евангелието направил комплетна студија за овој долновардарски говор. "Многу прашања, било фонетско-фонолошки, било граматичко-структурални, во односнава студија се така обработени, што можат да послужат и како база за споредби, односно како модел при разрешување на одделни проблеми поврзани со македонската дијалектолошка наука".

5.1. Одделните прашања од говорите во Солунско, вклучувајќи го и аспектот на "десловенизација", со мотивација за регионално разграничување, освен од споменатите извори, ќе ги разгледаме уште и со други материјали од 2 села. И двете се наоѓаат северозападно од Солун, првото се вика Градобор (или Гурдобор - локално), а го истражував лично со бегалци од односново село, според Тематскиот прашалник, приготвен од Б. Видоески, со околу 3.000 позиции. Говорот на ова село го истражувал исто и В. Облак и во *Воведот* на своите "Македонски студии" објаснува дека во Градобор (при дијалектните истражувања) се задржал само кусо време и дека анкетирањето го вршел во извонредно тешки околности. Оттаму нашите истражувања (не само за потребите на рефератов) ги замислуваме како настојување за дополна на белешките на Облак, исто така како можност за следење на евен-

[15] **A. Mazon, A. Vaillant,** *L'èvangèliaire de Kulakia un parler slave du Bas-Vardar,* Paris 1938.

туалните промени што се случиле во говорот на селото во период од 80 години, бидејќи, како што рековме, Облак бил во Солунско во почетокот на деветтата деценија од 19 век, а јас анкетите ги вршев кон крајот на седмата деценија од наредниот век.

5.2. Второто село чиј дијалект го разгледуваме е Ватилак, се наоѓа исто така северозападно од Солун. За време на Втората балканска војна (јули 1913) селото било уништено, а населението прогонето од страна на грчката солдатеска, така што според пописот извршен по Војната населбата се води како напуштена, комплетно без жители. Впрочем во споменатава војна голем број села во Долновардарско, особено на отсечката Солун - Кукуш биле уништени[16].

Говорот на ова село исто така го истражувал В. Облак, но и односниве анкети не се комплетни, така што се надеваме дека споредбите што ќе ги вршиме со еден текст од истово село (Ватилак) ќе бидат корисни во смисла на комплетирање на дијалектната слика на даденава регија. Се работи за автобиографски белешки од еден заможен македонски сточар што ги издиктирал некаде во почетокот на XX век, значи релативно близу до терминот кога Облак го собирал материјалот. Овој текст многу подоцна на страниците на "Македонски преглед" го објавил Љ. Милетиќ[17].

6.1. Осврнувајќи се кон разграничувањето на македонските говори во Солунско ќе тргнеме од аргументот дека: "Изоглосите на солунското огниште со двата свои снопа - малешевскиот и лагадинско-разлошкиот - источната дијалектна област ја разбиваат на три дела во правецот Југ - Север"[18]. Ваквото разграничу-

---

[16] **К. Пеев,** *Кукушкиот говор*, т. I, Скопје 1987, с. 7-22; *Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел,* т. I, Скопје 1999, с. 9-27.

[17] **Л. Милетичъ ,** *Изъ живота на българитѣ в Солунско*, "Македонски преглед", VIII, София 1932, с. 65-98.

[18] **Б. Видоески,** *Македонските дијалекти во светлината на лингвистичката географија,* МЈ, Скопје, г. XIII-XIV, с. 105.

вање набележано од Б. Видоески се базира врз покомплетни сознанија за македонската дијалектна ситуација, отколку што ги имал Облак и оттаму мислиме дека претставувањето на македонските говори во Солунско што го прави Облак како: **а)** *Дијалект на Сухо* и **б)** *Дијалект на северната околина на Солун,* би било подобро првиот дел да биде обработен пошироко и да гласи: **а)** *Дијалект на источната регија во Солунско* (со репрезентант говорот на Сухо), а вториот дел: **б)** *Дијалект на западната регија во Солунско.* Како потврда за ова ќе го споменеме аргументот дека говорот на с. Кулакија во основа се совпаѓа со особеностите на говорите од селата Ново Село, Градобор, Бугариево и Ватилак, што Облак ги третира како дијалект на северната регија (пр. со развојот на **ѣ,** со континуацијата на ѫ и ѧ, односно со замената на вокалот ы, со акцентските модели и сл.). Говорот на споменатово село (Кулакија) не може да се третира како говор на север, туку како говор на запад од Солун, бидејќи се наоѓа на истата линија, или дури малку на југозапад.

Во неможност да се врши анкетирање на теренот границата меѓу овие две зони во Солунско ќе биде условна и треба да ја лоцираме на појасот што се протега малку источно од реката Галик .

6.2. Иако се забележуваат разлики внатре во самата источна регија, меѓу одделни пунктови, такви разлики се констатирани во развојот на одделни фонеми, пр. резултатот **у** за стсл. **ы** (ери) е карактеристичен за северниот дел од источната регија (т.н. Богданско), за селата Зарово и Висока (сп. *влăк'о вăі* м. 'вие'), постојат и др. регионални посебности, впрочем за нив пишува М. Малецки[19], но повеќе се оние црти што ги обединуваат овие говори како источни и со кои се спротивставуваат на втората (западна) група говори .

[19] M. Małecki, *O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd.-wschodniej Macedonji,* Lud słowiański, A III, z.I, Kraków 1933, A 90-131.

Таков е случајот со акцентот којшто со одредени посебности, пр. со подвижноста ѝ дава забележлива "боја" на говорите источно од реката Галик. Споменатава подвижност низ парадигмата може да се следи како кај именските зборови така и кај глаголите, сп. примери кај именките - еднасложни (м.р.): *дăмӣ - дамб'о(ӣ), ḡл'ас - ḡлас'оӣ*, исто кај именки од ж. р. *ӣ'еш - ӣишӣ'а;* кај двосложни од ж.р. на **-а**: *бр'ада - брад'аӣа - брад'иӣе,* во ср. р. : *кр'илу - крил'оӣу*

наква подвижност: *ч'енду - ч'ендуӣу - чинд'аӣа.*

Кај глаголите подвижниот акцент го забележуваме во следниот тип: *б'ера - бир"еш - бир"а; д'ăржа - драж"иш - драж"а.*

6.3. Западната регија што ја претставуваме со селата Кулакија, Градобор, Ново Село, Ватилак и др. имаат друг тип на акцентирање, имено акцентот е слободен, може да падне на било кој слог од зборот, на било која морфема и низ парадигмата не се менува. Исто така акцентска специфичност со која западната регија се изделува од источната е тоа што стариот акцент на отворена ултима се повлекол на вториот слог, сп. *ж'ена, ḡл'ава, р'ебро,* исклучок, т.е. случаи со акцент на отворен краен слог среќаваме во туѓите зборови, сп. примери од Кулакија: *ашикир'е* 'очигледно', *бај'а* 'многу', *башк'а* 'одделно', *сифӣ'е* 'првпат ' и др.

7.1. Меѓу посебностите, на фонетски план, како диференцијални заслужува да се споменат: развојот на носовките, на големиот и малиот **ер**, на **ери**, на **јат** и др .

Во врска со континуацијата на ѫ, Конески ќе забележи: "Бидејќи најмногу траги од некогашниот назален изговор наоѓаме во нашите јужни говори (Костурско, Солунско), каде што во ред случаи имаме секвенци од вокал и назален консонант за некогашните носовки (*дăмбо, ḡренда, ӣенда)* , би било логично да претпоставиме дека процесот на деназализација се ширел постепено

следејќи го правецот север - југ, така што најдоцна ги зафатил јужните говори"[20].

7.2. Треба да се одбележи дека Облак во одредени фонетски ситуации развојот на назалноста, поправо нејзиното разлагање го гледа со еден степен понатаму, односно со резултат на вокално **м̥** и вокално **н̥**, тој нагласува: "Овој дијалект (станува збор за с. Сухо)... припаѓа кон оние јужномакедонски дијалекти коишто го задржале назализмот во висок степен... ѫ станало ъм, ън , ...ѧ се развило во ем, ен; ъм, ън во нагласени слогови поради целосно апсорбирање на ъ преку следниот сонант м, н, поминуваат во вокални м̥ и н̥; во ненагласени слогови ъ можело да се развие во **а**"[21].

Бројот на случаи во кои носовката ѫ се реализира како вокални **м̥, н̥** е поголем: **зм̥п, пн̥т, пн̥тишта, мн̥дру, мн̥ч, пм̥пу, рм̥п**, наспрема примерите во кои носовката не е акцентирана и резултатот е двокомпонентен **а̥м, а̥н**: **гла̥мб'ок, г'ола̥мби, ка̥мп'ика.**
За развојот на носовката **ен** (ѧ), исто така изделува два резултата: **ем, ен** и вокално **н̥.** За првиот случај Облак ги наведува следниве примери: **ж'ентва, гр'енда, ч'ендо**, а за резултатот вокално **н̥: зн̥т, зн̥туфци, свн̥**

Веднаш треба да потенцираме дека ваквиот резултат (вокални **м̥** и **н̥**) за развојот на носовките во говорот на Богданско (т.е. во источната регија во Солунско) не е нотирана во трудовите од другите истражувачи ; и Поп-Стоилов, и Малецки, и Голомб и Видоески за носовката ѫ пред лабијален консонант наведуваат **ӑм, ӑн.** Аналогно е претставен и развитокот на носовката од преден ред **ен** (ѧ).

Различното поимање на работите веројатно треба да се објасни како резултат на различната лингвистичка наобразба, би-

[20] **Бл. Конески,** *Историја на македонскиот јазик,* Скопје 1967, с. 44.
[21] **В. Облак,** в. фус. 1, с. 41-42.

дејќи временската дистанца меѓу истражувањата на Облак и Малецки од 40 год. не би можело да ги предизвика односниве промени.

7.3. Тоа во што се сложуваат Облак и Малецки (како директни истражувачи) е дека чувањето на назалниот елемент во Лагадинско (за Облак само преку селото Сухо) е толку силно изразено што се јавува и во случаи за кои нема историска обусловеност, таков неоргански назализам најчесто се јавува на местото од сек. **ер,** и на др. места, сп. кај Облак: **мцгл'а, лцж'ив, б'ăнчва;** кај Малецки: **лăнж'а, лăпж'ица, м'ăнгла.**

8.1. На север (во источната регија), од с. Зарово, А. Поп-Стоилов исто така презентира и примери со неоргански назализам: пр'аѫт уврънчЬ за вънчва (од въчЬва); длънгу кат'о вънжи (од дълго); ним в'ăрваш, тä лънджа (од лъгати); лънджицата-і уд-дръвв8, лънджич'арник (од лъжица), мънгла п'адна, мънгл'ичаву вр'ăми (од мъгла), стънклуту сăздруб'и (од стъкло). Од истото село за неоргански назализам за ѫ е регистриран само случајот: пент'ел на бун'ишти (од пѣтелинъ).

8.2. Како преоден говор од Лагадинско на север кон Кукуш го земаме говорот на с. Негован што го истражувал Б. Видоески. Иако се наоѓа многу близу до Зарово тој не ги споделува неговите (или поточно лагадинските) црти. Веќе споменавме дека се разликува во однос на акцентот, а таа различност се потврдува и во континуацијата на носовките, имено овде редовен рефлекс за ѫ е темниот полувокал (така е и пред лабијална согласка): дъп, зъп, зъвл'у, клъву, ръка. Исклучоците се реткост: вланд'еіа и мъндар за ѫ, односно: глинд'алу, 'ендру, ч'енду, мисинч'ина за ѫ.

9.1. Говорите од западната солунска регија, на запад од р. Галик се вклучуваат во општомакедонската замена за носовките, имено ѫ се рефлектирало во вокал без траги од носовост, пр. од крајната јужна точка, Кулакија: *са наблуд'и, ґул'уб, мучен'иц, ґол'емом'ученицц, р'ăка, скаӣ'иа, с'убуӣа* и др. Оваа посебност се шири регуларно (без исклучоци) на север, пр. од Ново Село: *д'ăӣ.*

дăб'ово, в'ăглин, гăл'оӣ, гăл'оби (во др. села *гăл'ăӣ*), од Градобор: *с'ăди, в'ăжи, ӣ'ăӣ, гăл'ăӣ, р'ăка;* исто така и во позападните села кон Еница-Вардарско, сп. од Вардаровци: *з'ăби, ӣ'ăгӣ, д'ăӣ, г'ăска, с'ăдба* и др.

Отсуството на назализам во западната регија е одразена и во континуацијата на ѧ: *ж'еӣва, ч'еду, кл'еӣва, ез'ик* (Ново Село), *ч'едо, јиӣ'ăрва, з'ајц, м'есиц* (Ватилак), *з'еӣ, ӣ'еӣ* (Вардаровци). Зборувајќи за развојот на носовките во селата од западната регија од Солунско, проф. Облак истакнува (тој ги третира како северни): "Тука ринесмусот се задржува само во следните примери: *зъмба* (Ново Село, Ватилак), *енза (гу фаӣи енза), кленза* (една детска игра) (Ново Село) ("Мак. студии", с. 45). Првиот пример за „зачуван назализам" : *зъмба* го споменува и Д. Иванов во студијата за гевгелискиот говор[22] (со измена *з* во *s*) - *sъмба* 'парче железо со остар врв за отворање дупки на железо или кожа'. И едниот и другиот направиле превид бидејќи се работи за позајмица од турскиот јазик *zimba* [23].

[22] **Д. Ивановъ,** *Гевгелийскияӣъ говоръ,* София 1932, с. 73.

[23] **А. Н. Баскаков** и др. *Турецко-русский словарь,* Москва 1977 с.946.

Kosta Peev

Differentiation of the Macedonian Dialects in the Salonica Region

(Summary)

There are traces of nasal sounds in the South Eastern Macedonian periphery, to the east of Salonica, as evidenced in one letter from the village Visoka (Salonica region) to the "S'vetnik" newspaper (from October 7, 1863) where the national awareness of Macedonians from that region was publicly announced, i.e. the effort of the population to free themselves from the usage of Greek in the church and in schools.

In our outline of the differentiation of the Macedonian dialects in the Salonica region, our point of departure is the fact that "the isoglosses of the Salonica center with its two bundles – Maleshevo and Lagadina- Razlog – the Eastern dialectal region is diffused into three parts in the South – North direction." This differentiation mentioned by Vidoeski is based on his deeper knowledge of the Macedonian dialects, than was the case with Oblak. We would favor labeling the Macedonian dialects in the Salonica region as: a) the eastern region in the Salonica dialect (with representative being the dialect of Suho) and b) The western region dialect in Salonica, instead of: a) the Suho dialect and b) north region of Salonica dialect.the dialect of Suho) and b) The western region dialect in Salonica.

Since no field work has been carried out in that region,the border between the two zones in the Salonica region should be seen as conditional and we should place it on the belt that spreads somewhat east of the river Galik.

Discussing the differences between the Eastern and the Western region, we mention the accent that gives significant "color" to the dialects on the east of the river Galik by means of having a mobile accent. This mobility is seen both in the nominal and verbal systems. The villages on western side have a different type of accent - free, it can fall on any syllable, on any morpheme and through the pradigm it doesn't change.

The special development of certain sounds (*ě, y* etc.), apart from the preservation of traces of nsal vowels, is one more phonological characteristic by which the Eastern region is separated from the Western one.

2. Граматика

Петар Хр. Илиевски

Позајмување и адаптација на лексички форманси во балканските јазици
Со посебен осврт кон суфиксите со гласот [*tz*]

Содржина: 1. Тезата на Д. Георгакас за позајмување елементи само од јазици со престиж. - 2. Директно и индиректно позајмување на грчки зборови и зборообразовни форманси во словенскиот и обратно. - 3. Историски податоци за потеклото на грчките суфикси: *-itsos; -itsa.* - 4. Развој и експанзија на суфиксот *-issa* преку лат. во западните европски јазици но не и во словенските. - 5. Ширење на општословенскиот суфикс *-ица* во несловенските балкански јазици и во грчкиот. - 6. Коегзистенција на суфиксите *-issa* и *-ица* во некои грчки дијалекти. - 7. Превласт на биолошки посилниот суфикс.

1. Во својата волуминозна студија за т.н. „грчко-словенскиот контроверзен проблем околу *-its*-суфиксите", издадена од Атинската академија на науките, Д. Георгакас[1] застапува став дека нуклеусот на овие суфикси *-its-* бил развиен на ендогена грчка основа. Како прв и најважен доказ за тоа тој истакна теза дека лексички и зборообразовни елементи можеле да бидат позајмувани само од јазици со некаков престиж (политички и, особено, културен). Д. Г. констатира дека вакви суфикси во грчкиот се појавиле во рановизантискиот период кога словенскиот немал никаков престиж. Со потценување додава дека „престижот на Словените

---

[1] D. J. Georgacas, *A Graeco-Slavic Controversial Problem Re-examined. The -its-suffixes in Byzantine, Medieval, and Modern Greek: Their Origin and Ethnololigical Implications*, Athens 1982, со критички осврт на П. Хр. Илиевски, *ЖА* 32, 1982, 116-122; *Прилози МАНУ, ОЛЛН* VII, 1, 1982, 55-70.

во тоа време се состоел во тоа што биле бедни, алчни, напаѓале заради пљачкање и се повлекувале" (о.с. 12). Тезата ја поткрепуваа, главно, со следниве три аргументи:

а. Суфиксите изведени од коренот *-its-* се раширени по сета територија каде што се зборувало и зборува грчки, дури и во краишта каде што не проникнале Словени и немало словенско влијание, како Понт, Кападокија, Додеканезите и Јужна Италија. Но при тоа се превидува фактот дека позајмувањето може да биде не само директно, а и посредно. Грците како опитни трговци го крстосувале Балканот и заедно со стоката пренесувале и јазични особености.

б. Повикувајќи се на Шевелов[2], тој нагласува дека во словенскиот суфиксите *-ьць* и *-ица* биле развиени врз основа на прогресивната, т.н. трета палатализација во периодот меѓу VII-IX век, т.е. нешто подоцна од палатализацијата во грчкиот. Овој заклучок е изведен врз основа на анализите на словенски топоними во Грција. Хорас Лант, меѓутоа, во својата мошне задлабочена студија (*The Progressive Palatalization of Common Slavic,* MANU 1981), како и други слависти пред него, наоѓа дека оваа палатализација е најстара, дека со неа протословенскиот прво се одделил од пребалтискиот. Истовремено Лант забележува дека византиските автори неточно го предавале словенскиот изговор на топонимите како *Gardiki* за *Граѳьць* и др.

в. За доказ дека во грчкиот имало порано палатализација, Д. Г. се повикува на една белешка кај Швицер[3] со неколку примери на транскрибирани грчки зборови од IV век во копскиот со *si* наместо со *ki: sindinoi* од *kindinoi*, *sinura* од *kinura, kasia*, наместо *kakia.* Од овие транскрипции изведува заклучок дека грчкиот изговор на *k* пред *i* во тоа време бил палатален и бил предаван со *s.* Но ако изговорот на *k* пред *i* во грчкиот бил *s*, тој сигурно ќе беше регистриран и во латински транскрипции, кои се многу побројни и мошне прецизни. Кој може да гарантира дека копските писари ја предале оваа транскрипција според изговорот на грчкиот? Зар не

[2] G. Y. Shevelov, *A Prehistory od Slavic: The Historical Phonology of Common Slavic*, New York 1965, 338-363. Меѓутоа Шевелов забележува дека меѓу славистите нема полна согласност за хронологијата на трите словенски палатализации.

[3] E. Schwyzer, *Griechische Grammatik I*, München 1939, 125.

можеле тие да ги предадат грчките зборови според својот изговор на *k* пред *i*, исто како и Словените, сп. *Ничӣур, Ничӣороо* во Западна Македонија од грчкото лично име *Nikiphoros*.

2. Верно е дека од јазик со престиж често се преземаат лексички и други јазични елементи. Причините за тоа се и психолошки. Луѓето од друга јазична припадност радо го учат таквиот јазик, им импонира да го зборуваат и присвојуваат од него извесни зборови и фрази. Особено јужнословенските јазици, коишто се зборувале во билингвална дури и мултилингвална (полухеленизирана и полуроманизирана) јазична средина, рано потпаднале под силно грчко влијание. Уште во најстарата фаза на староцрковнословенскиот има и намерно пренесени многубројни грчки термини и морфосинтаксички конструкции при преводот на христијански богослужбени текстови од сесловенските првоучители, свв. Кирил и Методиј. Во словенскиот била непозната христијанската терминологија и сосема природно таа била позајмувана од грчкиот (сп. *еванѓелие, ѓакон, икона, метӣанија, ӣанихиѳа* и др.). Истовремено уште тогаш се преземени и некои зборообразувачки форманси, како суфиксот *-sa* од грч. аорист, прво во грчки основи, на пр. *канонисати, скандалисати, хиротонисати*[4], или *киниса, (х)ареса*, а потоа и за образување глаголски форми од словенски основи: *вароса, ӣревоса, смилоса, црвоса* и др.

Грчки зборообразовни форманси проникнувале во балканските словенски и несловенски јазици и индиректно преку латинскиот, со латинска адаптација[5]. Така, грчкиот глаголски суфикс -

[4] Проникнато и во другите балкански јазици, сп. алб. *kanonizoj* (*Fjalor shqip-serbokroatisht*, s.v., арум. *hirotunisescu*, Papahagi, *Doct. dialectului aromîn*, s.v.

[5] Познато е какво силно влијание извршила грчката култура и цивилизација врз латинската култура и цивилизација. Римската литература започнува со преводи од грчки на лаински: Ливиј Андроник ја препеал *Одисеја*; римските хроничари отпрвин пишувале на грчки; книжевниот opus на Плаут, всушност, се состои од преработки на грчки книжевни обрасци. При тоа неизбежно било влијанието на грчкиот јазик врз латинскиот, исто како и врз словенскиот при кодифицирањето на првиот литературен словенски јазик од Константин Философ. Преку латинскиот, пак, биле пренесени многубројни елементи од грчкиот не само во западноевропските, а и во балканските словенски јазици.

idzein, -adzein, развиен прво во презентот на безвучни дентални и грлени основи + *-j-*, на пр. *elpidzein, eridzein, phrontidzein, sphadzein*, потоа се раширил и на други основи, како: *akontidzein, deipnidzein, harmodzein, makaridzein, thorakidzein* итн. и преку вулгарнолатинскиот *-izare, issare*[6] е раширен во сите европски и балкански јазици преку лат. *-iz-are*, сп. макед. *латинизира, полемизира, систематизира, христијанизира* и др. И други такви грчки елементи проникнувале преку латинскиот. Но истовремено и словенски елементи проникнувале како во латинскиот, така и во грчкиот.

3. Во двојазични и повеќејазични средини, како што е балканската, заемните позајмувања се реципрочни во јазиците, независно дали се со или без престиж. Забележително е дека општословенскиот суфикс *-ица* проникнал во сите балкански несловенски јазици и станал познат како *словенски балканизам.* Суфиксите *-ita* во романскиот, *-itsă* во ароманскиот, *icë* во албанскиот, *-ic(s)a* во унгарскиот биле позајмени од словенското *-ица.* Георгакас и други грчки лингвисти почнувајќи од крајот на XIX век (в. опширна библиографија во спомнатиот труд) имало ретки подоцнежни заемки со овој словенски суфикс и во грчкиот, но коренот *-its-* бил образуван во грчкиот независно од било чие туѓо влијание.

Тој тврди, како што беше одбележено, дека суфиксите со *-itsi-* биле развиени од грчкиот *-iki* (<од средниот род *-ikion*) преку палатализација на *k* пред *i*, а подоцна и женскиот род *-itsa.* Заклучува дека развојот на овие грчки суфикси претставува сложен процес, главно, на внатрешни тенденции во грчкиот. Основа за ваквиот развој како во грчкиот така и во словенскиот бил грчкиот палатален изговор на *-k* пред *i.*

Тезата на Георгакас беше посретната критички не само кај нас[7], а и надвор. Современиот балканолог од северноамерикан-

---

[6] P. Chantraine, "Le grec et la structure des langues modernesde l' occident", *Acta Congressus Madvigiani* V, Copenhagen, 1957, 11.

[7] В. горе бел. 1 и P. Hr. Ilievski, "Expansion of the Greek Suffix *-issa* and the Slavonic *-ica*", *O-o-pe-ro-si, Festschrift für Ernst Risch zum 75-Geburtstag,* Walter de Gruyter, Berlin - New York 1986, 406-404; - "Rivalry between the Gr. Sufix *-issa* and the Slavonic *-ica*", *Papers Presented at the Vth International*

скиот универзитет во Columbus, Ohio, B. Joseph[8] допушта дека *-ts-* суфиксите во грчкиот можеле да се развијат од африкацијата на *k* (во суфиксот *-ikion*), но при тоа зеле учество и други ("cross-linguistic") фактори. Според него суфиксите со нуклеус *-its-* имале деминутивска и/или афективна функција, на пр.: *galátitsa, karditsa, soupitsa*, придавки од типот *glykoútsikos* и др. Наоѓа дека гласот *-ts-* и неговиот звучен пар *-dz-* имаат специфичен статус и функција во синхрониот фонолошки систем на грчкиот. Тој статус би можел според него да биде наречен другојазичен (*allolinguistic*)[9], којшто се однесува специјално кон такви елементи какви што се формите на конвенционалниот детски говор, на пр. *tsitse* 'града, мајчино млеко', потоа кон ономатопејски зборови за звуци од шум на чкртање, на пр. *tsak*, кога се крши нешто и неговите изведенки, во грч. *tsakídzô* 'крши'. Нуклеусот *ts* се јавува во хипокористични имиња кои вклучуваат и независни деминутивски форми, на пр. *Mitsos* од *Dimitrios*. Во многу други јазици од различно потекло и географска распространетост можат да се сретнат слични звуци кај такви „афективни" лексички форми. Забележително е дека овие т.н. „другојазични" зборови му припаѓаат на понискиот стил, на пр. *dzamba*, наместо *dorean* (висок стил), или *papoútsi*, наместо *ipódima, fatsa : prosôpo* итн.[10] Така, B. Joseph наоѓа дека има подлабоки корени за развојот на *ts/dz* гласовите во говор различен од конвенционалната структура (детски јазик, жаргон, ономатопеја, а особено деминутивскиот и афективен речник), но наоѓа и силно туѓојазично влијание. Тој истакнува дека првиот и очигле-

---

Congress of South-East European Research Studies, Belgrade (11-16 Sept. 1984), Skopje 1988, 97-104.

[8] B. Joseph, "The Approprieteness of *ts* in Certain Greek Suffixes", *Onomata* (*Revue onomastique*, Athens) 9, 1984, 21-25.

[9] Термин позајмен од R. Wescott, "Allolinguistics: Exploring the Peripheries of Speech", *The Second LACUS Forum*, Columbia 1975, 497-513.

[10] B. Joseph, "Balkan Expressive and Affective Phonology - The Case of Greek *ts/dz*" во *V Congress of South-East European Studies*, Belgrade, Sept. 1884, 227-237; - *Proceedings of the 3rd Annual Meeting of the Department of Linguistics*, University od Thessaloniki 1982; - "Language Use in the Balkans: The Contributions of Historical Linguistics" in *Anthropological Linguistics*, Fall 1983, 275-287.

ден начин е дека многу од цитираните зборови (*dzamba : dorean; tsangos : diskolos, papoutsi : ipodima, fatsa : prosopon*) не се грчки зборови, а главно турски[11].

Таков развој на *-its-* суфиксите бил неоспорно поттикнат во рановизантискиот период под влијание на словенскиот *-ица*, кој исто така имал и има деминутивска и експресивна вредност. Апсорбираното население, особено ако е многубројно како што било словенското во Грција, спонтано пренесува црти од мајчиниот јазик во адоптираниот[12]. Хеленизираните Словени можеле лесно да го додаваат суфиксот *-ица* речиси кон секој апелатив од нивниот научен грчки, на пр. *avli* (двор) - *avlitsa* (дворче), *psykhi* (душа) : *psykhitsa* (душица), *koukla : kouklitsa, livada : livaditsa, gidi* (коза) : *giditsa* (козица) и др. Освен тоа големиот број на словенски топоними образувани со овој суфикс, на пр. *Белица, Бистрица, Горица* и др. кои биле во многу честа употреба не само од Словени, туку и од Арумени, Албанци, па и Грци, можеле исто така многу да придонесат за расејувањето на суфиксот *-ица* во грчкиот.

Горната дискусија беше поткрепена и од B. Joseph во *Жива Антика*[13]. Кон аргументацијата на Илиевски (оо. с.) против тезата дека само од јазици со престиж можеле да бидат позајмувани туѓи суфикси, Joseph додава два други балкански примера, имено позајмување на деминутивскиот суфикс *-ze* од арванитика во мегарскиот грчки дијалект (*ligaza, ligat ʃiza* од адвербот *liga* 'малу)[14] и суфиксот *-dzis* од турскиот (*taksidzis* 'taxi-возач' и др.) во новогрчкиот. Така, Грците од Мегара, каде што бројот на арванитика жители бил значително голем, го позајмиле суфиксот *-z(e)* од своите албанофони соседи и го приопштиле кон лексичкиот фонд на сво-

---

[11] "Balkan Expressive and Affective Phonology, 228s., 232s.

[12] A. Martinet во Предговорот на книгата од U. Weinreich, *Languages in Contact*, VIII, истакнува: „Коегзистенцијата на еден број прости селани од два современи спротивни системи на јазични навики, една од јазик со престиж, другата од презрен дијалект, може да има важни реперкусии за лингвистичката историја на тој дел од светот".

[13] B. D. Joseph, "More on the Origin of the -its- Suffixes in Greek", *@A* 35, 1983, 83-85.

[14] Цитирано според P. Furikis, "Megariká Melitimata", *Lexikographikôn Arkhion tis Mésis Elinikís* 5. 210-232 (*Istorikón Lexikóntis Elinikís Glossas*).

јот дијалект. Албанците во Грција никогаш не уживале никаков углед и престиж меѓу Грците. Позајмувањето е овде очигледно од јазик на говорители со низок престиж во секој поглед (економски, социјален или политички) во јазик со висок престиж.

Другите три горецитирани докази со кои Д. Г. ја поткрепува својата теза за ендогениот развој на грчките *-its*-суфикси се подробно анализирани на друго место (сп. бел 1 и 6). Овде ќе се запреме на една друга јазична појава која може да фрли извесна светлина и врз прашањето за начинот на позајмување и адаптација на зборообразовни суфикси, имено, една макар и бегла споредба меѓу грчкиот суфикс за образување именки од женски род како пандан на машки *-issa* (*basileus : basilissa*) и словенскиот *-ица* со иста функција.

4. Два витални суфикса од различно потекло: грчкиот *-issa* и словенскиот *-ица* се посретнале во рановизантиско време на Балканскиот Полуостров. Двата суфикса со блиска гласовна звучност и, речиси исти семантички (моциони) функции коегзистирале во овој регион како ривали. Забележително е меѓутоа дека суфиксот *-issa*, којшто се проширил во сите западноевропски јазици, на Балканот останал изолиран само во грчките дијалекти, додека суфиксот *-ица*, како што спомнавме, проникнал во сите балкански несловенски јазици.

Појавата на грчкиот суфикс *-issa* може да се следи врз примери од писмени споменици почнувајќи од III век пред Хр., сп.: *poimenissa*, ж. р. од *poimên* 'овчар'. Во хеленистичкиот и византискиот период па сè до денес[15] суфиксот е продуктивен. Но бидејќи за неговото потекло во грчкиот се искажани и извесни сомненија[16], овде прво ќе се запрам бегло на прашањето за потеклото на овој суфикс, и потоа ќе дадам сумарен преглед на неговата експанзија

[15] Примери од типот на *chiphissa*, ж. р. од *chiphi* го потврдуваат тоа. Бидејќи зборот *chippy* во грчкиот е нова заемка од англискиот, оваа форма со суфиксот *-issa* укажува на неговата продуктивност и денес. Му должам благодарност на Проф. B. D. Joseph што ми обрна внимание на овој пример.

[16] Cf. C. D. Buck, *Class. Philology*, IX, 370; P. Chantraine, *La formation des noms en grec ancien*, Paris 1933, 109.

во западноевропските јазици и одговор зошто тој не бил прифатен и од словенските јазици.

Оформувањето на ваков суфикс во грчкиот можело да биде поттикнато прво од завршокот *-ssa* во ж.р. на именки и придавки од гутурални и дентални основи: *kissa* < **kik-j"* 'чавка', *pissa* < **pik-j"*,лат. *pix, picis* 'смола', *melissa* < **melit-j"*, 'пчела' и др. Познато е дека овој суфикс во грчките дијалекти се јавува во две форми: во јонскиот е секогаш *-ssa,* а во атичкиот и бојотскиот е *-tta: glôtta, kitta, pitta, melitta* итн. Хомерската форма на етникот *Phoinissa* < **Phoinik-j"*,од *Phoinix* во тој поглед е мошне показателна. Во хеленистичко време таа гласи *Phoinikissa.* Има и други такви примери: Етникот *Kilissa* < **Kilik-j"* од *Kilix,*во хеленистичко време веќе гласи *Kilikissa,* како и многу други: *Antiokhissa, Galatissa, Kapadokissa, Makedonissa* и др. Тоа покажува дека суфиксот *-issa* претставува понатамошен развој на завршокот *-ssa.* И, додека овој завршок, како што спомнавме во некои дијалекти алтернира со *-tta,* суфиксот *-issa* е во сите грчки дијалетни ист.

Во покласичниот период се образувани голем број на вакви форми со значење на занимање, професија и др. од ж.р., како пандан на такви именки од м.р.:*arkhontissa : arkhôn* 'управител/ка', *diakonissa : diakonos* 'ѓакон/ица';*kaisarissa : kaisar* 'цѣсар/нца' и стотици други.

5. Еднаш вака оформен суфиксот *-issa* бил позајмен во латинскиот не само со грчки, туку и со латински основи: *Syrophoenikissa*, во преводи на текстови со христијанска содржина; *duc-issa, princip-issa* и др. Преку латинскиот овој суфикс проникнал во, речиси, сите балкански јазици:

Француски: *la comptesse* од *le compt, la diablesse : le diable, la duchesse : le duc, la maîtresse : le maître, la poetesse : le poéte, la princesse : le prince, la prophétesse : le prophète, la tigresse : le tigre* итн.

Италијански: *avvocatessa: avvocato, baronessa : barone, contessa : conte, dottoressa : dottore, elefantessa : elefante, principessa : principe, poetessa : poeta, professoressa :professore, soldatessa : soldato* и др.

Англиски: *actress : actor, lioness : lion, shepherdess : shepherd, tigress : tiger, waitress ; waiter* идр.

Германски: *Baronesse : Baron, Diakonisse : Diakon, Komtess, Mätresse, Noblesse, Patronesse* итн.

6. Во сферата на грчкото културно влијание грчкиот суфикс *-issa* се ширел од југоисток, т.е. од Балканот кон северозапад во Европа. Ширењето на општословенскиот суфикс *-ица* било во спротивен правец - од североисток кон југ. Овие два продуктивни суфикса од различно потекло, но со речиси исти функции, дошле во тесен контакт на Балканот. Забележително е дека доменот на *-issa* останал на Балканот ограничен само на грчките дијалекти, додека суфиксот *-ица* станал зборообразувачки форманс за сите балкански јазици, вклучително и грчкиот. Во некои грчки дијалекти овие два суфикса се јавуваат паралелно во исти зборови. Се среќаваат двојни форми за исти лични имиња: *Eu/Stratissa*, покрај *Eu/Stratitsa, Zôissa* покрај *Zôitsa*. Голем број на грчки апелативи со суфиксот *-issa* биле позајмени во словенските јазици, но наместо *-issa* бил додаван кон основите суфиксот *-ица: diakonissa* > *ѓаконица, daimonissa* > *ѓемоница, kaisarissa* > *цѣсарница, ktitorissa* > *ктиторица* итн. Паралелите од ваков вид се многубројни.

7. На крајот можеме да заклучиме дека при контактот и судирот на грчкиот суфикс *-issa* со словенскиот *-ица* на Балканот, суфиксот *-ица* се покажал повитален и зел превласт над *-issa*.

Petar Hr. Ilievski

Borrowing and adaptation of lexical formatives in the Balkan Languages
***With a special regard to the suffixes with* [*-tz*]**

(Summary)

The essential point in this paper is a debate with the late Prof. D. Georgacas concerning the extension of the Slavonic suffix *-ica* into the Balkan languages and the development of the *-its-* suffixes in Greek. While leading Greek scholars (Hadzidakis, Andriotis, etc.) find that the suffix *-ica* in Greek is felt as corpus alienum, D. G. claims that it is of Greek origin. According to him a foreign suffix can generally be borrowed into one langusge only from another language which has some political or cultural

prestige. Since the Slavs did not have such an advantage, the suffix *-ica* could not be borrowed in the Greek world.

To this opinion a well known fact is to be opposed, namely, an absorbed population, especially if it is large like the Slavs in Greece were, sponatneously transfers features from its native language into the adopted language. Greeks could also have extracted this suffix from Slavonic words in common use, making calques like *psychitsa* according to *du{ica*, and especially from place-names (*Bistrica, Gorica,* etc.), frequently used by all the inhabitants.

These ideas were supported by the American linguist B. Joseph who added two other suffixes borrowed in Modern Greek: 1° *-dzis* from Turkish *-cl/çl*, to form nouns for occupation (e.g. *taksidzis* 'taxi driver', etc.) in Greek, and 2° the diminutive and hypocoristic suffix *-zə* from Arvanitica into the Megara dialect (*liγáza, liγát{iza*), in spite that Albanians in Greece have never enjoyed any sort of prestige among the Greeks.

From a comparison between the Greek suffix *-issa* (of the type *basil-issa, diakon-issa*) and the Slavonic *-ica* some differences are evident at first sight. In the sphere of Greek cultural influence, the Greek suffix *-issa* through Latin spread from the south-east to the north-west of Europe (cf. Lat. *duc-issa,* French *duchesse,* English *duchess,* etc, but into none of the Slavonic languages). The extension of the common Slavonic suffix *-ica* was in an opposite direction - from the north-east to the south. These two suffixes, with a close sound similarity and nearly the same semantic functions, crossed on the Balkans. It is noticeable that the domain of *-issa* on the Balkans remained limited only to the Greek dialects, while the suffix *-ica* became a Balkan derivational suffix for all the languages of this area including Greek. The coexistence of these two suffixes with the same functions reveals a long symbiosis between the Greek and Slavonic peoples on the Balkan Peninsula and mutual linguistic interference of their languages. A great number of Greek linguistic features have penetrated into the Slavonic Balkan languages. But in contrasting the extention of the Greek suffix *-issa* with that of the Slavonic *-ica,* it is evident that *-ica* has beeen more vital on the Balkans.

Karel Fic (Brno)

K jazykovězeměpisným aspektům české morfologie

Zatímco tři první díly Českého jazykového atlasu (ČJA)[1] sledovaly na mapách rozdíly v nářečí slovní zásobě, čtvrtý svazek zahrnuje rozdíly morfologické neboli rozdíly v uplatnění různých koncovek v témže mluvnickém významu. Jsou tu představovány nářeční diference v tvarech podstatných jmen, přídavných jmen, zájmen, číslovek a sloves.

V naší dialektologické popisovala morfologické rozrůznění českých dialektů v takovém rozsahu, jak jsou zachycena v tomto díle. Srovnáme-li popis jazykovězeměpisných diferencí v morfologických tvarech v ČJA s popisem těchto jevů v kompendiu J. Běliče Nástin české dialektologie,[2] vidíme, že ČJA přináší u řady jevů nejen přesnější vymezení zeměpisné (v mnoha případech se tak stalo poprvé), ale i řadu dalších poznatků, které nastolují i nové otázky.

O nářeční morfologii se před vydáním ČJA soudilo v podstatě totéž, co již před několika desetiletími formuloval Havránek. Řečeno jeho slovy, je tvarová stavba našich nářečí poměrně jednotná: zásoba tvarů po stránce významové je zcela stejná - kromě malých rozdílů v rozlišování tvarů podle rodu (a bytosti) v nom. pl. u adjektivních tvarů (např. *dobrí lidi* x *dobří lidi*). Rozdíly v tvarech, které jinak v nářečích jsou, týkají se jen jednotlivých tvarů samých (jejich formy), zvláště některých pádových koncovek v plurálu a zakončení 3. os. pl. anebo různého rozložení koncovek podle typů skloňování, např. české *slepice, pšenici, vo koze* x hanácké *slepica, pšenico, vo kozi*, čes. a han. *na pole* x laš. *na polo* apod., nehledíme-li ovšem k rozdílům hláskoslovným.[3]

"V tvarosloví rovněž lze určiti několik znaků, které odlišují lašská nářečí od ostatních nářečí západní skupiny, avšak jsou to vesměs jen jed-

---

[1] Český jazykový atlas 1, 2, 3, 4. Praha 1992, 1997, 1999, 2002

[2] Bělič, J.: Nástin české dialektologie. Praha 1972, s. 141-203

[3] Havránek, B.: Česká nářečí. In: Československá vlastivěda III. Jazyk. Praha 1936, s. 102

notlivosti, některé nápadné novotvary, jako instr. sg. typu *s každum dževuchum, s tebum,* dat. *se,* nejsou rozšířeny po celém území."[4]

V našem příspěvku bychom chtěli na zvolených příkladech upozornit na některé aspekty problematiky vztahu hláskosloví a tvarosloví a také na některé poznatky, které vyplynuly z představení české morfologie jazykovězeměpisnou metodou.

1. Tvaroslovný svazek ČJA prokazuje mimo jiné úzkou provázanost morfologie s hláskoslovím. Autoři atlasu museli u řady jevů dokonce řešit otázku, které ze sledovaných jevů zařadit do dílu morfologického a které ponechat do dílu hláskoslovného[5] a do jaké míry při mapování eliminovat pravidelné hláskové změny, neboť většina koncovkových diferencí je z velké míry odrazem pravidelných hláskových změn.

Tento okruh problémů demonstrujeme na příkladu shody hláskové změny *y* > *e* s koncovkou *-e* u některých skloňovacích typů a na příkladech kvantitativních diferencí v koncovkách, a to na několika níže uvedených konkrétních tvarech.

1. Hranici mezi jevy morfologickými a hláskoslovnými v některých případech nelze postihnout vůbec. Platí to zejména o oblastech, kde izoglosy vydělující různé koncovky procházejí územím hláskové změny. Příkladem tohoto typu problémů je koncovka *-e* v nominativu plurálu maskulin, popřípadě v genitivu singuláru feminin se zakončením kmene na *-l, - s, -z,* které mají na části Moravy měkkou flexi. V části středomoravských nářečí, kde proběhla hlásková změna *y* > *e*, pak u formací *voze, míse, jehle, včele* apod. lze jen stěží zjistit, zda jde o důsledek hláskové změny či o koncovku měkkých skloňovacích typů.

2. U koncovek dat. a lok. pl. substantiv nacházíme mimo jiné i kvantitativní diference typu *-ám, -ách* x *-am,-ach*, např. *kravám, okurkám, nohavicám*; *klukách, kamenách* x *husam, sviňam, nohavicam*; *klukach, kamenach.*

Mapy ČJA ukazují, že podoby *kravam, husam, sviňam, nohavicam, kosťam*; *klukach, dubach, pekařach, vozach, kamenach, kravach, kozach, nohavicach, kosťach* v různém zeměpisném rozsahu pokrývají areály jednak v oblasti slezských nářečí, jednak na okrajích tradičního českého osídlení v západních Čechách. Všechny uvedené doklady jsou vesměs variantami víceméně doložených formací s dlouhým vokálem (např. *kravám, klukách*). Zatímco tyto podoby s krátkým *a* (např. *kravam, klukach*) ve Slezsku jsou nepochybně výsledkem hláskového vývoje, tedy v důsledky historicky poměrně mladé, ale důsledné ztráty kvantity.

[4] Havránek, B., tamtéž, s. 119

[5] Český jazykový atlas 5 (vydání se připravuje na rok 2005)

O původu týchž podob v západních Čechách není možno vynést soud už tak jednoznačně. Jako nejpravděpodobnější výklad krácení tohoto typu se jeví analogické vyrovnávání v rámci paradigmatu podle tvaru instr. pl. typu *-ama* (*kravama, dubama*). Oporou tomuto vyrovnávání může být i skutečnost, že u maskulin a neuter se v této oblasti v týchž tvarech uplatňují koncovky s krátkým vokálem *-om, -och*. Že hláskové vyrovnávací tendence v morfologii nejsou tak výjimečné, dokládají i jevy opačného charakteru, tj. dloužení v koncovkách s jinak původně krátkými vokály vlivem tvarů, v nichž je původní vokál dlouhý. Např. se dlouží *a* > *á* v koncovce *-ami* (*kravami* > *kravámi*) pod vlivem koncovek dativu a lokálu *-ám, -ách*, ve kterých dlouhý vokál je původní.

Zůstává potom otázkou, jakým způsobem pak tyto jevy interpretovat grafickými prostředky na konkrétních mapách.

3. Poněkud jiný charakter má diference koncovky *-i* x *-í* v tvaru nominativu plurálu substantiv. Uplatňuje se hlavně u životných maskulin a je zřejmé, že - aspoň v některých oblastech - je prostředkem rozlišování kategorie životnosti a neživotnosti. V ČJA se připouští dvojí výklad tohoto jevu. Jednak se považuje za diferenci tvaroslovnou, jednak se jeví jako rozdíl hláskoslovný. V prvém případě se *-í* u typu *klucí* rozumí jako relikt hláskového vývoje koncovky původních i-kmenů (*gostie* > *hostí*), v druhém pak se dloužení *i* > *í* (*-i* je kontinuantem staré koncovky o-kmenové) vykládá jako formální příznak životnosti. Snad se v této souvislosti dá uvažovat i o vlivu koncovky *-é*, uplatňující se u původních konsonantických kmenů. Tuto diferenci lze sledovat v ČJA na několika mapách (např. *kluci* x *klucí, sousedi* x *sousedí, syni* x *syní, hosti* x *hostí*). Odlišný průběh izoglos u jednotlivých slov svědčí též o stupni morfologizace tohoto jevu.

V důsledku gramatikalizace, tj. vázanosti hláskové změny na konkrétní koncovku, nemají často tyto hláskové jevy takový rozsah, jak bychom očekávali, a tudíž se neshodují s hranicemi pravidelných regionálních obměn.

II. Uplatnění jazykovězeměpisné metody v popisu morfologických jevů českých nářečí ukazuje prostřednictvím ČJA i některé nové aspekty, které vystoupily teprve v souvislosti s přesným vymezením územních areálů některých konkrétních koncovek. Tuto tezi můžeme doložit následujími příklady.

1. V genitivu singuláru má valná většina obecných jmen ve spisovném jazyce tvar na *-u*, jen malá část na *-a*. Koncovka *-u* náležela původně u-kmenům, tj. jménům s kmenem na *-u*, která splynula s o-kmeny, tedy se jmény majícími kmen na *-o*. Častější je výskyt koncovky *-a* jen u jmen na *-n* a *-k*.

Ze jmen zakončených na *-n* mají koncovku *-a* důsledně jména na *-ín*, např. *komína, kravína, včelína, do Hodonína,* a dále jen některá ojedinělá slova, např. *mlýn, zákon* (*mlýna, zákona*), včetně jmen místních a jména měsíců, např. *ledna, srpna, října.*

Ze jmen na *-k* mají koncovku *-a* vedle slov jako *jazyk, potok, rybník* (*jazyka, potoka, rybníka*), též jména dní na *-ek*, např. *pondělek* (*pondělka, čtvrtka, zítřka*), a ještě jména na *-ešek*, např. *dnešek* (*dneška, dřívějška, včerejška, zítřejška*).

Koncovku *-a* mají rovněž některá jména se zakončením kmene na jinou souhlásku než je *-n* a *-k*, např. *chleba, února, dvora, sýra, večera, hřbitova, oběda, ovsa, sklepa, života, kouta* apod.

Tato neživotná substantiva, která ve spisovném jazyce končí na *-a*, jsou tedy příznačná pro určité sématnické skupiny, jak již zde výše naznačujeme (např. jména dní měsíců, ohraničených prostor), popř. jsou typická pro některá specifická obecná jména. Tak je obvykle vymezují všechny významnější české gramatiky od časů Gebaurových až do současnosti.[6]

Mapy publikované v ČJA ukazují, že konkurenci gentivních koncovek *-u* a *-a* nelze spojovat pouze s hláskovým zakončením kmene slova nebo s jeho příslušností k té či oné sémantické skupině. Přesvědčivě dokládají, že koncovka *-a* se v dialektech uplatňuje častěji než ve spisovném jazyce a směrem k východu českého jazykové území její zastoupení narůstá. Zeměpisné zpracování 10 položek, z nichž dvě jsou pouze přikomentovány, v ČJA ukazuje tedy rozdílný stav v disktribuci uvedených koncovek u slov *sníh, pohřeb, dub, strom, schod, roh, nos, vůz* a *stůl.* Příčiny tohoto stavu nelze zatím spolehlivě vyložit. Novum poznatků vyplývajících z ČJA je informace o průběhu hranice sledované diference u jednotlivých konkrétních lexémů. Z rozložení izoglos pak vyplývá, že v podstatě jde o poměrně široké přechodové pásmo, jež lze přesto charakterizovat i jako českomoravskoslezský protiklad.

2. Snad lze předpokládat, že tento trend má v na Moravě a ve Slezsku souvislost s rozdíly mezi tvrdým a měkkým skloněním, jejichž primární příčinou jsou odlišnosti v hláskovém vývoji. Potvrzují to např. i mapy zaznamenávající průběh hranic mezi tvary nom. sg., jako jsou např. diference typu *ulice* x *ulica, cibule* x *cibula,* gen. sg. *kraje* x *kraja*, ale i *kámen* x *kameň, loket* x *loket', den* x *deň* apod.

[6] Např. Gebauer, J.: Příruční mluvnice jazyka českého. 2. vydání. Praha 1904, s. 89-90. Z posledního období: Příruční mluvnice češiny (ed. Karlík, P., Nekula, M., Rusínová, Z.). Praha 1996, s. 252. Čechová, M. a kol.: Čeština - řeč a jazyk. Praha 2000, s. 185

Také z mapového zpracování dalších položek tohoto typu je zřejmé, že průběh izoglos uvedeného protikladu větším dílem sleduje severojižní směr. Kopíruje přirozeně základní hláskové izoglosy, které jsou publikovány jako soubor pravidelných hláskových změn v každém svazku ČJA.

3. V severovýchodočeských nářečí se u sloves 4. a 5. třídy koncové *-í* častou odsouvá (*prosej, dělaj*). Bělič [7] vysvětluje tento jev jako důsledek tendence po změně dvoujslabičného zakončení v jednoslabičnou koncovku, projevující se v této oblasti obecně (např. i v dativu singuláru maskulina *bratrovi* > *bratroj*). To připouští i ČJA, avšak též uvádí, že nelze zcela vyloučit, že koncovka *-ej* je důsledkem hláskové změny (diftongizace *í* > *ej* po sykavkách a *ř, l*, např. instr. sg. *s mísej* , gen. pl. *dížej*), která se morfologizovala a posléze uplatnila též u jiných typů, jak je patrno i z jiných položek zpracovaných v ČJA (např. *volaj*). Dokladem na morfologizaci koncového *-ej* u sloves je diference *-í* x *-ej* mezi tvary 3. osoby sg. a pl. u slovesa *nosit* (*nosí* x *nosej*).

Náš přehled chce upozornit na vztah četných morfologických diferencí s hláskoslovnými jevy, ale i na specifika tzv. morfologického hláskosloví.

Nabízí se otázka, zda informace, které ČJA v morfologickém plánu poskytuje, jsou tak významné, že by mohly vést ve svém důsledku ke kritice dosavadních poznatků a revizi přijímané klasifikace našich dialektů.

Již B. Havránek při třídění českých nářečí se opřel především o takové jazykové jevy, které se týkají samé soustavy nářečí a prostupují všechny jazykové projevy nářeční. Soudil, že "v zásobě samohlásek a způsobu jejich užití (ve vokalismu) lze nalézti postačující dělidla mezi nářečími této západní skupiny (české), a to jak ze stanoviska dnešního stavu, tak i ze stanoviska vývojového (historického)." Podstatnější rozdíly mezi našimi nářečími viděl v jejich soustavě hláskové, avšak opět nikoliv v celé soustavě hláskové, nýbrž především v samohláskách, v jejich zásobě a vzájemném poměru i způsobu užívání.[8] Tradiční dělení nářečí českého jazyka je tedy založeno především na diferencích samohláskových. Jejich význam posiluje i skutečnost, že morfologické rozdíly s nimi často úzce souvisejí. Proto tvaroslovné diference mohou jen významně doplnit poznání i o jevech hláskových, ale samy o sobě nemohou pojetí naší nářeční klasifikace nějak výrazně pozměnit.

[7] Bělič, J., citované dílo, s. 190
[8] Havránek, citované dílo, s. 102-103

Карел Фиц

Лингвогеографски аспекти на чешката морфологија

(Резиме)

Авторот ги претставува новите сознанија што во досегашното познавање на чешките дијалекти ги внесува последниот, четврти том од "Чешкиот јазичен атлас", во којшто е претставена дијалектната диференцијација на морфологијата на менливите лексеми, т.е. на именките, придавките, заменките, броевите и глаголите. Се работи пред сè за формална диференцијација на флексивните наставки, при што посебно, често нерешлив проблем претставува евалуацијата на морфонолошката проблематика, т.е. одделувањето на "морфолошкото" од "фонолошкото".

Со оглед на фактот дека прифатената класификација на чешките дијалекти се темели пред сè врз диференцијацијата на вокалните системи, проблематиката на морфолошкиот том на Атласот, иако донесува богати нови сознанија, сепак не ја менува таа основна класификација.

Марјан Марковиќ

За упростувањето на именскиот систем во говорот на Ароманците Фаршероти од охридско-струшкиот регион

Главната поделба на ароманските говори е на северни - (Грамостените и другите албански родови), јужни (Пиндеаните вклучно со говорот на Ароманците од Олимп), со изделување на посебна група на Фаршероти. Ова се однесува на основните поделби на Вајганд (1895) и Капидан (1932). Гледано од денешен аспект, не може да ги изделуваме ароманските говори стриктно според географската распределеност туку пред сè треба да ја имаме предвид нивната родовска припадност. Големите раселувања на Ароманците низ Балканот, почнувајќи од втората половина на XVIII век, траеле сè до првата половина на XX век. Така во местата во кои се населувале Ароманците во текот на овој период се јавуваат повеќе слоеви и различни аромански родови. Во рамките на Р. Македонија голем број од Грамостените (вклучувајќи ги тука и Ароманците од Москополе и неговата околина) се населиле во Крушево, Трново, Магарево, Битола, а подоцна и во околината на Штип и Кочани.

Фаршеротите претставуваат посебна група Ароманци кои претежно се занимавале со сточарство. Името го добиле по местото Фрашери во Албанија каде ги имало во најголем број (Капидан 1932). Се смета дека претходно дошле од планинските предели на Пинд, Грција. Во текот на XVIII век тие се застапени низ цела јужна и централна Албанија, а во XIX век дел од нив се населува во Охрид (Р. Македонија) и во селата Горна и Долна Белица, а подоцна и во Вевчани, Вишни и во Струга. Секако дека голем дел од Фаршеротите сè уште живее во Албанија и дел во Грција.

Нивната конзервативност и посебен начин на живеење придонеле тие да задржат извесни особености во нивниот говор

што ги имале од стариот крај. Имено, некои јазични особености што се јавуваат кај Фаршеротите ги има кај Ароманците од Пинд, некои кај Ароманците од Олимп, а некои особености се слични со Ароманците од Албанија. Кај Фаршеротите останале цврсто вградени некои црти од албанскиот јазик, а сепак (поради специфичниот начин на живот) тие успеале да ги задржат и оние црти кои ги прават посебни во однос на други аромански говори.

Тие имаат преземено голем број албански карактеристики (пред сè во глаголскиот систем) кои денеска го доближуваат нивниот говор до говорот на нивните македонски соседи. Таков е и случајот со адмиративот кој е откриен во овој говор од страна на проф. Виктор Фридман за време на нашата заедничка теренска работа во 1992 година (Фридман 1996).

Покрај глаголскиот систем, во овој говор мошне интересен е и развојот, односно упростувањето на именскиот систем. Поради интензивните контакти со македонското население, тука дошло до големо доближување со македонскиот јазик.

Најпрвин ќе се задржам на фонолошкото ниво каде имаме упростување на дифтонзите во сите позиции на зборот: Пр. feată > fetă, mul'erea > mul'eri, soare > sori, ...а исто така и редукција на неакцентираните вокали.

Така, како основна фонолошка црта која го разликува говорот на Фаршеротите од општиот ароманскиот систем[1] е целосното губење на дифтонзите и тоа во сите позиции (тоа се однесува на дифтонзите со [a] како втора компонента). Со тоа, може да се каже дека извесни тенденции за губење на дифтонзите кои се нотирани и кај Голомб (1984) и во други описи за ароманскиот, овде сосема се доразвиле и се вклопиле во системот.

Во овој говор, упростувањето на дифтонзите се јавува и на крајот на зборот со што промените во фонолошкиот систем предизвикале поместувања и во мофронолошкиот систем во однос на

[1] Како репрезент на т.н. општ аромански систем тука го земам говорот на Ароманците од Крушево и тоа поради две причини: прво - според потеклото на Ароманците од тој крај и оние од другите краеви на Македонија тој говор може во голема мера да го претставува ароманскиот, и второ - монографскиот опис на Збигњев Голомб (Голомб 1984) кој дава одлична слика на тој говор и концизно ја разработува структурата на ароманскиот .

граматичките значења кои вокалите ги носат во рамките на морфологијата.

Прво ќе наведам неколку примери каде што ќе го прикажам губењето на дифтонзите во фонолошкиот систем:

арум. Крушево			арум. Охрид		
		⇩		⇩	
/ea/	'feată		'fetă		девојка
	'seară		'seră		вечер
	vi'deare		vă'deri		гледање
	tră'ʒeare		tră'ʒeri		тргање
/oa/	'oaie̯		'oie̯ă		овца
	'oară		'oră		час
	'poate		'poti		може
	s'koate		s'koti		вади
	'loai̯		'ľoi̯		зедов

на крајот на зборот:

арум. Крушево		арум. Охрид		
'puntea		'punte		мост
mu'ľarea		mu'ľare		жена
'padea		'pade		под
'valea		'vale		река

Исто така во овој говор се јавува и силна редукција на неакцентираните вокали, па така: a > ă, o > u, e > i, а во одредени случаи имаме i > ă.

Оградите за редукција на неакцентираните вокали кои постојат во крушевскиот аромански, овде се поместени, односно неутрализацијата меѓу вокалите се проширува и на крајот на зборот каде што вокалот најчесто носи граматичко значење.

Најпоказателен е случајот со редукцијата на е која се врши во сите позиции на зборот.

Тука ќе прикажам неколку примери во кои се покажува редукцијата на крајното **-е** (кое често носи граматички признак) во рамките на: именките, глаголската именка и глаголите.

Групата на именки што во крушевскиот завршуваат на **-е** , овде, завршуваат на -і поради редукцијата на неакцентираните вокали и на крајот на зборот.

Примери:

Именки што завршуваат на -і (по непалатали):

арум. Крушево		арум. Охрид		
'pade		'padi		под
'punte		'punti		мост
'parte		'parti		дел
'păne		'păni		леб
'kale		'kali		пат
'vale		'vali		река
a'mare		a'mari		море
mu'ľere		mu'ľeri		жена

И тука може да се види поместувањето на системот и доследното применување на правилото за редукција на неакцентираните вокали. Како што ќе се види при објаснувањето на определеноста кај овие именки, диференцијацијата меѓу неопределените наспрема определените се задржува и е јасна, иако овој говор се поместува во однос на другите аромански говори.

Тој процес влијае и врз морфологијата наметнувајќи се како облигаторен дури и во ситуации кога се нарушува односно променува граматичкиот показател. Но оваа хиерархизација за да не го наруши системот, предизвикала понатамошно негово поместување, така што сега може да се каже дека тој совршено функционира и не остава нерешени ситуации кои би можеле да предизвикаат проблеми во комуникацијата. Опишувајќи го ароманскиот говор од Крушево, Голомб (Голомб 1984) ја забележува тенденцијата за упростување на дифтонзите кај помладата генерација, а исто така и во ситуации кога дифтонгот доаѓа по палатали. На тој начин може многу јасно да се види како одредена јазична појава која во друг аромански говор сè уште е во доменот на прагматиката, во нашиов говор целосно се граматикализирала (Фридман 1997).

Во рамките на изразувањето на определеноста кај именките од женски род, се јавуваат најинтересни промени поради две

причини: поради редукцијата на **е** во і и поради упростувањето на дифтонзите. Сепак, и овие промени целосно се вклопуваат во системот и дистинкцијата определеност-неопределеност и овде јасно е запазена. Имено, во крушевскиот и во другите аромански говори, на именките од женски род што завршуваат на **-е** им се додава членската морфема **-а** и со тоа всушност на крајот на зборот се јавува дифтонгот **-еа** .

Така, опозицијата неопределеност - определеност кај овие именки во ароманскиот јазик е изразена на следниов начин (в. **I колона во табелата**).

Во ароманскиот охридски пак, како што спомнав погоре, опозицијата неопределеност - определеност е јасна и вклопена во системот, но поради погореспомнатите правила изгледа сосема поинаку:
(в. **II колона во табелата**)

Влијание на фонолошките промени врз морфологијата

арум. Крушево			арум. Охридски		
неопр.	опр.		Неопр.	опр.	
'kale	'kalea		'kali	'kale	пат
'vulpe	'vulpea		'vulpi	'vulpe	лисица
'punte	'puntea		'punti	'punte	мост
'minte	'mintea		'minti	'minte	памет, ум
pă'dure	pă'durea		pă'duri	pă'dure	шума
Mu'ľere	mu'ľerea		mu'ľeri	mu'ľere	**жена**

Од погорните и од овие примери може да се види дека формите кои во другите аромански говори означуваат определена форма од именките од женски род, во говорот на Фаршеротите означуваат неопределена форма. Оваа појава само ја докажува тезата дека во еден т.н. јазичен микросистем функционираат внатрешни правила кои имаат за примарна цел да ја олеснат комуникацијата меѓу самите носители на тој јазичен микросистем и кои покажуваат извесна самостојност во неговиот развој.

Падеж

Ароманскиот ги зачувал морфолошките падежи не само во рамките на заменките, туку и во рамките на именките со посебните падежни наставки. Тука пред сè мислам на падежните нас-

тавки за генитив-датив кои функционираат и во рамките на постулираниот стандард на ароманскиот (имајќи ја предвид ароманската граматика од Јанку Јанакиевски 1993), а и во ароманските говори (в. описот на Голомб за крушевскиот аромански 1984).

Но, ароманскиот охридски поседува скоро целосно аналитичка деклинација. Тоа значи дека падежните наставки за генитив-датив кај именките целосно отпаѓаат и падежните односи се реализираат аналитички, поточно како кај македонскиот. Во другите аромански говори (освен мегленороманскиот), оваа појава не е позната.

Имено, во ароманскиот, наставките за генитив - датив се следниве:

	еднина		множина
	м. род	ж.род	м. и ж. род
G-D.	-luj̯	-ľej̯	-lor
	a barbatluj̯	a fetiľej̯	a ominlor
	на мажот	*на девојката*	*на луѓето*

Во ароманскиот охридски овие наставки сосема отпаднале во машкиот род и во множината, додека кај дел од именките од женски род (што завршуваат на -ă) постои наставката -i која можеби претставува остаток од старата падежна наставка.

Истоа така, треба да се спомене дека секогаш во ароманскиот -генитивот/дативот се изразува покрај со падежните наставки и со предлогот **a** , (kasa a omluj̯ - куќата на човекот). Во овој говор и тука има извесна разлика. Имено тука се употребуваат две форми на предлогот: и тоа al за именките од машки род и ali за именките од женски род. Сметам дека овие форми потекнуваат од проклитичната членска морфема за генитив - датив која стои пред нечленувана именка (види Матилда Караџиу, 1968 стр. 92).

Со помош на следниве примери ќе се обидам поилустративно да ја прикажам ситуацијата во овој говор наспрема ароманскиот крушевски:

Примери:

аром. кр.	Aesta j̯aste kasa a fetiľej̯.
фарш.	Aista 'esti 'kasa ali feti.
мак.	Ова е куќата на девојката.
аром. кр.	Li z̦ăk a muľerej̯.
фарш.	Li zăk ali muľeri.

мак.	И велам на жената.
аром. кр.	Năs ja're 'multu harasit^{u} di mušuteaca a horăĺej.
фарш.	Năs a're 'multu hara'sit di mušuteca ali hori.
мак.	Тој беше многу радосен од убавината на селото.
аром. кр.	Va s-u-adukă hiĺisa a văsileluj.
фарш.	U s-u-adukă hiĺăsa al caru.
мак.	Ќе ја донесе ќерката на царот.
аром. кр.	Iĺ ʒăsiră a ominlor s-fugă.
фарш.	Iĺ ʒăsără al omăńĺă s-fugă.
мак.	Им рекоа на луѓето да си одат.

Од примерите се гледа дека во говорот на Фаршеротите сосема се изгубиле падежните наставки за генитив - датив и може да се каже дека овој говор поседува целосно аналитичка деклинација.

Уште една потврда дека процесот на губењето на падежните наставки во овој говор е длабоко навлезен во системот е и губењето на овие наставки кај показните заменки за посочување на блиски предмети, додека кај немаркираните показни заменки тие се уште се чуваат.

Примери:

U văʒuj kasa al aist om. (би се очекувало - a aistuluj om)

Ја видов куќата на овој човек.

L'i spuš ali aisti muĺeri. (а не - a aisteĺej)

И реков на оваа жена.

Но кај немаркираните показни заменки падежните наставки сè уште се чуваат.

U văʒuj kasa al aceluj om.

Ја видов куќата на тој човек.

L'i spuš ali ceĺej muĺeri.

И реков на таа жена.

Но исто така треба да спомнам и дека оваа појава не значи изолација на овој говор во пошироки рамки, т. е. во рамките на Балканскиот јазичен сојуз. Промените кои настанале под влијание на фонологијата навлегуваат и во доменот на морфологијата, но и остануваат во тие рамки.

Ако пак гледаме поглобално, имено во рамките на една балканска полилингвална средина, може да се каже дека во овој (а и во било кој друг словенски или несловенски) микроситем (говор) постојат две тенденции:

Првата - која ги засегнува пред сè односите меѓу фонолошкото и морфолошкото ниво - да се зацврсти внатре системот и да овозможи полесна и поедноставна комуникација меѓу носителите на тој микросистем, и

Втората - која навлегува подлабоко во структурата на јазикот и ја поврзува морфологијата со синтаксата во еден систем: морфосинтакса (на пример стремењето кон аналитичко изразување на падежните односи како што е случај во нашиов говор) - и која има цел да овозможи полесна комуникација меѓу носителите на различни микросистеми (и цели јазични системи) без оглед на различното потекло. Оваа тенденција, впрочем е сржта на Балканскиот јазичен сојуз.

Користена литература:

- **Weigand Gustav**, *Vlacho-Meglen*, Johann Ambrosius Barth, Leipzig **1891**.
- **Weigand Gustav**, *Die Aromunen* I, II, Leipzig **1895**.
- **Winnifrith T. J.**, *The Vlachs, The History of a Balkan People*, Duckworth, London **1987**.
- **Capidan Theodor**, *Aromânii, Dialectul aromân*, Axademia romanâ, Bucureşti **1932**.
- **Friedman A. Victor**, *Surprise! Surprise! Arumanian has had an Admirative!*, Indiana Slavic Studies, vol. 7, pp. 79-89, **1994**.
- **Friedman A. Victor**, *A newly discovered gramatical form in the Arumanian dialect of Beala de Sus*, The Newsletter of the Society Farsarotul, Volume X, Issue 2, Trumbull CT, **1996.**
- Gołąb **Zbigniew**, *Szkic dialektu Arumunów macedońskich*, Prace językoznawce-zeszyt 4, Kraków **1961**.
- **Gołąb Zbigniew**, *The Arumanian dialect of Krusevo in SRMacedonia SFRYugoslavia*, MANU, Skopje **1984**.
- **Ianachieschi-Vlahu Iancu**, *Gramatica armaneasca*, Crushuva **1993**.
- **Papahagi Tache** , *Dicionarul dialectului aroman*, Bucuresti **1974**.

♦ **Trifunoski Jovan**, *Die Arumunen in Mazedonien*, Balcanica II, Beograd **1971**.

♦ **Caragiu - Marioteanu Matilda**, *Fono-morfologie aromânâ*, Academia romanâ, Bucureşti **1968**.

♦ **Фридман А. Виктор**, *Диференцијација на македонскиот и бугарскиот јазик во балкански контекст,* Пристапни предавања на новите членови на МАНУ, МАНУ, Скопје **1997**.

♦ **Видоески Божидар**, *Охридско-струшките говори*, Прилози IX 1, МАНУ, Скопје **1984**.

♦ **Видоески Божидар**, *Македонските дијалекти во Албанија*, Литературен збор, год. XXXII, Скопје **1985**.

♦ **Видоески Божидар**, *Местото на охридскиот говор во западното наречје*, Предавања на XVII семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 3-24 VII 1984, Скопје **1985**.

♦ **Видоески Божидар**, *Меѓујазичниот контакт (на дијалектно рамниште) како фактор за дијалектна диференцијација на македонскиот јазик*, Реферати на македонските слависти за XI меѓународен славистички конгрес во Братислава, посебен отпечаток, Скопје **1993**.

♦ **Видоески Божидар,** *Дијалектите на македонскиот јазик*, Том I, МАНУ, **1998**:

♦ **Голомб Збигњев**, *За "механизмот" на словенско-романските односи на Балканскиот полуостров*, Македонски јазик, год.XXI, Скопје **1970**.

♦ **Тополињска Зузана**, *За прагматичната и семантичната мотивација на морфосинтаксички балканизми*, Прилози XVI, МАНУ, Скопје **1992**.

Marjan Markovik

On the simplification of the nominal inflectional system in the Aromanian Farsheroti dialect from the Ohrid – Struga region

(Summary)

Farsherots came to this region before some 150 years from the region of Muzekia in Albania. That is why their dialect shows certain Albanian properties (in the verbal system mainly). Some of these characteristics afterwards were activated in the innovative processes resulting the approximation of the Farsheroti dialect to the Macedonian dialect of the region. So is the case with the admirative mood that prof. V. Friedman has found in the Farsheroti dialect in the course of our common field research in 1992.

The developments in the nominal system of the Farsheroti dialect also show Macedonian influence.

At the phonological level two characteristic processes should be mentioned:

1) the monophtongization of diphthongs: featâ > fetâ, mul'erea > mul'eri, soare > sori

2) the reduction of the vocalic system in the unstressed syllables

At the morphonological level some alternations appeared in the plural noun forms as a result of spirantization of the former *i – ending:

n.sg.	frate,	lup,	baligâ,	vakâ
n.pl.	frac,	luk',	balâdz,	vac

Most interesting phenomena are to be seen at the morphological level were the genitive-dative case endings are lost – a situation untypical for the Aromanian dialects and known to the Meglenoromanian only.

The loss of the case endings is quite completed with the masculine nouns both in singular and in plural, while the feminine nouns which in singular end with –â show a modified ending –i (corresponding with –ljei in Romanian and in other Aromanian dialects). Also the preposition signaling the Genitive–Dative case relation varies depending on the grammatical gender: it is **al** with masculine and **ali** with feminine nouns.

Eg. 1.	Aromanian dialect of Krushevo:	ljâ spush a barbat**lui**
	Farsheroti dialect:	ljâ spush al barbatu
2.	Aromanian dialect of Krushevo:	kasa a fetâl**jei**
	Farsheroti dialect:	kasa ali feti

Thus, the Farsheroti dialect has an analytical declension, identical with the corresponding Macedonian pattern.

As can be seen, at the dialect level processes of interlingual interference are still active in some regions of the Balkan Peninsula.

Убавка Гајдова

Од проблематиката на условниот период во македонските дијалекти

Условниот период претставува специфичен спој од две меѓусебно зависни дел-реченици при што дел-реченицата што го поставува условот се нарекува протаза, а дел-реченицата што ја искажува последицата од реализацијата/нереализацијата на поставениот услов се нарекува аподоза. Взаемниот однос меѓу протазата и аподозата го определуваат карактерот, семантиката на одделниот условен период. Меѓусебната зависност на двете дел-реченици условниот период како целина го става надвор од рамките на фактивноста, а со тоа и глаголските конструкции што ги образуваат протазата и аподозата нужно излегуваат од рамките на индикативот.

Меѓу глаголските конструкции коишто се развиени во македонскиот јазик, а коишто пред сè можат да се определат како модални спаѓаат: кондиционалот realis/футурот (*ќе дојдам...*) кондиционалот irrealis/ futurum praeteriti (*ќе дојдев...*); субјунктивот (*да дојдам...*) / (*да дојдев...*); дубитативот (*сум дошол/одел*; *ќе сум дошол/одел*) како и формите на императивот (*дојди/оди*), прохибитивот (*не доаѓај/ не оди/ да не идеш/ немој да одиш*) како и формата на потенцијалот (*би дошол*).

Делумната изофункционалоност на модалните конструкции им го обезбедува местото на секоја од нив во градбата на условниот период. Меѓутоа специфичната семантика на одделните модални конструкции го нијансира значењето на условниот период како целина.

Непосредно врзано со изразувањето на модалноста во македонскиот јазик е и забележителното присуство на презентот од несвршени глаголи во рамките на аподозата, толкувано најчесто како израз на категоријата готовност. Со ова се отвора прашањето за навлегувањето на индикативните форми во сферата на модалноста.

Во изразувањето на модалноста во македонскиот јазик активно учествува и категоријата вид, имајќи ја предвид пред сѐ врзаната, несамостојна употреба на перфективниот презент. Имено, перфективниот презент се употребува во придружба со *ќе*, *да*, *ако*. Посебно треба да го спомнеме уште сврзникот *ако,* којшто се јавува како класичен знак за воведување на услов во македонскиот јазик.

Со оглед на фактот дека македонскиот глаголски систем во процесот на интерференција со соседните балкански несловенски јазици претрпел големи промени, особено во делот на модалноста, модалноста се отвора како едно од најинтересните полиња за истражување. Условниот период, кој како што рековме е спој на две нефактивни дел-реченици, дава увид во оформувањето на сликата на граматикализираноста на модалните категории како од функционален, така и од формален аспект во македонскиот јазичен систем. Така, ако модалноста е прва во хиерархијата на фактори што го определуваат условниот период, зависноста на степенот на веројатност е условена од соодветно употребените глаголски форми и конструкции во протазата и во аподозата. Искажувањето на модалноста преку перифрастични конструкции ги поставува условите тие во македонските говори да варираат формално и функционално. Ова пак значи дека, за да се добие комплетна слика на одделните условни периоди во македонските говори треба да се одговори поедринечно на прашањето кои модални конструкции и со каква семантика можат да се изделат во нивните глаголски системи.

Ќе-конструкциите како основни носители на нефактивноста во македонскиот јазик сами по себе се наметнуваат како појдовна точка во отворањето на темата - условен период. Во оваа прилика ќе се задржиме на *ќе + презент* кондиционалот/футурот, од формален и од функционлен аспект.

На македонската јазична територија во поглед на формализацијата на кондиционалот/футурот со *ќе* можат да се диференцираат во основа две групи. Едната го претставува типот *ќе дојдам,* изграден со директно присоединување на презентот (добиен со изедначување на формите на скратениот инфинитив кај глаголите од *а-* и *и*-група со 3 л. едн. со партикулата *ќе* < *χътěti (Конески 1996:203). Овој тип е карактеристичен за поголемиот дел од македонската јазична територија со исклучок на крајниот западен, југозападен и делумно за југоисточниот дел на македонскиот дијалектен комплекс.

На дел од територијата каде што се среќава основниот тип *ќе дојдам* се забележува и напоредна употреба на конструкции во коишто партикулата *ќе* се поврзува со разложениот инфинитив во тип на субјунктив (*да дојде*), односно конструкцијата *ќе да дојде.* Овој тип конструкции се забележуваат во крајниот југоисточен дел на македонската јазична територија (евидентирани се во збирката на Верковиќ, сп.: *Бр'ате, от тив'ојта кл'евета и мизавирлак, шо ки ч'иниш на м'еника, не ми е стр'ах на м'ени. Господ, што ми ги дад'е, п'ак он ке да ми ч'ува от твојта кл'евета* (16); *С'ега да си варна на татку ми, он, знам харну, как ке да ми пита, шо ги чиних парите* (33), траги од неа се констатирани во Еницевардарско, централно позиционирано во јужната македонска јазична територија (Гајдова 2002:117), а ги има и во поречко-кичевскиот говор (Конески 1996:203), значи во северозападниот дел од централните македонски говори. Како што забележува Конески (1996:203), овие конструкции се чести во јазикот на Јоаким Крчоски и Кирил Пејчиновиќ. Ова укажува на фактот дека во минатото типот *ќе да дојде* претставувал една пошироко застапена конструкција во македонските говори. Историски гледано, ваквите конструкции се почести во периодот кога сè уште било свежо чувството на лексичкото значење на *χътěti. На оваа констатација се надоврзуваат и конструкциите во коишто сè уште се чува скратена но променлива форма на *χътěti, коишто се забележуваат на две јазични периферии, југоисточната, засведочени повторно кај Верковиќ (*Дурде не видам прет меника да падни некој, не кем да верувам* (38); *... и така ке да имаш голема*

сила, којто не кеш да пашиш ништу (48), и на север, каде што според Картотеката на МДА во с. Шопско Рударе на пограничјето меѓу кумановскиот и кратовскиот говор покрај *ќе раб'оту, ќе раб'отиш,* се забележени и следните примери: *Ја ќу да работу с'ага; М'ије ќемо да 'идемо на паз'ар у Куманово, не с'ага, ј'утре.* Во првиот случај се работи за остатоци од постарата фаза за македонскиот јазик, во којашто сè уште се чува менливата форма на помошниот глагол *χъtěti, а вториот случај пружа паралела со српскиот јазик истовремено зборувајќи за степенот на волунтативност вграден во конструкциите образувани на овој начин; односно колку повеќе е присутно чувството на волунтативност толку повеќе е потребно присуството на *да*-конструкциите.

Во дел од периферните западни говори (дебарски, дримколско-голобрдски, струшки), како и во Корчанско и Костурско, на крајниот југозапад којшто се карактеризира со интерференција меѓу балканските јазици од највисок степен, како и во лагадинската, југоисточна јазична периферија се забележуваат амалгамирани партикули од *ќе + да* коишто на запад гласат *ќа*, на југозапад – *жа/за* и *за* на југоисток (*ита; ита/иа*).

Според прикажаната ситуација, од аспект на формализацијата на *ќе + презент* конструкциите ќе се осврнеме и на нивната семантика.

Најопшто може да се каже дека *ќе + презент* конструкциите во македонскиот јазик означуваат настан што се очекува да следи по моментот на зборување или некој друг момент на временската оска. Реализацијата на настанот е сосема неизвесна и не е зависна од или само од волјата на говорителот. Кај овие конструкции се чувствува најголем степен на десемантизација на волунтативноста вградена во партикулта *ќе*. Придружени со презентска парадигма овие конструкции означуваат дејства кои и покрај неизвесноста во поглед на реализацијата имаат отворена перспектива. Ваквата семантика одговара како на семантиката на реалниот кондиционал, така и на нивната темпорална определба како футур.

Во говорите каде што покрај *ќе + презент* се употребува и конструкцијата *ќе да + презент* се констатира дека последната означува поголема сигурност, увереност на говорителот во

извршувањето на настанот што го означуваат (сп.: Тополињска 1995:226-227). Ваквата констатација наведува на заклучокот дека во овие говори сè уште јасно се чувствува волунтативниот карактер на *χъtĕti претставен преку партикулата *ќе*. Поради тоа неопходно е надополнување со комплетна субјунктивна парадигма *да + презент*. Во овој случај значи се работи за зависност на субјунктивот од една модална партикула, значи конструкција во основа многу блиска до конструкциите образувани со модален глагол + субјунктив (*сакам да одам*), конструкции коишто во сферата на модалноста ѝ припаѓаат на деонтичката модалност. Оттука и поголемиот степен на субјективност, а со тоа и категоричност на *ќе да + презент* конструкциите во однос на оние во кои партикулата *ќе* се врзува директно со презентската парадигма. Во последниот тип конструкции е постигнат највисок степен на ослободување на партикулата *ќе* од некогашното лексичко значење на модалниот глагол *χъtĕti. Кон веќе приведените примери во коишто напоредно се употребуваат двете конструкции со наведената семантичка варијација, за илустрација ќе го додадеме и следниот пример: *Најнапред имам един арапин; да гу извадија да си борити и, л'у аку можиш да гу наборши, да ти га дам момата! ... кој ки излези појунак, да-дојди понапрет, ки му дадам момата ... Етту една фурна ги гагор'а три дни, та ки влезити нетри, и аку можити да трпити, ке да ви га дам момата* (В, 45-46).

Веќе од наведениот пример се забележува дека за искажување на решеноста на говорителот да го изврши посоченото дејство доволна е употребата само на субјунктивот (*да ти га дам момата*). Примерите од овој тип ја отсликуваат самостојната употреба на субјунктивот, којашто колку и да е формално независна исклучително е зависна од субјективниот став на говорителот, којшто во конкретната ситуација може да биде определен како желба, волја на говорителот којашто може или мора да биде спроведена. Оттука и бројните примери на самостојно употребен субјунктив токму како оптатив за изразување на желба или можност, императив, хортатив, со негација и прохибитив, сп.: *Пăрвăта рăч'ела: Е, д'ej ж'ива и-здр'ава, дă-пур'асне гул'ема, 'убуф кăсм'ет дă-'има*! (П/Д, 151); *Тука дă-с'едиш, дă-п'укниш!* (Д, 121); *Стани, му-р'екăл, а ти лет дă-м'есиш* (Д,113), или во условен

период: ... *зашто, аку ф'аштиш, с'инку, сос пи'ансфо и сос калп'ем и сос лошот'ии, да знаеш отии ки гу из"адиш им'анитту* (В, 7). Иако споменатите типови семантика не му се туѓи на *ќе + презент* кондиционалот, сепак најголемо доближување на неговата основна функција и функцијата на *да + презент* субјунктивот се постигнува во т. н. futurum II категоричен којшто Голомб (1961/62: 169-170) го регистрира во лагадинските говори, сп.: ... *да ми дад"еш идн'о 'оку да шака да шти гу к'овам к'он'у.* Сепак и за овој тип футур Голомб вели дека означува решена желба на зборувачот да го изврши изјавеното дејство, а води потекло од оптативот од типот: *да дојдам.* Меѓу другото Голомб посебно ја нагласува зависноста на овој специфичен тип футур од лицето, односно тој пред сè се употребува во 1 л. Ова директно упатува на констатацијата дека семантиката на самостојно употребениот субјунктив е зависна и од лицето во кое е употребена.

Во лагадинските говори футурот *да дојдам* формално и функционално варира со основната конструкција *за + презент* во којашто партикулата *за* содржи амалгамирано *ќе + да.* За разлика од погоре посочените примери, во лагадинските говори нема опозиции: *ќе дојдам / ќе да дојдам, да дојдам,* туку само *за дојдам / да дојдам.*

Во основа блиската семантика на кондиционалот praesentis и субјунктивот praesentis им го обезбедува местото во аподозата на реалниот условен период, којшто функционира според своевидно consecutio temporum, означувајќи дејство зависно од некое друго дејство коешто темпорално му претходи. Како што покажуваат примерите *ќе + презент* конструкциите се карактеризираат со помала модална маркираност и токму затоа тие се јавуваат како основни носители на епистемичната модалност, а со тоа и на аподозата на реалниот условен период. Реализацијата на дејството што го означуваат зависи единствено од реализацијата на посочениот услов, за разлика од конструкциите на субјунктивот којшто е зависен и од надграденниот модален предикат, во независна употреба, ситуационо, контекстуално, интонациски определен од субјективниот став на говорителот.

Битна функционална разлика меѓу кондиционалот praesentis и субјунктивот praesentis е тоа што кондиционалот praesentis

може да се најде само во аподозата на условниот период. Наспроти оваа ситуација на субјунктивот praesentis сосема му одговара и позицијата во протазата на условниот период наместо класичното *ако* + *презент*. Семантиката е иста како и во случајот на субјунктив во аподозата (оптатив, императив, хортатив). Впрочем, морфолошкиот императив често може да се сретне како образувач на протазата: *Е, 'арно лис'ице, д'ај-ти адн'о лис'иче, ќити д'ам адн'о ј'агне* (П/К,228). Со субјунктив во протазата ќе ги наведеме следните примери: *Та: м'ома ва: в'ечер да: з'емум, н'ишчо не-с'акум* (П/Д,151); *Дă-р'одăм инă-ч'уша, б'ела куту сн'ек и цăрв'ена куту к'ăрф - н'ека 'умрăм* (Д,144); *Е, в'еле, ц'арице, уф н'ашио кăвăц'и:, 'има 'едно д'ете, ... дă-гу в'ијш, уф-ч'аша до:-ист'ијш* (П/Д, 145); *Нези на котри ни можи да млеј воденицата, да угреет един казан вода и да ја изситат по каменето: и д'авола шта попарет и воденицата шта замл'е* (В, 281). Во посочените примери субјунктивот praesentis со оптативна или императивна семантика јасно ја образува протазата на реалниот условен период. Презентот од перфективни глаголи укажува дека се работи за реален условен период за идност. Во основа истиот модел на условен период, во примерот што ќе го посочам со субјунктив praesentis во протазата и аподозата, може да се искаже и контрафактивен условен период, којшто со оглед на волшебниот карактер на приказните е сепак остварлив, сп.: *Т'ес гвалица да ст'анат с' е офци да двам на ш'ичкајут инсван мл'ваку!* (М,80).

Она што е посебно интересно е дека вакви модели на реалниот условен период во одделни ситуации може да бидат определени како ирреални, сп.: *Она д-'ај ти'ука к'и ти-расир'аве сè, ама ф-Буг'арја ај!; Да сум таму ќе ти раск'ажам сè, ама!* Ирреалниот карактер на посочените условни периоди го определува адверсативната релација воведена со *ама*, којашто ја негира фактивноста на целиот условен период. Ваквите примери, од една страна, укажуваат и на улогата на аспектот во определувањето на типот на условот, имено имперфективниот аспект може да укажува на услов којшто темпорално може да се определи како сегашност. Од друга страна, со субјунктивот-оптативот во протазата се искажува желба на говорителот

којашто семантички може да варира како неувереност на говорителот дека посочениот услов може да се исполни, сп.: *Да зн'ајa туз'и чул"ак т'ам д'ету лажи, чи-'имa закуп'ану г'рн'a сас пар'и, тa-дa-гу-искуп'ајa* (БВ/П, 76) до убеденост дека во моментот на говорење условот не е исполнет, како што е случај со претходно наведените примери. Кога говорителот инсистира на неисполнетоста на желбата во конкретната ситуација, јасно е дека не се исполнува и наведената последица. Погоре наведените примери ја покажуваат диференцијацијата помеѓу протазата образувана од субјунктивот praesentis – *да + имперфективен презент* и соодветно протазата од *ако + имперфективен презент*. Последната може да покажува најмногу несигурност на говорителот дали во моментот на зборување може да биде исполнет условот, сп.: *аку зн'ајат да д'оат да в"енат ут т'ос кл'ајнăц ут кал'о мр'ăва да да нам'ажат четирт"ăх к'ушанта на к'уп'рјатта* ... (М, 24). Зборувајќи за условните периоди во македонскиот јазик, Голомб (1964:135) како протаза на можниот условен период ја посочува токму последната од типот: *ако + имперфективен презент*.

Посочениот карактер на протазата образувана од субјунктив praesentis од имперфективни глаголи ѝ го овозможува местото во ирреалниот условен период за сегашност за којшто во стандардниот јазик може да се определи и посебен модел од типот: *Да знам, ќе ти кажев*, значи со кондиционал praeteriti во аподозата.

Воопшто за субјунктивот praesentis е забележително дека семантички варира од категоричност, потполна убеденост на говорителот во реализацијата на посоченото дејство, несигурност, неувереност на говорителт, до негирање на фактивноста на посоченото дејство. Конкретната семантика зависи од лицето во кое е употребен, од аспектот, од контекстот или ситуацијата и во овие рамки од неговиот распоред во условниот период. Сите тие фактори треба да се имаат предвид при определувањето на типот на условниот период имајќи предвид дека еден ист модел во различни ситуации може да носи и различни семантички импликации.

Литература

Видоески, Б. *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско,* Прилози на МАНУ XVII, стр. 5-89, Скопје 1992;

Гајдова, У. *Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори*, Скопје 2002;

Голомб, З. *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик XI-XII, стр. 113-82, Скопје 1961/62;

Конески, Б. *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1996;

Пеев, К. *Кукушкиот говор кн.* II, Скопје 1988;

Пеев, К. *Дојранскиот говор*, Македонистика 2, Скопје 1979;

Тополињска, З. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија кн.1; Синтакса* I, Скопје 1995.

Gołąb, Z. *Conditionalis typu balkańskiego w językach południowosłowiańskich*, Kraków 1964;

Lavrov, P. A.; Polívka, J. *Lidové povídky jihomakedoské z rukopisů St. Verkovičových*, Praha 1932;

Maełcki, M. *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I: Teksty,* Kraków 1934.

Ubavka Gajdova

Analyzing the Macedonian Conditional Period

(Summary)

The subject of this paper is the semantics of individual constructions that can be built into a real conditional period, namely constructions of the conditional praesentis and the subjunctive praesentis, according to the places they can take in the parts of the conditional, protasis and apodosis. The analysis is based on examples from the South Eastern Macedonian dialects.

Веселинка Лаброска

Од глаголскиот систем во кичевскиот говор (аористот и категоријата вид)

Една од главните особености на словенските јазици е постоењето на категоријата вид кај глаголите. И покрај тоа што околу дефинирањето на оваа категорија има бројни несогласувања, заедничко е мислењето на повеќе лингвисти и научници дека во словенските јазици постојат, генерално гледано, два вида: свршен вид (aspectus perfectivus) и несвршен вид (aspectus imperfectivus) (Симеон: 715-718).

Притоа не може да се каже кој од овие два вида е основен или појдовен зашто „членовите на категоријата вид остануваат во контраст создаден од две (или повеќе?) привативни опозиции чија хиерархија не секогаш може да се утврди, а се менува зависно од поширокиот семантички контекст“ (Тополињска 1995: 176).

Со категоријата вид се граматикализира информацијата за временската организација на глаголското дејство независно од неговиот однос со апсолутната временска оска (Тополињска 1995: 176). Притоа свршениот вид го одразува временскиот редослед на настаните, а пак несвршениот го одразува течењето на времето додека настаните „мируваат“, односно се во процес, во нивното одвивање. Значи словенските јазици со поседување на оваа глаголска категорија се способни да ја изразат таа внатрешна временска организација на глаголското дејство надвор од категоријата време, на лексички план, со постоење на пар од глаголи за секое дејство, при што едниот член претставува глагол од свршен вид, а другиот член глагол од несвршен вид. Ваквите видски парови во словенските јазици се најчесто глаголи изведени од иста основа со помош на префикси, суфикси, со помош на алтернации на вокалот или консонантот на основата и сл.

Примери: српски и хрватски *umoriti/umarati*, полски *spostrzec/spostrzegać*, македонски *роди/раѓа, врати/враќа* и др.

И додека јазиците што не ја познаваат категоријата вид, (на пример романските јазици) завршеноста/незавршеноста на глаголското дејство ја изразуваат во рамките на категоријата време или во самото лексичко значење на коренот на глаголот, во словенските јазици можноста за изразување на видската разлика на лексичко рамниште овозможува во рамките на глаголските времиња да се комбинираат видот на глаголот и значењето на дадено време, па да се изразат посуптилни нијанси во временската организација на настаните. Постои само една семантичка блокада мотивирана со природата на видската опозиција; глаголите од свршен вид не можат да изразуваат актуелизирана сегашност. Другите комбинации се отворени и можни, но зависи која комбинација е присутна или отсутна во даден јазичен систем. (Тополињска 1995: 178).

Овој поопширен вовед беше нужен од причина што темата на овој реферат е аористот чиешто основно значење е завршеност, заокруженост на глаголското дејство. Токму затоа, најлогично е ова време да се образува од глаголи свршени по вид коишто пак, токму тука можат да го изразат своето вистинско значење на измена, завршеност. Меѓутоа и во старословенскиот и во современите словенски јазици кои го зачувале аористот, ова време може да се образува и од несвршени глаголи. Какво е значењето што го изразуваат овие форми? За другите словенски јазици има доста пишувано на оваа тема. За аористот од несвршени глаголи во македонскиот јазик пишувал Блаже Конески во *Граматиката на македонскиот литературен јазик.* За состојбата пак, во дијалектите има пишувано нашиот драг и ценет професор Божидар Видоески којшто е основоположник на македонската дијалектологија и во чијшто спомен денес сме собрани тука, ние неговите студенти, потоа неговите пријатели и почитувачи неговото огромно дело, втемелено во македонската лингвистика. Имајќи ги како основа заклучоците и согледувањата на проф. Видоески за состојбата во македонските дијалекти, во овој прилог ќе се осврнеме на значењата на аористот од несвршени глаголи во

еден говор од западното дијалектно наречје којшто го зачувал ваквиот аорист.

Примерите што ќе ги анализираме се од кичевскиот говор. Кичевскиот говор заедно со поречкиот говор ја прави кичевско-поречката група говори којашто е распоредена по долината на реката Треска и нејзините притоки од извориштето, па до влезот на клисурата северно од с. Здуње (Видоески 1998: 194). Од соседните говори оваа група е одделена со високи планински венци и се развивала релативно самостојно, без поголеми влијанија од соседните балкански јазици.

Еден од повеќето архаизми, зачувани во овие говори е образувањето на аорист од имперфективни глаголи. При теренското испитување на професорот Видоески во Кичевско во педесетите години на дваесеттиот век тој го констатира следново: „Кај глаголските облици особено паѓа в очи честата употреба на минатото определено време. Тоа иде оттаму што овој облик може да се образува од секој глагол - и од свршен и од несвршен. Порано видовме дека дури и помошниот глагол 'сум' има посебен облик за аорист[1]. Имперфективен аорист познаваат и другите централни говори, а се среќава и во литературниот стил. Меѓутоа во кичевскиот (па и во поречкиот) говор тој е особено раширен. Сп.: 1) *Две недели му и пасоф офците, после ме набрка.* Орл. 2) *Учи коца време и за пот изучи.* Иж. 3) *Отка јадофне кај Димета в уста трошка нема (ја) клаено.* ЈД. 4) *Неколку пати идоф дома, те немаше.* 5) *Им тлкоф на децана малу лук.* 6) *Кај беше фчера? И стригоф офците.* Рус. 7) *Денот тритати месиф лет, толку аргати имаше.* 8) *Али пеја, жити тебе? Пејаф бре, зашто да не пеја, свадба је, пејаф, играф и сфириф на гајда.* Ор. " (Видоески 1957: 78). Овде ќе наведеме и други примери собрани на терен во 2001 година: 9) *Мајка-е гр'ебе, гр'ебе, п'ште, п'ште, та: еднапл'ава 'уба: ж'ена б'еше м'јка-е, јок!* 10) *Мама с'обра к'омина одр'акија, е-ст'опли, 'е-т'опле ц'ел-ден н'адвор, со-д'рва, е-т'опле ком'ината и-т'ури в-едно-б'уре 'олко:, б'урето, б'уре од-р'акија, иво-вр'ела к'омина е-кл'аде Цв'ета.* 11) *Испов'едај-ме, р'ече, му-*

[1] Се работи за стара разлика во глаголските основи од глаголот *сум:* bë-/(j)e(s)- наспроти bǫd-/ bi-; второво претставува аористна основа.

ѓр'ешиф на-м'аш-ми. 12) *-К'ај -беше д'осеѓа? -Го-м'ешоф дв'орош.* 13) *Б'иф д'енеска ф-с'ело со-ш'ешина.*

Од посочениве примери како и од пошироката анализа на текстовите со коишто раполагаме од кичевскиот говор, можат да се констатираат неколку работи. Главно, со аористот од имперфективни глаголи се искажува дејство што е завршено, но се вршело во подолг временски период. На тоа укажуваат и временските определби во погорните примери: *две недели, коца време, неколку пати, три пати, цел ден*. Временските ограничувања од овој тип кои ја даваат должината на траење на дејството се карактеристични токму за аористот (Вуковиќ 1961: 33-34). Уште појасно се потенцира должината на дејството со повторување на формата на имперфективниот глагол, нешто на коешто укажува и Б. Конески во објаснувањето на овие форми во литературниот јазик (Б.Конески 1954: 163). Појавата на редупликација на глаголските форми е доста распространета во балканските системи и претставува синтаксичко клише со иконски карактер (Тополињска 1995: 185). Примери од овој тип се карактеристични и за бугарскиот јазик (*Той ѓлед'а, ѓлед'а, докато му се замъгли погледът...* Граматика 1993: 317). Ваквите примери со редупликација денес се најфреквентни во кичевскиот говор, а според наше мислење само примерите од овој тип се сочувани во употреба во стандардниот јазик, зашто другите употреби на имперфективен аорист не се сретнуваат во стандардот. Меѓутоа, освен употребата на имперфективниот аорист за изразување на должина на извршеното дејство, во кичевскиот говор сретнуваме и примери од поинаков тип. Во примерите под број 5), 6), 11), 12) и 13) со имперфективната аористна форма се кажува само дека дејството е вршено и завршено во минатото. Притоа со имперфективниот глагол се именува дејството што се вршело во минатото, а со аористот се укажува дека тоа дејство е завршено. Прашањето дали овде имаме целосна опфатеност на дејството, односно негова исцрпеност, зависи делумно од лексиката на глаголот, а делумно од контекстот. Наше мислење е дека во последните три примера се работи за целосно опфатено дејство. Сега се поставува прашање зошто се избрани несвршени глаголи? Одговорот е следниов: имперфективниот аорист „покажува трајно дејство што се

свршило (не извршило) во одреден момент во минатото. Тука нема никакво совпаѓање со имперфектната форма, која покажува дека дејството трајно се наоѓало во процес во времето за кое говориме. Со него се истакнува незавршеноста, неограниченоста на глаголското дејство, додека во имперфективниот аорист се нагласува неговата свршеност." (Видоески 1962: 229). Денес во стандардниот македонски јазик горните примери би гласеле вака: 14)...*му грешеф на маж ми*, или 15) *Јас метев*, со имперфект, наместо аорист. Притоа во овие примери од имперфектната форма не добиваме информација за тоа дали е свршено, односно престанало да се одвива дејството изразено со глаголот. Со аористната форма пак, употребена во кичевскиот говор, ја добиваме и таа дополнителна информација. Слична е ситуацијата и во искази со кои се искажуваат серии напоредни (симултани) дејства за што денес во стандардниот македонски јазик ќе се употребат форми на имперфект (или на praesens historicum од несвршени глаголи): 16) *Јас пеев, играф и сфиреф*, а во кичевскиот говор ќе се употребат аористни форми од несвршени глаголи: (како што е во примерот 8)...*пејаф, играф*

употреби се доказ дека во кичевскиот говор аористот доследно ги чува сите нијанси на темпоралните значења. Маслов зборувајќи за свршениот и несвршениот аорист во бугарскиот јазик укажува дека „несвршениот аорист, означувајќи продолжено дејство а) се разликува од имперфектот со 'непроцесуалност', оддалечување од самиот тек на дејството и во таа смисла со 'фактичност' и истовремено б) се разликува од свршениот аорист со помалку конкретност, со поголема општост или подобро кажано со неопределениот карактер на укажување на означениот факт. Јасно е дека во пракса овие нијанси не секогаш се видливи и затоа двете несвршени форми, а во определени рамки и двете форми на аорист можат да се заменуваат" (Маслов 1984: 160). Се работи значи за нијанси во значењата што во зависност и од лексичкото значење на глаголот некаде можат да се почувствуваат, а некаде не можат, па затоа некаде формите на несвршен аорист се лесно заменливи со формите на имперфект или со формите на свршен аорист. Сп. ...*му-гр'ениф на-м'аи-ми.* : ...*му грешев на маж ми.* :

...му згрешив на маж ми; Го-м'етоф дв'орот. : *Го метев дворот.* : *Го смет̄ов дворот;*

Кичевскиот говор развивајќи се прилично изолирано од соседните говори зачувал една постара состојба на јазикот во врска со простите минати времиња. Таа состојба можеме вака да ја опишеме: аористот е просто минато време чија основна функција е да означи завршеност на глаголското дејство во одреден момент од минатото и служи за директно кажување, а не за прекажување (Гајдова 2002: 76). Аористот се употребува и од свршени и од несвршени глаголи така што со аористните форми се покрива едно пошироко поле на изразување на минати дејства, дејства кај кои логично се подразбира дека имаат почеток и крај и се одвивале до еден определен момент во минатото. Дури и глаголот *сум* има посебни форми за аорист *биф, би, би, бифме, бифте, б(и)ја* кои се употребуваат во контексти што подразбираат дека дејството е завршено (в. пример 13). Од ова може да се заклучи дека видската разлика на глаголите не пречи на вистинското значење на аористот. Аористната форма си го чува своето темпорално значење без разлика дали е глаголот од свршен или од несвршен вид (Белиќ 1925: 176). Имперфектот пак се употребува главно за изразување на минато дејство кое се зема во неговото траење, дејство во процес, во тек, без сигнал за крај или во врзани искази кога со имперфектот се опишува ситуацијата односно околностите во кои се случуваат други дејства искажани со друго време, најчесто аорист. Примери: *Кр'уша б'еше т̄'ија. 'Есенска кр'уша. П'ḷна, п'ḷна. И-ј'а се-к'ачиф, р'екоф: Б'убе с'ега ја со-мр'ежи. Мр'ежи 'имаше п'орано, пл'етени, да-не-се-'оштетат, зн'ајш, п'осле не-стоот ов'ошките.* И аористот и имперфектот во кичевскиот говор како што е впрочем и во стандардниот јазик, се употребуваат само за доживеано, засведочено дејство, за разлика од состојбата во некои југозападни говори каде што со овие времиња се предаваат и засведочени и незасведочени дејства, но овој проблем излегува од рамките на нашиот интерес во овој реферат.

Кичевскиот говор, иако географски припаѓа на западното дијалектно наречје, отскокнува од околните западни говори во чувањето на видската опозиција и кај аористот, поархаична

состојба што ја сретнуваме во источните македонски говори, во бугарскиот, делумно во српскиот и во хрватскиот јазик, и колку што располагаме со податоци, делумно и во лужичкиот јазик. Во останатите западни македонски говори како што е и во стандардниот јазик денес под влијание на соседните несловенски јазици (коишто ја немаат „словенската" (лексикализирана) видска опозиција) дошло до реструктурализација на глаголскиот систем (Тополињска 1995: 182). Така и се оформило минатото определено време кое ги опфаќа и аористната и имперфектната парадигма при што видот се врзал за определена временска парадигма, свршениот вид за аористната, а несвршениот за имперфектната (во основното темпорално значење; кај изразувањето на модалните значења ситуацијата е поинаква, таму имаме употреба на имперфектни форми од свршени глаголи). Ваквата состојба во стандардниот јазик неминовно води кон упростување на глаголскиот систем и врзување на видот за одделни временски парадигми. Констатацијата на Белиќ „аорист са глаголским видом нема никаква посла" (Белиќ 1925: 179), за македонскиот стандарден јазик не е веќе валидна. Денес во учебниците по граматика на стандардниот македонски јазик минатото определено свршено време (аорист) се сврзува за свршениот вид, а минатото определено несвршено време (имперфект) се врзува за несвршениот вид кај глаголите.

За жал, мораме да констатираме дека ситуацијата што ја изложивме во поглед на аористот во кичевскиот говор, не важи за помладите генерации говорители. Помладите говорители изложени на интензивно влијание на стандардот и масовните комуникациски средства сè помалку го употребуваат имперфективниот аорист и тоа само во онаа функција на продолжителност, со редупликација на глаголот која е карактеристична и за стандардниот јазичен израз.

На крајот ќе кажеме како заклучок дека стариот словенски систем на простите претеритални времиња се губи, а губењето се одвива на различни начини во различните словенски јазици: во македонскиот јазик со реструктурализација, а во српскиот и хрватскиот јазик со постепено исчезнување од употреба на аористот и имперфектот и наложување на перфектот како уни-

верзално минато време. Можеби уште во бугарскиот и во лужичкиот јазик, судејќи според граматиките, се чуваат значењата на простите минати времиња, но во недостаток на свеж теренски материјал не можеме да донесеме поконкретен заклучок. Од сето досега кажано, може да се заклучи дека аористот со сите нијанси на темпорална употреба што погоре ги опишавме, се употребува на сè помала и помала словенска јазична територија.

БИБЛИОГРАФИЈА

Белић 1925: Александар Белић, „Аорист имперфективних глагола“, *Јужнословенски филолог V,* Београд, 1925, 171-182.

Видоески 1950: Божидар Видоески, *Поречкиот говор,* Скопје, 1950.

Видоески 1957: Божидар Видоески „Кичевскиот говор“, *МЈ,* Скопје, 1957.

Видоески 1961: Божидар Видоески, *Кумановскиот говор,* Скопје, 1961.

Видоески 1998: Божидар Видоески, „Централните говори“, *Дијалектите на македонскиот јазик, том 1,* МАНУ, Скопје, 1998, 189-212.

Гајдова 2002: Убавка Гајдова, *Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори,* Скопје, 2002.

Граматика 1993, *Граматика на съвременния български книжовен език,* София, 1993.

Б. Конески 1954, Блаже Конески, *Граматика на македонскиот литературен јазик, дел II,* Скопје, 1954.

Маслов 1984, Юрий Сергеевич Маслов, *Очерки по аспектологии,* Ленинград, 1984.

Станков 1966: Валентин Станков, *Имперфектът в съвременния български книжовен език,* София, 1966.

Тополињска 1995, Зузана Тополињска, *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Синтакса, I дел,* Скопје, 1995.

Simeon 1969, Rikard Simeon, *Enciklopedijski rječnik lingvističkih naziva,* Zagreb, 1969.

Vuković 1961: Jovan Vuković, "Povodom najnovijih radova i interpretacija posvećenih imperfektu i aoristu", *Radovi XVIII, Odjeljenje istorijsko-filoloških nauka, knjiga 6,* Sarajevo, 1961, 19-50.

Veselinka Labroska

On the Verbal System of the Kichevo Dialect (The Aorist and the Category of Aspect)

(Summary)

The subject of this article are the problems of the category of aspect, on one hand, and the meaning of the aorist, on the other. Among the systems that preserve older stages are some Macedonian dialects (notably the Kichevo dialect, one of the more archaic Western dialects), Bulgarian, partly Serbian, Croatian, and Sorbian, where the aorist is still derived both from perfective and imperfective verbs. Even though the basic function of the aorist is to present the completedness of events at a specific moment in the past, the imperfective verbs are included in the meaning of the aorist by virtue of the fact that they present durative events that have been completed at a specific moment in the past. With the use of the imperfective aorist, the non-progressiveness of the event is emphasized, and its generality, i.e. the unspecified manner of presenting the fact. In contemporary standard Macedonian, influenced by the neighboring Balkan languages, the verbal system has been reconstructed. A past indefinite tense has been formed that covers both the aorist and the imperfective paradigm, and the perfective aspect is connected with the aorist and the imperfective aspect with the imperfect paradigm. On the level of the standard language, the imperfective aorist has been lost. The Kichevo dialect has archaic examples of the use of the imperfective aorist and has interesting material that can trace the development of the Macedonian verbal system.

Дејан Геговски

Околу комплементарните дел-реченици во говорите во Разлошко

0. Аргументските изрази за кои отвора синтаксички позиции еден предикатски израз можат да земаат облик или на именски синтагми или на реченични конструкции. Предикатскиот израз што отвора позиции исклучиво за именски синтагми оформува предикат од прв ред, сп.: *чита (некој нешто), дава (некој некому нешто)*. Предикатскиот израз што отвора позиции и за реченични конструкции оформува предикат од повисок ред (т.е. од втор и од трет ред), сп.: *мисли (некој дека...), сака (некој да...), предизвикува (некој настан некој друг настан), бидејќи, ако, откога* (предикатите од третиот ред ретко се оформуваат како глаголи, почесто како сврзници).

Предмет на анализа во овој труд се реченичните конструкции во функција на аргументски изрази зависни од глаголски предикати, т.е. таканаречените комплементарни реченици. Опишувајќи ги во говорите во Разлошко, ќе се задржиме главно на механизмите на акомодација на реченичните аргументи кон глаголскиот предикат во надредената реченична конструкција. Наша задача ќе биде да се покаже до кој степен предикатот од надредената речнична конструкција ја контролира морфосинтаксичката форма на целата конструкција. Со други зборови, ќе се занимаваме со: сврзничките оператори што ги воведуваат реченициите-аргументи; и со категоријалната зависност меѓу надредениот и подредениот глаголски предикат.

Како што веќе реков, целите предикатско-аргументски структури се појавуваат како аргументи на таканаречените предикати од втор ред. Тие го одразуваат самиот процес на восприемањето и/или на толкувањето на светот од страна на човекот, го одразуваат нашиот внатрешен свет, интелектуалните, емотивните и

волитивните процеси. Првиот аргумент кај предикатите од овој тип обично е човек – носител на состојбата, а вториот – пропозиција, ситуација предизвикана од таа состојба. На површината на текстот – во првиот случај имаме именска група, а во вториот - реченична конструкција или нејзина трансформа. Карактеристична семантичка особина на предикатите од втор ред е нивниот однос кон основните онтолошки и епистемолошки категории факт ~ нефакт и вистина ~ невистина. Тие претставуваат релации карактеристични за внатрешниот свет на човекот и како такви не се подложни на оцена во термините вистина – невистина. На своите пропозиционални аргументи им налагаат ограничување факт или не-факт, што наоѓа одраз на површината на текстот, во начините на акомодација на комплементарните дел-речници. Според тоа, првиот чекор при класификацијата на комплементарните реченици би бил изделувањето на фактивните од не-фактивните дел-реченици, односно изделувањето на предикатите кои имплицираат нефактивни пропозиционални аргументи, од оние кои имплицираат фактивни пропозиционални аргументи.

1. Основен показател на нефактивниот карактер на пропозиционалните аргументи е *да*-конструкцијата, т.е. субјунктивот со формантот *да*. *Да*-конструкциите се јавуваат како аргументи на надредени глаголски предикати од повеќе семантички полиња. На карактеристиките на да-конструкциите ќе се навратиме подолу.

2. Прегледот ќе го започнеме со еден тип конструкции кои се доста чести и кои имаат доста специфичен карактер. Се работи за две предикации од кои едната го именува дејството, односно настанот (процесот, состојбата...), а другата, синтаксички надредена, носи дополнителна информација за начинот (етапите) на остварувањето на тоа дејство, најчесто во однос на основниот параметар – времето. Со други зборови, ќе стане збор за конструкциите со надредени модални и фазни предикати. Пропозиционалните аргументи оформени како *да*-конструкции претставуваат задолжително дополнување на надредените модални и фазни предикати, кои пак по самата своја природа се семантички несамостојни и заедно со својот "втор" пропозиционален аргумент

создаваат сложен предикат. Значи во овој тип конструкции имаме работа со еден сложен, а не два независни предикатски изрази. Во јазиците што располагаат со такво морфолошко решение аргументски изрази најчесто се конституираат околу инфинитивот.

2.1. *Да*-конструкции зависни од надредени модални предикати. Модалните глаголи претставуваат формализација на двоаргументски предикати. Првиот аргумент за референт има човек, додека вториот аргумент е задолжително пропозиционален. Кај овој тип конструкции појдовниот аргумент на надредениот и појдовниот аргумент на подредениот предикат се задолжително кореферентни. Следуваат примери од говорите во Разлошко: *Ние м'ожеме да го подкреп'име, М'ога да ти дам от м'оја вил'ает тука, Не м'ога да си н'ајда г'издава мом'а, Не мож'ал да а изв'арди, Таја м'оже да го лаже к'акто си-'иска, М'оже да-ме-затв'ораа зарадитав'а маг'ире,* интересен пример по тоа што отсуствува конгруенцијата по број меѓу модалниот и подредениот глаголски предикат, но познато е дека некои модални глаголи можат да се сведат на неменлива форма за 3 лице еднина, нешто како глаголска модална партикула. Натаму: *Никој не-см'ее да се об'ади, Таја не-см'ее да прод'ума таа д'ума, Не-смејал тек'а на-с'ила да-а-з'еме, Нетреб'ува с-текв'ија љ'уде да-се-распр'авеш, Треб'ува да му се н'оси н'ашчо бакш'иш, Тр'ебва да ги 'облека, Тоа чов'ек тр'ебва да си има др'угар, 'Имам да д'авам на дедо пот, Тој 'има да ми дава, 'Има да се најад'ем с'ичките* (последните три примери покажуваат дека глаголот *има* поседува две семантички деривирани модални варијанти: менлива по лице и број – за изразување внатрешна обврска, и неменлива – како во последниот пример), *'Иска да-е-б'алу, Че'изу 'иска да-се-пл'ати, Чен'ицата 'иска да-се-св'ари, 'Иска да зак'олеш ш'арен'ата кр'ава, 'Иска чов'ак да е каедж'иа, 'Иска оддал'еко да му д'ума, да се не добл'ижува до скал'ата* (во последниве примери како модален се јавува глаголот *иска*, би можеле да го крстиме *иска*$_2$ кој е хомонимен со *иска*$_1$ – волитивен предикат, предикат со вградена компонента 'сака' и како таков ќе го разгледаме подолу. *Иска*$_2$ редовно се јавува во 3 лице еднина, нема парадигма по лице и број, сведен е на неменлива, категоријално немаркирана форма. Патем да споменеме дека семантичката компонента 'сака' е присутна и кај модалните глаголи). Привлекуваат внимание и конструкциите со *иска, може* и *треба* во функција на самостојни мода-

лизатори, без *да* : Не *м'ож бре, не м'ош: 'иска се иск'аше, 'иска се ашрем'ани, 'иска се нар'ани. Тиа д'аца и'ска се гл'едаа, 'Иска се ож'ениш за друк, Нев'асто, 'иска дад'еш тр'оа платниц'е, 'Иска нам'ириш фн'ого ран'а, Не-м'ога з'аста ц'ала н'ош, Това не мож го напр'ае н'икој,Ага се 'иде код гол'ам чов'ак, треб'ува му се н'оси н'ашчо бакш'иш, Гарбица 'имам тука на гарб'а, тр'еа се изв'ади.* Историски развојот на ваквите конструкции со и без *да* одел паралелно со развојот на *velle*-футурот. Денес низ дијалектите на македонскиот јазик среќаваме две футурски формули – со и без субјунктивното *да*. По загубата на инфинитивот и неговата замена со *да*-конструкцијата во футур сме ја добиле формулата *ќе да*. Така е и денес во кичевско-поречките говори, во Корчанско имаме *жа*, во Костурско и Лагадинско *за* (добиени по пат на контаминација од *ште да* не без влијание на грчката футурска партикула *να* посебно во случајот на формата *за*), а во галичкиот дијалект наоѓаме *ќа* (настанато од *ќе да*)[1]. Оваа формула е присутна и во грчкиот, албанскиот и влашкиот[2]. Во останатите дијалекти на македонскиот јазик ја среќаваме формулата без *да*, кое според Блаже Конески се елиминирало во тие состави бидејќи не вршело никаква суштествена разликувачка служба[3]. Инфинитивот го загубил карактеристичниот формант *-ти*, а неговиот остаток бил преосмислен како форма за 3 лице еднина презент и претворен во соодветна категоријална парадигма. Овој процес во говорите во Разлошко ги зафатил и модалните глаголи, а Зузана Тополињска[4] го регистрира и во југоисточните српски говори.

Завршувајќи го прегледот на *да*-конструкциите зависни од надредени модални предикати, треба да одбележиме дека тие се нефактивни, проектирани во иднина, нивната содржина не може да се оценува од гледна точка на вистинитоста.

2.2. *Да*-конструкции зависни од надредени фазни предикати. Како што веќе споменав, фазните предикати по

---

[1]. Видоески, Б., *Дијалектите на македонскиот јазик*, Т.1., Скопје 1999.

[2]. Илиевски, Хр. П., *Балканолошки лингвистички студии*, Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", Скопје 1988.

[3]. Конески, Б., *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1986.

[4]. Тополињска, З., *Инфинитив VS да-субјунктив у формули velle-футура*, Зборник реферата са научног скупа Говори призренско-тимочке области и суседних дијалеката, Ниш 1993.

самата своја природа се семантички несамостојни. Носители на фазното значење се *почне, продолжи, заврши* кои имплицираат по еден реченичен аргумент оформен како *да*-реченица. Лексичкото значење на тие глаголи се исцрпува во информацијата за одредена фаза на дејството чиј назив претставува конститутивен член на реченичниот аргумент, па тие не можат да се јават во текстот без да биде експлицитно именувано дејство-аргумент. Исто како и кај *да*-конструкциите зависни од модални предикати, кореференцијата на појдовните аргументи и овде е задолжителна. Во користените текстови најдов само примери со инхоативи, кои се инаку доста фреквентни, може да се каже дека почетокот на дејството во однос на продолжувањето/траењето и крајот е најчесто нагласуван во процесот на јазичната комуникација. Почетокот на дејството претставува маркирана точка, пресвртница во психичкиот тек на раскажувањето. Основната видска форма на инхоативите е свршената, а зависниот глаголски предикат речиси редовно е со несвршен вид. Следуваат примери: *Пучн'ал да-р'ука укулу-ц'арскиа пал'ат, Пучн'ал да-т'раси д'октур, Почн'али вече да са карат с момата, Почн'ахме да виждаме дим, Реката почнала да си тече* пример кој покажува дека појдовниот аргумент не мора задолжително да има човек како референт, *Кума Лиса била запазила малко от черната и започнала да ги јаде* во овој пример инхоативната семантика е зајакната со инхоативен префикс. Глаголот *фати*, судејќи според примерите, задолжително се јавува со ваков префикс: *Зафан'али да му кузир'уваа, Зафан'ал да-пас'е уфц'ите, Зафан'али да-л'ижаа ут-крм'илуту и-се-утитум'или, Зафан'алу да-к'ате* каде што глаголот *зафати* се јавува како едноаргументен, со единствениот аргумент оформен како *да*-конструкција. Натаму: *З'ел да-ур'е на-људ'ету н'ивету, З'е да-раб'оти т'ам хул'ерата, Фн'ого з'е да ми мер'иса, Дошл'а м'ечката и зел'а да-р'уска др'анки, Ц'арската ич'ерка зел'а да-пл'аче, Зел'и да-пијаа м'атен'ица.*

Од примерите се гледа дека инхоативните глаголи примарно се употребуваат само во минато време. Сепак најдов и два примера во кои не е таков случајот: *Почнува да разтоварја стоките, Ед'ен м'есец п'ор'ану заф'атаа да-се-на'учаа.* Последниов пример е

интересен по тоа што зависниот глаголски предикат е со свршен вид.

2.3. *Да*-конструкции зависни од надредени волитивни предикати. Во конструкциите со надреден волитивен предикат, за разлика од претходните два типа конструкции, соочени сме со хиерархија на два автосемантични предиката. Волитивните предикати се двоаргументни, со 'човек' како референт на појдовниот аргумент и 'настан (процес, операција...)' како референт на вториот аргумент. Се работи за надредени предикати кои ја содржат компонентата 'сака'. Следуваат примери:

'Искам да ида до в'анка да се пр'ооде, 'Искам да се 'ожене, 'Искаа да-се-зач'ува ж'иву, Искам да ме изнес'еш на бѐло в'идело, Искам да се сосватиме, 'Искам да ми дадеш тв'оата капа да ја н'адена, 'Исках да те биа, Искал да му платиш виното оиче тога, 'Искам да го н'ауче да јад'е к'амене, 'Искаа да не зак'олаа, Пуиск'али да-си-напр'еја на стред'ата на-сел'оту ц'рква, Обичал да си тијнува, Тој фн'ого обичал да му разкажува л'ажи, Пожел'ала да са ф'ѐрли од ц'ама, Заповед'ал да натов'араа едн'а кам'ила со жѐт'ици, Тој заповед'ал да и доведа и трит'ѐ, Заповед'ал да и пок'анаа н'а-госте, Ц'аре заповед'ал да док'араа два к'оња, Заповед'ал да а нам'ажаа с катр'ан, Пурач'ел да му напр'еи едн'о р'алу жел'езну, Тој е зарѐчал да се биеме, Нарѐч'ѐла е цар'ицата да идеш код н'еа, Ке ве м'оле да ме в'одите код Башак'оте, 'Се мол'ила на свет'а богор'одица да си р'оои ја момица ја оетенце.

Конструкциите со волитивни предикати се нефактивни, волитивната семантичка компонента во надредениот предикат прави сите подредени пропозиции да имаат идна темпорална перспектива – се однесуваат на настани (процеси, операции...) коишто би требало да се остварат (или да се одбегнат) во иднина.

Нефактивни аргументи имплицираат и некои предикати кои примарно имплицираат фактивни. Се работи за семантички деривати, пред сѐ овде ќе ги споменеме *рече*$_2$ (хомонимен со глаголите на зборување) 'наредува, советува', пр.: *Ке д'ојде ц'аре и ке реч'е да ис'ахне и тр'еќата*, како и *мисли*$_2$ (хомонимен со глаголите на сетилна перцепција) 'планира, има намера', пр.: *Намисл'ил сам да н'апраа 'еден м'аш с'едем ж'ени да в'оди.*

2.4. *Да*-конструкции зависни од обопштени оценувачки предикати. Ваквите конструкции во говорите во Разлошко се многу ретки, најдов само еден пример: *Срамота е да не сл'ушаш д'едо вл'адика.* Овие конструкции се темелат врз искуства на неопределен персонален агенс и се адресирани кон неопределен персонален агенс којшто се крие зад формата на 2 лице еднина. На тој начин е блокирана позицијата на првиот аргументски израз со персонален референт. Првиот аргумент е скриен во самата *да*-конструкција која претставува единствен аргументски израз директно врзан за надградените предикати на оцена[5].

Обопштеноста на агенсот импликува повторливост и отсуство на актуализација, па и овие конструкции се нефактивни.

Со ова го завршуваме прегледот на нефактивните декларативни дел-реченици во функција на пропозиционални аргументи на надредени глаголски предикати. Основен показател на нивниот нефактивен карактер е *да*-конструкцијата. Прегледот на *да*-конструкциите зависни од глаголски предикати води кон заклучок дека нивна основна карактеристика е неспособноста за конкретна, актуализирана временска референција. Тие по самата своја суштина се нефактивни и можат да се здобијат со конкретна временска референција само преку надредениот глаголски предикат. Во зависност од семантиката на тој предикат *да*-конструкциите се јавуваат со идна, итеративна или омнитемпорална темпорална карактеристика. Веднаш се поставува прашањето каде им е овде местото на *да*-конструкциите зависни од надредени инхоативни предикати. Дали се тие нефактивни? Рековме дека инхоативните глаголи примарно се употребуваат во минато време, нивната основна видска форма е свршената пр.: *Почнав да одам*, но се среќаваат и примери кога не е таков случајот, пр.: *Почнувам да одам*. Во првиот случај се инсистира на почетниот момент на дејството, почетокот на дејството се сфаќа како дејство од моментен карактер, како самата точка на измена, па ваквите конструкции тешко би можеле да ги оквалификуваме како /- фактивни/. Во вториот случај почетокот на дејството се сфаќа како почетна точка од

[5]. Тополињска, З., *Полски-Македонски, Граматичка конфронтација*, 3 Студии од морфосинтаксата, МАНУ, Скопје 2000.

еден период на траење и се чини дека овие конструкции имаат иднинска проекција.

3. За разлика од комплементарните реченици што ги разгледавме погоре, а кои по правило се нефактивни, фактивниот карактер на комплементарните реченици што ќе ги разгледаме во оваа глава треба да се разгледува индивидуално, во зависност како од лексичкото значење на надредениот предикат, така и од категоријалната карактеристика на комплементарниот предикат. На формален план овој тип конструкции се диференцираат пред сè по изборот на конекторот којшто ја воведува комплементарната реченица. Ќе се обидеме да утврдиме дали постои корелација меѓу семантиката на надредениот предикат и овој формален сигнал, т.е. изборот на конекторот.

Пред да преминеме кон разгледување на овој тип конструкции, треба да потсетиме дека еден исказ може да биде пренесен така како што бил реализиран, in extenso, тоа е случај кога е реализиран како директен говор, или тој може да доживее категоријална транспозиција, да биде заменет со индиректен говор. Во текстовите од Разлошко кои ги користев при анализата, доминира конвенцијата туѓите зборови да се наведуваат in extenso, но присутни се и комплементарните конструкции пред сè во жив дијалог кога се прераскажуваат туѓи ставови. Прегледот ќе го започнеме од нив.

3.1. Како оператори што ги акомодираат комплементарните реченици во говорите во Разлошко се јавуваат *ке* и *што*. На нивната дистрибуција ќе се навратам подолу. Стандардните комплементарни конектори *дека* и *оти* во овој говор не ги забележивме. *Оти* овде се јавува како доминантен показател на релацијата 'причина', а *дека* како прилог и поретко како причински сврзнички предикат.

3.1.1. *Ке* е основен комплементарен конектор во говорите во Разлошко. Се јавува под влијание на турскиот јазик каде што имаме *ki*. Овде тој има двојна употреба, ја проширил својата функционална зона, па разликуваме *ке*$_1$ – семантички празен комплементарен конектор, и *ке*$_2$ – причински сврзнички предикат. Следуваат примери за *ке*$_1$: *Ѓајсѓине в'еќе тја каж'ала ке 'има и кав'ал, М'ама ми каж'а ке сме им'али тел'е, Расир'аваа ке-гран'ата г'о-е*

удр'ила ф-ѓлав'аша, Се-д'умаше ке ш'оа ѓ'о-са бил'и убикул'или карак'онцере, Каж'уваа ке фн'оѓо 'умеш да л'ажеш, Разбр'ал ке и ф ш'аа к'аша 'има н'ешчу, Ун'иа Турци разбр'али ке-душ'ел шексинд'аре, Разбр'ал ке-син'о-му е-ф'анаш, Мисл'или ке ш'ам н'ема да-и-н'ајде н'икој, Ваобразј'авахја-си ке са н'екакви д'ухуве, Доум'и-се ке 'има с'ина у ш'елени, Чул сӑм ке 'има ф ш'ебе ск'аши д'уми, Чула е ке 'има н'ајде в'инена чешм'а, Влад'икаша забележ'ил ке н'иншина чир'ако изл'ази, Видел ке сина му зел да ѓо подј'ада, Ме-вид'е ке сам на-ѓ'ашчи, Вид'ели ке-са-убик'олени уш Турци, Др'аѓу ми е ке сме бл'изо, И праш'ил едно анѓелче да к'аже ки ки им дојдааш ѓоште, Другарја му вид'ел ки шаренаша ја ош'несол другара му нанам (во последниве два примера комплементарниот конектор се јавува во иста форма како и во турскиот). Сретнав и два примера во кои како комплементарен конектор се јавува *кеке* : *Ти ми се ф'алеше кеке в'ино не ш'еш, Набед'иа мом'а М'ишра кеке ѓо е запал'ила*, што би можело да се толкува како засилување на надворешното обележје на комплементарниот конектор, појава што не им е туѓа на овие говори, сп. ги составите како *зараш дека* и *за дека* како показатели на релацијата 'причина'. Ваквото засилување не им е туѓо и на други наши говори, Божидар Видоески[6] илустрира вакви примери од северните и централните македонски говори.

3.1.2. ***Што*** како комплементарен конектор се јавува ретко во говорите во Разлошко и, како што ќе видиме подолу, до показатели на предикати од определени семантички полиња, пр.: *Ќе в'иди ш шо ќу н'ашане вр'ашишч'ешо, Вид'ах шчо по др'ум помин'аа шро'ица ерѓ'ене, Ми е ж'ал ну шо ме не д'адуја д'ешу ј'азе 'искам, Не е 'убаву шу м'ислише шек'а.* Во последните два примера присутна е и нијанса на причинска врска меѓу состојбата изразена во главната и причината што ја предизвикала таа состојба во комплементарната дел-реченица, така што не е случајно што во овој говор споменатиот конектор стекнал функција и на причински сврзник.

---

[6]. Видоески, Б., *Дијалекшише на македонскиош јазик,* Т. 2., Скопје 1999.

3.1.3. Најпосле најдов и еден интересен пример во кој како комплементарен конектор се јавува *де*. Се чини дека овде имаме работа со стандардниот конектор *дека* (< **где* < **време*) без честицата *-ка* : *Не вер'увам де е деш'енце.*

3.1.4. Комплементарните реченици можат, иако ретко, да се појават до надреден предикатски израз и без посебен сегментален конектор, со суперсегменталната мелодична контура како единствен експонент на граматичката акомодација, пр.: *И ш'ија вид'ели, н'ема другуј'аче усв'ен да напр'аваа, Сичките шч'ерки гл'едаа н'ешчу кашу-с'анце гр'ее, Гур'ан и Тур'ан вид'ели, н'иниа сејб'иа е-засп'ал, Мајка ми е каз'ала, ја сам бил в утробата когато татко ми е замин'ал војник.* Оваа врска со нулти конектор ја најдовме само до предикати на визуелна перцепција и во еден пример до verba dicendi – кога се прекажуваат туѓи зборови, а не и кога имаме директна изјава на конкретно лице зашто во такви ситуации раскажувачот се служи со oratio recta.

Во однос на дистрибуцијата на комплементарните конектори во говорите во Разлошко, можеме да го кажеме следново: Многу поширока дистрибуција има *ке*, се јавува по verba dicendi, verba cogitandi, а присутно е и во зоната на употреба на *што*, т.е. кај предикатите на сетилна перцепција и кај предикатите на општа оцена. *Што* претставува дистрибутивно ограничена варијанта која се јавува само во споменатите зони.

3.2. Oratio recta. Под oratio recta подразбираме наведување на туѓите зборови, т.е. нивно пренесување онака како што биле реализирани. Сигнали на oratio recta во говорниот јазик се отсуството на транспозиција и соодветната мелодична контура. Пр.: *Туг'а ц'аре се упланш'ил и р'екал: "Ај ќе ти дад'ем шч'ерката", И ш'ој р'екал на м'ака му: "И ја ќ'ида да 'изура з Гур'ан и Тур'ан таа гард'ина", Тој си бро'ил пар'ите и си вик'ал: "'Имам петст'отин гр'оша", Рекл'о момч'ето: "Ке те п'усна дидеш на св'адбата".* Во говорите во Разлошко нетранспонираниот цитат може да се појави и по конекторот *ке* кој функционира како наводници, пр.: *И те каз'али ке: Б'иеме-се за башчините пари, Жената разкаж'ала ке:*

Дј'адо Гера ко не беше, аз се бех упат'ила, Там им'ало фирма, пис'ало ке: Ние в'ино не пр'одаваме. Вакви примери со конекторот *опи* во јужномакедонските говори забележува Зузана Тополињска и ги толкува како грчко и турско влијание. Овда би требало пред сè да се мисли на турското влијание.

3.3. Комплементарните реченици во форма на зависни прашања главно му се туѓи на дијалектниот јазик. Тие претставуваат апстрактен начин на искажување и ретко се среќаваат во живото народно раскажување. Нив ги заменуваат oratio recta. Еве неколку примери: *Чуди'ла-се ка да го загр'ади, Гл'едајте го кă ќе јад'е ј'абук'ите, Пот'итај дали ќе да ме з'еме, Се чуд'или кој да го в'оди, Не знај'ал шо да напр'äј.* Од примерите се гледа дека предикатите кои бараат дополнување во облик на зависно прашање се експлицитно или имплицитно маркирани со надредена негација, или со карактеристики на заповедниот начин. Мотивацијата за ваков начин на комплементација се крие во категоријалната карактеристика на надредената реченица[7].

4. Со ова го завршувам прегледот на комплементарните дел-реченици во говорите во Разлошко. Се трудев да покажам како семантиката на предикатот што ја конституира надредената реченица влијае врз формализацијата на реченичниот аргумент. Таа е главниот фактор што го диктира изборот на конекторите.

Список на користени текстови

- **Видоески, Б.**, *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", Скопје 2000;
- **Македонски народни умотворби од Разлошко, Пиринска Македонија**, Институт за фолклор "Марко Цепенков", Скопје 1992;

[7]. Тополињска, З., *Македонските дијалекти во Егејска Македонија,* книга прва, Синтакса I дел, МАНУ, Скопје 1995.

- **Молерови, Д., К.**, *Народописни материали от Разложко*, Сборник за народни умотворения и народопис, книга XLVIII, Блгарска академия на науките, Сифия 1954;
- **Народна проза од благоевградски окрг**, Сборник за народни умотворения и народопис, книга LVIII, Блгарска академия на науките, София 1985.

Користена литература

- **Бужаровска, Е.**, *Семантичките и синтаксичките својства на глаголите на аудитивна перцепција (ГАП) во македонскиот јазик и контрастивна анализа на нивните еквиваленти во англискиот и рускиот јазик,* докторски труд, во печат, Скопје 1997;
- **Видоески, Б.**, *Дијалектите на македонскиот јазик*, Т. 2., Скопје 1999;
- **Георгиевски, Г.**, *Предметна **да**-реченица при глаголски предикат*, Македонски јазик XLVIII-L, Скопје 2000;
- **Илиевски, Хр. П.**, *Балканолошки лингвистички студии*, Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", Скопје 1988;
- **Конески, Б.**, *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1987;
- **Конески, Б.**, *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1986;
- **Минова-Ѓуркова, Л.**, *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*, Радинг - Скопје, Скопје 1994;
- **Миркуловска, М.**, *Почеток на дејство/состојба како семантичка и граматичка категорија (врз материјал од македонскиот и полскиот јазик)*, Studia Linguistica Polono-Meridianoslavica 10, Скопје 2000;
- **Тополињска, З.**, *Инфинитив VS **да**-субјунктив у формули **velle**-футура*, Зборник реферата са научног скупа Говори призренско-тимочке области и суседних дијалеката, Ниш 1993;

- **Тополињска, З.**, *Македонските дијалекти во Егејска Македонија*, книга прва, Синтакса I дел, МАНУ, Скопје 1995;
- **Тополињска, З.**, *Полски-Македонски, Граматичка конфронтација*, 3. Студии од морфосинтаксата, МАНУ, Скопје 2000;
- **Тополињска, З.**, *Полски-Македонски, Граматичка конфронтација*, 5. Zdanie w zdaniu, Реченица во реченица, МАНУ, Скопје 2001;
- **Тофоска, С.**, *Глаголи на зборување во современиот македонски јазик,* магистерска работа, во печат, Скопје 1996;
- **Фридман, В.**, *Типологија на употребата на **да** во балканските јазици*, Прилози на МАНУ, XII 1, Скопје 1987;

- **Friedman, A.V.**, *Grammatical Categories of the Macedonian Indicative*, Slavica Publishers, Inc, Columbus, Ohio 1977;
- **Grochowski, M., Karolak, St., Topolińska, Z.**, *Gramatyka współczesnego języka polskiego*, t. 1, Składnia, Warszawa 1984;
- **Kramer, E.C.**, *Analytic Modality in Macedonian*, Verlag OTTO SAGNER - MÜNCHEN 1986;
- **Polański, K.**, *Składnia zdania złożonego w języku górnołużyckim,* Wrocław 1967;
- **Świdziński, M.**, *Semantics of Indirect Questions in Polish,* Warsaw 1993;
- **Topolińska, Z.**, *Factivity as a Grammatical Category in Balkan Slavic and Balkan Romance*, Slavia Meridionalis SOW, Warszawa 1994;
- **Zaron, Z.**, *Ze studiów nad składnią i semantyką czasownika,* Wrocław 1980.

Dejan Gegovski

On the Complementary Clauses in the Dialect of Razlog

(Summary)

The objects of analysis in this paper are mechanisms of formal accommodation of the clausal argument expressions to the dominating predicative expressions in the dialect of Razlog. The discussion concerns only those clausal arguments, which are implied by the dominating predicate, e.g. complementary clauses. The discussion includes complementary clauses introduced by *ке, шшо, да,* as well as those with zero operators and with oratio recta. The analysis has shown that the non-factive complement clauses accommodate differently to the matrix sentence than the factive ones. The lexical-semantic structure of the dominating predicate decides about the formalization of the clausal argument expression.

Гоце Цветановски

Конститутивниот елемент на именската синтагма во Каршијачкиот говор

Во врска со именската синтагма, прво сакаме да дадеме неколку воведни белешки без кои, ни се чини, нашиот опис би бил некомплетен. Тие белешки се интегрален дел на нашата теоретска и методолошка постапка при описот на именската синтагма.

Во овој реферат посветен на именската синтагма ќе се обидеме да ја претставиме нејзината формална и семантичка структура. Всушност, овде ќе се обидеме да ги прикажеме механизмите со кои се користат говорителите од каршијачката област при формалната реализација на семантичките содржини.

Но, пред да го разгледаме проблемот, ред е да дадеме некои основни податоци за говорот кој е предмет на нашиот опис.

Предмет на описот е говорот на селата што се наоѓаат од десната страна на реката Вардар на правецот Кисела Вода – Ракотинци – Нова Брезница. Овие села условно ќе ги наречеме каршијачки села, а нивниот говор – **каршијачки**. Станува збор за дел од географската област по сливот на Маркова Река, за кој локалното население го дало називот **Горни Села**. Овде треба да појасниме дека во нашите испитувања, спроведени на теренот, за жителите од овој крај името Каршијак е непознато. Како што забележува Ј. Трифуновски (Трифуновски, 1958: 11) за областа по сливот на Маркова Река, кај жителите од околните области (на пример, во Скоп-ска Блатија) понекогаш може да се слушне називот Каршијак (или Карши-јака), но со тоа име се опфаќа целата област која се наоѓа на спротивната страна од реката Вардар. Сливот на Маркова Река е поделен на три геог-рафски дела (кои до некаде се поклопуваат и јазично): Долни Села, Горни Села и Торбешија. Границите меѓу овие три дела не се потполно јасни, но

сепак се смета дека во составот на Долни Села влегуваат: Горно Лисиче, Долно Лисиче, Морани, Студеничани, Драчево, Љубош, Батинци, Дрежница, Варвара и Сушица. Во Горни Села спаѓаат: Усје, Сопиште, Ракотинци, Долно Солње, Горно Солње, Добри Дол, Барово, Чивлак, Света Петка, Говрлево, Осинчани, Јаболци и Нова Брезница. Во состав на Торбешијата влегуваат селата: Рамни Габер, Вртекица, Пагаруша, Долно Количани, Драчевица, Горно Количани, Црвена Вода, Калдерец, Круша, Умово, Цветово, Малчиште, Држилово, Горогледа, Евлово, Црни Врв, Ново Село и Патишка.

Со оглед на тоа дека во трудовите на Б. Видоески (Видоески, 1985; 1998: 200) за говорот на селата Ракотинци, Горно и Долно Солње, Осинчани, Барово, Света Петка, Говрлево, Јаболци, Нова Брезница, Добри Дол, Варвара и Маркова Сушица веќе е дадена определбата *каршијачки говор*, ние го прифаќаме овој термин со забелешка дека станува збор, пред сè, за дел од каршијачката област (Горни Села), за којашто некои научници го врзуваат и називот *сливот на Маркова Река* (Трифуновски, 1958). Говорителот во процесот на општење со другите говорители го користи јазикот како механизам за пренесување информации. Првиот дел од овој процес е индивидуален и го нарекуваме зборување, а вториот дел е колективен и го нарекуваме разбирање (Минова-Ѓуркова, 1994). Продукт од зборувањето и од разбирањето е текстот што претставува линеарна секвенца организирана според граматичките правила на еден јазик (во конкретниов случај, тоа е каршијачкиот говор). Тие функционални елементи на јазичниот текст што посочуваат називи на предмети од формална гледна точка претставуваат именски синтагми.

Именската синтагма е синтаксичка структура која има конститутивен елемент (типична ситуација е кога како конститутивен елемент се јавува именката) и дополнителни елементи. Конститутивниот елемент е надворешен претставник и како таков тој го определува карактерот на синтагмата. Дополнителните елементи што се јавуваат во рамките на една синтагма можат да го определуваат конститутивниот елемент, или пак, можат да го модификуваат. Јазичните средства со кои се детерминира (се определува) конститутивниот елемент се нарекуваат детерми-

натори. Со нивна помош говорителот ја сигнализира референцијалната карактеристика на именската синтагма. Во улога на детерминатори најчесто се јавуваат членските морфеми, потоа показните заменки, т.н. неопределен член (еден, една, едно, едни), неопределените заменки од типот некој, нешто и сл. Јазичните средства со кои, на некој начин, се модификува значењето на конститутивниот елемент (т.е. се збогатува содржината на конститутивниот елемент) се нарекуваат модификатори. Во улога на модификатори се јавуваат придавките (кои исто така можат да имаат свои модификатори: прилозите), зависните именски синтагми и дел-реченици (односно т.н. релативни реченици).

Јазичните средства со кои се изразува количествената информација на/во една именска синтагма се нарекуваат квантификатори. Во улога на квантификатори се јавуваат броевите, прилозите за количество и именките што означуваат мера, количество. Тука ги вклучуваме и редните бројни придавки со кои се дава информација за подреденоста во низа.

Основна функција на именската синтагма е да ги именува предметите од стварноста, која е протолкувана и оформена од страна на говорителот. Од семантичка гледна точка именската синтагма е продукт на номинација, а нејзината способност да ги определува (посочува) предметите (вторично: настаните, состојбите итн.) ја нарекуваме референцијална карактеристика на именската синтагма. Предметите именувани со именската синтагма можеме да ги издвоиме како дискретни големини што можат да се бројат и да се мерат според нивните временски и просторни параметри. Информацијата за нивната количествена квантификација спаѓа меѓу семантичките компоненти на една именска синтагма.

Референцијалната и количествената карактеристика на именската синтагма се универзални семантички компоненти што овозможува тие да стекнат граматикализирани експоненти, познати како граматички категории определеност и број. Другите содржини на именската синтагма ќе ги именуваме како предикативна компонента (Тополињска, 1997: 109).

Во рамките на теоријата што ние ја прифативме предикатот како семантичка единица се дефинира како мошне

широко сфатена релација, т.е. „сите особини што им се припишуваат на идентификуваните објекти - термини на релацијата ги сфаќам како предикати, биле тие релациски (т.е. такви што поврзуваат едни објекти со други) или инхерентни (т.е. карактеристични за соодветните објекти независно од нивните врски со други објекти)“ (Тополињска, 1997: 110). Според ова, единствено т.н. индекси 'јас', 'ти' и нивните деривати како на пр. 'сега', 'овде' итн. коишто се определуваат во говорната ситуација можеме да ги третираме како непредикативни, т.е. тие се јавуваат како основни носители на референцијалната информација.

Тргнувајќи од ставот дека предикацијата е првенствена, а номинацијата е второстепена, т.е. дека називите никнуваат по пат на вградување на предикати во семантичките структури конструирани околу индексите (Тополињска, 1997: 110), именските синтагми ќе ги третираме како резултат од вторично приспособување на содржините што најлесно се оформуваат на реченично ниво. Според тоа, на семантички план една именска синтагма задолжително треба да има предикативна содржина врз којашто дејствуваат референцијалната и количествената карактеристика.
Во лингвистиката постојат повеќе термини за означување на оној елемент кој го определува карактерот на синтагмата, т.е. за граматички независниот елемент којшто е определуван од страна на другите елементи. Тоа е таков елемент на именската синтагма кој не може да се испушти без да се промени нејзината функција. Именскиот елемент што може самостојно да ја претставува именската синтагма лингвистите го нарекуваат центар, глава, конститутивен член, конститутивен елемент итн. Ние се определиваме за последниов термин, со оглед на тоа што другите делови (т.е. определбите) на именската синтагма ги нарековме дополнителни елементи. Примарен кандидат во улога на конститутивен елемент е именката. Освен неа, во улога на конститутивен елемент можат да се јават и именските заменки, супстантивизираните придавки како и другите збороформи што можат да вршат именска функција.

Овде ќе ги разгледаме ситуациите во кои како конститутивен елемент на именската синтагма се јавува: 1) **именка** која, иако се јавува како конститутивен елемент, од

семантичка гледна точка не може самостојно да ја претставува именската синтагма, па затоа бара задолжителна определба, 2) супстантивизирана **придавка** и 3) состави од типот ***штоа што...***, ***кој што...*** и сл.

1. Конститутивна именка со задолжителен елемент во функција на определба

Станува збор за синтагми кои од семантички причини не можат да се сведат само на именката како конститутивен елемент, туку мораат да имаат и некоја определба. Станува збор за именки со релациска содржина (на пример *мајка, тато, брат, дедо, баба, зет, комшија* итн. кои, кога се примарно употребени, бараат да биде именуван аргументот во однос на кој тие се определени), именки кои означуваат делови од нешто (на пример, *глава, влакно, нога, рака, прст, рачка, ногарка* итн. кои, кога се примарно употребени, бараат да биде именуван вториот аргумент на релацијата 'е дел од...' во однос на кој тие се определени) и за именки со релативно сиромашна содржина кои контекстот на употреба ги прави семантички празни и несамостојни (на пример *џамија со златно минаре*, наспроти **џамија со минаре*). Именските синтагми чијшто конститутивен елемент е именка со задолжителна определба имаат реченични еквиваленти конструирани од глаголот ***има***.

Еве ги примерите:

...а т'атко-ми и м'ајка-ми се 'и-тија от-истот'о-село. (= X има тато; X има мајка; Тие се од истото село.)

...а родит'елите н'ецини се: т'атко-ја од-Габалце, а м'ајка-ја од-Бр'ез-ница,... (X има родители...)

...ќ-'одиме кај т'ие ќ'ерките на-ц'арот. (Царот има ќерки)

...'отишол ја-з'ел и др'угата ќ'ерка на-ц'арот и пр'аво т'амо ја-'однел кај с'естра-ја у-'цутата,... (Царот има и друга ќерка; X има сестра)

И 'овој ја-з'ел и тр'етата ќ'ерка на-ц'арот. (Царот има и трета ќерка)

Ко: д'ошла м'ајка-им на-тил'ината, гл'еда ч'оек, зн'аеш, л'ежи. (Пили-ната имаат мајка)

„Е та, си-го-ст'асил ж'ивотот на-м'алите, на-д'ецата м'ои, што-с'акаш да-ти-да:м?“ (X има деца)

...ко: ѓл'еда ж'ена-му ч'ува к'окошки, ал' м'исирки,... (Х има жена)
Р"екла: „В'ака и в'ака, м'ажоѿ-ми з'аѓина. (Х има маж)
...ко: 'овде д'ојде ѿој, куманд'анѿоѿ на-в'ојскаѿа б'уѓарска... (Војска-ѿа... има куманданѿ)
...ѿ'аѿко на-Сѿ'аса,... (Сѿасо има ѿаѿко)
Р'азбрал б'еѓоѿ и д'ошол ѿ'ука. Ги-с'обрал Турциѿе и р'екол: „Сл'ушај в'амо, н'емој не'кој да-б'уцне од-исѿолц'иѿе м'ои, ка'уриѿе, зер-ако-д'ојдам, маф ќе-ве-н'аѿра:м!" (беѓоѿ има исѿолции)
И-к'оѓа 'оѿишол ѿ'аѿе кај-д'еда-му, ѿој д'едо-му чирак, фурн'ација бил. (Таѿе има дедо)
„Гл'еіѿе, ѓл'еіѿе к'ако-е з'еѿоѿ на-Томеѿа!" (Томе има зеѿ)
Е-ѿа од-внук'оі-му од-бр'аѿа-му еден-ѓ'азда б'еше ѿ'ука. (Х има внукоі од браѿ)
И ѓо-к'уѿил на-б'еѓоѿ ч'ифликоѿ у-Каѿл'ано:, s'емнаѿа сфе му-ја-з'ел ѿ'амо. (Беѓоѿ има чифлик)
...а S'афир ѿр'еседник у-Гов"рлео, ѿој з'еѿоѿ н'еѓоф. (Х има зеѿ)
...исѿрев"рѿоа на-Герм'анциѿе ѿенк'оіѿе... (Германциѿе имааѿ ѿенкоі).

Во примерите доминираат именските синтагми коституирани од именки со релациска содржина, кои кога се примарно употребени бараат да биде именуван аргументот во однос на кој тие се определени. Поретки се примерите во кои именките именуваат објекти што ги перципираме како делови од нешто: *...од-вл'акнаѿа оѿ-к'осаѿа му-д'але; И зел да-с'ече оѿ-ѿ"рсѿиѿе оѿ-н'озеѿе...* Овде вреди да се задржиме на предлогот *од*, кој говорителите од каршијачката област го користат за да изразат партитив-ност во однос на целината. Примерите подлежат на следнава интерпретација: 'не е вистина дека сите влакна од косата му ги дале', односно 'не е вистина дека сите прсти од нозете ги пресекол'.

2. Придавката како конститутивен елемент на именската синтагма

Основна карактеристика на придавката (воопшто на придавските зборови) е да ја збогатува содржината на именката, т.е. да ја модификува соодветната именка. Следствено, во структурата на именската синтагма придавката се јавува како

дополнителен елемент (во улога на модификатор на конститутивниот елемент). Но, има ситуации во кои придавката се јавува во улога на конститутивен елемент на именската синтагма. Станува збор за супстантивизација на придавките, во кои како основно средство се јавува членот. Се разбира дека и другите експоненти на референцијалната карактеристика на синтагмата можат да се јават (и се јавуваат) како средства со чијашто помош се врши процесот на супстантивизација.

Причините за јавувањето на придавката во улога на конститутивен елемент се семантички затоа што како референти на именските синтагми најчесто се јавуваат елементи од подмножествата на множеството човек, а таа содржина влегува во значењето на придавскиот предикат. Па затоа, од семантички аспект можно е во функција на конститутивен елемент да се јави и придавката, која од синтаксички аспект може да ги прифати определбите кои обично ја придружуваат именката:

И 'ошол п^{а}рво пост'ариот.

От'ишол стр'едниот и-тој 'истото.

А 'овој кога-р'азбрал, от-т'оа вл'акното у-'огон п'уштил, му-д'ошол 'ениот к'јн. Д'ошол тој ц^{а}рниот и му-р'екол: „Што-е-раб'отава?“

Во-с'елово најсиром'авиот 'имал до-ст'о-офци и сто к'ози, а најбог'атиот 'имал до-петст'отини-шест'отини г^{а}рла 'офци...

Тогај, ст'ариот ми-каж'уеше, п'очнал да-го-пр'одаа б'егот м'естото.

В-Габалце д'ојдоа т'ија пр'ет-тоа Б'угарите, ги-б'араа н'ашите да-го-стр'елаат т'атка-ми, Ст'аса, М'ирчета и Син'адина Ц'уроски и Гр'ија. Пост'арите с'акале да-ги-стр'елаат.

Дв'аица ст'ари не-м'ожеле д-избегаат 'оттука, Ст'ојан Б'ил'бил'от се-в'икаше и Дим'итрија.

Ст'арите каж'уеја д'ека ов'ој-крај бил н'аселен 'уште от-Турско, ама-м'не кога-ја-гр'адефне ц^{а}ркфата 'имаше едно-м'ало ц^{а}ркфиче. Го-н'ашле бр'атот и бр'атот си-го-зел и ст'анале б'огати. И т'ака цел ж'ивот ост'анале да-ж'ивеат в'екој со в'екој б'огати.

Лесно може да се забележи дека супстантивизацијата на придавките се врши со помош на членот, кој во каршијачкиот говор е основно, но не и единствено средство, сп. *Тија б'иле три*

к'ојни, 'еден бел, 'еден ц^{ѝ}рн и некој-ц^{ѝ}рвен,... Во ваквите случаи определбите од типот *еден, некој* и сл. би можело да се третитраат како конститутивни елементи на именската синтагма.

3. Составите тоа што..., тој кој (што)... и сл. како конститутивни елементи на именската синтагма

За релативната реченица ја прифаќаме дефиницијата според која таа „функционира како определба на една именска синтагма носејќи дополнителна информација за референтот (реален или замислен) на синтагмата" (Тополињска, 1997: 173).

Посебно внимание привлекуваат именските синтагми чијшто конститутивен елемент не е именка, туку составите од типот *тоа што..., тој кој...,* и сл. од причина што содржините коишто се искажуваат со помош на овие состави само на овој начин можат да бидат вградени во именската синтагма. Овде станува збор за именска синтагма којашто е конституирана од една показна заменка и една релативна заменка, при што показната заменка не посочува ниту деиктички ниту анафорски. Од формален аспект ваквите состави се јавуваат како конститутивни елементи на именската синтагма, но содржински тие не носат некоја побогата информација за референтот на синтагмата. Таквата информација се содржи во глаголот што следува по конститутивниот елемент, кој од функционална гледна точка е неразделив од него. На семантички план имаме работа со две предикативни структури каде што истиот референт на глаголските релации се јавува во двете структури. Овде ќе наведеме примери каде што показната заменка е во непосредно соседство со релативната заменка *што*:

gradivu in karti OLA ugotovimo, da nas leksem *kura* oddeljuje od ostalih južnoslovanskih jezikov, povezuje pa z zahodnimi in vzhodnimi slovanskimi jeziki. Zato je razumljivo, da ga izpodriva leksem *kokoš*, prevladujoč v hrvaških narečjih, kot izvedenka *kokoška* tudi v srbskih in makedonskih narečjih, znan pa tudi v lužiških in redko v poljskih narečjih (OLA 2000: 59; Falińska 2001: 91). Število pojavitev je naslednje: 43 x *kura*, 38 x *kokoš*, od tega 4 x sinonimno *kokoš*, *kura*, 1 x *kokoš*, *pitka*, 1x *kokoš*, *ciba*, 1x *kokoš*, *kura*, *putka*. Frazemi tipa *neumen kot kura*, *tudi slepa kura zrno najde*, *iti s kurami spat* ipd. govorijo v prid dejstvu, da je v sln. narečjih (jeziku) starejši in bil bolj razširjen leksem *kura*, nekaj dokazov pa nam nudi tudi tukajšnje gradivo (prim. karti 231 *kokošji odpadek*, *blato* in 232 *kokošje meso*, drugače pa karta 204 *majhna kokoš*). Po navedbah etimoloških slovarjev sta oba leksema verjetno stari onomatopeji, drugi pa izvedenke iz vabnih klicev.

2.2 BADŽ 200 *petelin* [OLA L 286, k. 11; SLA 338]. Zapisana sta bila samo dva različna leksema – 66 x *petelin* in 16 x *kokot*, v dveh točkah sta leksema sinonimna. Ker ni nobene točke na področju Slovenske Istre (v OLA p. 11 in 12), ni bil zapisan leksem *peteh*. V gradivo za SLA poleg teh treh najdemo še izvedenko *petel*, G *petelina*. Izvedenka *petelin* je specifično slovenska, leksem *kokot* pa se pojavlja na stiku slovenskih in hrvaških narečij (OLA 2000: 47; Falińska 2001: 62). V sln. knjižnem jeziku je nezaznamovan samo leksem *petelin*, *peteh* ima kvalifikator narečno, *kokot* narečno vzhodno, v našem gradivu neprisoten leksem *petelinec* pa kvalifikator starinsko. V etimoloških slovarjih se *kokot* opredeljuje za onomatopejo (kot *kokoš*), vsi ostali leksemi pa so izvedenke iz glagola *peti*: *petelin* je izvorno *pě-te-lĭnъ, tj. nomen agentis k *pě-ti (Bezlaj III: 30), *peteh* je nastal po razstavi sufiksa *-tьl* in *-tel* in zamenjavo sufiksa - *ьl* z *-eh* (Skok II: 672).

2.3 BADŽ 201 *pišče* (mladič) [OLA LSL 295, k. 32; SLA 341]. Vsi zapisani leksemi so izvedenke iz korena *pišč-*. Osrednjeslovensko je *piščanec* (samostalnik moškega spola!), ki se približno pokriva s področjem maskulinizacije nevter, obkroža ga leksem *pišče*, ki se prepleta z deminutivnimi *pišček* in *piščanček* oz. ljubkovalnimi[9] izvedenkami *picek* v dolenjskih in panonskih narečjih ter *piška* v gorenjskih govorih. V dveh točkah je opazno razlikovanje spola tipa *piščanec* : *piška* in *pišče* : *piška*. Gradivo za SLA vsebuje še veliko več izvedenk iz različnih osnov, vendar so pomešani odgovori za *pišče* (mladič splošno) in *pišče* deminutiv). Vprašalnik za BADŽ je vseboval posebni vprašanji za mladiča

[9] Kvalifikator je iz knjižnega jezika oz. Slovarja slovenskega knjižnega jezika.

moškega oz. ženskega spola, zato so odgovori bolj konkretni. V primerjavi z OLA (k. 32, str. 91) je v BADŽ večji areal leksema *piščanec* namesto *pišče*, zabeleženih je tudi več različnih leksemov (še *pišek*, *piša*, *pičič*, *cibek*, *čibi*, *čibica*), enkratnih pojavitev in na področjih, ki jih naša mreža točk ni zajela. V sln. knjižnem jeziku je nevtralen izraz za kokošjega mladiča *piščanec*, *pišče* pa ima kvalifikator stilno in pomen 'zlasti mlajši, manjši kokošji mladič' (SSKJ III: 606). Leksem *pišče* iz *píščę (n.), *-te naj bi bil izveden iz *pískati, sln. in hrv. *piščȃnьcь in *píščenьcь iz *píščę odsevata dve različni vokalni kvantiteti v prvotni deklinaciji deverbativnega nazalnega substantiva *pī-sk'-en- (n.) (Bezlaj III: 42).

2.4 BADŽ 204 *kokoš*, *kura* (dem.) [OLA /; SLA /]. Kljub posebnim opozorilom so imeli tako študentje kot njihovi informatorji pri tem vprašanju precej problemov, saj je bilo veliko odgovorov za pomene 'mlada kokoš' (npr. *jarica*, *jarčka*) in 'kokošji mladič ženskega spola' (npr. *piška*, *picka*), poleg tega so navajali še ljubkovalna poimenovanja (npr. *pipika*) in poimenovanja za vrste majhnih kokoši (npr. *turkica*, *barbika*, *cvergelj*). Kartografirani so pravi deminutivi in ljubkovalna poimenovanja, saj so ta včasih deminutivi k ljubkovalnim leksemom na karti 199 (npr. 2 'pi:tka – 'pi:tkica, 13. 'ci:ba – 'ci:pka. Zdi se, da je v narečjih različnih leksemov za poimenovanja kokoši in njihovih mladičev različnih spolov in starosti veliko, da pa njihovi pomeni vedno niso natančno uzaveščeni. Iz tako razredčenih odgovorov pa vseeno lahko ugotovimo, da je kombinacija korena *kur-* + *deminutivni sufiks* zelo redka (2 x *-ica* in 1 x *-ika*), saj prevladuje izvedenka *kokoška* (22 pojavitev) – to je tudi knjižni leksem za ta pomen – in samo v južnem belokranjskem narečju tudi *kokoškica* (3 pojavitve); tvornost osnove *kokoš-* v tem primeru se ne ujema z njeno tvornostjo pri drugih pomenih (prim. k. 231 in 232).

2.5 BADŽ 205 *petelin* (dem.) [OLA Sl 288, k. 42; SLA /]. Pri iskanju deminutivne oblike leksema *petelin* je bilo težav manj; najpogostejši nepravilni odgovori so vsebovali poimenovanja za vrste majhnih kokoši oz. petelinov (npr. *gregec*, *cvergelj*, *cirilek*) in niso kartografirana. Sicer je tvorba tega deminutiva zelo enotna: osnova *petelin-* + sufiksi *-ček*, po 1 x *-ič* in *-ec*, na osnovo *kokot-* pa se pridajajo sufiksi *-ec* (1 x), *-ek* (1 x), *-iček* (3 x, belokranjsko). Deminutivni sufiks *-ček* (< *-ьč-ьk-ъ) je karakteristični, samo slovenski sufiks (Falińska 2001: 96). SSKJ (III: 582) deminutiv petelinček opredeljuje kot navadno ekspresivno, *petelinec* (v pomenu 'petelin') pa kot starejše; izvedenke na *-ič* ne navaja, prav tako ne izvedenk iz osnove *kokot*.

2.6 BADŽ 231 *kokošji odpadek*, *blato* [OLA /; SLA /]. SSKJ (II: 533-534) kot edini izraz za ta pomen navaja leksem *kurjak* in dopušča tudi

kurjek, narečja pa izkazujejo bolj bogato tvornost. Kljub dokaj enakovrednemu zastopstvu leksemov *kura* in *kokoš* je tu pri tvorbi veliko pogostejša osnova *kur-* (75 : 7); nanjo se vežejo sufiksi *-jek* (31 x) in *-jak* (3 x), *-jenk* (2 x), *-jevec* (4 x), *-ečjak* (4 x), *-ečnjek* (2 x), posamično tudi *-ik*, *-nik*, *-eček*, *-ačnjek* in edini za ženski spol *-jevina*, na osnovo *kokoš-* se veže le *-njak* (2 x), 4 x se pojavi dvobesedno poimenovanje *kokošji drek*, 1 x *kokošiji drek* in 1 x *kokošečki drek*, kar 23 x pa *kurji drek* in 1 x *kurji gnoj*. Drugi leksemi so še *drek* (12 x), *dreko* (1 x), *gnoj* (1 x) in *iztrebek* (1 x) – splošna poimenovanja, ki bi lahko pomenila odpadek oz. blato katere koli živali.

2.7 BADŽ 232 *kokošje meso* [OLA /; SLA /]. Najpogostejša izvedenka je z osnovo *kur- kuretina* (29 x), ki je tudi knjižni izraz za ta pomen, *kokošino* (4 x) poznajo samo v belokranjskih narečjih, *kokošinje* se pojavi le 1 x, enako *perutnina*, *kokoš* 2 x, *kura* 3 x, vse drugo so zveze z jedrom *meso*: *kurje meso* (35 x), *kurečje meso* (3 x), *meso od kure* (1 x), *meso od piške* (1 x), *kokošje meso* (10 x), *cibje meso* (1 x) in *živadje meso* (1x). Posamično in redko poimenovanje je ponavadi dvojnica v istem govoru prisotnemu pogostejšemu.

3 Sklep

Kartografirani odgovori na 41 vprašanj na temo *perutnina* prinašajo sicer droben arealno predstavljen segment slovenske narečne leksike, ki pa bo zaradi redkejše mreže točk v OLA in veliko manj vsebujoče leksike na to temo v SLA pomembna dopolnitev obeh del. Ker atlas od začetnega zbiranja gradiva do kartografiranja leksemov pripravljajo študentje, je to delo poleg gradivske dopolnitve teme in predstavitve arealov posameznih leksemov zanimiva popestritev pedagoškega procesa in dragocena raziskovalna izkušnja. Opažam, da jim zahtevno delo vzbuja spoštovanje in hkrati zanimanje, zato se mnogi odločajo za diplomska dela, s katerimi je popis slovenske narečne leksike za posamezna tematska polja v zadnjih letih precej narasel. Ob pomanjkanju slovenskih narečnih slovarjev so ta dela še kako dobrodošla.


Besedni atlas za domače živali [BADŽ]
Vpr. št.: 199 kokoš
Avtor/-ica: MARIJA BERGANT
LEGENDA
kokoš
kura
puta
putka
Ciba
JADRANSKO MORJE
KLAGENFURT
CELOVEC
MARIBOR
LJUBLJANA
TRIEST
DRAU
DRAVA


Besedni atlas za domače živali [BADŽ]
Vpr. št.: 200 (Ksi. samec?)
Avtor: GREGOR KASTELIC
LEGENDA
PETELIN
KOKOT
PETELIN
KOKOT
KOKOT
KOKOT
JADRANSKO MORJE
LJUBLJANA
MARIBOR
CELJE
KRANJ
NOVO MESTO
KLAGENFURT CELOVEC
VILLACH BELJAK
TRIESTE TRST
KOPER CAPODISTRIA
NIMAKE ČEBOKO
SKOVA GORICA
MURSKA SOBOTA
PTUJ
DRAU
DRAVA
SAVA
SOČA


Besedni atlas za domače živali (BADŽ)
Vpr. št.: 201 PIŠČE
Avtor/-ica: Saša TERŽAN
LEGENDA
pišče
piščanec
piček
piščanček
picek
piška
pipek
pipika
petelinček
kokotek
JADRANSKO MORJE


Besedni atlas za domače živali [BADŽ]
Vpr. št.: 204 majhna kokoš
Avtor/-ica: MARIJA BERGANT
LEGENDA
kurika
kokoška
piši (64)
kokoškica
pUtka U+i
pUtkica U+i
majhna pipica (39)
piška
mučena piška
cibka
mala kura (58)
pipika
picka (78)
kurica
mala jerd (78)
jerd (80)
JADRANSKO MORJE
LJUBLJANA
MARIBOR
DRAVA
SAVA


Besed atlas za domače živali (BADŽ)
st.: 205 MASHEN PETELIN
vtorl.lopa: GREGOR KASTELIC
GENOA
PETELIN-ČEK
PETELIN-IČ ... -EC
KOKO
KOKOT
KOKOT-EC
KOKOT-EK
KOKOT-IČ-EK
mali petelin 158 kosov (61)
JADRANSKO MORJE
LJUBLJANA
MARIBOR
CELJE
KRANJ
VELIKE LAŠČE
NOVA GORICA
TRIESTE TRST
KOPER CAPODISTRIA
VILLACH BELJAK
KLAGENFURT ČELOVEC
MURSKA SOBOTA
PTUJ
SAVA
DRAVA
DRAU
MURA


Besedni atlas za domače živali [BADŽ]
Vpr. št.: 251 KOKOŠJI OD PADEK
Avtor/-ica: BORIS MARINKOVIČ
LEGENDA
DREK
DREKO
KOKŠNJAK
KURJEVINA, KURIK, KURNIK, KURJAČNJEK, KUREČEK
KURJEVEC
KUREK
KURJAK
KURJENJK
KUREČJAK
KUREŽNJEK
GNOJ
KOKOŠJI DREK
KURJI GNOJ
KOKOŠJI DREK
KOKOŠEČJI DREK
IZTREBEK
KURJI DREK
JADRANSKO MORJE
KRANJ
LJUBLJANA
MARIBOR
MURSKA SOBOTA
CELJE
NOVO MESTO
NOVA GORICA
TRIESTE
TRST
KLAGENFURT
CELOVEC
VELACH
BELJAK
DRAVA
SAVA
SOČA


Besedni atlas za domače živali (BADŽ)
Vpr. št.: 232 (Ks: kokošje meso?)
Avtor/-ica: JOŽE VOLK
LEGENDA
KURJE MESO
KURET-(U)-INA
KOKOŠJE MESO
KOKOŠINA
KOKOŠ
KURČJE MESO
KURA
PERUTNINA
MESO
MESO OD PIŠKE
GIBJE MESO
OD KURE MESO
ŽIVADJE MESO
KOKOŠINJE
JADRANSKO MORJE
LJUBLJANA
MARIBOR
KLAGENFURT CELOVEC
VILLACH BELJAK
TRIESTE TRST
NOVA GORICA
CELJE
DRAVA
SAVA

LITERATURA IN VIRI

Benedik 1994 = Francka Benedik, Vprašalnice za zbiranje narečnega gradiva, *Traditiones: Zbornik Inštituta za slovensko narodopisje 23* (*Naš živi jezik*), Ljubljana 1994, str. 87–142.
Benedik 1999 = *Vodnik po zbirki narečnega gradiva za Slovenski lingvistični atlas* (*SLA*) [uredila in predgovor napisala K. Kenda-Jež], Ljubljana: Založba ZRC (ZRC SAZU), 1999.
Bezlaj III = France Bezlaj, *Etimološki slovar slovenskega jezika, P–S* [dopolnila in uredila M. Snoj in M. Furlan], Ljubljana 1995.
Falińska 2001 = Barbare Falińska, *Leksyka dotycząca hodowli na mapach Ogólnosłowiańskiego atlasu językowego, I Substantiva* in *II. Verba i adiectiva*, Białystok: Białostockie Studia Językoznawcze, 2001.
Jakop 2002 = Tjaša Jakop, Nekaj glagolskih končajev v slovenskih narečjih. V: *Med dialektologijo in zgodovino slovenskega jezika: Ob življenjskem in strokovnem jubileju prof. dr. Martine Orožen*, Maribor: Slavistično društvo, 2002 (Zora 11), str. 82–97.
Kenda-Jež 2003 = Karmen Kenda-Jež, Tine Logar (1916–2002), *Jezik in slovstvo*, let. 48 (2003), št. 1., Ljubljana, str. 73–76.
OLA 2000 = *Obščeslavjanskij lingvističeskij atlas*. Serija leksiko-slovoobrazovatel'naja, Vypusk 2. *Životnovodstvo* [ur. B. Falińska, J. Siatkowski, A. Kowalska]. Varšava.
Skok II = Petar Skok, *Etimologijski rječnikhrvatskoga ili srpskoga jezika, K–poni*[1], Zagreb 1972.
SSKJ II = *Slovar slovenskega knjižnega jezika II, I–Na*, Ljubljana 1985 (ponatis).
SSKJ III = *Slovar slovenskega knjižnega jezika III, Ne–Pren*, Ljubljana 1979.

Vera Smole

Лексика што се однесува на 'живина'

(Резиме)

Картографираните одговори на 41-то прашање на тема *живина*, всушност носат мал, ареално претставен, сегмент на словенечката дијалектна лексика, којшто заради поретката мрежа на пунктови во ОЛА, како и сосем малата опфатеност на лексиката од таа тема во СЛА, претставува значително дополнување на обете дела. Бидејќи атласот е изработен од студенти, од почетното собирање на материјалот па до картографирањето на лексемите, се покажа дека ваквата работа не само што придонесува за дополнување на тематскиот материјал како и за претставување на ареалите на одделните лексеми, туку истовремено претставува и интересно дополнување на педагошкиот процес и носи вредни истражувачки искуства за студентите. Забележувам дека работата што се бара од студентите кај нив предизвикува почит, често и посебен интерес, па затоа многумина и ја одбираат како тема на нивните дипломски работи. На тај начин пописот на словенечката дијалектна лексика за одделни тематски подрачја во последните години е во пораст. При недостаток на словенечки дијалектни речници овие трудови се повеќе од добредојдени.

Во прилог имаме 7 карти со коментари; 5 од нив (*kokoš, petelin, pišče, kokoš dem., petelin dem.*) носат одговори на истите прашања, што се веќе картографирани во ОЛА 2. *Životnovodstvo* (Varšava 2000), но таму со поинаква и поретка мрежа на пунктови; 3 од нив (*kokoš, petelin, pišče*) се предвидени и во СЛА кој е во подготовка. Како и што се очекуваше, дијалектната диференцијација е мала кај основните називи *kokoš* и *petelin*, за разлика од другите, каде што се забележува голема дијалектна диференцијација.

Васил Дрвошанов

Изразување на семемите *уста* и *усна* во македонските говори

На македонската јазична територија за изразување на семемите 'уста' и 'усна' суштествуваат поголем број дијалектни разновидности. Во однос на семемата 'уста' евидентно е дека на целата македонската етничка територија егзистира, речиси, единствено лексемата *уста* со неколку фонетски разновидности и со голем број деминутивни образувања, додека за изразување на семемата 'усна' се забележани повеќе лексеми. Предмет на нашето интересирање ќе бидат дијалектните разновидности на лексемите *уста* и *усна* и разновидностите на другите лексеми со значењата 'уста' и 'усна'. Притоа, ќе се прикаже нивната дистрибуција во македонските дијалекти, а за разгледуваните лексеми ќе се дадат извесни етимолошки толкувања.

1. УСТА

Овој ие., балтослов., општослов. и праслов. назив (ERHSJ III, 549)[1] со значење 'отвор на долниот дел од лицето низ кој се зема храна, со кој се дише и се зборува', лат. os, oris, на целата македонска јазична територија се јавува како именка од ж. р., сп. едн. *уста: устата ме боли*, мн. *усти*. Исклучок претставуваат одделни говори од северното наречје (кумановскиот, кривопаланечкиот, кратовскиот говор), каде што односниот назив е plurale taantum,

[1]Види: Скратеници.

сп. *ја думам низ мајкини уста* (Дурачка Река - Кривопаланечко)[2], како што е во сите словенски јазици (ERHSJ III, 549).

Освен формата *уста* на македонскиот терен се регистрирани следните разновидности: *уста* (Тремно - Кајларско), *устă* (Тресино - Воденско) и *уст'а*[3] (Жидилово - Кривопаланечко, Смолари - Струмичко).

Лексемата *уста* се среќава и во географската терминологија со следните значења: 'изворишниот дел на река' (Лабуниште - Струшко), 'место каде што се влива една река во друга, во езеро или во море; влив, утока' (Вевчани - Струшко, Пештани - Охридско, Шулин - Преспанско, Езерец - Костурско, Миравци - Гевгелиско) и со значење 'влез, отвор во пештера' (Драславица - Струшко). Со оваа лексема се нотирани топонимите: *Н'а Уста* (Радожда - Струшко), *Устата* 'селската река при вливот во реката Црна' (Праведник - Тиквешко), односно 'река што се влива во езерото' (Роби - Леринско)[4].

Од деминутивните образувања, изведени од лексемата *уста*, најзастапено е образувањето со суфиксот *-е: усте* (83 потврдувања), лоцирано на просторот западно од Вардар и Црна до дебарските говори и албанската граница и јужно од линијата Велес - Мавровското Езеро до јазичната граница со северните грчки говори. Прекинато од овој ареал ова образување се јавува во неколку пунктови, во Кривопаланечко (Дурачка Река), Кратовско (Шлегово), Скопско (Кучково), Тетовско (Вратница), Штип и Пробиштипско (Злетово). Во неколку населби од источното наречје, во малешевскиот говор (Берово, Пехчево, Мачево, Тработивиште), во Костин Дол - Кочанско и во Луке - Кривопаланечко се среќава акцентската разновидност *уст'е*.

Образувањето со суфиксот *-ичка: устичка*, со акцентската разновидност *уст'ичка* (58 потврдувања) се јавува во источното наречје. Ова образување е карактеристично за штипско-струмичките говори, за долновардарските и за малешевскиот говор. Спо-

---

[2]Дијалектниот материјал е користен од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје.

[3]Акцентот е одбележан само во оние случаи, каде што има отстапување од македонскиот стандарден јазик.

[4]Божидар Видоески, *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1999, 167.

менатото образување се среќава и во одделни пунктови што граничат со односните говори: Светониколско (Немањица, Богословец), Пробиштипско (Лезово), Кратовско (Шлегово), Неготинско (Барово) и Кавадаречко (Ваташа). Во по еден пункт соодветното образување е забележано на север, во Младо Нагоричане - Кумановско, и на крајниот југозапад, во Корчанско.

На компактен терен во дел од западното и од северното наречје: во кичевскиот, скопскиот, дебарските, горнополошкиот, долнополошкиот, овчеполскиот и кратовскиот говор, се употребува образувањето со суфиксот *-иче: уст̄иче* (47 потврдувања). Ова образување се користи и на југозапад во одделни пунктови од охридско-преспанските и костурско-леринските говори.

Образувањето со суфиксот *-енце: уст̄енце*, односно *уст̄'енце* (37 потврдувања) нема единствен ареал. Образувањето *уст̄енце* е забележано ширум македонската говорна територија во следните пунктови: Бардовци - Скопско, Вратница - Тетовско, Гари - Дебарско, Смилево - Демирхисарско, Драгош - Битолско, Тополчани, Стровија - Прилепско, Попоец, Туин, Светораче - Кичевско, Белица - Бродско, Лугунци, Башино Село, Црквино, Извор - Велешко, Ошчима - Костурско, Шулин, Граждено - Долна Преспа, а акцентската разновидност *уст̄'енце* е нотирана во населбите: Дурачка Река, Габар - Кривопаланечко, Шлегово - Кратовско, Долни Стубол - Пробиштипско, Живојно, Скочивир - Битолско, Никодин - Прилепско, Подлес - Велешко, Градец - Виничко, Саса, Тработивиште - Делчевско, Берово, Пехчево, Мачево - Беровско, Чеган - Воденско, Пателе - Леринско, Вамбел - Костурско), *уст̄'енца* (Жидилово - Кривопаланечко), *уст̄енцики* (Љубанци - Скопско). Како разновидност на овој суфикс се јавува *-ѐнце: уст̄'ѐнца* во неколку пунктови од северните македонски говори: Ранковце, Псача - Кривопаланечко, Шопско Рударе - Кратовско, Жегљане, Четирце, Думановце, Романовце, Орашац - Кумановско.

Образувањето со суфиксот *-уле: уст̄уле* (18 потврдувања) е специфично за дебарските говори (Галичник, Бањиште, Горенци, Ехловец, Голем Папрадник, Цепиште, Модрич, 'Ржаново, Смилево). Споменатото образување се среќава уште во неколку пунктови од западното наречје: Кнежино - Кичевско, Радожда - Струшко, Коњско, Рамне, Речица - Охридско, Ѓавато - Битолско, Глобочани - Долна Преспа. Во Костурско (Тиолишта) е нотирана

акцентската разновидност *уст'уле*, а во Охридско (Рамне), паралелно со *устуле* е забележано и образувањето *устуљче*.

Во островски ареал се употребува образувањето *устице* (Младо Нагоричане - Кумановско), односно *устица* (Клечевце - Кумановско и Пространье - Кичевско).

Муцка. - Овој назив се јавува паралено со лексемата *уста* во неколку пунктови во јужните македонски говори: Црнешево, Луковиц, Чеган, Струпино - Воденско, Ранци - Кајларско и Пателе - Леринско.

Од овој назив се среќаваат следните деминутивни образувања: *муце* (Чеган - Воденско, Зеленич, Пателе - Леринско, Рожден - Кавадаречко) и *муцичка* (Луковиц, Струпино - Воденско), односно *муцкичка* (Црнешево - Воденско), *муцк'ичка* (Ранци - Кајларско).

Називот има италијанско потекло, итал. musona, дојден посредно во македонските говори преку грчкиот јазик, нгрч. μοντδονυα (ГФ-Б, 128).

Во островски ареал (Жидилово - Кривопаланечко) со значење 'уста' е регистрирана лексемата *буза*.

2. УСНА

Називот *усна* со значење 'месест подвижен дел на лицето, што ја затвора устата', лат. labium, нема широка распространетост во македонските дијалекти. (Види: Карта 1)[5]. Се среќава само во дванаесетина населби ширум македонската говорна територија, во: Луке - Кривопаланечко, Младо Нагоричане - Кумановско, Модрич - Струшко, Љубојно - Ресенско, Путурус - Битолско, Пространье - Кичевско, Извор - Велешко, Витолиште - Прилепско, Ново Село - Струмичко, Лаки - Виничко и во Пехчево. Во пунктот Љубанци - Скопско е забележана морфолошката разновидност *усно*.

[5]Бланковката ја изработил акад. Божидар Видоески, а нејзиниот електронски запис го направил д-р Марјан Марковиќ.

Лексемата *усно* е нотирана во географската терминологија со значење 'уста, влив, утока на река'[6].

Во значително поголем број населби (51 потврдување) со значење 'усна', лат. labium, се јавува лексемата *уста*, од која е изведена и лексемата *усна* < стцслов. ustьna (ERHSJ III, 549).

Називот *уста* со значење 'усна' се среќава на источната територија, во: Кривопаланечко (Дурачка Река, Ранковце, Псача), Кратовско (Шлегово), Кумановско (Думанивце, Орашац), Пробиштипско, Светиниколско, Штипско, Кочанско, Виничко (Градец), Радовишко (Дедино), Струмичко (Габрово, Стиник), Делчевско, Беровско, Благоевградско (Покровник), Сандански (Рожен), Гевгелиско (Конско) и Воденско (Чеган, Струпино), навлегувајќи на западната територија, во Велешко (Карабуниште, Подлес). На источната територија се наоѓа и акцентската разновидност *уст'а* (Габар - Кривопаланечко, Покровник - Благоевградско, Горно Броди - Серско, Крушово - Валовишко, Плевна - Драмско).

Како оаза во западното наречје, називот *уста* со значење 'усна' се среќава во Битолско (Драгош, Кукуречани, Живојно, Скочивир и Паралово).

Буза. - Балканската лексема *буза* од илиротрачко потекло (ERHSJ I, 246) со значење 'усна' се употребува главно во западните говори: во скопско-велешките, гостиварскиот, дебарските, охридско-преспанските, костурско-леринските и во корчанскиот говор. На северната територија односниот назив се јавува во тетовскиот и во кумановскиот говор (Младо Нагоричане), а на источното подрачје е забележан во Ново Село - Струмичко и во Сухо - Солунско. Во неколку пунктови е нотирана фонетската разновидност *бysa* (Слимница, Тиолишта, Горенци - Костурско, Долно Котари, Зеленич - Леринско, Висока - Солунско).

Со извесна стилска нијанса 'голема усна' називот *буза* е нотиран во Долно Дивјаци - Крушевско, односно *бysa* во Тремно - Кајларско.

Рилка. - Називот произлегува од ие., балтослов., општослов. и праслов. ryti 'cavare, suffodere' (ERHSJ III, 148). Со значење

[6]Божидар Видоески, *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1999, 166.

'усна' овој назив на компактен терен е забележан во централните говори: во прилепскиот, поречко-кичевските, скопскиот и во велешкиот (Богомила, Градско), опфаќајќи одделни населби од соседните говори (Раотинце, Сараќино - Тетовско, Жировница - Дебарско, Ботун - Охридско).

Во Старавина - Битолско е нотирана формата *риўка*, а во северното наречје се забележани разновидностите: *рила* (Кучково - Скопско) и *рило* (Вратница, Теарце - Тетовско).

Дудак. - Овој назив со акцент на ултима: *дуд'ак*, што произлегува од турскиот јазик, тур. dudak 'усна', (БЕР I, 442; НГРС, 248-249), компактно се јавува на исток од Вардар: во струмичкиот, петричкиот, дојранскиот, кукушкиот и во солунскиот говор. Називот е забележан и во Виничко (Виница, Блатец), Гевгелиско (Фурка), Валандовско (Пирава), Радовишко (Конче), Драмско (Савек) и Серско (Просеник).

Лексемата *дудак* не е забележана во РМЈ.

Брнза. - Овој назив е дистрибуиран главно во крајните источни говори. Во зависност од фонетскиот развој, особено на вокалното /р/[7], на македонскиот терен се среќаваат следните разновидности: *брăнsa* (Кресна, Пирин - Санданско, Кремен - Разлошко, Делчово - Гоцеделчевско), *брăнsи* (Брежани - Благоевградско, Разлог, Банско - Разлошко, Осиково - Гоцеделчевско), *брăнка* (Покровник - Благоевградско), *брăнк'а* (Раздол - Санданско), *брăнда* (Стожа - Санданско), *брăн'а* (Осеново - Благоевградско), *бăрна* (Стојаково - Гевгелиско[8]), Морарци - Кукушко[9]), *бăрни* (Осиково, Гармен, Гајтаниново - Гоцеделчевско, Горно Броди, Фраштани, Зиљахово - Серско), *бăрници* (Гуменџе - Воденско) и *бэрни* (Годешево - Гоцеделчевско).

Називот е праслов. *burna, сродно со лит. burná 'уста', ие. *bhrna (ERHSJ I, 215; БЕР I, 103).

---

[7]Божидар Видоески, *Дијалектите на македонскиот јазик 3*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1999, 55-68 + карти.

[8]Коста Пеев, *За македонската дијалектна лексика*, Македонски јазик XXI (1970), 124.

[9]Коста Пеев, *Кукушкиот говор II*, НИО „Студентски збор", Скопје 1988, 11.

Муцка. - Називот *муцка* со значење 'усна' е забележан во битолскиот говор (Дихово, Буково, Путурус), прилепскиот (Тополчани, Дуње), тиквешкиот (Праведник, Рожден, Барово), воденскиот (Струпино) и во кајларскиот говор (Ранци, Тремно).

Истиот назив е нотиран и во Санданско (Лехово), а во Пателе - Леринско е регистрирана разновидноста *муцунка.*

Овој назив е дојден во македонските говори посредно преку грчкиот јазик, нгрч. μοντδονυα, од италијанскиот јазик, итал. musona (ГФ-Б, 128).

Мерда. - Називот *мерда* со значење 'усна' се среќава во дебарските говори (Галичник, Гари, Ехловец, Смилево).

Зборот не е регистриран во РМЈ со тоа значење.

'Рнка. - Грчкиот назив ρνγχος, од кој произлегува лексемата *'рнка*, во изворниот јазик ги има значењата: 1. рилка; муцка; 2. нос, дел од носот; итн. (НГРС, 676). Во македонските говори овој назив најмногу е раширен со значењето 'ноздра'. Меѓутоа, во кумановскиот говор, споменатиот назив, од кој се забележани разновидностите: *ӑрнка* (Четирце, Романовце), *ӑрнк'а* (Клечевце), *рње* (Жегљане) се употребува со значење 'усна'.

Во РМЈ називот не е забележан со тоа значење.

Писка. -Називот *писка* со значење 'усна', добиено по метафоричен пат според функцијата на десигнантот, е забележан во тиквешкиот (Ваташа, Клисура) и во гевгелискиот говор (Миравци).

Оваа лексема е изведена од праслов. глагол со ономатопејско потекло, стцслов. piskati, puštǫ 'труби, цивка, свири' (ERHSJ II, 663-664).

Ова значење на односниот назив не е нотирано во РМЈ.

Таралка. - Овој назив е регистриран само во пунктовите: Црквино - Велешко и во Никодин - Прилепско.

Лексемата *таралка*, сп. рус. таре́лка 'чинија, тас' (ЭСРЯ II, 24), со значење 'усна', добиено по метафоричен пат, произлегува од италијанскиот јазик, итал. tagliere < лат. taliare 'реже, сече'.

Овој италијанизам со значењето 'чинија' стана балкански збор, сп. срп. и хрв. taljur, tanjur, буг. тале́р, талур, тану́р, тали́р, та-

лерка, алб. talúr, tanúr, нгрч. ταλερι, ром. talér (ERHSJ III, 439), меѓутоа, во македонските говори е забележан со фигуративното значење 'усна'.

Со островски ареали се јавуваат следните називи: *баца* (Смолари - Струмичко), *жлеб'ина* (Двориште - Беровско) и *чопка* (Букојчани - Кичевско). Сите овие називи се употребуваат со фигуративно значење.

Лексемата *баца*, чиј корен има ономатопејско потекло, доаѓа во мак., хрв. (чакавски дијалект baknut 'бацува'), буг., рус. и чеш. (ERHSJ I, 84-85). Сп. итал. baciare, фр. baiser 'бацува' (БЕР I, 37).

Називот *жлеб'ина* е општослов. и праслов. *gelbъ > želbъ 'тесна и долга вдлабнатина'. За овој назив нема утврдена етимологија. Скок го поврзува со *длабок* (ERHSJ III, 683), а БЕР ја допушта оваа врска, но првенство ѝ дава на врската со стнорд. golf 'празнина на сад' (БЕР I, 549-550).

Се мисли дека називот *чопка*, чија основа е општослов., е ономатопеја, независно од тоа што основата е од ие. потекло *(s)queq- / sqeub(h)- 'китка, перче, сноп, сврзок' (ERHSJ I, 342-343; ЕПРБКЕ, 687).

Овие називи со значење 'усна' не се забележани во РМЈ.

На семантички план нема многу разновидности. Од споменатите лексеми само називите *буза* и *рилка* имаат други значења. Освен споменатото значење називот *буза* во одделни пунктови се употребува подбивно на човек - *бузо* (Шопско Рударе - Кратовско, Дивле - Скопско, Смилево - Демирхисарско), а со значење 'малечко дете' соодветниот назив се користи во пунктовите Крушеани - Прилепско и во Четирце - Кумановско. Називот *рилка*, покрај значењето 'усна', во одделни пунктови (Дивле - Скопско, Волино - Охридско, Лугунци - Велешко, Дуње - Прилепско, Мачево - Беровско) има вредност 'муцка на свиња'.

Врз основа на разгледуваниот материјал во врска со дијалектните разновидности за изразување на семемите 'уста' и 'усна' можат да се констатираат извесни разлики. Имено, за изразување на семемата 'уста', речиси, на сета македонска јазична територија се употребува лексемата *уста*. Паралелно со неа само во неколку пунктови од јужните македонски говори се среќава лексемата

муцка, а единствено во еден пункт од северните македонски говори се јавува лексемата *буза*.

Наспрема отсуството на лексеми за изразување на семемата 'уста', на македонската јазична територија се регистрирани голем број деминутивни образувања, изведени од лексемата *уста*: *-е (усте), -ичка (устичка), -иче (устиче), -енце (устенце)*, *-енцики (устенцики), -ăнце (уст'ăнца), -уле (устуле), -ица (устица)* и др., што сведочат за извонредно богатото нијансирање на лексемата *уста*.

За изразување на семемата 'усна', освен лексемите *усна* и *уста*, постојат значителен број лексички разновидности, како што се: *буза, рилка, дудак, брнза (бăрна, брăнда, брăнка, бăрници), муцка, мерда, 'рнка, тиска, таралка, баца, жлеб'ина* и *чопка*.

Забележливо е дека за изразување на семемата 'усна', освен лексемите од словенско потекло (*усна, уста, рилка, брнза, тиска, жлеб'ина* и *чопка)*, присутни се и лексеми од туѓо потекло, и тоа: балканизмот *буза* од илиротрачко потекло, грцизмот *'рнка*, турцизмот *дудак*, и италијанизмите *муцка, таралка* и *баца*.

Некои од лексемите зафаќаат поголеми ареали (*уста*, *буза, рилка, дудак* и *брнза*), додека, пак, други се јавуваат во памали ареали (*усна, муцка, мерда* и *'рнка*) или во островски ареали (*тиска, таралка, баца, жлеб'ина* и *чопка*). Лексемите од семантичкото поле 'усна' пластично ја преставуваат дијалектната конфигурација на македонскиот јазик, укажувајќи на туѓите јазични влијанија врз македонскиот дијасистем во текот на долгиот временски период до кодификацијата ма македонскиот стандарден јазик.

Изразување на семемите *уста* и *усна* во македонските говори

Карта 1



СКРАТЕНИЦИ

1. За користени речници

БЕР I = *Български етимологичен речник I.* Съставили: Вл. Георгиев, Ив. Гълъбов, Й. Заимов, Ст. Илчев. Редактор: Вл. И.Георгиев, Българска академия на науките, Институт за български език, София 1971.

ГФ-Б = М. Филипова-Байрова, *Грцки заемки в съвременния български език*, София 1969.

ЕПРБКЕ = Стефанъ Младеновъ, *Етимологически и правописенъ речникъ на българския книжовенъ езикъ*, София 1941.

ERHSJ = Petar Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika I-IV*, Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb 1971-1974.

ЭСРЯ = М. Фасмер, *Етимологический словарь русского языка IV*, Москва 1973.

НГРС = А. А. Иоанидис, Новогреческо-русский словарь, Москва 1950.

РМЈ = *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања I-III,* Редактор: Блаже Конески, Составувачи: Тодор Димитровски, Благоја Корубин, Трајко Стаматоски, Институт за македонски јазик, Скопје 1961-1966.

2. За лингвистички изрази

алб.=	албански
балтослов.=	балтословенски
буг.=	бугарски
едн.=	еднина
ж.р.=	женски род
ие.=	индоевропски
итал.=	италијански

лат.=	латински
лит.=	литавски
мак.=	македонски
мн.=	множина
нгрч.=	новогрчки
општослов.=	општословенски
праслов.=	прасловенски
ром.=	романски
рус.=	руски
сп.=	споредн
срп.=	српски
стнорд.=	старонордиски
стцслов.=	староцрковнословенски
тур.=	турски
фр.=	француски
хрв.=	хрватски
чеш.=	чешки

Vasil Drvoshanov

Lexemes Expressing the Sememes 'mouth' and 'lip' in Macedonian Dialects

(Summary)

The author analyzes the dialectal lexemes for expressing the sememes 'mouth' and 'lip'. He concludes that for expressing 'mouth' almost on the entire Macedonian territory we find the lexeme *уста* and a large number of its deminutives, whereas for expressing 'lip' besides *усна* and *уста*, there is signifiant lexical variety.
Presenting their distribution textually and cartographically , he concludes that some of the lexmes are found in larger areas (*уста, буза, рилка, дудак* and *брзна*), while others are found in smaller apeac (*писка, пералка, баца, жлебина* and *чопка*). For expressing the sememe 'lip', apart from the lexemes from Slavic origin, ther are borrowed lexemes, e.g. *буза* from Illyro-Tracian, the loanword from Greek *'рнка,* the borrowing from Turkish *дудак* and the Romance borrowings *муцка, паралка* and *баца.*

Еленка Стоевска-Денчова

Од роднинската терминологија во македонскиот дијалектен јазик

Термините за сродство означуваат лица што се во закономерни заемни односи, определени од нивните биолошки (крвни) или брачни врски.

Системот на сродство се детерминира преку системот на односи и системот од називи и е одраз на определена социјална општествена структура при конкретни историски услови. Називите за изразување на роднинските односи во сите јазици го претставуваат најстариот лексички слој, односно јадрото на основниот речнички фонд.

Се разликуваат два типа термини за сродство - *реферативни*, со кои се диференцираат роднинските врски и се изразува степенот на роднинската блискост, и *вокативни* (вклучувајќи ги и формите за обраќање), со кои се определуваат нормите на однесување меѓу роднините, моралната и социјалната дистанца во однос на возраста и степенот на сродство.

Промената на местото на определено лице во роднинскиот систем (соодветно изразено и во терминологијата) е резултат на промената на неговите заемни односи со другите лица од тој систем (Георгиева, Москова, Радева, 1972).

Структурата на роднинскиот систем е подложна на промени во зависност од различните етапи на општествениот развој. Преминот кон помало, индивидуално семејство наоѓа одраз во постепеното слевање на второстепените линии на сродство, што води кон упростување на системот на сродство.

На поврзаноста на општествените односи и системот на сродство укажува и Н. Новаковиќ, констатирајќи дека големото богатство на термини за род и роднинство (во српскохрватскиот јазик), изнијансираното разликување на одредени степени на

крвно сродство, настанало уште во стариот словенски задружен живот (Новаковиќ, 1936). Во таквата многубројна семејно-родова заедница секој член заземал определено социјално хиерархиско место. Оттука произлегувала потребата од прецизно означување со специфичен термин на секој сродник. Со губењето на семејно-родовата задруга кај словенските народи, почнало да се губи и тоа изнијансирано разликување и именување на сродниците.

И покрај тоа, општо познато е дека системот на термините за изразување на роднинските врски во словенските јазици е многу поразвиен отколку во низа други јазици. Особено живо тие функционираат во народните говори.

Општата класификација на термините за изразување на роднинските односи е во зависност од постоењето или непостоењето на крвно сродство (Трубачев, 1959). Тргнувајќи од овој признак, се изделуваат две основни групи термини: 1. термини што изразуваат непосредно крвно сродство и 2. термини што обележуваат прирамнување на нероднини кон роднини (сврзани со крвно сродство).

Врз основа на определени особености, кај термините од првата група се изделуваат: а) називи за непосредно или најблиско крвно сродство- *тато, мајка, дете, син, ќерка, брат, сестра*; б) термини што означуваат крвно сродство по надолна линија- *внук, правнук,* по нагорна линија- *дедо, баба, прадедо, прабаба*; в) крвно сродство по братот или сестрата на таткото или на мајката- *чичко, вујко, тетка*; г) називи за деца од браќа и сестри - *братучеди* (Марков, 1983).

Во втората група термини спаѓаат: *свекор, свекрва, тест, тешта, снаа, зет, золва, јатрва, девер, свеска, бацанак, шура.*

Во оваа пригода ќе се осврнеме на втората група термини, т.е. на називите со коишто се обележува прирамнување на нероднини кон роднини во македонските дијалекти, врз основа на материјалот од картотеката за проектот *Македонски дијалектен атлас* при Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков".

Најголем дел од овие образувања се термини од општословенската епоха, извесен број се заемки коишто се употребуваат паралелно со наследениот термин или место него.

Во однос на оваа група термини во македонскиот јазик, Б. Марков констатира дека тие, општо земено, се добро зачувани и без јасно изразена тенденција за смешување или упростување на

некои од нив, за разлика од други словенски јазици (словенечки, чешки и др.) (Марков, 1982).

Термините *свекор* ´татко на мажот, на сопругот´ (РМЈ III,154) и *свекрва* ´мајка на мажот, на сопругот´ (РМЈ III, 154) во македонскиот јазик се добро зачувани, како што е и во повеќето словенски јазици. Извесно изместување им е својствено на лужичкиот и на чешкиот јазик; во словачкиот и во словенечкиот јазик има мешање на овој термин со терминот *тесш - тешша*.

Свекор (<стсл. свекръ, **svekrъ*) е индоевропски, балто-словенски, сесловенски и прасловенски назив. Се претполага дека формата за машки род настанала вторично; првична била формата за женски род (*svekry*, ген. *-ъve)*, која отпрвин ги претставувала двата рода. Повеќемина лингвисти го поврзуваат слогот *sve-* со ие. рефлексивен корен **sue-* (´свој´); во однос на слогот *-kar* (ген. *-kra*, стцслов. *-kry*, ген. *-krъve* > хрв.-срп. *-krva*) нема согласност (Скок III, 370; БЕР VI, 539).

Терминот *свекор* има општомакедонски ареал; се јавува во неколку разновидности, главно од фонетски карактер: *свекор, сфекор* (најшироко распространет), *св'екор, св'екур, сф'екур, св'екар, св'екар, сф'екар, св'екăр, свăк'ар, свекăрв* . Во два пункта во Серско - Калапот и Календра регистриран е називот *пеар,* односно *пех'ар*; форма *п'ефир* забележена е во Негован - Солунско. Оваа лексема е заемка од грчкиот јазик (нгр. *πεθερός* ´свекор´) (Аргировски, 1998 : 217).

И кај терминот за женски род разновидностите во говорите се главно со фонетски и прозодиски карактер: *св'екрва, свек'рва, свекăрва, свек'ăрва, свекорва, сфекорва, свекерва, сф'екерва, свек'арва, свек'ăрва, свик'рва, свик'ăрва, свик'ăрвă, сфик'рва, сфик'ăрва и сл.* Во Калапот и Календра - Серско, соодветно на формата за машки род, забележени се називите *п'ехра, пихр'а*, како и во Негован - Солунско каде фигурира форма *п'ефира*, кои се заемки од грчкиот јазик (нгр. *πεθερά* ´свекрва, тешта´) (Аргировски 1998 : 217).

Интересна појава во македонскиот јазик претставува проширувањето на семантиката на лексемите *дедо* и *баба* во прилог на значењето ´татко на жената, сопругата´ и ´мајка на жената, на сопругата´. Термините *тесш* и *тешша,* што со ова значење се регистрирани во Речникот на македонскиот јазик

(РМЈ III, 378) во дијалектите се послабо застапени. Оваа појава го разликува македонскиот јазик од другите словенски јазици, освен од бугарскиот во кој исто така пофреквентни се термините *дедо - баба.*

Називот *дедо* (<стсл. дѣдъ) во неколку фонетски варијанти, се јавува во најголем дел од македонските дијалекти: *дедо, д'едо̨, деду, деда, ѓ"адо̨* (Старчиште - Серско), *д"аду* (Савек - Серско), *д'аду* (Сухо и Висока - Солунско).

Терминот *тест* (<стсл. тьсть) има ограничен ареал и тоа главно во егејските говори: *тест* (Горенци - Костурско, Бобошчица - Корчанско), *тес(т)* (Вăдришта - Ениџевардарско), *тес* (Луковец - Воденско, Ранци, Тремно, Липинци - Кајларско, Зеленич - Леринско, Марковени, Добролишта, Езерец, Вăмбел - Костурско), *тєс* (Слимница - Костурско); со варијанта *тăст* се среќава само во Горенци - Дебарско, а во Струга е регистрирана форма *тест* (напоредно со *дедо*), *тăст* (Младо Нагоричино - Кумановско, напоредно со *деда*). Во неколку пункта во Дебарско (Жерноница, Ростуше, Г.Косоврасти, Џепиште) регистриран е називот *бабалок* и *бабалц(ă)к* (Г.Папрадник). Оваа лексема е заемка од турскиот јазик (<тур. *babalık* 'свекор, тест'). Во солунските села Сухо и Висока напоредно со *д'аду* во употреба е и грчката заемка *т'ефир.*

И кај називот што означува женско лице доминира лексемата *баба,* со варијантите *б'або̨, б'абă;* ограничен е ареалот на лексемата *тешта*: *т'ешта* (Ранци, Липинци - Кајларско, Зеленич - Леринско), варијантите *тăшта, тешта, тэшта* се среќаваат само во Дебарско, *т'ешто̨* (Вăдришта - Ениџевардарско), *тешча, тєсча* (Слимница - Костурско).

Релацијата меѓу родителите на мажот и родителите на жената (на сопружниците) се изразува со терминот *сват* (РМЈ III, 153).

Лексемата *сват* (<стсл. сватъ 'роднина') е сесловенска и прасловенска, без паралели во балтичката група (*svatъ* 'роднина'). Се сврзува со заменската основа **svo-, *sve-* 'свој' (Скок III, 369; Фасмер IV, 570).

Во македонските говори *сват* се јавува како единствен термин, со зборообразувачките разновидности: *сват'ина* (Косту-

рино - Струмичко), *свайт'ина* (Патарос - Дојранско) и *сватко* (Радовиш). Лексемата *пријател'* со значење на *сват* е регистрирана во Дебарско (Ростуше, Цепиште, Стеблево) и во еден пункт во Скопско (Држилово).

Формата за женски род *свака* се јавува во повеќе варијанти: *сватка, сфатка, сватја, сфатја, сфајка, свак'ја, свакă, сват'а, сфат'а, свата, сваа.* Во Дебарско, соодветно на формата за машки род, забележена е лексемата *пријател'ка* (Ростуше, Цепиште, Стеблево), како и во Држилово - Скопско.

Лексемата *зет* со значење 'маж на ќерката или на сестрата' (РМЈ I, 260) е еден од најдобро зачуваните термини од овој вид во македонскиот јазик. Зборот *зет* (<стсл. зѧть, **zętь)* претставува древно образување, распространето во сите словенски јазици без некои суштински различни форми или значења (Трубачев, 1959 : 129).

Се определува како балто-словенски, сесловенски и прасловенски термин за некрвно сродство. Има неколку толкувања за потеклото на оваа лексема. Се врзува со истиот корен што е во *znati, знае,* или со ие. корен **ĝen-* 'раѓа', трети, пак, го врзуваат со ие. корен **ĝem-* 'се жени' (Скок III, 651-652).

Во однос на македонскиот јазичен ареал, лексемата *зет* се јавува како единствена, со неколку фонетски варијанти: *зет'* (Разлошко, Петричко, Г.Делчевско), *зек'* (Разлошко, Г.Делчевско), *зек* (Струмичко), *з'ет* (Тресино - Воденско) , *з'ент'* (Сухо и Висока-Солунско), *знт'*, (Сухо - Солунско), *зјат* (Бобошчица - Корчанско), *зэт* (Требиште - Дебарско).

За означување на 'жената на синот во однос на неговите родители' и 'жената на братот во однос на другите браќа и сестри' во македонскиот јазик се употребува терминот *сваа* (РМЈ III, 250).

Лексемата *сваа* (<стсл. снъха, **snъha*) е индоевропски, сесловенски и прасловенски семеен термин (Скок III, 297).

Повеќето лингвисти ја прифаќаат етимологијата **snuso'-s* < **sneu-* 'спојува, врзува'. Старословенското снъха го продолжува ие. **snuso'-s* преку **snŭsa* со закономерен преод *c>x* (Трубачев, 1959:132).

Во македонските дијалекти се јавува како единствен назив, со многубројни фонетски разновидности: *сваа, сна:, сна; снава* (Кумановско, Скопско), *сн'ава* (Преспа), *снова, снэва, снэа*

(Дебарско), *снаха, снăх'а* (Енице- вардарско), *сн'ăха, сн'ăхă* (Гоцеделчевско), *снăа* (Љубаништа - Охридско), *снаја* (Костурско), *сн'ајă* (Тресино - Воденско), *с'ана-с'ăна* (Костурско). Зборообразувачката варијанта *снашка* е регистрирана во Младо Нагоричино - Кумановско и во Кучково - Скопско. Само во Негован - Солунско со ова значење забележена е лексемата *нив'еша*.

Со значење ´брат на мажот´ во македонскиот јазик се користи терминот *девер* (РМЈ I, 130). Девер (<стсл. дѣверь, *dĕverь) е индоевропски, балтословенски, сесловенски и прасловенски термин (Скок I, 415).

Зборот има општословенски карактер. Најдобро е зачуван во источните и јужните словенски јазици, додека во западните е потиснат од заемката од германскиот јазик šogr, šogor (герм. *Schwager* ´роднина´) (Трубачев, 1959 : 134).

Се јавува како единствен во македонските дијалекти, реализиран во повеќе фонетски варијанти: *девер, д´´евер, д'евăр, д'евер, д'евир, д´´евир, деер.*

Со терминот *золва* (<стсл. зълва, *zъly, ген. *zъlzve)* се обележува ´сестра на мажот´ (РМЈ I, 266). Претставува сесловенски и прасловенски семеен термин (Скок III, 643).

Називот *золва* има општомакедонски карактер, а разновидностите низ дијалектите се исклучиво со фонетска природа: *з'олва, з'оḷва, з'оўва, зоува, з'ăлва, з'ăува, зова, зḷва, зḷ'ăва.*

Релацијата меѓу сопругите на браќата се именува со терминот *јатрва* (<стсл. ѩтрꙑ, ген. -ѣве, *jętry ´жена, сопруга на братот´) (РМЈ I, 309). Суштествува во сите словенски јазици. Ова е балтословенски, сесловенски и прасловенски збор (Скок I, 779).

Во македонските говори се регистрирани голем број разновидности, кои се јавуваат во зависност од резултатот од мешањето на носовките, а има и разлики од прозодиски карактер: *ј'атрва, јат'ṛва, ј'атăрва, јат'ăрва, јạтṛва, јăт'ăрва, јетрва, ј'етăрва, јет'ăрва, (ј)етерва, етерва, јотṛва, јэтэрва, етрва, ет'ṛва, ет'ăрва, ẹт'ăрва, итṛва, ит'ăрва, итр'ăва, ат'ăрва, ат'арва, ат'ерва, ј'ентрăва, 'ентрăва, ент'арва, ант'ṛва.*

За обележување на значењето ´сестра на жената´ во македонскиот јазик се употребуваат називите *свеска* (РМЈ III, 155) и *балдаза.*

Во дијалектите доминира називот *балдаза*, кој е заемка од турскиот јазик (тур. *baldız* 'сестра на жената'), и се појавува во повеќе фонетски разновидности: *балдази, балдӑзи, балд'ӑзи, бạлд'ӑзи, бạлдузи, баўдӑзи, бӑлд'ӑзи, бạлдạз'ӑ, билдези, балтези, балдози, бạлдози;* спорадично се јавува во зборообразувачките разновидности: *балдеска* (Гостиварско), *балдоска, бӑлдаска* (Дебарско). Ареалот на лексемата *свеска,* со варијантите: *сфеска, свӑска, свести, свӑсти,* е ограничен, главно, во западниот дел од македонската јазична територија (Дебарско, Кичевско, Охридско, Ресенско, Битолско, Демирхисарско, Прилепско, Поречко, Кајларско, Леринско, Костурско, Преспанско). Само во еден пункт (Боровец - Струшко) е регистриран називот *свастика.* Ограничен е и ареалот на лексемата *шурна:* (Дебарско, Струшко, Охридско, Ресенско, Мегленско, Костурско), со варијантите: *шурња, шуркӑ;* или: *шурнефка, шурнејка, шурнеіца*

Како термин за обележување на значењето 'мажот на сестрата на жената' во македонскиот јазик исклучиво се среќава заемката *бацанак* (<тур. *bacanak* 'девер, брат на мажот; маж на сестрата на жената'). Оваа заемка е позната во сите јужнословенски јазици, освен во словенечкиот.

Во македонските дијалекти оваа лексема се јавува во повеќе варијанти од фонетски и прозодиски карактер: *бацанак, бац'анак, бацан'ак, бацӑн'ак, бажанак, бажан'ак, бацен'ак, бацӑн'ак, бӑцанак, бӑцӑн'ак, бацанок, бацонок, бацаног.* Единствено во Строви ја (Прилепско) е регистриран називот *пашанок.*

Прасловенскиот термин *svakъ* е потиснат и од западнословенските јазици, во кои во оваа функција се јавува една понова заемка од германскиот јазик (герм. *Schwager*), па имаме: *švagr* во чешкиот, *švagor, švager* во словачкиот, *szwagier* во полскиот, а во лужичкиот *swar* се употребува напоредно со *swak.* Интересно е што оваа заемка во споменативе јазици се употребува со проширена семантика. Таа го покрива значењето на 'девер; зет; бацанак; шура' (Марков, 1988).

За обележување на значењето 'братот на жената во однос на нејзиниот маж' (РМЈ III, 583) служи терминот *шура* (<стсл. шоуѕ-ь, -инъ, -а, **surin*). *Шура* е сесловенски и прасловенски термин за сродство; првобитно било придавка *surь*, поименичено со суфиксот *-jak,* односно *-in* (Скок III, 424).

Се јавува како единствен на целата македонска јазична територија, и тоа во неколку фонетски варијанти: *ш'ура* (Гуменџе - Ениџевардарско), *ш'урă* (Тресино - Воденско), *ш'уре* (Ранци - Кајларско). Од зборообразувачки карактер се варијантите: *ш'урак* (Думановце - Кумановско, Сараќинце, Челопек - Тетовско, Волковија - Гостиварско, Букојчани - Кичевско), *ш'урej* (Вратница - Тетовско), *шурно* (Слимница - Костурско), *цур'ајк'* (Сухо - Солунско). Во Дебарско (Жерноница, Ростуше, Цепиште) се среќава заемката *каин, т.е. каим* (Г. Косоврасти, Г. Папрадник), заемка од турскиот јазик (<тур. *каин, каинсе* ´брат од жена, шура´) (Јашар-Настева, 2001 : 88). Формата *кунак* (Стеблево - Дебарско) е заемка од ароманскиот, односно од романскиот јазик (аром. *cumna't* ´роднина´; ром. *cumnat* ´шура, баџанак, зет´), или од албанскиот јазик (алб. *kunat* ´брат на мажот; брат на жената´).

Од изнесениот преглед на термините коишто обележуваат прирамнување на нероднини кон роднини во македонските дијалекти, можеме да заклучиме дека македонските говори ги зачувуваат во голем број термините со прасловенско потекло. Карактеристично е строгото разликување на термините *свекор-свекрва* и *тест-тешта* т.е. *дедо-баба.* Разликувачка улога на македонскиот јазик во однос на другите словенски јазици има појавата на проширување на семантиката на лексемите *дедо* и *баба* во значење на *тест-тешта.* Заемањето од други јазици е ограничено. Така, од турско потекло се називите *баџанак* (кој се затврднал како единствен на целата македонска јазична територија), *балдаза* (кој исто така ја проширил употребата за сметка на *свеска)*, *бабалок-бабалăк* и *каин,* кои се јавуваат само во ограничен број пунктови. Од грчкиот јазик се заемките *пехар-пехера*, односно *пефир-пефира*, регистрирани во неколку пункта во Егејска Македонија. Називот *кунак,* кој е забележен само во еден пункт во Дебарско, е заемка од ароманскиот, односно романскиот, или од албанскиот јазик.

Можеме да заклучиме дека во рамките на оваа група термини за сродство во македонскиот јазик, како на ниво на литературен јазик, така и на дијалектен план, нема некои поизразени тенденции за упростување и аналитичко изразување на роднинските врски.

Скратеници

алб. - албански
аром. - аромански
герм. - германски
ие. - индоевропски
нгр. - новогрчки
ром. - романски
стсл. - старословенски
тур. - турски

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Агаи А.-К., *Албанско-македонски речник*, Скопје 1996

Аргировски М., *Грцизмите во македонскиот јазик*, Скопје 1998

БЕР - *Български етимологичен речник*, I-V, София 1971-1999

Георгиева И., Москова Д., Радева Л., *Терминологична система на кръвно родство у Българите*, Известия на етнографския институт и музей, том XIV, София 1972 : 159-173

Јашар-Настева О., *Турските лексички елементи во македонскиот јазик*, Скопје 2001

Макаријоска Л., *Роднинската терминологија од историски аспект*, ЛЗб, 1-2, Скопје 2002 : 29-37

Марков Б., *Изразување на роднински врски во македонскиот јазик*, Предавања на XV Семинар, Охрид 1982

Марков Б., *О выражении родственных отношений современных славянских языках*, Реферати на IX Меѓународен славистички конгрес во Киев, Скопје 1983 : 41-53

Марков Б., *Об влиянии иностранных языков на термины родства в славянских языках*, Реферати на X Меѓународен славистички конгрес во Софија, Скопје 1988 : 53-61

Новаковић Н., *Родбински и својбински називи,* Наш језик IV,1936:24

РМЈ - *Речник на македонскиот јазик*, I-III, Скопје 1961-1966

Скок - Skok P., *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* I-III, Zagreb 1971-1973

Томиќ М., *Македонско-романски речник,* Скопје 1986

Трубачев О.Н., *История славянских терминов родства и некаторых древнейших терминов общественного строя*, Москва 1959

Турско-български речник, София 1952

Фасмер М., *Этимологический словарь русского языка*, II-IV, Москва 1964-1969

Шкаљиќ - Škaljić A., *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, Sarajevo 1989

Elenka Stoevska Denchova

Family Relationship Terminology in Macedonian Dialects

(Summary)

The subject of this paper are the terms for in-laws in the Macedonian dialects: *свекор, свекрва, тест, тешта, снаа, зет, золва, јатрва, девер, свеска, бацанак, шура.*

The majority of these forms are inherited from Common Slavic. In some cases there is parallel use or replacement of inherited forms with. The sharp semantic differentiation of the terms *свекор-свекрва* and *тест-тешта*, i.e. *дедо-баба* is typical. Compared to other Slavic languages, in Macedonian the lexemes *дедо* and *баба* are more widespread in the meaning of *тест-тешта*. Loanwords from other languages are few. From Turkish origin are the terms *бацанак* (the only term used throughout the entire Macedonian territory), *балдаза* (which widened its usage at the expense of *свеска*), *бабалок-бабалак* and *каин*, which can be found only in a limited number of locations. Greek loanwords are *пехар-пехера*, or *пефир-пефира*, registered in several locations in Aegean Macedonia. The name *kunak*, noted in only one point in the Debar region, could be a loanword either from Aromanian, Romanian or Albanian.

We conclude that in the framework of family relations terminology in Macedonian, both in the standard language and in the dialects, there are no significant tendencies for simplification or for analytical expression.

Светлана Давкова - Ѓоргиева

Од македонската дијалектна лексика: *црепна* и *вршник*

Прва и основна грижа на човекот, во текот на целата своја историја, низ сите времиња, му била да најде, да приготви, а подоцна и сам да произведе храна, обезбедувајќи си ја сопствената егзистенција, и егзистенцијата на својата заедница. Исхраната на одредена етничка средина не секогаш била условена само од изобилството, разновидноста и квалитетот на храната која на кој било начин ја давала природната средина, туку и од економските и од социјалните фактори, од верските определби и од културните навики, со еден збор од начинот и културата на живеење.

За приготвување здрава и вкусна храна, освен прехранбените продукти и умеењето на домаќинката, од битно значење биле (како што се и денес) садовите во кои таа се приготвува , се чува или се принесува на трпезата.

Поголемиот дел од садовите имале точно определена функција; тие имале и свое место во куќата, определено со оглед на неговата употреба. Нивната форма и нивната функционална намена го диктирале изборот на материјалот. Меѓутоа, материјалот од којшто тие биле изработени (како, на пример, во почетокот, камен, кожа, дрво, глина, а подоцна металот и други материјали), не биле секогаш условени само од функцијата на садот, туку и од материјалите што му биле на располагање на населението, а подоцна и од локалното занаетчиско производство.

Глинените покуќнински садови, поради едноставниот начин на изработка како и поради својата издржливост, во антиката и низ средновековието биле неопходен инвентар во секојдневниот живот.

И Словените, населувајќи се на Балканот, со себе ги носеле керамичките садови моделирани со рака или на просто грнчарско колце.

На нашиве простори, во најголемиот дел од селската средина, поради непостоење на фурни, *црепната* и *вршникот* биле единствените средства за печење леб во селските домаќинства. Печењето секогаш се вршело на огниште во добро загреана усвитена црепна и исто така усвитен вршник. Прво се усвитувала црепната, која се поставувала на сач, свртена со лицето односно со внатрешниот дел кон пламенот, а вршникот се усвитувал откако црепната ќе се симне од огнот. Црепната била доволно усвитена тогаш кога при бришењето на внатрешноста, со крпата, т.н. *црепнарка/черепнарка* или *пачавра*, од неа излегувале искри (Етнолог 1994 :86-91).

Називите **црепна** и **вршник** како земјени односно метални садови, во коишто пред сè се печел леб и се приготвувале некои традиционални јадења т.н. јадења "под вршник", низ подолг временски период во селската куќа, особено во некои пасивни села, се одржале и до денес.

Во стандардниот македонски јазик лексемата **црепна** е дефинирана како ´земјен сад со кој се поклопува леб при печење´. Од неа се изведени и *црепналка*, *црепнарка* ´крпа со која се брише црепната´.

Како синоним на *црепна*, се среќава лексемата *подница* ´ глинен сад во кој се пече леб´, со упатување на *црепна*, *черепна*.[1]

Лексемата *вршник* значи ´сач, испупчен железен или земјен поклопец под кој се пече леб или јадење´. Негов синоним е називот *сач* ´плиток кован сад за печење леб, вршник´ (в. РМЈ т.I, 87; т.II, 251; т.III, 152, 522).

Лексичките единици, односно називите *црепна/подница* и *вршник/сач* во *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* од Б.Видоески, се дел од тематската област *Уредување на куќата и посатки.*[2]

---

[1] *Црепната* односно *подницата* е земјен сад кој имал голема примена во домашниот живот, не само кај нас туку и надвор од балканските простори, низ долг временски период. За неа знаеле и Старите Словени (Бабиќ 1986: 298-306), а индиции за нејзино уште подамнешно постоење на овие наши простори, од времето на доцниот неолит, ни даваат фрагментите од *црепна/подница* откриени на локалитетот "Страната" во с. Ангелци-Струмичко (В.Санев, М. Стаменова 1989 :17).

[2] Дијалектолошкиот материјал е користен од картотеката на проектот *Македонски дијалектен атлас,* што се работи во Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик ´´Крсте Мисирков´´.

На прашањето бр. 46 во *Прашалникоѿ* од гореспоменатата тематска област: *Како се вика земјен сад, налик на ѿеѿсија, во кој се ѿече леб?*, од вкупно 218 пункта теренски материјал од македонскиот дијалектен ареал, регистрирани се два назива: **црепна** во 133 пункта и **подница** во 85 пунктови.

Низ македонските дијалекти информаторите *цреѿнаѿа* ја опишуваат како ´масивен плиток сад со тркалезна форма изработен од специјална непечена земја ´црвеница´, во која се пече леб´. Се среќава со фонетско-фонолошки разновидности како: *цреѿна, цреѿња, цреѿн'а, цреѿ'уља, ч'ереѿна, чер'еѿна, черј'аѿна.*

Географски е дистрибуиран на следниов начин: во *северниѿе ѓовори* застапен е во Кумановско (во 9 пункта), Овчеполско (1) и Тетовско (8), а во *заѿадномакедонскиѿе ѓовори* се среќава во сите западни периферни говори имено во: горнополошки, дебарски, струшки, охридски и преспански говори, потоа во дримско-голобрдскиот, вевчанско-радошкиот, малореканскиот (галички) и реканскиот (жировнички) говор. Називот понатаму се дистрибуира во *цен*ѿ*ралниѿе ѓовори* и тоа во: Кичевско (во 10 пункта), Битолско (9), Прилепско (5), Демирхисарско (3), Пореч е (3), Велешко (5) и Мариовско (3). Во *еѓејскиоѿ дел* од македонскиот дијалектен ареал, називот *цреѿна* е дистрибуиран во костурско-корчанските говори.

Фонетските разновидности од типот *ч'ереѿна/ цреѿна* укажуваат на замена на слогот *чре-* во *цре-*, што настанал како резултат на законот за метатеза на ликвидите (прасл. **čerгъ*). Замената *čr->cr-* е фонетска појава која настанува заради избегнување на тешките согласнички групи. Со вметнувањето на самогласката *-е-* во *čr-* во одделните наречја се олеснува изговорот на таа група.

Односниов назив е изведенка од именката *цреѿ* со суфиксот *-на* и означува ´предмет наменет за вршење на дејство´ што не е експлицитно изразен.

Називот *цреѿна* е регистриран и во другите балкански јазици. Сп.: аром. *cereap*, *cireap* ´фурна´, алб. *çerép* ´земјен сад´, срп. и хрв. *crijep/crijepnja* со повеќе значења, меѓу кои и ´голем земјен сад , кој се заѓрева на оган и се става преку лебот да се испече´ (Скок, т.I, 274) , буг. *цреѿ/цреѿна, черепна, чирепна* ´сад од земја, во кој се пече леб´ (Геров, т.II, 529).

Лексемата е регистрирана и во македонските црковнословенски текстови како чрѣпъ (општослов. прасл. **čerгъ*) со значење

´глинен креп´ (*Григоровичев паримејник* и *Станиславов пролог*) и со зборообразувачките варијанти ѵрѣпица, ѵрѣпина со истото значење (*Погодинов псалтир*, *Крнински дамаскин*, *Станиславов пролог*) (Макаријоска 2003 : 98-99).

Лексемата *креп*, како назив од прасловенската културна традиција, односно како културна лексема, лесно се позајмувала во јазиците (Скок, т.I, 274). Со основното значење ´ќерамида (од глина или цемент), креп, парче (од искршен глинен или порцелански сад)´, регистрирана е и во другите словенски јазици. Сп:. буг. *креп*, срп. и хрв. *crijep*, словен. *črěp*, чеш. *střep*, *třep*, слов. *črep*, пол. *trzop*, г.луж. *čŕjop*, д.луж. *ćŕop* (Фасмер, т.IV, 341).

Лексемата *креп* во стандардниот македонски јазик е забележана со поинакво значење ´саксија (саксија за цвеќе) и парче од искршен предмет од земја, порцелан и сл.; скршена стомна, барде и сл.´ (РМЈ, т.III, 522).

Интересен е податокот за *крепната* што го нудат етнолошките истражувања на народниот живот во Македонија и на балканските простори, што укажуваат на посебните услови под кои крепната била изработувана. Имено, изработката на крепната припаѓала во делокругот на женската домашна работа и била поврзана со старите култни сфаќања. Скоро насекаде во Македонија крепните се изработувале на празникот Еремија, со цел тие да бидат трајни. Во повеќето краишта жените ги изработувале крепните, и тие морале да бидат чисти и со душата и со телото, а глината ја газеле девојки и невести кои при тоа извршувале обредни игри проследени со обредни песни. Бројот на учесниците секогаш морал да биде непарен. Во изработката на крепната постоеле и ограничувања, па така оние членови од семејства кои имале смртен случај во таа година и невести кои немаат деца, во изработката не смееле да учествуваат.

Според народното верување, крепната била предмет со натприродна сила и, како таква, таа наоѓала голема примена и во повеќе магиски постапки. При делење на семејството крепната никогаш не била подложена на делба. Таа секогаш останувала во сопственост на оној што ја наследува, односно останувала во куќата (Вражиновски 2000 : 427).

Крепната во Робово (Струмичко) и Богословец (Штипско) е регистрирана со називот *фурна* ´место каде што се пече лебот´; во Чеган (Воденско) покрај *цр'епна* е регистриран и називот *пл'итар* ´рамна земјена плоча на која се печат односно прават пи-

тулици´, а во Вевчани (Струшко) покрај *ч'ерепна* е регистриран и називот *п'одница*, но со значење ´дрвца што се редат на гредите од подот а потоа се става земја´.

Синонимот на **црепната - подница**, е забележан со своите фонетско-фонолошки разновидности: *п'одница, п'одница, подн'ица, подн'ица,пудн'ица, пудн'ица*. На македонската јазична територија називот *подница* е регистриран во: *северните говори* во Кривопаланечко (во 4 пункта), Кратовско (2) и Овчеполско (4), од *западното наречје* во *централните говори* и тоа со по 1 пункт во Скопско, Прилепско и Мариовско, 2 пункта во Велешко и 5 пункта во Тиквешко. Во *југоисточното наречје* називов се среќава во: *штипско-струмичките говори*, и тоа во Струмичко и Радовишко (6 пункта), Штипско (5), Кочанско (9) и Пробиштипско (3), во *малешевско-пиринските говори* во Делчевско и Беровско (со 1 пункт), во *пиринскиот дел* на македонскиот дијалектен ареал во Санданско и Разлошко (1). Во *јужните говори* називов е регистриран на целата територија на *солунско-воденските* односно *долновардарските говори* (Гевгелиско, Дојранско, Кукушко, Солунско, Енидевардарско, Мегленско, Воденско, Кајларско) и само во еден пункт од *лагадинските говори*.

Синонимот **подница** го среќаваме во: буг. *пóдник, пóдница, пóница* ´глинен сад за печење леб´ и сè што е во врска со значењето земја´, алб. *ponicë* ´глинен сад за печење леб во него; саксија за цвеќе, глинен поклопец´, аром. *ponţă* ´земјен сад во којшто или под којшто се пече леб; саксија за цвеќе´ (БЕР, т. V, 459), срп. и хрв. *podnica* ´даска со која е нешто поподено´.

Називот *подница* е изведенка од именката *под* со суфиксот *(-н)-ица*, и означува ´предмет наменет за вршење дејство´ што не е експлицитно изразено.

Лексемата *под*, со значење ´под, патос´ (РМЈ, т.II, 215) во повеќето словенски јазици се јавува со истото значење или со други значења. Сп.: срп. и хрв. *pod* ´даска за под, под, душеме´, словен. *pod* 'под, гумно´, рус. *pod* ´долна површина на селска печка, дно од печка´, во дијал. ´пласт, под, вид кревет во селска куќа спроти вратата, каде што спијат жените´, укр. и белорус. *pod*, меѓу другите значења регистрирано е и значењето ´долен дел на нешто, долна површина на селска печка врз која се пали оган´, чеш. *půda* ´почва, земја, таван´, словач. *pôda* ´земја, територија´, пол. *spód* ´долен дел, дно´, буг. *под* со значење меѓу другите и ´под, душеме´ (БЕР,

т. V, 429). Се смета дека *под* е од прасл. **padъ*, **pada* со основно значење ´нешто што е ставено од долу´.

Како одговор на прашањето бр. 53 во истата глава од *Прашалникот*: *Како се вика железниот сад што се става врз црепната за да се испече лебот?*, во 231 пункт регистрирани се лексичките разновидности **вршник** и **сач**, означувајќи ´железен поклопец што се става врз црепната/подницата за да се испече лебот, на тој начин што врз него се става (тој се посипува) пепел; на средината на сачот има мал отвор´.[3]

Што се однесува до фрекфентноста на називот *вршник*, со неговите фонетско-фонолошки разновидности: *в'р̥ршник, вршн'ик, вршњик, вр'ăшник, в'ăршник, вăршн'ак*, ќе констатираме негова застапеност во 139 пункта од македонскиот дијалектен ареал.

Регистриран е во *северните говори* во: Тетовско (6 пункта), Кривопаланечко (4), Кумановско (10), Кратовско (2), Овечеполско (5); *западномакедонското наречје* во *централните говори*: Скопско (12 пункта), Битолско (4), Прилепско (1), Демирхисарско (3), Кичевско и Поречe (3), Велешко (6), Прилепско (6), Мариовско (4), Тиквешко (5); *југоисточно наречје* во *штипско-струмичките говори* (Радовишко, Штипско, Кочанско, Пробиштипско), *малешевско-пирински* (Делчевско и Беровско), во *пиринскиот дел* (1 пункт во Санданско и Разлошко) и во *јужните говори* (Солунско, Лагадинско, Кукушко, Дојранско, Ениџевардарско, Мегленско и Воденско).

Називот *вршник* е изведенка од именката *врв* (сп.: стсл. вр̥ъхъ, вр̥ьхъ, од прасл. **vьrchъ*, стара u-основа, ие. **wrsu-s*) (БЕР, т.I, 190), со суфикс *-ник* кој има семантичка функција, т.е. формира назив на ´предмет наменет за вршење на дејство´ кое и во овој случај не е експлицитно изразено (Конески, 1995: 52).

---

[3] Во *Речникот на македонската народна поезија* називот *вршник* е дефиниран како ´испупчен метален или земјен сад под кој се пече леб (погача) или јадење;сач. Голем е бројот на народните песни каде што, меѓу другото се пее и за *вршникот*. Сп.: на Велигден ручек ми зготвиле / и бели погачи ми месиле, / под *вршници* сите си ´и клале (СбНУ XIII, 96); та огреа, тенка Стојана, / огреа пиростија, /ја кладеа на шијата, / та узеа горен *вршник*, / та кладеа на главата (Мил. 303); го туриле Дончо в темни зандани, / во темни зандани, / во тесни долапи, / на нози му тешки букагии, / на раци му тие лути спици, / на глава му угорен *вршник* (ХМ 5, 53) (РМНП, т.I, 341).

Освен во македонскиот стандарден јазик, лексемата *вршник* се среќава во: срп. и хрв. *vršnik* ´црепна´ (Скок, т.III, 624), алб. *vërshnik, fërshnik, vëshnik* ´вршник´ и буг. *връшник* ´заклопка, поклопка со која се поклопува подницата, кога во неа се пече нешто´(БЕР, т.I, 190; Геров, т. I, 165).

Синонимот **сач** е регистриран во 92 пункта на македонската јазична територија. Тој формира дијалектен ареал, зафаќајќи ги сите *западни периферни говори*: горнополошкиот, дебарскиот, струшкиот, охридскиот и преспанските говори, вевчанско-радошкиот, малореканскиот (галички) и реканскиот (жировнички) говор, потоа неговата дистрибуција продолжува во *костурско-корчанските говори* и во дел од *долновардарските говори,* поточно во Кајларско и Воденско и три пункта од Серско. Во оваа дијалектна целина се вклучуваат и пунктови што граничат со оваа област од Тетовско и Пореч (2 пункта), Скопско (1), Битолско (6) и Кичевско (8).

Називот *сач* освен во македонскиот стандарден јазик е регистриран и во другите балкански јазици. Сп.: срп. и хрв. *sač* ´вршник´, буг. *сач* ´ железен или глинен домаќински сад´ , алб. *saç* ´сач, вршник´ (БЕР, т. VI, 518). Оваа лексема е балкански турцизам од тур. *saç* со значење, меѓу другите, и ´метален лист, ламарина, ламаринен´ (Скок, т.III, 182).

Од направениот преглед на дел од називите *земјени* односно *грнчарски посатки* за домашна употреба во македонските дијалекти, и пошироко во балкански контекст, можеме да заклучиме дека станува збор за заемки од словенско потекло - *црепна*, *подница* и *вршник*, како и за заемки од турскиот јазик - *сач* и *фурна*, адаптирани главно на фонетско ниво. Овие предмети во себе ја кријат старата традиција што народот ја одржувал, создавајќи предмети за сопствените потреби, пренесувајќи ги и на своите генерации, откривајќи ни едно огромно богатство на видови, но и на називи на предметите во домаќинството кои, како што видовме, нашиот народ ги примил отстрана и ги усвоил во заедничкото живеење со други туѓи и автохтони балкански народи.


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
црепна
подница
Скопје
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Кочани
Штип
Гостивар
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Неготино
Кавадарци
Струмица
Гевгелија
Дојран
Петрич
Валовиште
Серез
Драма
Кукуш
Гуменџе
Лагадина
Солун
Воден
Лерин
Костур
Корча
Кајлар
Бер
Ениџе-Вардар
Сандански (Св.Врач)
Гоце Делчев (Неврокоп)
Радовиш
Карта бр. 1
VIII/46: црепна, подница


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
сач
вршник
Скопје
Куманово
Солун
Карта бр. 2
VIII/53: вршник, сач

СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ

алб. = албански
аром. = аромански
буг. = бугарски
белорус. = белоруски
г. луж. = горно лужички
грч. = грчки
д. луж. = долно лужички
и.е. = индоевропски
нгрч. = новогрчки
пол. = полски
прасл. = прасловенски
рус. = руски
слов. = словачки
словен. = словенечки
срп. = српски
стсл. = старословенски
укр. = украински
хрв. = хрватски
чеш. = чешки

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

АСХР: *Албанско-српскохрватски речник*, Приштина 1981.

Аргировски 1998: А р г и р о в с к и М., *Грцизмите во македонскиот јазик*, Скопје 1998.

БТРС: *Большой турецко-русский словарь*, Москва 1998.

БЕР: *Български етимологичен речник*, I(1971), II(1979), III(1986), IV(1995), София.

Видоески *материјал за Македонскиот дијалектен атлас*, Скопје, 2000.

Индекс кон Речникот на македонските библиски ракописи, Македонистика 4, Скопје 1985.

Макаријоска 2003: М а к а р и ј о с к а Л., *Лексиката на материјалната култура во македонските црковнословенски текстови*, Скопје 2003.

Микл: M i k l o s i c h F., *Lexicon palaeoslovenico-graeco-latinum, Wiena* 1862-1865.

РМЈ: *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*, I(1961), II(1965), III(1966), Скопје.

РСКЈ: *Речник српсохрватскога књижевног језика*, Матица српска -Матица хрватска, I(1967), II(1967), III(1969), IV(1971), V(1973), VI(1976), Нови Сад.

С к о к П., *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* I(1971), II(1972), III(1973), IV(1974), Zagreb.

Таховски 1951: Т а х о в с к и А.Ѓ., *Грчки зборови во македонскиот народен говор,* Прилог кон етомолошкиот речник на македонскиот јазик, Скопје 1951.

Т о м и ќ М., *Романско-македонски речник*, Букурешт - Скопје 1986.

Фасмер М, *Этимологический словарь русского языка*, I-IV Москва 1964-1973

Š k a lj i ć A., *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku,* Sarajevo 1989.

Svetlana Davkova Giorgieva

On the Macedonian Dialectal Lexicon
- *црепна* and *вршник* -

(Summary)

In this paper, we discuss the names for two clay containers for home use in Macedonian dialects (*црепна* and *вршник*) and their presence or absence in other Slavic and non-Slavic languages. Their geographic distribution is shown on the whole Macedonian linguistic territory.

It can be concluded that these are lexemes of Slavic origin – *црепна, подница, вршник*, adapted mainly on the phonological level, or borrowings from Turkish – *сач* and *фурна*.

This situation is typical, because the objects of material culture were imported together with their names, and the people accepted them in their common life with other Balkan peoples.

Љубица Станковска

Од ојконимијата во Кумановско

Меѓу првите дијалектолошки описи што ги направи академикот Божидар Видоески на одделни македонски говори, се наоѓа и описот на кумановскиот говор, кој го зафаќа централниот дел од северното говорно наречје на македонската јазична територија. Како што е познато, монографскиот опис на кумановскиот говор, беше неговата докторска дисертација, која ја објави во 1962 година Институтот за македонски јазик во Скопје како 3 книга во едицијата Посебни изданија. Во овој монографски труд Видоески систематски ги изложи дијалектните особености, коишто кумановскиот говор го прават диференцијален наспрема останатите северномакедонски говорни групи и едновремено го дистанцираат од другите македонски говори. Токму на оваа јазична територија се наоѓаат или се наоѓале селата, чиишто имиња ќе бидат предмет на нашиов реферат.

Исчезнатото село *Подлешане* се наоѓало во реонот на селото Липково. Неговото име денес се чува во името на месноста *По́длешане* – сега утрина, која припаѓа на атарот на селото Липково[1]. Според народното предание, на оваа утрина некогаш имало пазариште.

Името на исчезнатото село *Подлешане* е регистрирано во писмените споменици од XIV век. Со формата *Подлешане* името на селото е забележено во Душановата грамота од 1354 година за манастирот Света Богородица во Архилевица каде е запишано: село подьлешане сь мегѣми и одтеси и сь ꙁаселци и сь всѣми правнами села тога. и уште еднаш во белешката: поутемь кои греде

[1] Ј. Х. Васиљевић, *Кумановска област*, Јужна Стара Србија, I, Београд 1909, стр. 223.

ѡть подьлешань оу стльпьчаны, а се споменува и во грамотата на Евдокоја и на нејзиниот син Костадин Дејановиќ од 1381 година со која се подаруваат имоти на манастирот Хиландар на Св. Гора каде што стои: село подлѣшане[2].

Во турскиот опширен пописен дефтер за Нагоричката нахија од 1519 година е регистрирано селото *Подешани*[3]. Со извршениот попис во селото се попишани 12 христијански семејства и 1 неженето лице. Со формата *Подишани* името на селото е забележено во пописниот дефтер за истата нахија од 1570-1573 година[4]. Со спроведениот попис во селото биле избројани 14 христијански семјсва и 9 неженети лица. Ние сметаме дека споменатово село *Подешани*, односно *Подишани* се однесува на старото село *Подлешани*.

Ојконимот *Подлешане* е етничко име кое настанало со топонимизација на етникот во множина **подлешане*, којшто е образуван од топонимот **Подлес* со етничкиот суфикс *-јане* > *-јани* и означува 'луѓе кои живеат или живееле во месноста *Подлес'.

Топонимот **Подлес* е добиен со топонимизација на апелативот *подлес* 'место под лес, односно место каде што има шума'. Лексемата *подлес* се наоѓа и во името на велешкото село *Подлес*. Во чешката топонимија е познат топонимот *Podlesí* кој е рамен на апелативот *podlesí* < *podlesije* од **podъlesьje* 'место под лес, т.е. под шума'[5].

Географскиот апелатив *подлес* < **podъlěsъ* претставува сложена лексичка единица составена од префиксот *под-* од прасл. **podъ*, стсл. подъ и лексемата *лес* од прасл. **lěsъ*, стсл. лѣсъ 'шума'. Со право Божидар Видоески апелативот *подлес* го вклучува во

---

[2] F. Mikloschich, *Monumenta Serbica*, Viennae 1858, стр. 143, 191; С. Новаковић, *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912, стр. 739, 447.

[3] М. Соколоски, *Куманово и Кумановско во текот на XVI век*, Прилози – МАНУ, Одделение за општествени науки, VII, 2, Скопје 1976, стр. 79.

[4] М. Соколоски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, том V, кн. II, Скопје 1980, стр. 491.

[5] L. Hosák, R. Šrámek, *Místní jména na Moravě a ve Slezsku*, II, Praha 1980, стр. 263.

оние двоосновни образувања кои во разговорната реч одамна престанале да бидат продуктивни[6]. Од ваков вид, на пример, се географските апелативи *забрдо*, *заград*, *задол*, *полака*, *подгора* кои се застапени во топонимијата: *Забрдо* – месност (Требеништа, Охридско), *Заграт* – село во Поречко, *Задол* – месност (Слимница, Преспанско), *Закамен* – месност во Малесија (Дебарско), *Заногa* – подножна месност (Бесвина, Преспанско), *Полаки* – село во Кочанско, *Подгорци* – село во Струшко.

Лексемата *лес* 'шума' се наоѓа и во основата на нашите топоними *Лесица* – ниви (Лавчани, Кичевско)[7] и *Лесница* – река, десна притока на Козји Дол, притока на Пчиња[8]. Во топонимијата на другите словенски јазици, исто така, се застапени топоними во чијашто основа се наоѓа прасл. именка **lěsъ* 'шума', сп. словен. *Lesji Potok*[9], пол. *Leśna*, **Leśnica*[10], слов. *Lesnica*, рус. *Лесная*[11]. Во дијалектите на бугарскиот јазик лексемата *родлес* е позната и како име на растение (Poligala major)[12].

Селото *Извор* се наоѓа во северозападниот дел на кумановското поле во областа Жеглигово. Тоа е планинско село со надморска височина од 810 м[13]. Припаѓа на територијата на Општина Липково, а од Куманово е оддалечено 17 км.

Во словенските писмени споменици од XIV и XV век, како и во турските документи од XVI век, селото *Извор* се јавува со сегашното негово име. Како село ꙗзворь тоа е запишано во Душановата грамота од 1354 година за манастирот Света Богородица, кој

---

[6] Б. Видоески, *Македонската топонимија како извор за историската дијалектологија на македонскиот јазик*, Четврто заседание на Меѓународната комисија за словенска ономастика, Скопје 1971, стр. 64.

[7] Т. Смиљанић, *Кичевија*, Насеља и порекло становништва, књ. 28, Београд 1935, стр. 447.

[8] I. Duridanov, *Die Hydronymie des Vardarsystems als Geschichtsquelle*, Böhlau - Verleg- Köln - Wien 1975, стр. 128.

[9] F. Bezlaj, *Slovenska vodna imena*, del I, Ljubljana 1956, стр. 337.

[10] E. Rzetelska-Feleszko, J. Duma, *Nazwy rzeczne Pomorza między Dolną Wisłą a Dolną Odrą*, Wrocław - Warszawa - Kraków - Gdańsk 1977, стр. 63.

[11] V. Šmilauer, *Příručka slovanské toponomastiky*, Praha 1970, стр. 112.

[12] *Български етимологичен речник*, ред. И. Дуриданов, т. V София 1999, стр. 452.

[13] М. Панов, *Енциклопедија на селата во Република Македонија*, Скопје 1998, стр. 135.

се наоѓал во селото Архилевица[14]. Меѓутоа, во објавениот текст на оваа грамота од Ф. Миклошич тоа фигурира како село роунꙁворь с мегнамн[15]. Потоа, неговото име е забележено во грамотата на Евдокија и на нејзиниот син Костадин Дејановиќ од 1381 година на манастирот Хиландар на Св. Гора: село ѥꙁворь[16]. Во обликот ѥꙁворь името на селото е запишано во Пчињскиот поменик од XV век[17].

Селото *Извор* е регистрирано во турските опширни пописни дефтери за Нагоричката нахија од 1519 и од 1570-1573 година[18]. Со пописот од 1519 година во селото биле попишани 26 христијански семејства и 1 неженето лице, а со пописот од 1570-1573 година во него се избројани 24 христијански семејства и 22 неженети лица.

Од К'нчов името на селото е забележено во обликот *Изворъ*[19], кај Бранкоф погрешно се бележи како *Izovor*[20], на топографската карта од 1958 година се бележи како *Извор*[21], а така е

---

[14] С. Новаковић, *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912, стр. 739.

[15] F. Mikloschich, *op. cit.*, стр. 143.

[16] L. Petit, B. Korablev, *Actes de L'Atos. V. Actes de Chilandar*, Санктпетербургъ 1911, стр. 536.

[17] С. Новаковић, *Пшински поменик*, Споменик Српске Краљевске Академије, књ. XXIX, Београд 1895, стр. 18.

[18] М. Соколоски, *Куманово и Кумановско во текот на XVI век*, Прилози – МАНУ, Одделение за општествени науки, VII, 2, Скопје 1976, стр. 78; М. Соколоски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, том V, кн. II, Скопје 1980, стр. 519.

[19] В. Кънчов, *Македония. Етнография и статистика*, София 1900, стр. 217.

[20] D. M. Brankoff, *La Macédoine et sa population chrétienne*, Paris 1905, стр. 126.

[21] И. Петрушевски, Н. Петрушевска, *Географски топонимиски речник на Република Македонија*, Скопје 2001, стр. 226.

внесено и на административната карта на СРМ од 1976 година[22]. Дијалектното и официјалното име на селото е *Ѝзвор*[23].

Од изнесените податоци во пишаните извори од XIV век се дознава дека селото истовремено се викало *Извор* и *Руј Извор*. И двете ојконимиски форми претставуваат метонимиски образувања, а се пренесени од постарото хидронимиско име **Извор*, односно **Руј Извор*. Така се именувал во прво време некој извор во селото, а откако се оформила населбата, името од изворот се пренесло како име на селото. Оттука може да се заклучи дека истиот хидрографски објект едновремено се именувал со двете имиња. Бидејќи етимологијата на хидронимот **Извор* е просирна, нема да се задржуваме на неа. Во оваа прилика ќе се осврнеме на етимологијата на хидронимот **Руј Извор*, односно на првиот член од составот, бидејќи предложеното гледиште за неговото потекло сметаме дека не е доволно аргументирано. Имено, етимологијата на овој ојконим ја засегнал Петар Скок во неговиот Етимолошки речник на хрватскиот или српскиот јазик. Тој ојконимот *Руј Извор* го објаснува како хибридна синтагма составена од два синонимни збора: од латинското *rīvus*, односно романското *rîu* и од македонското *извор* и вели дека 'вториот дел од синтагмата го толкува првиот од друг јазик'[24].

Сложеното хидронимиско име **Руј Извор* е составено од придавскиот член *Руј* и од именскиот *Извор*. Во првиот дел од составот може да се препознае една архаична придавска форма. Имено, адјективниот член *Руј* од хидронимот **Руј Извор* е рамен на старата исчезната придавка *руј* < стсл. *роуи која води потекло од прасл. придавка **rujь* 'јак, силен', а нејзиното потекло, веројатно, е во врска со глаголот *руе* со значење 'брчи, брмчи, надојдува'. Тоа значи дека придавката *руј* е изведена од стсл. глагол роутн / рютн, роуѭ, односно од прасл **ruti, rujǫ* со значење 'брчи, брмчи, надојдува'. Глаголската база **ruj-* може да се поврзе со индоевроп-

[22] *Социјалистичка Република Македонија, административна поделба*, размера 1 : 250 000. Издавач: Републичка геодетска управа СРМ – Скопје. Израда и репродукција "Геокарта", Београд 1976.

[23] *Систематски список на општините и на населените места во СРМ*, Скопје 1981, стр. 43.

[24] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, III, Zagreb 1973, стр. 167.

скиот ономатопејски корен **reu-*, **rū-*, од кој со придодавање на формантот *-j* се добила базата **reuj-*, **rūj-*. Од истиот индоевропски корен потекнува, на пример, и глаголот *рука* 'блика; рика' < прасл.**rukati*, добиено со алтернација од глаголот **rykati*, кој е проширен со формантот *-k*: **reuk-*, **rūk-*[25], сп. го апел. *ручица* во топ. **Ручица*, првобитно име на *Ручичка Река*. Во современиот македонски јазик се употребува проширената придавска форма со суфиксот *-ен*: *руен*, која значи 'црвеникав, розов', како на пример во случаите *рујна зора*, *рујна крв*, *рујно вино* 'убаво, бистро, црвено вино', чиешто првобитно значење е 'вино кое се лее обилно'[26]. Покрај тоа, оваа придавка се употребува и со значењето 'силен, буен', како во примерот *руен коњ*: "та го качија на рујна коња". Исто така, и глаголот *руе*, освен што се употребува со значењето '’ржи (за куче)', се користи и со значењето 'брчи, брмчи', а во дијалектите се среќава значењето 'силно вика, силно плаче'[27]. Оттука може да се заклучи дека постарото значење на сегашната придавка *руен* било 'силен, буен', а метафоричното значење 'црвеникав, розов' е поново, пренесено на придавката од црвеникавата боја на зората, или крвта, или виното. Имено, првобитното значење на синтагмите *рујна зора*, *рујна крв*, *рујно вино* може да се толкува како 'зора која блика', 'крв која тече силно, која блика', 'вино кое се лее обилно'. Слична придавка, во семантички и структурен поглед, претставува стсл. прид. боун < прасл. **bujь* 'див, силен, јак, подвижен, снаодлив'[28], којашто во македонскиот јазик се употребува само во ликот *буен*: *бујна трева*, *буен дожд*[29]. Од изнесените аргументи можеме да заклучиме дека хидронимот **Рујо Извор*, всушност, значи 'јак, силен извор, извор кој брчи, кој блика'.

Потеклото на компонентата *Рујо* од хидронимот **Рујо Извор* може да се толкува и поинаку. Нејзината основа може да се доведе во врска со фитонимот *рујо* < стсл. роун 'вид растение чии лисја

[25] *Исто*, стр. 142.

[26] *Български етимологичен речник*, том VI, ред. М. Рачева, Т. Ат. Тодоров, София 2002, стр. 340.

[27] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *Речник на македонскиот јазик*, III, Скопје 1966, стр. 130.

[28] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I, Zagreb 1971, стр. 230.

[29] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *Речник на македонскиот јазик*, I, Скопје 1961, стр. 49.

се употребуваат за штавење' (Rhus cotinus)[30]. Во таков случај адјективниот член *Руј ќе биде образуван со придавскиот суфикс -ъ, односно со палаталната варијанта -ь, а во семантички поглед хидронимот *Руј Извор ќе означува 'извор околу кој има руј, место каде што расте руј'. Во североисточниот дел на кумановската територија се наоѓа планината *Руен*, чијашто основа е изведена од фитонимот *руј*, потоа *Руен* е врв на планината Клепа (Велешко), а на планината Јабланица во Струшко, исто така, една месност се вика *Руен*. Сп. срп., хрв. топ. *Ruja*, *Rujno*, *Rujnik*, *Rujovina*[31]. Сепак, од изнесените решение, ние предност му даваме на првото толкување.

Селото *Колицко* лежи на ридско земјиште со надморска височина од 520 м. Тоа се наоѓа во југозападниот дел на територијата на Општина Орашац, а од Куманово е оддалечено 22 км[32].

Историските потврди за селото *Колицко* датираат од XIV век. Неговото име првпат се споменува во грамотата на Евдокија и на нејзиниот син Костадин Дејановиќ од 1381 година на манастирот Хиландар на Св. Гора, каде што е запишано: село колицко[33].

Со формата *Колицко* името на селото е регистрирано во турскиот опширен пописен дефтер за Нагоричката нахија од 1519 година[34]. Со извршениот попис во селото се попишани 68 христијански семејства и 10 неженети лица, а во него живееле и 2 муслимански семејства и 2 неженети муслимани. Во истиот облик тоа е наведено и во пописниот дефтер од 1570 година, со кој се укинуваат војнуците во Ќустендилскиот санџак[35]. Во пописниот дефтер за нахијата Нагоричино од 1570-1573 година тоа е напишано како

---

[30] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *Речник на македонскиот јазик*, III, Скопје 1966, стр. 130.

[31] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, III, Zagreb 1973, стр. 168.

[32] М. Панов, *цит. дело*, стр. 155.

[33] L. Petit, B. Korablev, *op. cit.*, стр. 536; С. Новаковић, *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912, стр. 447.

[34] М. Соколоски, *Куманово и Кумановско во текот на XVI век*, Прилози – МАНУ, Одделение за општествени науки, VII, 2, Скопје 1976, стр. 79.

[35] А. Стојановски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 година*, т. V, кн. V, Скопје 1995, стр. 307.

К-о-л-и-ч-к-в-а, а во него се попишани 116 христијански семејства, 108 неженети христијани, 7 муслимански семејства и 3 неженети муслимани[36].

Во поновата научна литература името на селото е запишано од К'нчов со формата *Колицко*[37], кај Бранкоф е напишано како *Kolitzko*[38], а кај Вуичиќ е запишано во обликот *Колицко*[39]. На топографската карта од 1916 година е внесено со формата *Колитско*[40], во именикот на населените места во Југославија од 1930 година е напишано со формата *Kolicko*[41]. Месното население своето село го вика *Ко́лицко*, а истиот облик се употребува и од администрацијата.

Од историските писмени податоци за името на селото *Колицко* се дознава дека во средниот век тоа се наоѓало во пределот на планината Црна Гора, во реонот на денешните села Извор, Гошинце, Думановце. Ако селото *Колицко*, што се споменува во XIV век не е одделна населба, тогаш може да се претпостави дека населението се иселило од ова село и го основало денешното село *Колицко* на кое му го пренесле името од старото село.

Името на селото е метонимиско образување, а е преземено од некој постар топоним **Колицко*. Овој топоним е поименичена придавка добиена од постарата атрибутска синтагма **Колицко (Поле)* која е образувана од топонимот **Колишта* со формата за среден род *-ско* од придавскиот суфикс *-ьскъ* (современата форма е *-ски*). Притоа, именскиот член од составот, кој е изразен со апелативот *поле*, испаднал, а придавката **Колицко* продолжила да суштествува во елиптична форма. Првобитната форма на придавскиот член од составот **Колицко (Поле)* била **Колиштско* < **Колишт-ьско* во која консонантската група *-штс-*, што се добила по губењето на редуцираниот вокал од преден ред *ь*, се упростила со испуштање на гласот *ш*, а потоа групата *-тс-* дала *ц* како резултат на контактот на денталот *т* со прострујниот глас *с*. Оваа

[36] М. Соколоски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни попични дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, том V, кн. II, Скопје 1980, стр. 435.

[37] В. Кънчов, *цит. дело*, стр. 215.

[38] D. M. Brankoff, *op. cit.*, стр. 126.

[39] М. А. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, Београд 1914, стр. 70.

[40] *Топографска карта 1 : 200 000*, 1916.

[41] *Rečnik – imenik mesta Kraljevine Jugoslavije*, Beograd 1930, стр. 229.

појава е потврдена во *Кумановскиот говор* од Видоески, кој установил дека денталите *т*, *д* со прострујните гласови *с*, *з*, *ш* се асимилираат во африкатите *ц*, *ч*, *ѕ*, како на пример: *блацки*, *лопацки*, *охрицки*; *Ливацки Камен*[42].

Топонимот **Колишта* настанал со топонимизција на плуралната форма *колишта* од апелативот *колиште* < **kolište* 'оградено место со колови; ограден извор' или со метафорично значење 'неизоран дел од полето во вид на кол; шилест рид'. Овој апелатив е образуван со суфиксот *-иште* од апелативот *кол* 'голем стап зашилен на едниот крај' од стсл. колъ и претставува општословенски збор кој потекнува од прасл. **kolъ* 'стап; греда; кол'. На кумановскиот терен со името *Ко́лишта* се именува една ридна месност со ниви и ливади во атарот на селото М'гленце и една падина во атарот на селото Рамно.

Досегашното мислење за етимологијата на ојконимот *Колицко*, според кое овој ојконим се толкува дека е образуван од апелелативот *кол* < стсл. колъ 'колец' со суфиксот *-ско*[43], сметаме дека не е прифатливо затоа што во тој случај неговото име би требало да гласи **Колско*, а не *Колицко*, така што оставува необјаснет еден сегмент од името.

Истражувајќи ја топонимијата на кумановската јазична територија ние наидовме уште на една архаична придавка, којашто не се употребува во апелативната лексика на современиот македонски јазик. Тоа е прасл. придавка **pьstrъ* со значење 'шарен, разнобоен, различен'. Оваа придавка се содржи во основата на името на селото *Пастрец* кое се споменува во една белешка во турскиот опширен пописен дефтер од 1570-1573 година за Нагоричката нахија во која стои дека жителите од селата "*Билјановце, Пастрец, Раковец, Новосел(о) и Кочановци*", кои имале лозја во синорот на селото Ругинци, давале данок на господарот на споменатотот село[44]. Денес селото *Пастрец*, не постои и досега не е

[42] Б. Видоески, *Кумановскиот говор*, Скопје 1962, стр. 82.

[43] S. Rospond, *Stratigrafia slowiańskich nazw miejscowych*, t. 2, Wrocław - Warszawa - Kraków - Gdańsk 1976, стр. 60.

[44] М. Соколоски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширни попписни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, том V, кн. II, Скопје 1980, стр. 536.

идентификувано, но, најверојатно, било лоцирано на планината Црна Гора во реонот на денешното село Руница.

Постариот облик на името на селото бил **Пьстрьць*, а во кумановскиот говор, во кој еровите се изедначиле и дале *ъ*, името на селото се изговарало како *Пъстръц* или *Па́страц*, ако се има предвид дека во граничните села на кумановскиот говор се среќава и гласот *а* наместо полугласката *ъ*. Ојконимот *Пастрец* < **Пьстрьць*
селбата од постарото оронимиско или хидронимиско име **Пьстрьц*, односно **Пастрец*. Овој топоним претставува структурно-топонимиска единица која произлегува од првобитната синтагматска формација **Пастри* < **Пьстри (Рид, Поток)*, чијшто атрибутски член е еднаков на старата определена придавска форма *пастри* < пьстрын од стсл. придавка пьстръ 'шарен, разнобоен' која води потекло од прасл. **pьstrъ* 'шарен, разнобоен, различен'. Придавскиот член **Пастри* < **Пьстри* од синтагмата **Пастри* < **Пьстри (Рид, Поток)*, по испаѓањето на именскиот дел изразен со географските апелативи *рид*, *поток*, се супстантивизирала со суфиксот *-ец* < *-ьць*. Во кумановскиот говор суфиксот *-ьць* се развил во *-ъц* и *-ац*. Значењето на топонимот **Пастрец* може да се дефинира како 'разнобојност на нешто (на почва, на шума, на вода и др.)'.

Прасл. придавка **pьstrъ* е образувана со суфиксот *-rъ* (< ие. *-ro-*) од коренот **pьs-*, алтернациски степен од **pis-*, одразен и во стсл. глагол пнсатн и пьсатн од прасл. **pьsati*, *pišǫ* 'пишува, шара', со секундарно вметнување на консонантот *t* меѓу гласовите *s* и *r*[45]. Оваа придавка претставува општословенски збор и денес се употреба во апелативната лексика на повеќето словенските јазици, сп. буг. *пъстър* 'шарен', *пастрило* 'разнобојна преѓа за украси на ткаенини', *пъстрина* 'вид волнено платно, ткаено на црвени и црни квадрати', словен. *pester* 'шарен', струс. пьстр, рус. *пёстры'* 'шарен', укр. дијал. *пистрий* 'исто', стчеш. *pestr*, *pstrý*, чеш, *pestrý*, слов. *pestrý* 'шарен', пол. *pstry* 'шарен', а се среќава и во топонимијата како на пример, буг. *Пъстри дол*, слов. *Pstriná*, чеш. *Pestřice*,

[45] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, II, Zagreb 1972, стр. 617; *Български етимологичен речник*, том VI, ред. М. Рачева, Т. Ат. Тодоров, София 2002, стр. 116-117.

пол. *Piestrzyca*[46]. Во српскиот и хрватскиот јазик прид. **pьstrъ* > *pastar* не се употребува, но се среќава во чакавскиот дијалект: *pastar* со значењето 'влажен од пот и воопшто', а е застапена и во онимијата, и тоа во топонимот *Pastra Bukva*, како и во личните имиња што се наоѓаат во основата на презимињата *Pastrić*, стсрп. *Pьstrьcь*, *Pastrković*[47].

Во апелативната лексика на современиот македонски јазик придавката **pьstrъ* не се употребува. Таа е истисната од придавката *шарен*. Инаку, придавката **pьstrъ* е потврдена во Хлудовиот паримејник, македонски ракопис од крајот на XIII и почетокот на XIV век: пьстръ 'шарен, разнобоен, пружест'[48]. Од прасл. придавка **pьstrъ*, како што е познато, е изведена лексемата *пастрмка* 'вид речна или езерска риба' (Salmo fario).

Придавската база **pьstrъ* се среќава и во антропонимијата. Имено, личното име *Пестриша*, кое се крие во основата на ојконимот *Пестришино* – село во Светиниколско, е изведено од прид. **pьstrъ* со суфиксот *-иша*[49], а со суфиксот *-ило* е изведено личното име *Пестрило*, регистрирано во пишаните извори од XV век[50].

Селото *Ропалце* е оддалечено од Куманово 13 км во југозападен правец. Тоа се наоѓа во рамнина на надморска височина од 460 м во југозападниот дел на територијата на Општина Липково[51].

Со формата *Хропалци* името на селото е запишано во турските опширни пописни дефтери за Нагоричката нахија од 1519 и од 1570-1573 година[52]. Со спроведениот попис во 1519 година во селото се попишани 9 муслимански семејства и 3 неженети мусли-

---

[46] V. Šmilauer, *op. cit.*, стр. 150.

[47] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, II, Zagreb 1972, стр. 617.

[48] М. Миовски, *Хлудов паримејник – лингвистичка анализа*, Скопје 1996, стр. 265.

[49] Љ. Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје 1992, стр. 219.

[50] А. Стојановски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер од XV век*, том IV, Скопје 1978, стр. 64.

[51] М. Панов, *цит. дело*, стр. 261.

[52] А. Стојановски, Д. Ѓоргиев, *Населби и население во Македонија – XV и XVI век*, Скопје 2001, стр. 236.

мани, како и 2 христијански семејства и 1 неженето лице, а со пописот од 1573 година во него живееле 20 муслимански семејства и 2 неженети муслимани.

Името на селото од К'нчов и од Јаранов е забележено со формата *Рорарци*[53]. На топографската карта од 1965 година е внесено со формата *Ропалце*, а така го бележи и Панов[54]. Дијалектното име на селото е *Ропа́љце*, а во службена употреба е формата *Ро́палце*[55].

Постарата форма на името на селото *Ропалце* е *Хропалци*. Дијалектината форма *Ропа́љце* е добиена со губењето на гласот *х* во почетната група *Хр-*, а потоа во кумановскиот говор се извршило смекнување на *л* во *љ* и замена на суфиксот *-ци* > *-це*. Ојконимот *Хропалци* < **Хропаљци* е етничко име кое настанало со топонимизација на етникот во множина **хропалци* < **хропаљци*. Овој етник е образуван од исчезнатото хидронимиско име **Хропал* со суфиксот *-ци* < *-ьци* кој овде има етничко значење. Името на селото *Ропалце* < *Хропалци* означува 'луѓе кои живеат во месноста која се вика *Хропал'. Хидронимиското име **Хропал* е постаро име на сегашниот потамоним *Ропалска Река*, десна притока на *Липковска Река*[56].

Потамонимот **Хропал* е еднаков на стариот географски апелатив *хропал* < **hropalъ* кој се употребувал со значењето 'дол, поток во кој водата бучи, шуми, тропа и натрупува наноси од песок и друг вид материјал'. Лексемата *хропал* е образувана со наставката *-л* < **-lъ*, стсл. -лъ од инфинитивната основа на стсл. глагол *хропати < **hropati* 'тешко дише, 'рка, мрмори, бучи, тропа'. Во чешкиот јазик глаголот *chropěti* се употребува со значењето 'мрмори, вика, бучи', а во хрватскиот и српскиот јазик лексемите *hropati* и *hropiti* се употребуваат со значењето 'тешко дише'[57]. Во

---

[53] В. Кънчов, *цит. дело*, стр. 217; Д. Ярановъ, *Карта на Македония въ географскитѣ ѝ граници в мѣрка 1 : 300 000*, София 1915.

[54] И. Петрушевски, Н. Петрушевска, *цит. дело*, стр. 489; М. Панов, *цит. дело*, стр. 261.

[55] *Систематски список на општините и на населените места во СРМ*, Скопје 1981, стр. 45.

[56] Ј. Ф. Трифуноски, *цит. дело*, стр. 43.

[57] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I, Zagreb 1971, стр. 682.

Речникот на македонскиот јазик се одбележени глаголите *ропа* и *ропти* со значење 'тропа', потоа глаголот *ропта* со значење 'искажува незадоволство' како и глаголските именки *ропање* 'тропање', *роптање*[58].

Географскиот апелатив *рꙋпал*, кој претставува фонетска разновидност на *хропал*, е познат во Струмичко со значењето 'месност зарастена со шума и други растенија и тешко проодна', каде што се среќава и топонимот *Ръпало*[59]. Во кочанскиот и делчевскиот говор се употребува варијантата *рꙋпел* со значење 'поголем ископ', односно 'дол направен од дождови' или 'излокано место од дожд', а во делчевскиот говор се среќава и лексемата *рꙋпиште* со значење 'место натрупано со песок и друг материјал'[60]. Од истиот деривациски модел се и географските апелативи: *брзал* 'брз ток на водата во река', *мочал* 'блатно, тињесто место', *пржал* 'сува, неплодна земја', *шопал* 'место во река или во дол каде што паѓа водата од високо; водопад'. Во топонимијата на Разлошко се среќаваат топонимите *Ропале*, *Ропалица* во чијашто основа може да се наоѓа апел. *ропал* < *хропал*[61].

Од коренот *хроп-*, односно од ономатопејскиот супстантивизиран извик *хроп* кој се употребувал 'за имитирање на вода', можеби е изведен и географскиот термин *ропа* < **хропа* (со губење на почетното *х*), кој во Речникот на географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик од Божидар Видоески е нотиран со значењето 'јама, ров, длабока дупка', а е застапен и во топонимијата: *Ропа* – чешма, извор во карпа (Лугунци, Мегленско), *Ропата*, *Ропак*, *Ропеш* (Дебреште, Прилепско). Покрај лексемата *ропа*, во дијалктите на македонската јазична територија се среќаваат и дериватите *ропка* 'длабнатинка; отвор, дупка' и *ропчинка* 'јама, длабнатинка'.

Ј. Заимов при толкувањето на потеклото на името на селото *Ропалце* поаѓа од формата *Ропарци* < **Ропарьци* и го објаснува како етничко име изведено од топонимот **Ропар*, а ова од исчезнатата именка *ропар* 'голема ропа, дупка, јама', што сметаме дека

[58] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *Речник на македонскиот јазик*, III, Скопје 1966, стр. 127-128.

[59] Д. Митева, *Топонимијата на Струмичко*, Скопје 1979, стр. 82.

[60] Б. Видоески, *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, Скопје 1999, стр. 136.

[61] К. Попов, *Местните имена в Разложко*, София 1979, стр. 148.

не може да се прифати како правилно решение[62]. Притоа, тој ја наведува и можноста основата на ојконимот да е изведена од *роūа* + *ал*, но на тоа не обрнува поголемо внимание.

Синорот на селото *Сūрновац* ја зафаќа рамната долина на Пчиња од запад и сувата рамнина на исток со надморска височина од 470 м каде што се наоѓаат селските куќи. Од Куманово е оддалечено 22 км, а административно е вклучено кон Општина Старо Нагоричино.

Историските потврди за селото *Сūрновац* датираат од XVI век. Тоа се споменува во турскиот опширен пописен дефтер од 1570 година, во кој е регистрирано укинувањето на војнуците од Ќустендилскиот санџак, во нахијата Нагоричино каде што е запишано како *Сūрновце*, а од преведувачот се предава во обликот *Сūрновец*[63]. Во турскиот опширен пописен дефтер за Нагоричката нахија од 1570-1573 година името на селото е запишано како *И-с-ū-р-е-з-о-ф-ч*, а од приредувачот на документот е прочитано погрешно како село *Сūрезовци*[64]. Во веремето на спроведувањето на пописот селото било ненаселено, а земјата ја обработувале војнуците од селото Доброчани, како и христијаните од селата Драгоманци и Старо Нагоричино.

Во поновата етнографска литература и на топографските карти името на селото е забележно со формите *Сūрновец*, *Сūирновец* и *Сūрновац*. Така, од К'нчов тоа е запишано со формата *Сūърновецъ*[65], кај Бранкоф е напишано во обликот *Stirnovetz*[66], а на картата од Јаранов е внесено како *Сūрновец*[67]. На топографската карта од 1958 година се бележи со формата *Сūрновац* и кај

[62] Й. Заимов, *Заселване на българскиūе славяни на Балканския ūолуосūров*, София 1967, стр. 209.

[63] А. Стојановски, *Турски документи за исūорија на македонскиот народ, оūширен ūоūисен дефūер за Ќусūендилскиот санџак од 1570 година*, т. V, кн. V, Скопје 1995, стр. 324.

[64] М. Соколоски, *Турски документи за исūорија на македонскиот народ, оūширни ūоūисни дефūери од XVI век за Ќусūендилскиот санџак*, том V, кн. II, Скопје 1980, стр. 584.

[65] В. Кънчов, *цит. дело*, стр. 216.

[66] D. M. Brankoff, *op. cit.*, стр. 126.

[67] Д. Ярановъ, *Карūа на Македония въ геоūрафскиūе ѝ граници в мѣрка 1 : 300 000*, София 1915.

Трифуноски се наведува обликот *Стрновац*[68]. Дијалектното име на селото е *Стрно́вац*.

При своите теренски истражувања Ј. Трифуноски од еден постар селанец забележал едно интересно искажување за значењето на името на селото. Старецот му раскажал дека земјиштето во селото *Стрновац* понекаде било 'дракарник' (обраснато со драка) и по тоа се викало *Трновац*, а потоа е променето во *Стрновац*[69].

Основата на името на селото *Стрновац* е изведена од фитонимиската база *стрн* која се употребувала како 'колективен назив општо за житни растенија (зоб, пченица, пченка, 'рж, јачмен)'. Лексемата *стрн* < **strъnъ* е општословенски земјоделски термин, сп. срп. *стрн*, хрв. *strn*, и има прасловенско потекло, а се доведува во врска со ие. корен **(s)ter-* 'здрвен, вкочанет; цврст'[70]. Во стсл. јазик апелативот стрънъ значи 'сламка, стебленка', а од овој збор е изведен и апелативот стрънште со значење 'ожнеана нива со останки од житни корења, сламки'. Придавската форма од фитонимискиот апелатив *стрн*, обично, се изведува со суфиксот *-ьнъ*, сп. срп., хрв. *strnī* од **strnьnī*, а со дисимилација на *пьп* > *vn* се добила придавка *strvnī*, *strvnā*, *strvno žito*. Во Речникот на македонскиот јазик се регистрирани само лексемите *стрнište* 'ожнеана нива со останки од житни корења, сламки' и *стрношина* со значење 'вид црно грозје што расте по присојни места'[71].

Од структурен аспект, името на селото *Стрновац* претставува топонимиско-структурна формација, којашто потекнува од постарата атрибутска комбинација **Стрнов (Рид)*, чијашто придавска морфема е образувана со придавскиот суфикс *-ов*, а по испуштањето на именскиот член од составот, изразен со географскиот термин *рид*, придавката **Стрнов* се супстантивизирала со суфиксот *-ьць* > *-ец*, кој во кумановскиот говор тој се развил во -

[68] И. Петрушевски, Н. Петрушевска, *цит. дело*, стр. 554; Ј. Трифуноски, *цит. дело*, стр. 81.

[69] Ј. Трифуноски, *цит. дело*, стр. 82.

[70] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, III, Zagreb 1973, стр. 347.

[71] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *Речник на македонскиот јазик*, III, Скопје 1966, стр. 339-340.

ац. Семантиката на оронимот **Стрновац* може да се искаже со дефиницијата 'рид каде што има стрн'.

Во нашата топонимија се среќава апелативот *стрниште* 'ожнеана нива со останки од житни корења, сламки; нива со искосено жито'. Со топонимизација на овој апелатив настанале топонимите *Стрниште* – ниви во подножје на рид во селото Емирица (Кратовско), *Стрниште* – ниви во селото Шипокно (Охридско)[72].

Ljubica Stankovska

On the oikonymy in the Kumanovo region

(Summary)

In this paper, questions connected to the etymology of the names of the villages *Подлешане, Извор/Руј, Колицко, Пастрец, Ропалце* and *Стрновац*, the Kumanovo region, are analyzed. Based on the analysis, the conclusion is reached that the base of the oikonyms are lexemes belonging to the old Common Slavic lexicon.

[72] О. Иванова, *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница*, Скопје 1996, стр. 621; В. Пјанка, *Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен*, Скопје 1970, стр. 182, 449.

ПРИДОНЕСОТ НА БОЖИДАР ВИДОЕСКИ ВО МАКЕДОНСКАТА И СЛОВЕНСКАТА ЛИНГВИСТИКА

Слободан Реметић (Београд)

Статус пограничних говора у делу Божидара Видоеског

1. Већ од самог почетка рада на своме прилогу овом разговору било ми је јасно да се мења његова раније замишљена визура и да је аутор напросто приморан на проширење теме, на неку врсту компаративног гледања на српску и македонску дијалекатску карту. Показало се да је сасвим природан паралелни поглед "преко плота" у суседство, у српски дијалекатски комплекс. Две појединости су овако опредељене и налагале и олакшавале. У формирању српског (односно српско-хрватског) и македонског дијалекатског система прозирне су многе сличности и подударности од принципскога карактера до конкретних особина и појединости у свим сегментима језичне структуре. Оне се тичу инвентара, дистрибуције, порекла многих особина на фонолошкој, морфолошкој, синтаксичкој, а о лексичкој равни да и не говоримо. У европској науци о народним говорима одавно се оперише појмом пограничних (и прелазних) говора. У овом случају фрапантне су, додуше очекиване, сличности на дијалекатском и језичком пограничју будући да смо суседовали и да суседујемо на не малим рејонима са истим несловенским народима. С друге стране, опет, срећна је околност што су питање ове врсте обрађивали најбољи стручњаци на двема странама: академици Божидар Видоески и Павле Ивић. Они су несумњиво најсвестранији, најплоднији, најкреативнији и најиновативнији истраживачи дијалеката својих народа. За обојицу је везано и увођење структуралног метода у језичка истраживања код нас. Чинили су то скрупулозно, без помодног повођења, тако карактеристичног за све балканске просторе. Високо респектујући све позитивне тековине традиционалне лингвистике, дело својих угледних претходника и учитеља, магистрално су применили тековине нових идеја и научних праваца на "домаћој њиви". Коначним се сматрају њихови судови о кристалисању дија-

лекатских типова. Својевремено сам, у пригодном тренутку, оном најневеселијем, поводом научног опуса академика Видоеског, централне личности македонске науке о језику, написао: "Закључци до којих је професор Видоески долазио испитујући македонске дијалекте (међујезички утицаји као важан фактор дијалекатске диференцијације; статус пограничних говора; стално изоштравање критеријума за класификацију македонског дијалекатског комплекса: посматрање македонских дијалеката у светлу лингвистичке географије и сл.) значајни су и са гледишта опште славистичке, општетиполошке и општелингвистичке науке уопште" (Реметић 1999: 172). Нажалост истим поводом није било тешко ни за дело његовог великога пријатеља и такође великога зналца, академика Павла Ивића, рећи: " Нико пре Ивићевих истраживања није толико респектовао, није схватао значај језичке интерференције, значај последица додира како различитих тако и сродних дијалекатских и језичких система" (Реметић 2000 : 5). Данас је, захваљујући двојици великих научника, много много јасније зашто истраживачи баш толико пажње посвећују језичкој периферији, областима где се преплићу, коегзистирају последице интерференције и домаћа, дакле аутохтона старина, особине сачуване захваљујући удаљености од епицентра иновационих кретања. Добијена је, додуше само на први поглед, помало парадоксална ситуација: суживот неспорних иновација и неспорних архаизма. Захваљујући тој чињеници географска периферија суверено држи централну позицију научне пажње истраживача. Тамо где се додирују различити језици и дијалекти, што обично коинцидира са њиховом географском периферијом, нема оне језичке уравнотежености, унифицираности језичког система, нема оне не ретке језичке монотоније, каква се, рецимо, може срести на више места српско-хрватске територије.

2. Језичка и дијалекатска интерференција своје место адекватно држи у свим радовима професора Видоеског, разуме се где год за то има научног повода. Питањима ове врсте пажња је посвећивана и у посебним расправама. Богато лично теренско искуство, као и напори других истраживача, изнедрили су, између осталог, његове сјајне синтетске студије *Меѓујазичниот контакт (на дијалектно рамниште) како фактор за дијалектната диференцијација на македонскиот јазик* и *Проблеми на меѓудијалектниот контакт во преодни говорни области* (Видоески 1998: 105-121; 95-103). Њихова основна порука своди се на закључак да је да-

нашњи македонски дијалекатски пејзаж, поготово његови рубни делови, резултат органског, унутрашњег развоја, уз снажан, уплив суседних, немакедонских дијалеката и језика. Међујезичка и међудијалекатска интерференција у многим случајевима објашњава и неједнак степен компактности односно издиференцираности појединих македонских дијалекатских типова.

3. Највећу раздробљеност западног македонског наречја срећемо уз албанску језичку границу, а на југозападу на македонско-албанско-грчком пограничју, где имамо и већу концентрацију аромунских етничких елемената."На сето македонско-албанско пограничје од Шар Планина па до Корча и Грамос на југ по двете страни на границата живее мешано население и по јазичната припадност и во конфесионален поглед: Македонци христијани и муслимани, Албанци исто така од двете конфесии, на југозападниот дел уште Грци и Аромуни (Власи). На сета таа територија населението е билингвално и/или мултилингвално" (Видоески 1998: 105). У овој мултијезичкој средини, у којој дијалектолози налазе десетине микродијалеката "само во рамките на македонскиот дијасистем", на македонској страни долазе особине несумњиво настале под утицајем несловенског суседства.

У неким местима југозападног пограничја егзистира и фонема /ü/, углавном у ограниченом броју посуђеница типа дӱќан, дӱл'бер, дӱшеме, мӱрафет и сл.

Непосредним албанским утицајем проф. Видоески објашњава више појединости из области вокализма:

а) вокали /ä/ і /å/ у радошко-вевчанском говору, на пример (грäди, зäби итд.; вåлна, пåлно и сл.), карактеристични, додуше, и за неке аромунске дијалекте. Видоески је с правом категоричан у мишљењу да се говор струшких села Радожда, Вевчани и Мали Влај формирао под јаким утицајем несловенског суседства (Видоески 1998: 111);

б) "затамњивање" вокала /а/ у /ă/ у суседству сонаната, а ређе и уз друге сугласнике (мăмит, снăга, јăсика и сл.) – појава позната албанским и аромунским дијалектима;

в) дифтонгизација акцентованих /о/ > [ʸо] и /е/ > [ᵘе] – заједничка карактеристика македонског и албанскога говора у дебарском крају;

г) сличност западномакедонских дифтонга дифтонзима у албанским говорима тога региона (Видоески 1998: 112) итд.,

Видоески се приклања мишљењу Конеског да одговорност за конзервирање фонеме /ă/, старије фазе у развитку назала задњег реда, на македонско-албанском пограничју сносе албански и аромунски дијалекти. Велики научник и фонетске дужине и/или полудужине у македонским говорима, настале у резултату контракције двају вокала (гла:<глаа<глава, пол'о:ј̣на или пол'о·ј̣на<полоина<половина и сл.) посматра у контексту сличних прилика у албанским говорима гегијског наречја.

Прелазак вокала /о/ у /а/ у иницијалним слоговима (примери типа апет, лаб'ода, тап'ола и сл.) у корчанско-костурским говорима импулс дугује несловенском окружењу . "Ваков фонетски процес познаваат и некои албански говори" – поручује проф. Видоески (исто: 113). Исту особину, разуме се и зашто, имају и српски говори широм Метохије.

4. Нису слабији трагови утицаја несловенских говора ни у консонантизму рубних македонских идиома. Уосталом: "Консонантскиот систем во македонските периферни говори готово е идентичен со системот во граничните албански дијалекти" – категоричан је академик Видоески (стр. 113).

Интерденталани сугласници /ϑ/ и /ð/ у македонском корчанском говору представљају директни инпорт из албанског и грчког, а и звучни парњак /s/, фонема /з/ има подршку албанских и аромунских говора (Видоески 1998: 113). У вези са овим сугласником, његовим пореклом и статусом у фонолошком систему периферијских македонских говора, морам приметити да македонски лингвисти реалније, да не кажем трезвеније, гледају на проблем но што то чине српски аутори. Консонант /з/ познат је целој призренско-тимочкој зони, затим суседним косовско-ресавским говорима, понеки пример раштркан је по Војводини, а бизе и бизини срећу се по црногорским говорима, опет обично онима који су у ближем контакту са Арбанасима. На крају: зóra sviće у Дубровнику. Недавно је објављен Rječnik dubrovačkog govora (Српски дијалектолошки зборник, књ. XLIX, Београд, 2002). У њему је удео романизама толики да води утиску да је дубровачки говор романски изговорен на херцеговачки начин. Звучни парњак фонеме /з/ у српским говорима објашњава се одговарајућим фонетским условима, али стоји факат да су ти услови, потпомогнути структурном ињекцијом (уклањање асиметрије, јер се обезбеђује звучни парњак безвучном консонанту) дали резултат управо на језичкој периферији. Цео

проблем је mutatis mutandis најупутније посматрати очима македонских стручњака.

Прилике у вези са /з/ дају за право, а можда и обавезу, за један додатни коментар. У радовима академика Видоеског о међујезичкој интерференцији увек је своје место налазила и романска компонента. У току дугих разговора, зашто не рећи мојих слушања гласних размишљања великога научног ауторитета током више стотина сати проведених на заседавањима ОЛА колектива у словенским центрима, романски уплив имао је више места него у објављеним радовима. Професор Видоески је експлицитно много пута указивао на последице недовољног уважавања влашког уплива. А да су се Власи уистину много мешали у наше словенске "унутрашње ствари", показују и истраживања, опет пограничних српских говора. Професор Петровић је"крив" што нам је данас много, много јаснији именослов његових Куча, практично утемељен на романској, влашкој основи (Петровић 1994). Ја сам, примера ради, не тако давно (Реметић 1996: 536-537; Реметић 1997: 159-160) очуваност флексије у говору призренских Срба објашњавао првенствено приликама у језику призренских Турака, језику престижном у некадашњој српској царској престоници, присутном више од пуних шест и по векова. Академик Зузана Тополињска, међутим мисли и то очигледно с правом, да дуг за релативну очуваност старијег стања у деклинацији призренских Срба треба књижити ближем и даљем романском, дакле влашком окружењу (Тополињска 2001). У сваком случају, романску компоненту у свему овоме мораћемо више респектовати но што смо то до сада чинили. Сећам се и речи професора Видоеског да је штета што готово нико од наших стручњака не зна влашки...

5. Утицај несловенских говора стоји и иза низа других особина консонантског система периферних македонских говора:

а) уметање лабијала /б/ у групама /м + р, л/ под упливом албанског изговора у тоскијским говорима;

б) честе финалне сугласничке групе (-ск, -цк, -шк, -ст, -шт и др.) –као и у околним албанским говорима;

в) консонантске групе /шт, жд/ како континуанти *tj, *dj, глас /ч/ у секвенцима чр- и чере-, затим -ст и -шт у финалној позицији обично у албанском долазе у словенским позајмљеницама, одакле су подупирале њихово очување и у македонским говорима;

г) у неким западним македонским говорима примери са /ј/ на месту /ѓ/ (грајани, преја и сл.) подсећају на сличан процес извршен у албанском окружењу;

д) слично је и са редукцијом опструената /д, г/ у неким периферним македонским говорима (ено, заено, лен'ае "легнае" и сл.);

ђ) замена /ј/ гласовима /ќ,ѓ/ у дебарском крају (земга, снопке и сл.) подсећа на прилике у дебарским албанским идиомима, итд.

6. Посебну пажњу привлачи судбина сугласника /х/ у македонским и суседним албанским говорима. Констатација о његовом фарингалном изговору у неки позицијама у горанском говору, у контексту сличног изговора код суседа Албанаца, асоцира на сличну ситуацију у муслиманским идиомима Босне и рашке области. У неким македонским говорима има позиционог чувања /х/ , с тим да се ради о практично истим положајима у којима се чува и у албанским говорима. Ове чињенице обавезују на још једну асоцијацију, на једно поређење. Без снажне подршке несловенских идиома тешко се може објаснити, на пример, чување сугласника /х/ у говору Срба града Пећи (по материјалу П. Ивића), "на тачки где су се укрстили најснажнији албански и турски утицаји" (Ивић 1991: 99).

7. Уплив несловенских језика и говора препознаје се и у области морфологије:

а) периферни говори чувају датив личних и родбинских именица м. и ж. рода (Стојану, Марку/ Маркои/ Маркове/ Маркое/ Маркоје/ Маркоту; Маре/ Мари и сл.). Код Горанаца и у Бобоштици датив имају и тзв. опште именице (старцу/ старцут'ому у Бобоштици). У костурско-корчанским говорима, као и у северним пределима: у скопско-црногорском и вратничком говору у Пологу у живој је употреби тзв. посесивни датив (Ицету Кировому син и сл.). Процени професора Видоеског да су албански и аромунски могли допринети очувању дативне форме са флексијом и њеном посесивном статусу додајемо податак да посесивни датив карактерише српске говоре косовско-ресавске провенијенције, дијалекта чија је колевка јужна српска покрајина, одакле ће касније миграцијама бити разнет далеко на североисток, све до Ђердапа. У новозадобијеним областима носиоци дијалекатског типа формираног у непосредном арбанашком суседству доћи ће у ближи контакт са романским идиомама. Датив се држи, уосталом, и у неким

говорима призренско-тимочког дијалекта, пре свега у призренско-јужноморавским.

б) Видоески говори и многим морфолошким особеностима које представљају калк од несловенских балканских језика или су се, пак, развиле по угледу на сличне моделе у тим језицима:

-"Конјугацијата со "има/нема" + н/т парт. е општо позната балканска црта" (Видоески 1998: 116);

-за глаголске именице са наставком – тје, (стан'атје, легнув'атје' и сл. у мак.) зна и албански (kositje, paditje, selitje и сл. у алб.);

-балкански модел имамо и у модалним формама су глаголом сака (сака да гради, сака да носи – у костурским говорима на пример);

-У неколико пунктова дебарског и струшког региона и на ширем ареалу на правцу Корча- Костур- Солун- Серез- Драма директни објекат "кај одушевените именки" изражава се предлогом на (го видел на Столета и сл.). Реч је о особини која карактерише и албански и аромунски. Овамо спада и испуштањепредлога во/в, затим "граматикализирање" заменичке форме му за искаживање дативског односа (му рече нему и сл.) у неким периферним идиомама;

-губљење присвојне заменице свој у костурској и леринској области – можда под утицајем грчког језика;

-не искључује се и могућност да иза множинског наставка – е код именица на –а у Бобоштици и Нестраму стоји утицај албанског и аромунског итд.

8. У области деривације ваља истаћи суфикс –уле, нарочито продуктиван у дебарском региону (детуле, женуле) и -ар "за образување на жителски имиња од типот нестрамар (: Нестрам), корчар (Корча), костурар (Костур) и др. "(Видоески 1998: 117). Суфикс –уле је, иначе, латинско-романског порекла.

9. Лексички дијалектизми држе значајно место у дијалекатској диференцијацији западних периферних и централних македонских говора. Њих академик Видоески дели у три групе:

а) Једну групу чини словенска лексика, позајмљенице у албанским говорима, које су, опет, подупрле њено чување у македонским идиомима (мак. бл'уд (о) ; алб. bludë , клека : klekë, отава : otavë и сл.). "Најголем дел од овие лексеми се употребуваат во корчанскиот, костурските и охридско-преспанските говори, во пограничена мера во Дебарско" (стр. 118).

б) Другу групу лексичких дијалектизма чине албанске позајмљенице: барца "бела овца" (barxhë), бук "леб" (bukë), мурго "пас црне длаке" (murgash, ром. murg) и сл.

в) На југозападној периферија дијалекатска лексика је обогаћена бројним "балканизмима", лексемама познатим у два или више несловенских језика: веленце "врста ћилима" (нгр., алб., аром.), лелек "рода" (alb., gr., tur.), струнга, странга "ограда, отвор у огради" (нгр., аром., алб.), чупа "девојка" (алб., аром., гр.) и сл.

10. Изостанак оштрих граница између двају сродних језика, као и између двају дијалекатских типова унутар истога језика, општепозната стварност и код других народа, мало где се среће у тако наглашеном виду као управо на македонском језичком подручју. Давно је уочено да између српског и македонског дијалекатског комплекса нема чврсте границе и одавно су, стога, у оптицају термини типа "прелазне области", "прелазни говори". Срећна је околност да су се тим "прелазним" категоријама на двема странама бавили први научни ауторитети двају народа какви су Александар Белић, Божидар Видоески и Павле Ивић.
Специфичност "прелазних области" темељи се на иновационим импулсима, само њима карактеристичним, а по правилу непознатим ближем и даљем окружењу. Једни су резултат унутрашњег језичког развитка, а други су последица деловања различитих спољних фактора, где доминирају особине настале у међудијалекатском, међујезичком контакту. У таквим, ужим или нешто ширим појасевима прелазног разграничавања, подразумевају се и многобројне диференцијалне црте, густи снопови изоглоса.

11. Није случајно у научном опису академика Видоеског пажња овога типа устремљења српско-македонском пограничју, у ствари српско-македонско-бугарској прелазној зони. У тесно омеђеном временском простору у овој прилици ћемо се позабавити пре свега српско-македонском "прелазношћу", "узајамношћу" и "испреплетеношћу". О језичким приликама на обема странама официјелне језичке границе трезвено одавно размишљају и пишу српски и македонски дијалектолози. Нема ту, углавном, ничег спорног. Професор Ивић наводи да "постоји известан број изоглоса које секу границе двеју језичких облсти у правцу север-југ спајајући западније македонске говоре са западнијим призренско-тимочким" (Ивић1985: 124). Није спорно ни то да су "говори најсеверније области Македоније по својој основици веома" "сродни с онима у призренско-тимочкој зони" (Ивић 1985: 118; Видоески

1962: 262-264). У интерпретацији професора Б. Видоеског и П. Ивића практично се подудара и линија до које допире та очигледна сродност. Она се практично своди на линију којом професор Видоески означава јужну границу снопа изоглоса "прелазних говора", изоглоса чије је жариште на српској страни (Видоески 1998: 96). Није спорна ни северна граница те "прелазне зоне". Она, по Видоеском, иде приближно линијом Ђаковица- Гњилане- Стубал- Крива Феја (Видоески 1998: 97). На 26 научној дискусији у Охриду у поводу сличном данашњем учествовао сам са прилогом под насловом "Призренско-јужноморавски дијалекат у светлу македонског утицаја" (Реметић 2000а). Досадашњи напори дијалектолога су се допуњавали и издашно показивали да је ова "прелазна област" у прошлости била поприште миграција на правцу север-југ, миграција различитог смера у различно време. Нити је, дакле, "спорна јужноморавска основица северномакедонског дијалекатског комплекса, као што није споран врло озбиљан македонски уплив у структуру и генезу призренско- јужноморавског дијалеката" (Реметић 2000а : 88).

12. Професор Видоески "дијалекатске особине које обједињују прелазне говоре" наведене зоне "у једну целину", "у зависности од њиховог односа према суседним језицима", дели у три групе.

1. Прву чине појединости типичне српске провенијенције, камо спада штокавски развој старих гласова и гласовних секвенци (илуструју их потврде типа: дьн и сьн, унук, удовьц, рука, пут, иду; поље,њега, трава, ора "орах", једе, сваки, вокка, мećник, зеље, коље, множина типа жене, лична зам. он, заменичко-придевски облици типа њега, свакога, глаголске морфеме -мо (викамо), и -ше у 3. л. мн. аориста (рекоше), предлози из и уз (иде из њиву, иде уз реку), суфикси као -иќ (петлиќ), -оќа (чистоќа), -ља (ткаља), -уља (магаруља, побегуља), -ача (вампирача), -уша (овчаруша)) и др. Мањи део наведених особина припада арсеналу архаизама, док је већина последица иновационих процеса на српској страни.

2. Другу групу чине особине које "прелазну зону" повезују са македонском језичном територијом. О појединостима тога типа, о неспорним македонизмима у призренско-јужноморавском дијалекту исцрпно сам говорио пре непуне четири године у Охриду (Реметић 2000а). У типичне македонизме сврставамо потврде типа паднала, се́стре ги са до́бре; Глупе се, бре, ве́ј Не́мци, ојкони-

ми Драгобужде, Радошта; голо́глаа/ голо́глава; рука́јца (у Сиринићу), Богдано́а (Подрима, Подгор, Призрен), зам. мие, вие; си́тне дука́ти, Ту́рци до́шл'е (Призрен); множ. облици типа зми́чики, за́јчики (Белић мисли да је "суфикс добивен са стране"; Белић 1905: 366); не́ ме ди́ра, Не́ му зна́м кра́ј; ме при́ма ме́не (Сиринић; о свему опширније и детаљније у Реметић 2000а: 88-89).

3. Трећу групу, по Видоеском, чине иновације које обједињују прелазну зону диференцирајући је од свих суседних дијалеката без обзира на њихову националну провенијенцију. Те особине су се развиле ту на терену и постале особеност језичког пограничја. Овамо, по мишљењу Видоеског, спадају: рефлекс лу вокалног л иза зубно-алвеоларних гласова (слунце, длуго), 3. л. мн. презента типа викав, а одатле и берев, идев итд., множина именица с. рода типа пилики, телики; заменичке форме њума, њојзе; енклитике ву у дативу, а гу у акузативу; 1. лице једн. презента типа носу/ношу, беру, иду, печу и сл. (Видоески 1998: 98-100).

13. На периферији прелазне зоне долази и до такозваних контактних иновација, као резултат компромиса код сучељавања различитих решења у прелазној зони и суседним дијалектима. Професор Видоески ову појаву илуструје, између осталог, двема особинама у Средској и Гори. У горанском говору наставак -ика у примерима типа телика, пилика добијен је према пилики , телики, / пилики, телики у неким српским идиомима призренскога краја и пилиња, телиња у полошким говорима, са којима се граничи на југу. По истом принципу добијена је сретечка множина на -ињчики: тевчињчики, која коегзистира напоредно са ликовима на -ики (унучики) и -иња (унучиња).

14. Основна порука синтетских и других студија академика Видоеског у вези са прелазним говорима, прелазним областима, порука утемељена на његовом богатом истраживачком раду и искуству других аутора, говори да се међу сродним језицима (као што су у овом случају српски и македонски) не може увек повући јасна граница. Управо ти прелазни говори са својим иновационим импулсима додатно разблажују, отупљују оштрину језичке границе.

15. Негде на југу Србије истраживачи су у народу чули лепу изреку: "Језик мерку нема". И овај мој скромни прилог подсећа на истину да језик ни границу нема. Суживот и суседовање са народима другачије духовности, културе нигде не оставља тако јасне и дубоке трагове као у језику. Резултати свих тих прожимања могу се реално сагледати само када се истраживањима тога типа прилази без икаквих предрасуда. Слика данашњег македонског мозаика и његова генеза јасна је и бистра захваљујући чињеници да је најважнија питања из те сфере постављао и разрешавао стручњак формата Божидара Видоеског. Тако то бива када се решавања одговорних и осетљивих питања (језичка проблематика је увек осетљива) лати научник намера чистих као суза. Од интелектуалца изглађених манира, одмерене речи, господственог држања у свим приликама друго се не може ни очекивати. И у овоме сегменту језичких истраживања академик Божидар Видоески служи као тешко достижан узор.

16. На XXVI научној дискусији у Охриду, године 1999, са темом "Ареална лингвистика – теорија и методологија (во чест на Божидар Видоески)" учествовао сам саопштењем под насловом "Призренско-јужноморавски дијалекат у светлу македонског утицаја" и указао на шарпланински масив као изузетно изазовног инспиратора за ареална лингвистичка истраживања. Тада сам се придружио онима који су сматрали да би у срећнијим временима и организованијим и срећенијим народима и државама он обавезивао на темељита интердисциплинарна испитивања свеколике цивилизацијске интерференције будући да нема ниједног сегмента из живота људске популације у којему нису нашли одраза вишевековни суживот, укрштање и преплитање – од врло сродних до врло различитих цивилизација. Последица ових чињеница у структури данашњих дијалекатских система итекако је, срећом, био свестан академик Видоески... Међу радовима који су му донели углед светски признатог слависте високо место држе прилози из области која нас је у његову част и данас окупила. Шта нам преостаје него да се и даље надамо да ће ареална лингвистика на овим нашим просторима у будућности бити боље респектована.

ЛИТЕРАТУРА

Белић 1905 – А. Белић, Дијалекти источне и јужне Србије. – Српски дијалектолошки зборник, Београд, 1905, књ. I, стр. I- CXII + 1-715 (са двема картама).
Видоески 1962 – Божо Видоески, Кумановскиот говор. – Скопје (Институт за македонски јазик), 1962, стр. 1- 349 + карта.
Видоески 1998 – Божидар Видоески, Дијалектите на македонскиот јазик. Том I. – Скопје (Македонска академија на науките и уметностите), 1998, стр.VI + 1- 365 (са 55 карата).
Ивић 1985 – Павле Ивић, Дијалектологија српскохрватског језика. Увод и штокавско наречје. Друго издање. – Нови Сад (Матица српска), 1985, стр. 215 + Дијалектолошка карта штокавског наречја.
Ивић 1991 – Павле Ивић, Изабрани огледи, књ. II: Из историје српскохрватског језика. – Ниш (Просвета), 1991, стр. 327.
Петровић 1994 – Драгољуб Петровић, Ономастички поглед на етногенезу Куча. – Зборник Матице српске за филологију и лингвистику, Нови Сад, 1994, књ. XXXVII, 451–460.
Реметић 1996 – Слободан Реметић, Српски призренски говор. I (гласови и облици). – Српски дијалектолошки зборник, Београд, 1996, књ. XLII, стр. 319–614.
Реметић 1997 – Слободан Реметић, Српски призренски говор у светлу језичке интерференције. – О српским народним говорима. Научни скуп, Деспотовац, 21–22. 8.1996. Дани српског духовног преображења, IV, Деспотовац (Народна библиотека "Ресавска школа"), 1997, 155–165.
Реметић 1999 – Слободан Реметић, Божидар Видоески (8. новембар 1920 – 16. мај 1998). Јужнословенски филолог, Београд, 1999, књ. LV, 171–175 (некролог).
Реметић 2000 – Слободан Реметић, Уз 56. књигу Јужнословенског филолога, посвећену успомени на академика Павла Ивића. – Јужнословенски филолог, Београд, 2000, књ. LVI/ 1–2, 1–6.
Реметић 2000а – Слободан Реметић, Призренско-јужноморавски дијалекат у светлу македонског утицаја. – XXVI научна дискусија на XXXII међународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2000, 87–103.
Тополињска 2001 – Зузана Тополињска, Истраживање падежних односа у српском призренском говору. – Зборник Матице српске за филологију и лингвистику, Нови Сад, 2001, књ. XLIV/ 1–2, 211–224.

Слободан Реметик

Статусот на пограничните говори во делото на Божидар Видоески

(Резиме)

Благодарение на расправите на акад. Б. Видоески, најплодниот, најсестраниот и најиновативниот истражувач на македонските народни говори, јасно е дека денешниот македонски дијалектен мозаик, особено неговите периферни делови, се последица на органскиот, внатрешен развој со силно влијание на соседните, во прв ред несловенските дијалекти и јазици. Интерференцијата често го објаснува и нееднаквиот степен на компактност, односно на издиференцираност на одделните македонски дијалектни типови.

Најголема раздробеност на западното македонско наречје има на пограничјето со албанската јазична територија, а на југозапад на македонско-албанско-грчката граница, каде што има и поголема концентрација на аромански етнички елементи. Интерференцијата се забележува на сите јазични нивоа: на фонолошко (присуството на фонемите /ü/, /ä/, /å/ итн., интерденталните согласки /ϑ/ и /ð/, состојбите во некои консонантски групи, консонантските супституции итн. во одделни македонски говори), на морфолошко (на пр.: стабилноста на дативот од личните имиња и именките од машки и женски род со коишто се означуваат роднинските односи), во областа на деривацијата (суфиксите *-уле* и *-ар*: *детуле, нестрамар* итн.), на лексичко ниво, каде што се изделуваат: а) словенската лексика влезена во албанските говори во коишто се конзервирала, а со тоа било подржано нејзиното чување во македонските говори (мак. *клека* : алб. *klekë* и сл.); б) албанските заемки во македонските говори (*бук* "леб" : *bukë* и сл.); в) лексичките балканизми што се јавуваат на југозападната периферија, односно зборови познати во два или

повеќе балкански несловенски јазици: *веленце* "вид килим" (нгр., алб., аром. и сл.).

Професорот Видоески даде посебен придонес за изучувањата на преодните говори на српско-македонското пограничје, терен без остри јазични граници. Дијалектните особини што ги обединуваат овие преодни говори, Видоески ги дели во три групи: а) особини од типично српска провениенција (примери од типот: *дăн* и *сăн, унук, рука, пољe,* зам. *њега, трава, ора,* "орев", *једе, свакога, викамо, рекоше, из њиву, уз реку, петлиќ, чистоќа, ткаља, побегуља, вампирача, овчаруша* и сл.); б) несомнени македонизми во српските говори (примери од типот: *паднала, сестре ги са добре, глупе се, бре, вој Немци, гологлаа / гологлава, ситне дукати, Турци дошл'е, змичики, не ме дира, ме прима мене,* ојконими: *Драгобужде, Радоште* и сл.); в) особини развиени на јазичното пограничје: (примери од типот: *слунце, викав,* а оттука и: *берев, идев, пилики, њума, њојзе,* енкл. *ву* во датив, а *гу* во акузатив, 1. л. ед. на презентот од типот: *носу / ношу, беру, иду, печу* и сл.). Проф. Видоески укажува посебно на т.н. контактни иновации, настанати во преодните зони како резултат на преплетување со соседните дијалекти. Така, на пример, според *пилићи* во српските и *пилиња* во полошките говори, во Гора е добиена формата *пилика*.

Ареалната лингвистика, навистина ретко каде може да најде така плодно тло како на овој дел од Балканот, каде што со векови се судирале различни цивилизации, култури и различни јазици. За овие факти, ретко кој бил толку свесен колку проф. Видоески, а трудовите од овој вид најмногу придонеле за стекнување на статусот на светски признат лингвист.

Зузана Тополињска

Божидар Видоески и македонската наука за јазикот

Кога станува збор за заслугите на академик Божидар Видоески за македонската наука за јазикот, најчесто ја слушаме определбата "основач на македонската дијалектологија и на дијалектолошките истражувања во Македонија". Ова е, без дискусија, вистина, но јас денеска би сакала да покажам дека вистинските заслуги на Божидар Видоески за македонската наука за јазикот далеку ја надминуваат оваа определба.

Од многуте домени на неговата активност ќе се задржам овде на три: пред сè, на неговиот научен опус, па на неговите постигнувања во планирањето и организацијата на македонската наука за јазикот, и најпосле, на неговите заслуги за афирмација на македонската наука за јазик надвор од земјата.

Славистиката е млада наука, а славистичките дијалектолошки истражувања имаат уште пократка историја од самата лингвистичка славистика. Но сепак, ако тргнеме од конвенционално прифатениот датум, последната четвртина од осумнаесеттиот век, како почеток на научната лингвистичка славистика и од втората половина на деветнаесеттиот век како почеток на изучување на словенските дијалекти, ќе видиме дека од тој датум поминале сто и повеќе години пред македонските лингвисти да стекнат можност сами да почнат да ги истражуваат македонските дијалекти. А за тие дијалекти од спомнатите "почетни" датуми се пишувало многу од разбирливи причини со оглед на потеклото на старословенскиот јазик. Предмет на опис и на анализа биле одделни говори на македонската јазична територија, најчесто југоисточните, а описот и анализата биле водени од перспектива на појавите коишто нашле одраз во старословенските споменици (така на пр. кај Облак), или – подоцна – со желба соодветните македонски говори да се претстават како интегрален дел на српската или на бугар-

ската јазична територија, или – поретко – со полна објективност, а тогаш обично и со свеста дека се работи за еден автономен, посебен дијалектен комплекс (така на пр. кај Селишчев или кај Малецки). Во таа ситуација не е ни чудно (а сепак е доказ на голема проникливост и далекувидост кај толку млад научник) што научниот пат на Божидар Видоески почнува од подготовката и објавувањето во 1953 г. на *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик*. Се работи за една толковна библиографија која брои 916 позиции и ги собира сите публикации коишто во она време му беа достапни на составувачот, а каде што има јазични материјали од македонската јазична територија и/или опис и анализа на таквите материјали. Гледајќи го датумот на изданието, тука се нашле и првите трудови на македонските лингвисти, како Блаже Конески, Крум Тошев и други, посветени на младиот македонски литературен јазик.

Подготовката на ова издание истовремено беше и подготовка за осмислен пристап кон проучувањето на македонските дијалекти. Таа му донесе на Видоески полн преглед на јазичните појави кои го привлекле вниманието на неговите претходници, а чија географија и историја треба да се изучи за да се постигне општа претстава за актуелната диференцираност на македонските дијалекти како и за нивниот развоен пат.

Наредните 10 години Видоески го проверува присуството на теренот и географијата на одделните појави од својот појдовен инвентар, а истовремено, како што е вообичаено во дијалектолошката работа, постојано го збогатува тој инвентар. Како резултат на таа активност во два наредни броја од списанието *Македонски јазик,* во годините 1960-62, може да објави две синтетски статии, *Основни дијалектни групи во Македонија* (МЈ 11-12, 1960-1961) и *Македонските дијалекти во светлината на лингвистичката географија* (МЈ 13-14, 1962-1963). Оваа втора статија исто времено е и реферат претставен на IV-от конгрес на славистите во Софија во 1963 г., еден од неколкуте реферати кои му дадоа печат на тој конгрес и кои привлекоа најмногу внимание на присутните.

Создавањето на една синтетска актуелизирана слика на дијалектната диференцијација на македонската јазична територија – а тоа значи, меѓу другото, и определувањето на актуелните граници на таа територија, пред сè на јужната и западната граница каде што македонскиот јазик со векови се повлекува соодветно пред

грчката и албанската експанзија – овозможи преминување кон наредната етапа на истражување, т.е. реконструкција на развојниот пат на македонските дијалекти од нивното издвојување од праславенската дијалектна заедница сè до денешниот ден. Постојат, главно, две методи за откривање на историјата на еден јазичен комплекс – интерпретација на податоците што ги нудат писмените споменици и таканаречена внатрешна реконструкција, т.е. проицирање во минатото на сведоштвата што ги даваат современите дијалекти за да се реконструира нивниот пат од појдовниот систем до она што денеска го регистрираме на теренот. Оваа, втората, е сигурно потешка опција, но истовремено и посигурна при утврдувањето на релативната хронологија на процесите, според познатата констатација дека историјата на јазичните појави се запишува во нивната географија. Внатрешната реконструкција се покажува посебно успешна кога "на влез" имаме на располагање не еден хомоген систем, туку широка слика на повеќе прилично диференцирани говорни целости. Треба тука да се подвлече дека Македонија и поради самата теренска конфигурација – таа е планинска земја- и поради наслојувањето на многу јазици и култури уште пред доаѓањето на Словените на Балканот е многу длабоко јазично диференцирана, посебно кога се гледа и се оценува од севернословенската перспектива.

Широка панорама на современите македонски дијалекти како појдовна точка му овозможи на Видоески во наредните децении на неговата научна активност да даде своја слика на јазичната автономија и на јазичната еволуција на македонскиот дијалектен комплекс. И тој и Блаже Конески откривајќи ја историјата на македонскиот јазик се служеле со двете гореспомнати методи; Видоески, пред сè, го интерпретираше живиот дијалектен материјал, додека Конески повеќе време посветуваше на интерпретација на старите текстови, но двајцата постојано се служеле со материјалите и заклучоците на оној друг и претставата што денеска ја имаме за развојниот пат на македонскиот јазик им припаѓа на двајцата, со голем влог и на Петар Илиевски.

Видоески е еден од првите јужнословенски лингвисти кој многу внимание ѝ посвети на улогата на социјалниот фактор во развитокот на месните говори и нивната сукцесивна диференцијација. Се занимаваше со влијанието на вероисповедта врз лексичкиот фонд и – пошироко – на поголемиот јазичен конзерватизам на Македонците-муслимани. Ги обработи и јазичните разлики на

релација: село ~ град кои, со оглед на релативната хронологија: формирање на престижните градски дијалекти пред создавањето на општонационален стандард, претставуваат една од поинтересните македонски социолингвистички специфики на словенска почва.

Тука се допревме до една важна карактеристика на дијалектолошките трудови на Видоески. Тој на описот и анализата на македонските дијалекти пристапува од позиција на добро познавање, како прво, на состојбите во другите словенски средини и, како второ, на теории и методи на современата лингвистика. Тоа му дозволува да го догледа и да го истакне она што е карактеристично токму за македонскиот јазичен процес и што го прави тој процес предмет на теоретски интерес за славистичката наука, а и за општата лингвистичка типологија. Би ги спомнала овде неговите истражувања и богатата документација на вокалските секвенци како во македонските дијалектни системи, така и во стандардниот јазик. Неговите резултати овозможија во Полска, на Универзитетот во Торуњ, да се изработи една докторска дисертација за вокалските секвенци во словенските јазици која покажа како македонскиот по број на таквите секвенци се наоѓа во нагласена опозиција наспрема останатиот словенски јазичен свет. Тука спаѓа и серијата студии посветени на акцентските системи во македонските дијалекти, а кои не само што ги реконструираат етапите на формирањето на уникалниот третосложен акцент на западното наречје, туку фрлаат нова светлина на еволуцијата на словенскиот акцентски систем како целина. Најпосле, би ја спомнала тука, исто така, и расправата *Morphological patterns of Imperfective Verbs in Dialects of the Macedonian Language* (*Balkanistica* – Mississipi, 1997, 10, 411-429 + 1 карта). Таа расправа претставува клучна алка во сузбивањето на широкоприфатената погрешна генерализација според која таканаречената балканизација на словенските балкански дијалекти се состои во упростувањето на именскиот и збогатувањето на глаголскиот систем. Видоески покажа драстично упростување на формалната морфолошка структура на македонскиот глагол придонесувајќи кон изградување на новата обопштувачка формула која истакнува морфолошко упростување на двата система со истовремена нивна функционална преобразба и збогатување.

Паралелно со доградување на синтетската слика на македонскиот дијалектен комплекс течат два други значајни процеси. Како прво, Видоески сукцесивно го презентира собраниот терен-

ски материјал во облик на обемни, продлабочени монографии на одделните дијалектни групи од една страна, и монографии на релевантни за македонската јазична диференцијација процеси од друга страна. Како второ, течат работите сврзани со подготовката на делото кое би требало да го круниса целиот долгогодишен пат на собирање и интерпретација на македонскиот дијалектен материјал, т.е. подготовка за дијалектниот атлас на македонскиот јазик.

Низата авторски дијалектни монографии со презентација на фонолошките и морфолошките системи на одделните македонски дијалекти, редовно и со осврт на генезата на тие системи, се појавуваат во прецизно осмислен редослед. Имено, Видоески детално ги анализира и опишува (а) централните западни говори како база на стандардниот јазик, и (б) оние дијалектни комплекси коишто ги одредуваат актуелните граници на македонската јазична територија (посветувајќи им при тоа посебно внимание на граничните говори). Ги претставува граничните јазични зони: македонско-српската, македонско-албанската и македонско-грчката. За жал, недостаток на изворен материјал од пиринските дијалекти не му дозволува подробно да ја претстави македонско-бугарската гранична зона. Во последните години пред смртта во центар на неговото внимание се нашле костурските говори. Продлабочената анализа на тој дијалектен комплекс му наложи костурскиот ареал да го вклучи во југоисточното наречје, т.е. да ја измени традиционалната класификација на македонските дијалектни групи, според која Костурско припаѓаше на појасот преодни дијалекти меѓу западното и источното наречје. Другите дијалекти од тој преоден појас Видоески не стигна монографски да ги обработи.

Што се однесува до македонскиот дијалектен атлас – Видоески на своите наследници им остави да го соберат кремот од неколкудецениската макотрпна работа: тој подготви подробен инвентар на појави што ја диференцираат македонската јазична територија и теренскиот прашалник составен врз база на тој инвентар, ја подготви мрежата на пунктови за ексцерпција, остави средени картотеки со резултати од таа ексцерпција и голем број објавени и необјавени карти. Во моментот на неговата смрт работата врз македонскиот дијалектен атлас беше најнапредната во однос на атласите на другите јазици на бившата СФРЈ.

Кон научниот опус на Видоески спаѓа и неговиот придонес во оформувањето на концепцијата на два меѓународни проекти во

чија подготовка учествувал како еден од членовите на редакциските одбори: *Општословенски лингвистички атлас* и *Карпатски дијалектен атлас.* Неговиот глас се слушаше и почитуваше во тие одбори и не еден негов предлог е вграден во научната постановка на тие два први словенски јазични атласи кои ги надминуваат границите на одделни јазици и држави.

Во овој кус преглед на научниот опус на Божидар Видоески се трудев да ги истакнам моментите кои кажуваат за осмислено "на долги патеки" планирање на сопствената научна работа. Истата таа способност за одговорно, амбициозно, но реалистичко планирање, ги карактеризира и сите други негови активности од подрачјето на организација и унапредување на македонската наука за јазикот.

Како професор по предметот дијалектологија тој со децении плански одредуваше теми и ги собираше студентските семинарски и дипломски работи користејќи го фактот дека му доаѓале студенти од сите краишта на Македонија. На тој начин тој ја дополнуваше картотека на идниот македонски дијалектен атлас и на идниот македонски дијалектен речник, а истовремено ги дополнуваше и ги актуелизираше своите знаења за дијалектната морфологија. Стотици такви студентски работи се наоѓаат денеска во сопственост на Институтот за македонски јазик и чекаат да бидат соодветно искористени.

Во Институтот тој ги има основано одделенијата за дијалектологија и, подоцна, за ономастика, и им ги одреди задачите кои се вклопувале во општиот план за унапредување на дијалектолошките, вклучно со ономастичките, истражувања.

По основањето на Македонската академија на науките и уметностите тој, избран за редовен член на МАНУ веќе на првите избори, во академијата ги закотви проектите сврзани со изработка на споменатите меѓународни лингвистички атласи: *Општословенскиот, Карпатскиот,* а подоцна и *Атласот на европските јазици* и *Малиот балкански атлас.* Со текот на времето, кога обврските сврзани со подготовката на тие атласи стануваа сè поголеми и ги надминаа неговите лични можности тој ги прифати како соработници младите колеги, Марјан Марковиќ и Дејан Геговски, и на тој начин создаде во Академијата една мала ќелија, никулец на нашиот денешен Центар за ареална лингвистика.

Како секретар на Одделението за лингвистика и литературна наука во МАНУ и еден од најактивните членови на тоа Одделение тој организира серија меѓународни конференции кои сите имаа двојна функција: да се утврдат состојбите во еден или друг сегмент на македонската наука за јазикот и да се одредат најважните идни задачи. Конференцијата организирана во 1995 година, "50 години на македонската наука за јазикот" овозможи да се постигне и една поширока синтеза од постигнувањата и потребите.

По смртта на Блаже Конески тој ја презеде грижата и за проектот *Македонската научна и стручна терминологија* и го водеше тој проект до својата смрт.

Тој беше исто така еден од авторите на самата концепција на организациската структура и на статутот на МАНУ.

Широките меѓународни контакти му овозможуваа на Видоески на многу форуми да ја афирмира македонската наука за јазикот. Како член на неколку работни комисии на Меѓународниот комитет на слависти: Комисија за Општословенски атлас, Комисија за ономастика, Комисија за фонетика и фонологија, а по смртта на Конески и претседател на Македонскиот национален комитет на славистите тој привлекуваше внимание на колегите од други средини со нивото на научната дискусија, со јасното излагање на цврсто изградените ставови по одделни прашања, а истовремено отвореност на оправдани аргументи на соговорниците.

Како долгогодишен одговорен уредник на списанието *Македонски јазик* и член на редакцијата на *Прилози на Одделението за лингвистика и литературна наука на МАНУ* тој знаеше да привлече вредни странски автори и на списанијата да им осигура меѓународен статус и добра дистрибуција.

Долги години, благодарение на Конески и Видоески Македонија беше еден од не толку бројни славистички центри каде што странски лингвисти секогаш биле дочекувани срдечно, а нивниот интерес за локалната јазична проблематика беше несебично поддржуван.

Најшироки можности за афирмација на македонската наука за јазикот стекна Видоески кога во 1970 г. стана директор на летниот охридски Семинар за македонски јазик, литература и култура. Тој плански ја ширеше и збогатуваше работната шема на Семинарот и ги користеше своите меѓународни контакти да привлече познати слависти способни да ја внесат наставата по македонски јазик во високите школи во своите средини и да ги поттик-

нат своите студенти да се определат за студирање на тој јазик. Многу лекторати по македонски јазик во странство проработиле по негова иницијатива. На многу млади почетници-македонисти им сугерираше теми за дисертациите, а не ретко покрај консултациите и библиографски сугестии даваше на располагање и сопствен теренски материјал. Речиси сите современи лингвисти-македонисти од странство се определиле за таа специјализација поттикнати од контактите со него или – кај помладата генерација - поттикнати од своите професори - негови колеги, ученици и соработници.

Во подготовката на овој текст најтешка работа ми беше селекцијата на она што е најважно. Ограничена временски можев да ве потсетам само на еден мал дел од заслугите на Божидар Видоески за македонската наука за јазикот. Со неговата смрт го снема вториот, по Блаже Конески, и последниот македонски лингвист кој македонската наука за јазикот знаеше да ја согледа како целина и да се грижи за напредокот на сите сегменти на таа целина.

Zuzanna Topolinjska

Bozhidar Vidoeski and Macedonian Linguistics

(Summary)

Bozhidar Vidoeski is known, first of all, as a dialectologist, founder of Macedonian dialectology. The author presents the history of his dialectological research emphasizing his ability of planning and "thinking forward", aiming at a synthetic picture of the actual dialectal differentiation of the Macedonian linguistic territory. She emphasizes his great contribution to the history of the Macedonian language, revealed through the internal reconstruction on the basis of dialect data. She also presents Vidoeski's great contribution as an organizer of scientific research in Macedonia in both the fields of linguistics and slavistics and as the inspirator of some new lines of research, and his merits for the affirmation of the Macedonian language and linguistics abroad.

Finally, she also speaks of Vidoeski as a slavicist and of his achievements in the work on international linguistic atlases.

Олга Иванова

Божидар Видоески – креатор и афирматор на ономастичките истражувања во Македонија

Во *Уводот* на книгата *Поречкиот говор*, објавена во 1950 год. во едицијата *Дипломски работи* на Катедрата за јужнословенски јазици, Б. Видоески ги наведува во дијалектна форма 45-те села што спаѓаат во областа Порече. За оваа област и за селата, врз основа на соодветна консултирана литература, дава исцрпни податоци, имено: кога за првпат се споменуваат со изворното име, за областа во склоп на српската средновековна држава, за судбината на селата за време на турското владеење, за составот на населението, за нивното занимање, за врските со соседните области.

Во дијалектна форма се наведени и не мал број топоними, како и сопствени имиња, коишто служат како дополнителна поткрепа при обработката, главно, на фонетските и морфолошките особености на овој говор.

Речникот, во кој се поместени околу 600 заглавни зборови со концизни објаснувања, содржи, меѓу другото, и (дијал.) апелативи од географската терминологија.

Не случајно рефератов го започнавме со неколкуте укажувања извлечени од објавената дипломска работа – првенчето на Б. Видоески. Целта беше преку неа да го констатираме следново, имено: (1) интересот кон ономастичките истражувања (ојконимија, топонимија и антропонимија), користени за дијалектолошки цели, датира од студентските години (односно пред 1949 год. кога тој дипломирал); (2) дека уште од 50-те години имал сознанија како да постапи кон ономастичкото прикажување на материјалот и каков е придонесот за дијалектолошките истражувања; (3) дека дијалектолошките речници се ризница за збогатување на лексиката на стандардниот јазик, меѓу другото и за збогатување на географската терминологија.

Како потврда за ова се и двете продолженија под наслов *Зборови од Пореч*е [1] (вкупно 98 збора) објавени во 1951 год., што претставуваат всушност прилог кон географската терминологија на македонскиот јазик.

Годината 1955 треба да се одбележи како година кога "започнува организирана топономастичка работа што се одвива на македонски терен и е непосредно сврзана со дејноста на *Семинарот за македонски јазик* при Филозофскиот факултет во Скопје, а подоцна и со дејноста на *Институтот за македонски јазик*" [2]. Тоа е година кога "по иницијатива на некои членови на Семинарот започнуваат и системни теренски топономастички испитувања во Кичевско-поречката котлина, кои продолжуваат и во следната (1956) година[3]. Б. Видоески е активно вклучен и во организацијата на топономастичката работа и во реализацијата на теренските топономастички истражувања во Кичевско-поречката котлина.

Резултат од овие истражувања претставува студијата *Говорот и топонимијата на кичевските села од тајмишката група* [4], во којашто дел од топономастичкиот материјал со нужната лингвистичка обработка е изложен во посебна глава. Станува збор за 168 обработени топоними ексцерпирани на терен од 4 села. За селата – ојконимите се даваат историски потврди и етимолошки толкувања.

Доцентот по македонска дијалектологија на *Групата за македонски јазик* – Б. Видоески во 1959 год. издаде *Прашалник за собирање дијалектолошки материјал*. Прашалникот беше отчукан на машина во неколку примероци и со нив 41 год. се вршеа теренските дијалектолошки истражувања [5].

Она што за ономастичарот претставува посебен интерес, тоа се четирите точки што се дадени во почетокот на *Прашалникот*,

---

[1] Македонски јазик, год. II, бр. 1 и 2, Скопје 1951, стр. 24 и 45-47.

[2] Б. В и д о е с к и, *Развојот и состојбата на топономастичките проучувања во Македонија*, Slavica Pragensia VIII, Acta Universitatis Carolinae, Praha 1966, стр. 286.

[3] Цит. ст., стр. 287.

[4] Македонски јазик, год. IX, бр. 1-2, Скопје 1958, стр. 17-65.

[5] Овој *Прашалник*, насловен како *Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас*, се отпечати во 2000 год. во едицијата *Македонски дијалектен атлас* на Институтот за македонски јазик.

имено: 1. Податоци за експлораторот; 2. Податоци за информаторот; 3. Податоци за селото и за населението и 4. Топономастика.

Податоците за експлораторот се следниве: име и презиме, занимање, образование и кога го собирал материјалот. Податоците за информаторот се: име и презиме, возраст и место на раѓање, образование, дали живеел на некое друго место и ако живеел каде и колку време, каде му се родени родителите. Од податоците што се бараат за селото и за населението ги изделуваме овие неколку потточки: (1) колку куќи (домаќинства) и жители има селото; (2) дали е тоа старо и какви преданија има за неговиот постанок; (3) дали се жителите само Македонци или има покрај Македонците и други националности; (4) дали е македонското население автохтоно или има и доселеници. Ако има доселеници од каде и кога се дојдени и колкав е нивниот број; (5) кога е доселено македонското население; (6) кој им е мајчин јазик на жителите од другите национални. Четвртата точка – Топономастика ги содржи следниве потточки: (1) локалниот назив на селото; (2) како го викаат селото жителите од околните села и области; (3) како го викале порано (ако имало друго име; (4) придавка од името на односното село; (5) името на жителите на селото (и името на еден жител); (6) придавка од името на жителите; (7) називот на областа во која се наоѓа селото; (8) придавка од името на областа; (9) називите на маалата на селата; (10) топографските називи на атарот на селото, имено: (а) имиња на планини, брда, чуки, тумби, пештери, долини, полиња, долови; (б) имиња на реки, потоци, суводолици, млаки, извори, бари, езера, долови со вода, бразди, чешми, бунари; (в) имиња на ниви, ливади, лаки, забрани, кории, шуми и др. [6]

Овие четири точки од *Прашалникот* потоа беа вклучени и во изработката на *Програмата за собирање топономастички материјал* на терен[7].

---

[6] Собраниот топономастички материјал од 392 пункта од етничка Македонија е непресушен извор за збогатување на картотеката на *Одделението за ономастика* при Институтот. Тој материјал е вреден и поради фактот што е бележен на терен, главно, од квалификувани дијалектолози.

[7] Врз основа на оваа *Програма* (особено врз основа на податоците што се бараат за селото во четвртата точка – Топономастика) многу подоцна (некаде во 1980 год.) Т. Стаматоски подготви *Упатство за обработка на Речник на населените места во СР Македонија*, според кое

Прашалникот содржи и две посебни глави (XXV, XXVII), насловени како *Жител на населба и народност* и *Лични имиња*. Главата *Жител на населба и народност*, во која се поместени 34 точки, нуди информации за тоа како се образуваат етници (поретко и ктетици) од имиња на градови (поретко и села) и од имиња на народности.

Собраниот дијалектолошки материјал (од 392 пункта) може да послужи на ономастичарот како база за изработка на студија која, сметаме, ќе понуди интересни сознанија, имено: како, на кој принцип се градат етници од посочените градови и народности, какви се разликите во градбата на етниците и каква е нивната географска распространетост.

Главата *Лични имиња*, со 21 точка, може да се подели, главно, на два дела: (1) лични имиња – од машки и женски род, (2) презимиња.

Во првиот дел е посочен фонд на тип лични имиња од машки род со конкретни наставки (*-ан*, *-ин*; *-а*; *-о, -но*, *-јо*, *-чо*; *-е*; *-ој*, *-оја* или *-оје*) и од нив главно се бара како гласи: (а) номинативната форма, (б) општата форма, (в) дативната форма, (г) вокативната форма.

Посочен е, исто така, и фонд на тип лични имиња од женски род со конкретни наставки (*-а; -ка; -ца, -ица, -овица, -ија*) и од нив, како и кај личните имиња од машки род, се бара како гласи: (а) номинативната форма, (б) општата форма, (в) дативната форма, (г) вокативната форма.

Посочен е, исто така, и фонд на тип лични имиња од женски род со конкретни наставки (*-а; -ка; -ца; -ица; -овица, -ија*) и од нив, како и кај личните имиња од машки род, се бара како гласи: (а) општата форма, (б) дативната форма, (в) вокативната форма.

Кај личните имиња од женски род се бара одговор и на прашањето дали жената го задржува своето моминско име или, пак, добива ново име според името на мажот.

Посебен интерес во првиот дел претставува прашањето дали можат да се образуваат пејоративи со суфиксот *-ште* од личните имиња (од машки и од женски род) и дали тие можат да се членуваат.

обработката на одделното населено место се состоеше од информации во шест точки.

Во вториот дел од оваа глава се обрнува внимание на образувањата на презимињата, имено: (а) дали презимињата завршуваат на *-(в)ски* или на *-ов(-ев)*, како гласи (б) општата форма и (в) дативната форма на презимињата на *-ски* и *-ов* и (г) која форма се употребува како презиме, дали *-овци (-евци)* или *-ови (-еви)*.

Разграничувањето на презименските суфикси *-(в)ски* од *-ов(-ев)*, односно на *-овци (-евци)* од *-ови (-еви)* овозможува и на ономастичарот да добие одговор на прашањето за граничниот појас на овој или оној суфикс и за нивната продуктивност односно непродуктивност на тлото на етничка Македонија [8].

Ономастичките истражувања во Македонија се вршеа согласно со иницијативите преземени по *IV меѓународен славистички конгрес*, одржан во 1958 год. во Москва, и по основањето на *Југословенскиот ономастички одбор при академискиот совет на ФНРЈ* (подоцна *Совет на академиите на СФРЈ*). Во 1960 год. во Скопје е формиран посебен *Одбор за ономастика*, кој претставува и прва организациона единица за топономастички испитувања. Овој одбор, усвојувајќи ја програмата на *Југословенскиот ономастички одбор* и имајќи ги предвид задачите поставени од *Ономастичката комисија при Општословенскиот славистички комитет*, во својот план предвиди, меѓу другото, собирање современ топономастички материјал"[9].

Реализацијата на овој план ја презеде Б. Видоески, којшто беше *член на Ономастичката комисија и на Југословенскиот ономастички одбор.* Таа започна уште во 1961 год. кога, во рамките на *Институтот за македонски јазик*, почна да се работи на собирање современ топономастички материјал на теренот на етничка Македонија, врз основа на веќе подготвената од него *Програма за собирање топономастички материјал.*

Б. Видоески не беше само организатор, туку и учесник во теренските топономастички истражувања. Потврда е картотеката на *Одделението за ономастика*, во која се регистрирани 5.787 топонимиски единици од 75 села, главно од Пореч – 3.575 (од 40 се-

[8] Факт е дека ваков одговор можеме да очекуваме само ако се изработи *Обратен речник на презимињата кај Македонците*, односно *Обратен речник на топонимите во Македонија.*
[9] В. фуснота 2, стр. 287.

ла)[10] и Скопска котлина – 1.463 (од 25 села), а сосема ретко од Битолско – 378 (од 5 села) и Демирхисарско – 371 (од 5 села). Во оваа бројка секако не се вклучени топонимиски единици од селата обработени од Б. Видоески за потребите на *Македонскиот дијалектен атлас* [11]. Меѓутоа, постои голема веројатност во оставнината да се изнајде собран топонимиски материјал и од други подрачја, бидејќи сведоци сме дека на некои свои соработници, коишто работеа на докторски тези, несебично им отстапуваше свој материјал за областите што тие ги истражуваа. Потврда за оваа наша размисла е и податокот што го дава во статијата *Развојот и состојбата на топономастичките проучувања во Македонија*, според кој топономастички ги има испитано следниве географски области: Кичевија, Славиште и Кривопаланечко [12].

Она што е одлика на Б. Видоески како собирач на топонимиски материјал, тоа е умешноста од информаторот да го извлече најбитното – исцрпен податок за објаснување на топонимот и, ако е тој (изведен) од (дијал.) апелатив, инсистирање да се дефинира апелативот. Притоа, тој посебно внимание посветуваше на имињата на селата – ојконимите. Имено, покрај потребните податоци добиени од информаторот, за секое село посочуваше литература – главно записи (со наслови и страници) и како е бележено името во секој пооделен запис.

Како раководител на *Одделението за ономастика* Б. Видоески започна со реализација на поставените цели: (1) оформување две картотеки од собраниот материјал (по азбучен ред и по општини) и нивно постојано дополнување со нов материјал; (2) оформување на картотека по хидронимија; (3) ексцерпирање на

[10] Областа *Пореч*е опфаќа 45 села. Недостасуваат топоними од 5 села (Брезница, Заграт, Кофче, Требино, Требовље), за кои веруваме дека се наоѓаат во неговата оставнина. Ако е тоа така, тогаш може да се размислува околу печатење на труд насловен како *Говорот и топонимијата на Пореч*е, составен од два дела: (1) *Поречкиот говор* (преиздаден, бидејќи изданието е исцрпено) и (2) *Речник на топонимите во Пореч*е.

[11] Топономастичкиот материјал од 394-те дијалектолошки пункта може да послужи за збогатување на ономастичката картотека, особено ако во иднина се размислува за издавање на *Речник на современите топоними во Македонија*.

[12] В. фуснота 2, стр. 288.

топономастички материјал од печатени текстови и историски извори; (4) формирање на топономастичка библиографија.

Овие активности се преземени согласно со перспективниот план на *Ономастичката комисија при Општословенскиот славистички комитет*, според кој се предвидуваа изработки на повеќе ономастички речници: *Речник на современите топоними во Македонија*, *Речник на македонските хидроними*, *Речник на современите имиња и презимиња на Македонија* и *Речник на историските имиња и презимиња.*

Посочениве речници требаше да презентираат богат материјал што ќе послужеше при обработката на македонскиот дел во *Општословенскиот топономастички атлас.*

Поставените цели и перспективниот план немаа своја завршница, од причина што во 1966 год. Б. Видоески престана со раководењето на *Одделението за ономастика* [13].

Периодот од 1966 год. па натаму е период кога, под менторство на Б. Видоески, почнуваат да се пријавуваат теми за магистерски и докторски дисертации од областа на ономастиката. Изборот на темите на дисертациите беше добро осмислен – истражувања на две нивоа: на современа ономастика и на историска ономастика. Темите и на двете нивоа се разнообразни по проблематиката. Едни од нив се однесуваат на истражувања на пооделни географски региони, при што магистрантот односно докторантот го собира (или дополнува) ономастичкиот материјал на самиот терен, а потоа еден примерок од него дава да се вметне во картотеката на *Одделението.* Така се обработени дисертациите: *Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен*, *Месните имиња во областа по сливот на Брегалница* [14],*Топонимијата на Струмичко* и *Топонимијата во Дебарско.* Во нив се обработени и топо-

[13] За раководител на *Одделението* беше поставен Т. Стаматоски, којшто настапи со своја концепција за работа, имено пријави два проекта: *Речник на имињата на населените места во СР Македонија* (без завршница) и *Речник на презимињата кај Македонците* (што беше издаден во два тома – 1994 и 2001 год.).

[14] Отпрвин темата гласеше *Топонимијата во областа по сливот на Брегалница* а потоа, поради обемноста, менторот се определи да се обработат само месните имиња – ојконимите. Подоцна од почетната тема се отпечати монографијата *Исчезнатите месни имиња во областа по сливот на Брегалница* и проектот *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница.*

нимите и ојконимите. Други теми се однесуваат на истражувања на пооделни суфикси, врз основа на материјал од картотеката на *Одделението*. Станува збор за дисертациите: *Месните имиња со суфиксот -ište /-išta во македонската топонимија* и *Застапеноста на суфиксот -ец (-овец /-евец) во македонската топонимија*. Темите од историската ономастика се однесуваат на истражувања од ојконимијата: *Македонскиот топонимиски систем до 16 век* и антропонимијата: *Структурата на личните имиња во Македонија до XVI век*.

Дијалектолошките истражувања се незамисливи без ономастичките истражувања. Само добар дијалектолог е и добар ономастичар. И не случајно на ономастиката ѝ е отстапено посебно место во *Прашалникот* и во дијалектолошките студии.

"Словенската топонимија во Македонија како јазичен материјал може да биде искористена за целите на историската дијалектологија на македонскиот јазик на поширок план. Топонимијата може да послужи како необично важен извор за решавање на ред фонетски и лексички проблеми од областа на македонската историска дијалектологија"[15]. Важноста од ваков вид проучувања Б. Видоески ја гледа во неколкуте покарактеристични случаи:

1. Врз основа на лингвистичката анализа на месните имиња можат да се установат пред сè некои особености на говорот во оние области каде што македонското население се иселило или асимилирало. По тој начин, на пример, може да се утврди дијалектната база на јазикот на македонското население во средна и јужна Албанија, во Епир, Тесалија и во други региони во средна и северна Грција.

Како најкарактеристична дијалектно-диференцијална особеност на македонската јазична територија се јавуваат континуантите на носовката ѫ. Континуантите на носовката ѫ во топонимијата, особено во нејзиниот постар слој, можат да послужат и за одредување на дијалектните граници во постарите фази од развојот на македонските дијалекти.

2. Постариот слој на словенската топонимија може да помогне и за одредување на изоглоси на одделни фонетски појави

[15] Б. Видоески,
та дијалектологија на македонскиот јазик, Четврто заседание на Меѓународната комисија за словенска ономастика, Скопје 1971, стр. 53, 67.

извршени во поранешните етапи од развојот на македонскиот јазик.

3. Со приближна точност преку топонимите можеме да ја установиме и изоглосата на некогашниот преглас на *ѓа* во *е*.

4. При немање на други историски потврди топонимите можат добро да послужат при утврдување на хронологијата на одделни гласовни процеси и појави.

5. На морфолошки план македонската топонимија не нуди многу податоци за историската дијалектологија.

6. Посебно значење месните имиња имаат за дијалектната историска лексика. Денеска само преку топонимите можеме да го установиме постоењето на бројни зборообразувачки модели и одделни лексеми во постариот период од развојот на македонскиот јазик.

7. Во постариот слој на македонската топонимиска лексика се затврдени бројни апелативи наследени од прасловенскиот, а кои во разговорната дијалектна реч денеска не се среќаваат воопшто, или се ограничени на некои периферни говори [16].

Како дијалектолог и ономастичар Б. Видоески пројавува посебен интерес кон појавата на граматичката диференцијација на топонимите наспроти апелативите во македонскиот јазик [17].

Поаѓајќи од познатото правило дека во ономастиката апелативите го сочинуваат поголемиот дел од топонимискиот фонд и дека секој географски апелатив карактеристичен за одредена област претставува топонимиска функција, тој, врз основа на топонимиски материјал регистриран во области од западна Македонија, го констатира следново:

1. Апелативите губат некои од граматичките карактеристики во процесот на трансформација во топоними. Тие се ограничени на една граматичка форма на број (што се однесува на именките) и на род (кај придавките).

2. По правило тие не се членуваат; елементот *-он /-но* ако е присутен функционира како топонимиски формант.

---

[16] Цит. статија, стр. 53, 54, 55, 57, 60, 61, 64.

[17] B o ž i d a r V i d o e s k i, *Tendences towards Grammatical Differentiation of Toponyms as Opposed to Appellatives in the Macedonian Linguistic Area,* Proceedings of the thirteenth Internacional Congress of Onomastic Scienses: Cracow, August 21-25, 1978. - Volume II, Warszawa 1982, стр. 583.

3. Природните топоними, формализирани како проширени именски фрази, формираат независни нагласени целини и треба да бидат третирани како состави.

4. Како независни единици тие влегуваат во синтаксички конструкции од повисок степен [18].

Б. Видоески беше вклучен во работата врз неколку меѓународни проекти, меѓу кои и врз три проекти, иницирани од *Комисијата за словенска ономастика при Меѓународниот комитет на слависттите*, имено:

1. *Речник на ономастички термини на словенските јазици*;
2. *Општословенски топонимастички атлас*;
3. *Општословенски хидронимастички атлас.*

За реализацијата на секој од овие проекти беа формирани 4 меѓународни тела – поткомисии, со претставници на сите словенски јазици. Станува збор за: 1. *Поткомисија за словенска ономастичка терминологија*; 2. *Поткомисија за Општословенски топонимастички атлас*; 3. *Поткомисија за хидронимија* и 4. *Поткомисија за словенска антропонимастика* [19].

Во 1971 год. Б. Видоески беше избран (на местото на J. Свобода – иницијаторот и раководителот на овој речник од 1961 год.) за претседател на *Поткомисијата за словенска ономастичка терминологија*, со задача да изработи еден речник – инвентар на термини што се употребуваат во ономастичката литература на словенските јазици. Овој речник, насловен како *Основен фонд на словенската ономастичка терминологија*, беше главна тема на третото заседание на *Поткомисијата*, одржано во Скопје – 1974 год. По богатата дискусија едногласно беа прифатени предлозите за дефинитивно уредување на текстот на проектот [20].

---

[18] Цит. статија, стр. 587.

[19] Опширна информација за работата и за резултатите постигнати од таа работа изнесени се во статијата: Б. В и д о е с к и, *Словенската ономастичка терминологија*, Втора југословенска ономастичка конференција, Скопје 1980, стр. 53-58.

[20] Б. В и д о е с к и, *III заседание на Поткомисијата за словенска ономастичка терминологија при Меѓународниот комитет на слависттите*, Onomastica Jugoslavica, Zagreb 1975, стр. 155-157;
О. И в а н о в а, *III заседание на Поткомисијата за словенска ономастичка терминологија при Меѓународниот комитет на слависттите*, Македонски јазик, год. XXVI, Скопје 1975, стр. 207-209.

Проектот *Основен систем и терминологија на словенската ономастика* (објавен како издание на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје 1983) е прв предметно подреден список на ономастичката терминологија на единаесет словенски литературни јазици. Речникот содржи околу 200 основни поими - термини. Под терминот стои дефиниција која е дадена паралелно на три јазици: македонски, руски и германски, а под дефиницијата е поместен илустративен материјал (примери) [21].

Б. Видоески е *член на Редакциското колегиум* на ова колективно тело. Тој е автор на македонските термини, редактор на македонскиот текст на дефинициите и автор на македонскиот илустративен материјал (примерите).

Треба да се истакне дека овој меѓународен терминолошки проект *Македонската академија на науките и уметностите* го вклучи во проектот насловен како *Македонска научна и стручна терминологија* [22], поради што и го реализира издавањето.

Излегувањето на ова значајно колективно дело, што треба да послужи како база за *Речник на словенски ономастички термини*, беше одбележано и во дневниот печат [23] и во сп. *Македонски јазик* [24].

На терминологијата од областа на ономастиката Б. Видоески се навраќа уште еднаш, при што наведува термини само од четири јазика (српскохрватски/хрватскосрпски, словенечки, руски, германски) со дефиниции на македонски јазик [25].

Терминологијата – научна и стручна е битен сегмент во секој јазик. Потребата за изработка на стручна и научна терминологија на македонски јазик се јавила уште во 1947 год. кога *Минис-*

---

[21] Поопширно во: *Предговор* (стр. 43-46) и *Увод* (стр. 55-59) од *Основен систем и терминологија на словенската ономастика.*

[22] Б. В и д о е с к и, *Македонска научна и стручна терминологија*, Билтен на Македонската академија на науките и уметностите, XXIII, Скопје 1996, стр. 12.

[23] О. И в а н о в а, *Единствена терминологија – Божидар Видоески и Основен систем и терминологија на словенската ономастика*, Нова Македонија, 10 септември 1983.

[24] О. И в а н о в а, *Единството во областа на словенската ономастичка терминологија*, Македонски јазик, год. XXXIV, Скопје 1983, стр. 259-261.

[25] Б. В и д о е с к и, *Ономастичка терминологија*, Билтен на Одборот за изработување на македонска терминологија – МАНУ, 1984, XIV, бр. 3, стр. 109-153.

терството за просвета на *Македонија* формирало посебна *Комисија за терминологија*, со задача да подготви нацрт на основните термини посебно за секоја научна дисциплина (меѓу кои е и *географијата*). Предложениот список на термини од страна на *Комисијата* бил објавен истата година во посебна книшка под наслов *Време - на терминологија*, во која на 80 страници биле објавени околу 5.500 терминолошки позиции по азбучен ред и без објаснување на значењето на термините (дефиниција). Поорганизирана работа врз оваа лексиколошка проблематика започнува уште во 1967 год. со основањето на *Академијата*, кога го набележа проектот *Македонска научна и стручна терминологија* [26].

Врз основа на овие податоци со кои располага Б. Видоески, се добива впечаток дека тој внимателно ги следел сите збиднувања од областа што била предмет на неговиот интерес и дека бил и директен учесник во тие збиднувања.

Во дијалектно-ономастичките или во ономастичко-дијалектните студии Б. Видоески секогаш прејавувал посебен интерес и кон македонската географска терминологија. Покрај во веќе посочените два прилога насловени како *Зборови од Пореч*е, тој на неа се навраќа и во статијата *Термини за блатни терени во македонскиот дијалектен јазик* [27], во која се наведени 90 заглавни термини (со обележување на родот и множинската форма), со прецизна негова дефиниција и локација, со застапеноста во *Речникот на македонскиот јазик*, со означување на неговото потекло, со паралели (и значења) од старословенскиот јазик, од словенските и несловенските јазици, па дури и од прасловенскиот. Секој термин е проследен со паралели од топонимијата, со нивна распореденост на географски план.

Уште една негова статија е посветена на географската терминологија, имено *Називи за 'извори' во македонскиот дијалектен јазик и нивната застапеност во топонимијата* [28], во која се наведени 62 заглавни хидронимски термини. Објаснувањето на овие термини е идентично со она на термините што означуваат

[26] В. фуснота 22, стр. 11, 12.

[27] Годишен зборник на Филолошкиот факултет на Универзитетот – Скопје, книга 6, Скопје 1980, стр. 85-94.

[28] Onomastyka i dialektologia, Polska Akademia Nauk – Instytut slawistyki, Warszawa 1997, стр. 281-291.

блатни терени, со акцент врз *Етимолошкиот состав на лексемите* и врз *Географската дистрибуција.*

Заедничкото нешто за овие две статии се и поднасловите, имено: *Прилог кон географската терминологија на македонскиот јазик* односно *Прилог кон македонската географска терминологија.*

Факт е дека Б. Видоески, при обработката на термините од овие две семантички полиња, коишто изобилуваат со богат дијалектолошки и топонимиски материјал, покажа дека суверено владее со македонската географска терминологија и дека на тој план треба да се очекува нешто повеќе од статии. Доказ за оваа размисла е ракописот *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик* [29], којшто, кога замина, с° уште се наоѓаше во работна фаза. Имено, прекинат е во онаа фаза кога имал намера него да го дообработи, доуточни и да го освежи со термини и примери и од понова литература. Ова особено важи за *Речникот*, кој е, разбирливо, носечки во текстот. Тековната дообработка на речничкиот дел се гледа во додадените со рака исписи (меѓу редовите, од страните или на посебни ливчиња) на дијалектни термини, дообјаснувања, локации, с° со цел содржински да се збогати заглавниот термин. Дообработката се гледа и во споредбениот топонимиски материјал, со цел да се даде слика во колкава мера терминот си обезбедил место во топонимијата, што претставува постар слој на јазикот.

Во *Коментарот* на приредувачите на овој ракопис, меѓу другото, ќе го прочитаме она што еднаш веќе беше и констатирано. Таму стои: "Основната идеја на проф. Б. Видоески, во овој труд, е да се прикаже богатството на географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик. И тука е спроведена строга научна постапка: се дава терминот со неговата родовска определба, акцентот, се дава неговата семантичка дефиниција, локацијата и застапеноста во дијалектите и, на крајот, да се поткрепи неговата веродостојност (како лексема, како семантика), се приведуваат примери од македонската топонимија, што на текстот му дава посебна уверливост и свежина. Таа идеја (и реализација) на проф. Б. Видоески, во приредувањето на текстот, целосно е испочитувана" [30].

---

[29] Овој ракопис, по приредувањето, во 1999 год. беше отпечатен како издание на Македонската академија на науките и уметностите.

[30] Цит. дело, стр. IX.

Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик главно содржи три дела: *Речник на географски термини* (во кој се обработени 2.200 термини), *Географски апелативи зачувани само во топонимијата* (во кој е обработен 51 термин) и *Географски термини од туѓо потекло* (список на: грцизми, европеизми, турцизми, албанизми, романизми).

Трудот, вака конципиран, е прво целосно претставување на географските термини во македонскиот јазик. Тој, освен во македонистиката, ја пополнува празнината и во славистиката, со оглед на тоа што во другите словенски јазици терминологии од ваков вид с° уште не постојат.

За Б. Видоески како креатор и афирматор на ономастичките истражувања во Македонија досега кај нас, колку што ми е познато, малку е пишувано. З. Тополињска и К. Пеев во предговорот на сп. *Македонски јазик*, насловен како *За јубилароот* (број посветен по повод 70-годишнината), претставувајќи ја и оценувајќи ја неговата четириесетгодишна научна активност, ја претставуваат и оценуваат и активноста на полето на ономастиката[31]. Во уводот на трудот *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, насловен како *За авторот на оваа книга*, поопширно се опишува и оценува работата во областа на ономастиката [32]. М. Коробар-Белчева го напиша рефератот *Теориските и методолошките поставки во ономастичките истражувања на проф. Божидар Видоески*
сите негови ономастички студии [33].

Б. Видоески – иницијаторот за формирање на *Одделението за ономастика* во Институтот за македонски јазик, ми беше раководител од 1963 до 1966 год. Под негово раководство тогаш ја средував ономастичката картотека, работев на оформување на библиографската картотека. Од него учев како на терен се собира топонимиски материјал и како се обработуваат дијалектни пунктови според *Прашалникот за собирање дијалектолошки материјал*. Под негово раководство запливав во водите на ономастиката и дијалектологијата. Соработката продолжи и потоа - преку менторство при изработка на магистерската и докторската

[31] Македонски јазик, год. XL-XLI (1989-1990), Скопје 1995, стр. 3, 4, 5.
[32] В. стр. I-V.
[33] XXVI научна дискусија на XXXII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2000, стр. 115-120.

дисертација, преку пишување рецензии за избор во научни звања, преку рецензирање на ракописи што требаше да се објават, преку промоција на проект – и таа траеше сè до неговото заминување.

Токму поради таа долгогодишна соработка треба, по овој повод, да се проговори уште еднаш за сè она што е досега кажано, но и да се збогати кажаното со нови сознанија и нови согледби за она што направил и што & оставил во наследство на Македонија од неговата 48-годишна научна работа, меѓу другото, и на полето на ономастиката.

Olga Ivanova

Bozhidar Vidoeski – Founder of Onomastic Research in Macedonia

(Summary)

The beginning and development of Macedonian onomastics and dialectology is connected with the name of B. Vidoeski – the founder of onomastic research.

(1) His program of collection of toponomastic material constitutes the foundation of the project of gathering contemporary toponomastic material on the territory of Macedonia. He managed the project and was actively involved in the field work.

(2) Under his leadership, a corpus of data was created in the *Department for Onomastics* in the Institute for Macedonian Language.

(3) He was the supervisor of numerous masters and doctoral theses in the field.

(4) He was a member of several international projects initiated by the *Commission for Slavic Onomastics* of *the International Committee of Slavists*, and cooperated closely with specialists in onomastics from all Slavic centers.

(5) He participated in the compilation of the *The Basic System and Terminology of Slavic Onomastics* (as the author of the Macedonian terminology, editor of the Macedonian text of the definitions and responsible for the Macedonian illustrative material) and as chief editor published this dictionary in Skopje.

(6) He also contributed in the international affirmation of Macedonian onomastics.

Маринко Митков

Синонимиски гнезда во Географската терминологија на Божидар Видоески[1]

Во *Географската терминологија* на проф. Б. Видоески се среќаваат најмалку три синонимиски кореспонденции:

(1) еден термин се објаснува со други термини, сп. *буга* ´мочур, млака´[2];

(2) терминот е во семантичка сродност со топоним, сп. *јаруга* длабнатина в земја, провалија´[3] и *Ропалце* ´село во Кумановско´ (: *ропа* ´јама, ров; насип со ситни камења; длабока дупка´)[4];

(3) терминот се илустрира со два звуково различни топонима.

Ние, во оваа пригода, ќе се задржиме на третиот случај, каде што сметаме дека се работи за опипливи синонимиски гнезда (кај топонимите како илустрација). Конкретно, во духот на поимот *синонимско гнездо*[5], ќе ги разгледаме, во етимолошки поглед, ојконимите *Долно Мелничани* / *Горно Мелничани* ´села во Дебарско´, *Согле* ´село во Велешко´ и *Мачево* ´село во Беровско´.

1. *Долно Мелничани*. Јордан Заимов *Горно Мелничани*[6] (етничко име изведено со суф. *-јани*) го изведува од месното име **Мел(ь)ник* или **Мел(ь)ница* (: *мел* ´вид ронлива карпа´). Но тука

---

[1] Б. В и д о е с к и, *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, МАНУ, Скопје, 1999.

[2] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 26.

[3] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 67.

[4] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 136.

[5] М. М и т к о в, *Синонимиски гнезда во македонската топонимија*, Прилози, Одделение за лингвистичка и литературна наука, XXII, 1-2, МАНУ, Скопје, 1997.

[6] Й. З а и м о в, *Заселване на българските славяни на Балканския полуостров*, София, 1967, стр. 193.

во игра може да биде и лексемата *мелница* ´воденица´, од која, со суф. *-јани*, исто така се добива *Мелничани*. Која од горенаведените лексеми е заложена во *Мелничани*?

Во *Географската терминологија* на проф. Видоески терминот *гнила* (од глина) се поткрепува со топонимот *Гнилиште* ´гнило место, се урива´[7] и тоа токму од атарот на селото *Долно Мелничани*. Според нас, топонимот *Гнилиште* на свој начин укажува дека во основата на *Мелничани* се заложени географските термини *мелник* ´стрмно место со бел песок´ и *мел* ´беличеста, ситна и ронлива земја´[8], а не лексемата *мелница* ´воденица´.

2. *Согле*. Етимолошко решение за овој ојконим предложи Љ. Станковска[9]. Ние ќе го цитираме нејзиното решение:

"Од **Соглје* (Село), чијашто придавска морфема е образувана од л. и. *Согл* со формата за ср. р. *-је* од суф. *-јь* ... Личното име *Согл* можело да се создаде по пат на скратување од антропонимот *Пресоглав*, составено од морфемата *пресо-* од коренот *прес-* < прасл. **prěs-* како во *пресен* и од морфемата *-глав* од им. *глава*, или од **Соглеслав* кое е составено од морфемата *согле-* од стсл. гл. съгладати ´согледа, познае, следи´ или од гл. съгласити сѧ ´согласи (се)´ и од морфемата *-слав* од им. *слава*."

Без сомнение многу елегантно решение. Но, сепак, ние ќе предложиме уште едно решение.

Во *Географската терминологија* на проф. Видоески терминот *глина* ´земја која содржи, покрај алуминиев силикат, и примеси на кварц, каолин или вар´ се илустрира со топонимот *Глиниште* ´бела земја´ и тоа од атарот на селото Согле.[10] Се поставува прашањето дали *Глиниште* и *Согле* претставуваат синонимиско гнездо. Се разбира, прашањето добива во сила ако се имаат некои претходни сознанија, односно ако сегментот *-гл-* во *Согле* се поврзува со лексемата *глина*.

Во книгата на Подољска (Н.В.Подольская) *Типовые восточнославянкие топоосновы. Словообразовательны анализ* (Москва, 1983) на стр. 85 се наведува топонимот *Су-гл-ица* (префикс *су-*, основа *-гл-*, флексија *-ица*) и, што е за нас многу значај-

---

[7] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 42.
[8] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 90.
[9] Љ. С т а н к о в с к а, *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*, Прилеп, 2002, стр. 366.
[10] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 42.

но, притоа овој топоним се поткрепува со апелативот *суглинок* ´почва со примеси на глина´.

Оттука, врз основа и на овие приведени факти (Видоески и Подоѣска) појавата на топонимот *Гнилишта* токму во атарот на селото *Согле* не е случајност, а дека *Гнилишта* и *Согле* се синонимиско гнездо.

4. *Мачево*. За ова име во нашата топономастичка наука[11] е искажано мислење дека потекнува од личното име *Маче* (: *Маче* + *-ово*) што како решение може да биде прифатливо. Ние и тука, во духот на поимот *синонимиско гнездо*, ќе понудиме поинакво решение.

Во *Географската терминологија* на проф. Видоески терминот *водник* семантички се дефинира како ´месност под вода´ и притоа се наведува, како илустрација, и топонимот *Водни́ко* од атарот на селото *Мачево*.[12] Дали топонимот *Водни́ко* и ојконимот *Мачево* се синонимиско гнездо, односно дали *Мачево* може да се "преведе" како "водник"? Дека на ова прашање може да се одговори позитивно, укажуваат следните факти: (1) во *Географската терминологија* на проф. Видоески се наведуваат термините *ма́чел* ´блато´[13] и *мачели́ште* ´блатно место´[14] (во атарот на с. *Бобошица*, Корчанско); (2) селото *Мачево* се наоѓа непосредно до реката *Брегалница*; (3) покрај р. *Сава*, во *Посавина*, има неколку бари од кои едната се вика токму *Мачево*.[15]

Заклучок. Колку нашите горенаведени решенија (*Долно Мелничани*, *Согле*, *Мачево*) се уверливи, ние не можеме со сигурност да тврдиме, но во едно длабоко сме сигурни дека, кога се во прашање и синонимиските гнезда, *Географската терминологија* на проф. Видоески ќе биде трајна инспирација за македонската топономастика. А и пошироко.

---

[11] О. И в а н о в а, *Месните имиња на областа по сливот на Брегалница*, Скопје, 1982, стр. 99.
[12] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 32.
[13] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 88.
[14] Б. В и д о е с к и, *цит. дело*, стр. 89.
[15] P. S k o k, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, knj. III, Zagreb, 1973, str. 283.

Маринко Митков

Синонимические гнёзда в *Географската терминологија* Божидара Видоеского

(Резюме)

В духе понятия *синонимическое гнездо* (когда два или более топонимов из едного района различно звучат, а имеют ту же семантику в их основах) в статье автор даёт новые этимологии для ойконимов *Долно Мелоничани* ´деревня в дебарском районе, *Согле* ´деревня в велешком´ и *Мачево* ´деревня в беровском краю´.

СУМИРАЊЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

СУМИРАЊЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

РЕЧ НА ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА – ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР

Сумирајќи ја нашата конференција, мислам дека можеме да бидеме задоволни. Докажавме дека нашето пријателство трае, а нашите меѓусебни контакти – кои во голема мера му ги должиме на Божо Видоески – и без неговото физичко присуство се живи; дека можеме едни од други да учиме, што значи дека сме си едни на други потребни.

Сакам да им се заблагодарам на гостите што се одзваа на нашата покана, сакам да им се заблагодарам што слушнавме од нив многу интересни и корисни работи. Се надевам дека тие и натаму ќе соработуваат со нас, ќе нѐ информираат за своите нови постигнувања, ќе ни ги праќаат своите нови публикации. Ние од наша страна се обврзуваме дека ќе се трудиме да им осигуриме сѐ што ќе им затреба од нашите трудови.

Не сакам да ве измачувам со статистика. И сами можете да преброите колку предавања слушнавме, по кои теми, итн.

Би сакала да истакнам неколку моменти кои ми се чинат важни. **Како прво,** мислам дека оваа конференција покажа колку е потребен поблизок контакт меѓу тимовите што работат врз одделни атласи (мислам и на интерпретацијата на материјалот и на техниките на неговата презентација)– тоа се однесува пред сѐ на атласите коишто барем делумно ареално се преклопуваат, но и на оние чиешто сродство се сведува на самиот начин на собирање и презентација на материјалот.

Како второ, мислам дека оние недоуверените, се уверија дека тешко се интерпретира материјал од некој, сеедно, помал или поголем ареал, без знаење на она што се случува од другата

страна на границите на тој ареал. Во нашиот конкретен случај, еден македонист не може да не биде истовремено и славист и балканист.

Како трето, мислам дека е симптоматично што толку голем број од рефератите беше посветен на лексиката, ономазиолошките наслојувања, лексичките заемки, и сл. Лексиката долго време беше запоставувана и од страна на славистите и од страна на балканистите. Во последно време се уверивме дека и за лексиката може да се мисли како за организиран систем чијашто еволуција ни ги открива не само механизмите на нашиот мозок, туку и минатото на нашите јазични кодови, а исто така и на нивните носители. Тоа ни го потврдија лексиколошките реферати на овој собир.

Како четврто, мислам дека се зацврстија во нашата лингвистичка свест некои ареали чиешто постоење го наговестуваа поранешните истражувања, но кои сепак беа недоволно документирани. Мислам тука, меѓу другото, на врските коишто го сечат просторот што некогаш ни го одзеле Унгарците и Романците, а исто така и на различните зони на туѓи влијанија на словенскиот дел од Балканот. Интересни се и новите докази за тоа дека во македонските говори добро се држат лексемите и зборообразувачките модели што ни се познати од најстарите словенски споменици, а коишто на останатата територија денеска се јавуваат поретко, често само спорадично, потиснати од поновите ономазиолошки процеси.

Како петто, мислам дека ние, организаторите на конференцијата, можеме да бидеме задоволни од настапите на нашите млади колеги и од начинот како тие настапи беа дочекани. Се надевам дека тоа на авторите ќе им биде поттик да се трудат и натаму. И уште нешто: благодарение на големото дело на акад. Видоески речиси цела Македонија е денеска покриена со монографии на одделни говорни комплекси, монографии кои носат полн инвентар на фонолошките единици и на категоријалните морфо-

лошки парадигми. Имаме и низа студии коишто ја прикажуваат географијата на поважните фонолошки процеси и на одделните парадигми. Тоа ни дозволува да поминеме на наредната етапа на истражувањата – мислам на морфосинтаксичкото ниво на јазичната структура – и подлабоко да навлеземе во механизмите на функционирањето, семантичката оптовареност и меѓусебните односи на тие парадигми. Тоа е од основно значење не само за дијахроничната и синхроничната типологија на македонските дијалектни системи, туку и за адекватниот опис на состојбите во стандардниот јазик. Повеќето од спомнатите варијативни прадигми се присутни и во стандардниот израз, и тоа не само во колоквијален стандарден израз. Само анализата на нивното функционирање во соодветните дијалектни или регионални системи може да ни овозможи да го определиме нивниот статус во стандардот и на тој начин да ја утврдиме вистинската природа на појавите коишто популарно се викаат синтаксичка (или морфосинтаксичка) хомонимија и/или синонимија. Дел од настапите на нашите млади колеги македонисти на оваа конференција беа посветени токму на таквите анализи. Тоа ми се чини важно. Се надевам дека ќе се развиваат истражувањата од тој тип.

Во текот на нашата дискусија се согласивме дека објавувањето на еден атлас е половина работа. Втората половина е интерпретацијата на новото што тој атлас го донесол. Јас би додала и дека – ако постапката е како во ОЛА, т.е. ако покрај картите се објавува и целосен теренски материјал – тогаш се отвора и можност да се појават други паралелни атласи: ниту нашето мериторно толкување ниту нашите графички решенија не се единствените можни, често сигурно не се ни најдобри. Нашите колеги од лексичката секција на ОЛА решиле да ја прошират својата интерпретативна активност: сакаат редовно да објавуваат прегледи како оној на Фалињска, сакаат и посебно да ги обработуваат патиштата и ареалите на туѓите заемки, по модел што ни го претстави Шјатковски. Би сакала да ја искористам таа прилика да Ве инфор-

мирам дека слична иницијатива од поодамна се роди и во фонетската секција на ОЛА. Имено, ние со акад. Видоески подготвивме коавторски текст под работен наслов „Од историјата на словенскиот вокализам“ во којшто го рековме сето она што ни се наложи при обработката на синтетските фонолошки карти, а што поради прифатените конвенции во главното издание на *Атласот* не можевме таму да го кажеме. Текстот брои околу 100 страници и околу 20 карти и токму тие карти се причина што досега не е објавен. Се надевам дека ќе го предадеме за печат до крајот на 2004 г., т.е. откога ќе ја завршиме работата врз 4б том од главното издание.

Би сакала најсрдечно да им се заблагодарам: на властите на МАНУ што ја прифатија нашата иницијатива да го организираме овој собир, на администрацијата на МАНУ што стрпливо и ангажирано ни помагаше и ги коригираше нашите грешки во чекори, сакам посебно да им се заблагодарам на моите најверни помошници и советници од организацискиот одбор: акад. Петар Илиевски и научниот советник, д-р Олга Иванова, и на нашиот шармантен секретар, м-р Убавка Гајдова; и најпосле: најтопло им се заблагодарувам на моите млади колеги од *Центарот за ареална лингвистика* кои со месеци пожртвувано и несебично трошејќи го своето слободно време учествуваа во сите подготовки, а и сега постојано се грижат работите да се одвиваат според планот.

Издавач
Македонска академија на науките и уметностите

Ликовно решение на корица
Кочо Фидановски

Коректура и
компјутерска подготовка
Марјан Марковиќ

Печат
АД „Графотисок“ – Скопје

Тираж
500 примероци